СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
МАЈ 1991 ГОДИНА

СКОПЈЕ, МАЈ 1991 ГОДИНА

**СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- 13-ТА СЕДНИЦА -**
**(9 мај 1991 година)**

Седницата почна во 12,10 часот.
На седницата претседава Стојан Андов, претседател на Собранието.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дами и господа пратеници, ја отворам 13-та седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.
Пратениците Иван Иванов, Александар Гештаковски, Симеон Наумовски и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.
Дами и господа пратеници и гости,
Вчера во Кавадарци го погребавме војникот Сашко Гешовски. Тој загина во нередите во Сплит на 6 овој месец, неговиот млад невин живот се згасна без било каква разумна причина, ние со длабока болка во срцето вчера се простивме од него.
Предлагам со едноминутно молчење да му оддадеме почест на покојникот. (Пратениците му оддаваат почест). Слава му.
Сакам да ве информирам дека сум известен од претседателот на Републиката господин Киро Глигоров дека тој ќе покрене постапка за посмртно одликување на војникот Сашко Гешовски.
Истовремено ве информирам дека во иста смисла имаме добиено иницијативи преку писма и телеграми од граѓаните на Македонија.
По повод немилите настани пред Командата на Воено-поморската област во Сплит каде на животна опасност беа изложени повеќе припадници на ЈНА од подрачјето на нашата Република, предлагам пратениците Љубомир Поповски, претседател на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Исмет Рамадани член на оваа Комисија, како и министерот за народна одбрана на Владата на Македонија да го посетат ранетиот војник Тони Стојчев во Сплит, како и војниците Кузмановски и Наковски и ако има уште војници од Македонија таму и со нив да водат разговори. Исто така овие пратеници и министерот при посетата во Сплит да водат разговори со Командата на Воено-поморската област и да бараат овие наши деца кои беа изложени на животна опасност да добијат вонредно отсуство - одмор малку да се смират со своето семејство, а војникот Тони Стојчев да се долекува дома. Притоа треба да водат разговори за целата состојба што се случи таму со старешините во Командата на Воено-поморската област и со претставници на цивилните власти во Сплит.

Дали се прифаќа овој предлог? (Се прифаќа без гласање).
По повод јавната изјава на водачот на Српската радикална странка Воислав Шешељ дека добро вооружени и обучени и за диверзантско-терористички активности и четнички единици и поединци се распоредени во одредени места на територијата на Македонија, како и дека се подготвени во случај на потреба да преземат одбрана на српскиот народ ако треба и масовна одмазда, предлагам Собрнаието да заклучи:
Се задолжува јавниот обвинител на Македонија во рамките на своите права и должности утврдени со Уставот и Законот, доколку постојат елементи за кривично гонење да покрене кривична постапка против Воислав Шешељ.
Исто така предлагам Собранието на СРМ да се обрати до Народното собрание на Република Србија да биде известено за мерките што ги презема против господинот Шешељ по повод неговите изјави и закани со терористички групи и акции да го нарушува суверенитетот на нашата Република и да ги загрозува слободите и правата на граѓаните и јавниот ред и мир во Републиката.
Дали се прифаќаат овие два заклучока? (Се прифаќаат).
Молам, кој е за, да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали е некој против? (Никој).
Дали некој се воздржува? (Никој).
Констатирам дека овие два заклучоци се прифатени едногласно.
Нашата седница денеска се одржува на денот што целиот свет го слави како Ден на победата. На тој ден пред 46 години слободољубивите народи и држави дефинитивно однесоа победа над силите над мракот и крвопролевањето, на силите на деструкција и уништување. Ние сме горди што македонскиот народ со своето масовно определување и својата војска и со целото свое држење за време на таа гигантска војна на светот беше на страната на слободата и на страната на правдата.
Во врска со тоа ве известувам дека во 10 часот потпретседателот на Собранието господинот Арсов и потпретседателот на Владата господинот Јован Андонов положија цвеќе на Партизанските гробишта.
Записниците од седмата, осмата, деветтата, десеттата, 11-та и 12-та седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија одржани на 25 и 26 февруари, 1,7 и 20 март, 16, 18 и 24 април 1991 година, ви се доставени.
Исто така, доставен ви е анекс кон записникот од 11-та седница на Собранието на СРМ, како и анекс од пратеникот Тодор Петров.
Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?
**ВЕЦКО ЛИЧЕНОВСКИ(ВМРО-ДПМНЕ)** Господине претседател, господа пратеници на минатата седница не бев задоволен во врска со одговорите кои ми беа доставени, меѓутоа во записникот од 11-та седница таму стои

дека оние одговори кои не се поставени треба да бидат поставени, а имаше една информација која требаше да биде дадена на пратениците, таа информација е од страна на граѓаните на Горни и Долни Добреноец и не е дадена на пратениците. Тоа е едно.
Второ, во таа информација имаше прашања кои требаше да бидат одговорени. Во записникот не стои тоа.
**СТОЈАН АНДОВ:** Предлагам да се дополни записникот со овие забелешки.
Дали уште некој бара збор? (Никој).
Констатирам дека записниците од седмата, осмата, деветтата, десеттата, 11-та, заедно соанексот и 12-та седница се усвоени без забелешки со исклучок на ова што господинот. Личоски го напомена.
За денешната седница се поканети претседателот на Републиката, членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ, потпретседателот на претседателот на Републиката, како и претседателот и претставниците на Владата на СРМ, претставници на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, Врховниот суд на Македонија, окружните судови: Битола, Скопје и Штип, општинските судови: Битола, Прилеп, Крушево, Охрид, Скопје II и Куманово, Стопанскиот суд на Македонија, окружните стопански судови Битола, Скопје и Штип, Републичкиот суд за прекршоци, Јавното обвинителство на Македонија, Окружните јавни обвинителства во Битола, Скопје и Штип, Јавното правобранителство на Македонија, Судот на здружениот труд на Македонија и основните судови на здружениот труд Битола, Скопје и Штип.
Со оглед на обемниот дневен ред предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на точките од дневниот ред.
Дали се согласувате со овој предлог? (Гласови на одобрување).
Ве известувам за ваше информирање, пред почетокот на седницата ви е поделено соопштението од седницата на Претседателството на СФРЈ на која е разгледувана актуелната политичка ситуација во земјата.
Ве известувам дека задоцнувањето на седницата е предизвикано со потребата надлежните органи во Републиката уште еднаш да го разгледаат и да ги изразат своите ставови засковани во врска со ова соопштените.
Ве известувам дека на состанокот што го одржав со потпретседателите на Собранието на СРМ на 6 мај 1991 година беше договорено да формирам група од истакнати научни и стручни работници заради проучување на прашањата односно на модалитетите во врска со евентуално договорениот референдум во Социјалистичка Република Македонија.
Согласно со овластувањето што ми го дадоа ќе формирам

група откако претходно ќе извршам консултации со одредени истакнати научни и стручни работници во Републиката.
Ве известувам дека Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија предлагаат да се одложи претресот по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на СРМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон, бидејќи расправата во комисиите не е завршена.
Исто така, Комисијата за економска политика и развој предлага Предлогот на одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1991 година, да се одложи бидејќи во Комисијата расправата се уште не е завршена.
Дали се согласувате со овие предлози? (Гласови на одобрување).
Претседателот на Републиката и претседателот на Владата ме известија и имам предлог од нив да вклучиме една посебна точка во дневниот ред - Информација за најновата политичка состојба во земјата и во Републиката.
Дали се согласувате со овој предлог?
**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Во предлозите за дополнување на дневниот ред имав предложено точка - Разгледување на актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката. Ова од причина што ова Собрание не треба да биде само немо информирано за одредени состојби, туку треба да отвори расправа за состојбите во Југославија и Републиката од политичко-безбедносен карактер и затоа сметам дека во рамките на оваа точка претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФРЈ од нашата Република одделно да поднесат информации со свои видувања, а ние да отвориме расправа за точката како што ја имам предложено во дневниот ред која сметам дека претседателот ќе ја соопшти, тоа е - Разгледување на актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и најновите настани со убиството на војникот Гешовски се само последици и жално ќе биде ако расправаме за последиците а не и за причините. Токму заради тоа останувам на предлогот кој го имам поднесено во писмена форма за дополнување на дневниот ред.
**СТОЈАН АНДОВ:** Имаме два предлога. Да видиме дали предлогот што ни го доставуваат претседателот на Републиката и претседателот на Владата за дополнување на дневниот ред не е опфатен и најголемиот дел од предлогот што го дава господинот Петров.
Предлагам овде покрај претседателот на Републиката и претседателот на Владата да го слушнеме и излагањето на членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ д-р Васил Тупурковски, мислам дека тоа ќе го комплетира фактички

целиот комплекс на прашањето.
Дали се согласувате со тоа?
Дали господин Петров,инсистира да го ставам на гласање неговиот предлог? (Инсистира).
Молам, кој е за предлогот на господинот Петров да крене рака? (Општо негодување во салата).
Јас велам дека е исто, но јас имам службен првдлог претходно даден, а го прашувам него дали е опфатено тоа, тој не мисли дека е исто, а тие што мислат исто ќе си гласаат како што мислат, а тие што не мислат исто ќе си гласаат како што тој предлага.
Затоа предлагам да гласаме, кој е за предлогот на господин Петров да крене рака? (Пак негодување).
Јасно е имаме предлог од претседателот на Републиката Киро Глигоров и од претседателот на Владата Никола Кљусев и од господинот Петров, јас се обидов да го направам исто и предложив како треба, а господинот Петров тврди дека не е исто.
**ДИМИТАР ТРПЕНСКИ:** (од место).
Дајте го вашиот предлог.
**СТОЈАН АНДОВ:** Негов предлог е, за патоа морам да го дадам на гласање. Јас дополнително мојот предлог го обликував. Дајте да не комплицираме.
Кој е за предлогот на господинот Петров? (7 пратеници).
Кој е против предлогот на господин Петров? (Мнозинство).
Нема потреба да гласаме, не доби мнозинство.
Кој е за предлогот што го обликував јас врз основа на предлозите што ви ги изнесов овде.
Кој е за тоа, молам да крене рака? (66 пратеници).
Според тоа нема потреба понатаму да се изјаснуваме. Предлогот е прифатен со доволно мнозинство.
Владата на СРМ во смисла на членовите 344 и 345 став 2 од Деловникот на Собранието на СРМ предлага по итна постапка на денешната седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.
Предлогот на овој закон ви е поделен.
Го молам претставникот на Владата на СРМ да укаже на основната и неодложна потреба од итно донесување и на штетните последици што би ги предизвикало одлагањето на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.
Има збор господинот Тошевски, министер за финансии.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на законот за градежнито земјиште, со Предлогот на закон, ги уредува прашањата за определувањето, доделувањето, користењето и правата врз градежното земјиште.
Според постојниот закон за градежното земјиште, целокупната регулатива како и спроведувањето на законот главно беше во надлежност на општините, согласно со

нејзината уставна положба на ОПЗ.
Со амандманите на Уставот на СРМ, општината го нема статусот на ОПЗ и се трансформира во локална самоуправа, а прописите со кои беше уредено прашањето за доделување на градежно земјиште се применува како републички прописи за да се избегне правниот вакум од оваа област. Овој вакум негативно се реперкуира на нереализирањето и онака мали инвестициони вложувања во Републиката, неангажирањето на градежната оператива, посебно во услови на започнување на градежната сезона. Во голем број на објекти не може да започне работата затоа што не е завршена постапката за доделување градежно земјиште.
Од друга страна во досегашните настојувања да се најде преодно решение од законодавно-правна гледна точка не е обезбедена форма. Од тие причини, а врз основа на член 344 од Деловникот на Собранието на СРМ предлагаме законот да се донесе по итна постапка за да не настанат тешки материјални и други последици по целокупното стопанство во Републиката.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали Собранието се согласува со предлогот овој закон да биде донесен по итна постапка?
**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРСМ-МДПСМ)** Молам, пред да се премине на гласање сакам да кажам нешто во врска со Законот.
Јас ја гледам неопходноста од донесувањето на овој закон од проста причина што тоа особено се гледа во општините што работат со едно безредие. Меѓутоа, мене, како на пратеник, а морам да кажам и како делегат од претходниот состав ми пречи донесувањето на ваков закон бидејќи сите извештаи и заклучоци на телата на ова Собрание и комисиите се доставуваат непосредно пред седница. Тоа што всушност го гласаме, неоспорено од таа расправа се токму тие извештаи и заклучоци и мислам дека службата во Собранието и Владата да се погрижи понатаму вакви извештаи и заклучоци да не добиваме во волкав куп за да можеме да ги проследиме, проучиме и прочитаме дома подобро.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Николовски.
**ДУШАН НИКОЛОВСКИ (СДСМ)** Малку сум изненаден што министерот за финансии дава образложение за овој закон.
Второ, мислам дека аргументацијата за донесување на ваков закон по итна постапка не е основана.
Трето, пред време се земаат ингеренциите на локалната самоуправа која, нема донесено уредба и закон како треба да се уредат односите на еден простор во општините.
Таму има низа прашања особено што се предложени како решенија на овој закон. Со автоматизам се одземаат правата, а веројатно самата влада не е свесна какви проблеми и обврски ќе отвори со линеарното и избрзано донесување на овој закон.
Затоа предупредувам овој закон, на овој начин, особено со

овие решенија и образложението што се даде, бидејќи сум бил долги години на тие функции и на тие места, знам скоро во оној дел каде и на кој начин се уредуваат прашањата, а овде треба да се генерализираат по скратена постапка.

Врз основа на тие сознанија, сметам а сигурен сум дека последиците со избрзувањето на една ваква постапка на донесување на овој закон ќе бидат значително поголеми во општините. Овде се работи за 4-5 општини каде што линеарно треба предвреме да се совладаат решенијата.

Предлагам, од повеќе причини што во ова време не би сакал во интерес на сите да го одземам времето, овој закон да оди во легална постапка, во легална процедура како последичен со решавањето на законот за локалната самоуправа во општините.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Бојковски.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ: (СДСМ)** Ги поддржувам двата предлози овој закон да помине барем во собраниската комисија ако треба да се донесе, бидејќи треба нешто да се направи поитно, затоа што во општините сме судрени со оваа проблематика по однос на расчистување на градежното земјиште и доделување локации за раселување на имателите на имотите.

Набрзина прегледувајќи го ова, сега овде да не елаборирам: распоредот на средствата остварени од доделувањето градежно земјиште го врши Владата на СРМ.. Каде? Во градовите каде е остварено или на целата територија на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:** Не влегувате во расправа.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:** Јас мислам дека ова треба да се одло-жи

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор госпоѓата Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА (ВМРО-ДПМНЕ)** Како претседател на Комисијата за градежништво и урбанизам, кога дојдовме на Собраниево го видовме законот, исто така сметам дека ваков тип на закон треба да оди во подолга процедура. Ако Владата сметала дека итноста од донесување на овој закон е навистина потребна и дека ако само ингеренциите или некој мал дел од законот се менуваат, тогаш да го слушнеме мислењето на Владата па да одлучиме понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот-Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ: (СРСМ-МДПСМ)** Го поддржувам предлогот на Владата. Мислам дека законот треба да се донесе денеска по итна постапка. Ако треба Комисијата нека се повпече и да се донесе. Мислам дека состојбата во општините е многу тешка и дека времето е токму сега кога најмалку има средства, стопанството е блокирано, блокирани се изворите, блокиран е девизниот систем. Сите активности на некој начин се блокирани заради разрешување на овие активности, сепак градбата треба да започне. Сега е сезона и немаме време за одлагање. Мислам дека Владата е во право и треба да се донесе.

Ако мора да помине низ процедура во Комисијата, нека се

стави како последна точка на дневен ред и денеска да се донесе законот. Во интерес е на граѓаните. Не можеме веќе со ваква сиромаштија, имаме берзаботица, технолошки вишоци и мораме да ги решаваме ваквите проблеми. Сега кога Владата вложува напори, се залага некои решенија да решаваме а ние да ги одлагаме, мислам дека не сме во право, ќе не осудат граѓаните, избирачи што не поставиле.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Мухамет Халили.
**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДП)** Јас мислам дека се работи за многу важен закон, дури меѓу најважните и не би требало да брзаме со тоа дека не сме имале време. Секој треба да мисли за времето на време. Не кога минува времето. Јас лично како пратеник, не можам да гласам за еден закон чија содржина не ја знам. Прво нека се донесе текстот на законот па и лично мислам дека треба да оди во редовна постапка. Не се тоа така прости работи.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Ајдарага.
**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА: (ПДП)** Мислам дека се работи за мозок на општината, за овој закон, нема смисла да се усвои во една ваква скратена постапка.
Образложението на Владата дека е пречка што не може да се почне со инвестициите не е точно од причини што закон имаме. Тој закон се спроведува додека не дојде друг закон. Бидејќи е во постапка законот за локална самоуправа, ќе се види точно кои од надлежностите во Републиката кај нив ќе останат, а кога ќе оди во редовна постапка ќе се види, ќе се утврди зошто се донесува овој закон и што е намерата на овој закон во ваква постапка.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Јакимовски.
**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Навистина е чудно што овој закон ни се понудува дури сега, бидејќи навистина се однесува за една фундаментална област.
Но, факт е дека сме притиснати од хаосот настанат во оваа област низ општините, па ни се чини е разумна работата неговото донесуваше денеска по скратена постапка. Секакво администра-тивно попречување за неговото донесување значи создавање простор за проширување на безредието и беззаконието што владее низ општинските собранија, а тоа може да резултира со далекусежни негативни последици.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Лепавцев.
**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:** Прво, итниот третман е легален третман.
Второ, законитоста на работењето во просторот на Македонија се регулира со овој закон.
Трето, бидејќи работите се одвиваат со филмска брзина Владата треба мингoвено да реагира. Тоа е филозофијата во случајот.
Четврто, сogледани се соодветните последици и Владата не може за тоа да се сноси одговорност.
Петто, со новиот устав ќе следи и ново системско решение во духот на тој устав.

Шесто, вакуумот треба да биде пополнет.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Тошевски.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Имаше неколку прашаша на кои е добро да дадам одговор за да се има предвид целината на состојбата.
Прво, во врска со надлежноста зошто ние од Министерството даваме образложение на овој закон. Образложуваме во име на Владата.
Второ, надлежноста на имотно-правните работи е во делокругот на работата на Републичката управа за имотно-правни работи е орган во состав на Министерството за финансии, независно што одделни содржини од таа проблематика влегуваат и во Министерството за сообраќај, урбанизам и заштита на човековата околина.
Второто прашање е тоа што законот е предложен по итна постапка, не значи дека по него не се расправа. Собранието ќе расправа за содржините на Предлогот тука и оттаму ќе произлезат натамошните активности, дали предложената содржина од Владата ќе биде прифатена или не.
Трето, уште еднаш за актуелноста на проблемот. Вие се сеќавате и знаете на последните три-четири седници на Собранието дека нема случај да нема предлози на закони што одат во усогласување со извршените измени во Уставот. По природата на нештата, се усогласуваат прво поедноставните и веќе познати решенија, а посложените се истражуваат за да се дојде до решение. Во таа постапка денеска е на дневен ред овој закон, а има уште натаму што треба да се усогласуваат.
Мислам дека врзувањето на законот само со инвестициите дали е пресудно или не е пресудно воопшто не треба да се зема како пресуден факт. Тоа е една од причините. Инаку, во овој случај се работи само за право на доделување на земјиште, па дури потоа следат сите други активности што произлегуваат од него или што се условени од него.
Уште еднаш од името на Владата предлагам Собранието да го прифати за расправа на денешнава седница, а расправа по содржината на Законот во вообичаена преоцедура по деловникот ќе се изврши. За конкретните решенија ќе дадеме соодветно дополнително изјаснување кога ќе расправаме по него.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Давчев.
**САНДЕ ДАВЧЕВ: (СРСМ-МДПСМ)** Имам интуиција дека денешната расправа по сите точки нема да ја завршиме. Затоа предлагам донесувањето на овој закон да биде меѓу последните точки а за 3-4 дена тие точки да бидат на дневен ред да можат и комисиите да го разгледаат овој текст. Значи, тоа ќе биде за 3-4 дена и да имаме време да го донесеме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Димитров.
**ДИМИТАР ДИМИТРОВ:** Не можам да го примам образложението

што го даде претставникот на Владата, господин Тошевски, дека овој закон треба да оди по скратена постапка, односно тоа можам да го прифатам дека по скратена постапка законот може да оди, меѓутоа да се отвори расправа денес врз основа на материјал што не е прочитан од нас, прашувам каква цел ќе има.

Инаку, предлагам, бидејќи законот е од итна природа, на првата наредна седница на Собранието да биде разгледуван и донесен по скратена постапка меѓутоа претходно да помине низ соодветните комисии на Собранието. Инаку, прашувам што денеска би расправале ние, иако материјалот го добивме непосредно пред самата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:** Само едно објаснување, можеби побрзо ќе се разбереме.

Предлогот на Владата не е законот да се усвои по скратена постапка туку по итна постапка. Тој текст на закон е денеска добиен и упатен до пратениците. Бидејќи овде беа дадени забелешки за извештаите на телата, извештаите не се дадени затоа што телата не заседавале по законот, не го разгледале уште. Меѓутоа, кога се донесува закон по итна постапка, Владата има право да предложи и должна е да даде образложение. Образложение за итноста е дадено двапати овде од министерот Тошевски, а исто така и од министерот Лепавцев. Според тоа, не е скратена постапка туку е итна постапка, не е законот разгледуван, туку не е разгледуван, треба повторно да се разгледува сега да почне да се разгледува и еве во што е методот. Комисијата во паузите или во текот на седницата, надлежната комисија, надлежното работно тело може да го разгледа текстот на овој закон, може да расправа за него и да заклучи дали работата на работното тело може да заврши, а со тоа денеска да се донесе законот или расправата мора во работното тело да продолжи, тогаш законот нема да се донесе туку ќе го одложиме од дневниот ред сега. Затоа по наше наоѓаше нема пречка тој да се вклучи во дневниот ред на денешната седница. Постои начин како да се изведе постапката за негово донесуваше.

Бидејќи господинот Таири претходно се јави, го молам да земе збор.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ: (ПДП)** Со овој закон Владата на СРМ нас пратениците не става во мат позиција. Ние не можеме во никој случај денес да расправаме за закон кој воопшто не сме го разгледувале, и покрај образложениетo на претседателот. Сепак, ова е суштествена работа.

Посебно му замерувам на министерот Лепавцев што тврди дека, ако ние не донесеме сега закон тогаш Владата не сноси одговорност. Па тогаш одговорноста автоматски преоѓа на наша страна, а сега кој е виновен за тоа што законот се донесува по итна постапка, како што вели претседателот. Затоа сметам, ако надлежната комисија има време во текот на овој ден да расправа по тоа па да ни ги

пренесе ставовите, тогаш тоа е друго прашање, меѓутоа, и така сум убеден дека за тоа кратко време Комисијата не може да ја постигне својата цел.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА: (ВМРО-ДПМНЕ)** Си давам право да се јавам уште еднаш за збор по Предлогот на овој закон.

Откако ги слушнавме објаснувањата за итноста на постапката и повеќе дискусии што ги слушнавме овде, си дозволувам да кажам дека овој закон денес треба да се разгледува токму заради пренесуваше на правото за доделување на земјиштето во општините, т.е. во нашата држава.

Ги поддржувам предлозите што беа дадени, Комисијата во меѓувреме, на една од паузите да заседава, а овој предлог да биде разгледуван на крајот од седницата односно како точка да биде внесена на крајот од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој од пратениците бара збор? (Никој).

**ЈОВАН АНДОНОВ:** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас навистина мислев дека овој закон ќе наиде на оправдано одобрување од сите вас затоа што е овој конкретен предлог, одраз на поранешните ваши желби да почне нешто битно да се прави со ова наше анемично стопанство. Ние го донесуваме него и се заложуваме по итна постапка да се разгледа од ваша страна поради тоа што градежништвото се наоѓа во исклучително тешка ситуација. Се уште не може да ја добие бараната работа надвор од нашата Република, надвор од нашата држава, а со недонесувањето на овој закон ние ја стопираме и градбата во нашата Република. Според тоа, илјадници работници чекаат на тој закон за да добијат плацеви за градба.

Понатаму, посредно една цела индустрија за градежништвото, како што се туланите, престанаа со работа заради тоа што нема користење на нивното производство. Оттука, молам да ја прифатите расправата и тој закон да се донесе со единствена цел на Владата што треба да биде и ваша, да му овозможиме на градежништвото да почне да работи, да почне полека да се извлекува од тој колапс во којшто се наоѓа.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ: (СДСМ)** Да кажам прво дека сум градежник и второ да кажам господата министри да не мислат дека ние не знаеме ништо. Само сакам да кажам дека господата министри не треба да ги заобиколуваат собраниските комисии. Ова можеше вчера да ни биде доставено, ќе го разгледуваме на комисиите и денеска ќе одеше законот по итна постапка. Во иднина да не не доведуваат во вакви непријатни состојби.

Го повлекувам моето барање за одлагање на овој закон, но предлагам комисијата во меѓувреме да го разгледа бидејќи ние ја сфаќаме итноста на овој проблем. Но, и без овој закон Владата може преку собранијата на општините со овластувања, да ја врши оваа работа.

Предлагам Комисијата да го разгледа овој материјал а после тоа да дојде на расправа во Собранието. Значи, ќе си стои како точка во дневниот ред, но прво, Комисијата да го разгледа.
**СТОЈАН АНДОВ:** Господинот Бојковски се согласува овој закон да биде внесен во дневниот ред, а тоа дека Комисијата треба да го разгледа, се разбира, тоа е деловничка обврска. Без извештај на Комисијата не може да го ставиме на дневен ред, односно не можеме да отвориме расправа.
Дали се согласувате овој закон да биде внесен во дневниот ред?
Кој е за нека крене рака? (87 пратеници).
Кој е против? (15 пратеници).
Дали има воздржани од гласањето? (4 пратеници).
Констатирам дека овој предлог на Владата за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште по итна постапка да се разгледа на оваа седница е прифатен.
Само да напоменам уште една работа.
Наместо порано добиените заклучоци на Владата на СРМ по повод трагичната смрт на војникот Сашко Гешовски и состојбите настанати со овој настан, сега за прва точка да ја ставиме оваа информација што ќе биде овде дадена за политичката состојба во земјата и во Републиката, каде ќе бидат опфатени и овие настани. Така и се договоривме.
Според тоа оваа точка ја предлагам како прва точка од дневниот ред.
Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).
Според тоа за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:
1. Информација за политичката состојба во земјата и во Републиката;
2. Избор на член на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општонародна одбрана, со Предлог на закон;
7. Предлог на програма за поттикнување на развојот на земјоделството;
8. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Радио-телевизија Скопје за промена на фирмата;
9. Извештај за работата на Републичкиот фонд за

кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1990 година, со Предлогот на одлуката за одобрување на Завршната сметка на Фондот за 1990 година;

10. Извештај за работата на Врховниот суд на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните судови Битола, Скопје и Штип и на подрачните општински судови;

11. Извештај за работата на Стопанскиот суд на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните стопански судови Битола, Скопје и Штип;

12. Извештај за работата на Судот на здружениот труд на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на основните судови на здружениот труд Битола; Скопје и Штип;

13. Извештај за работата на Јавното обвинителство на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните јавни обвинителства Битола, Скопје и Штип и на подрачните општински јавни обвинителства;

14. Извештај за работата на Јавното правобранителство на Македонија за 1990 година, со Осврт за состојбите во општинските јавни правобранителства во 1990 година;

15. Извештај за работата на Републичкиот суд за прекршоци во 1990 година;

16. Предлог на одлука за избор на претседател и члено ви на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура;

17. Предлог на одлука за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на СРМ од редот на научните и стручните работници;

18. Предлог на одлука за именување заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија;

19. Предлог на одлука за избор на судии на Окружниот стопански суд - Скопје;

20. Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд - Штип;

21. Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд Скопје I - Скопје;

22. Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје;

23. Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд - штип;

24. Предлог на одлука за разрешување и именуваше претседател и членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта;

25. Предлог на одлука за делегирање член во Координациониот одбор за спроведување на Општествениот договор за позабрзан развој на определените подрачја во

ридско-планинските региони и граничниот појас во СРМ за периодот од 1986 до 1990 година;

26. Предлог на одлука за именување член на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски";

27. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување директор на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски";

28. Извештај на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за текот и резултатите од усогласувањето на Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на Трипарититната спогодба склучена меѓу СФР Југославија, Арапска Република Египет и Република Ита-лија (АС бр. 1332) ;

29. Дополнителен став на Сојузниот извршен совет по забелешките и предлозите на делегатите и собранијата на републиките и автономните покраини дадени во текот на усогласувањето на Нацртот на законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југосалвија во јавен долг на Федерацијата (АС бр. 1206), со пречистен текст на Нацртот на законот;

30. Втор дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за обезбедување на дел од средствата за извршување на железничкиот товарен сообраќај меѓу СФРЈ и НСР Албанија и за условите и начинот на користењето на тие средства во 1991 година (Кон АС бр. 1254);

31. Втор дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за измени и дополненија на Законот за обезбедување средства за делумно финансирање на Програмата за заштита на социјално загрозеното население и на работниците за чија работа престанува потребата поради преструктуирање на стопанството (Кон АС бр. 1261);

32. Дополнителен предлог на Нацртот на законот за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (АС бр. 1297/1);

33. Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за данокот на промет на производи и услуги (АС бр. 1268/1);

34. Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за измени и дополненија на Законот за финансирање на Федерацијата - (Кон АС бр.1308);

35. Нацрт на закон за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за изградба на објекти за потребите на сојузните органи - Царинската служба и службите на сојузните инспекции на граничниот премин Шентиљ - II фаза во 1991 година (АС бр. 1351);

36. Нацрт на закон за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на Федерацијата за 1991 година (АС бр. 1363/1);
37. Нацрт на закон за покривање на курсните разлики по определени странски кредити за 1991 година (АС бр. 1364/1);
38. Нацрт на закон за премии на определени земјоделски производи и за регрес на дел од каматата на кредитите за приоритетни намени во земјоделството во 1991 година (АС бр. 1365/1);
39. Нацрт на закон за издавање на обврзници на Федерацијата во 1991 година (АС бр. 1367/1);
40. Нацрт на одлука за утврдување на висината на средствата за финансирање на работата на Агенцијата на Федерацијата за осигурување на депозитите и за санација на банките за 1991 година (АС бр. 1366/1);
41. Нацрт на одлука за заедничката девизна политика и Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1991 година (АС бр. 1368/1);
42. Нацрт на одлука за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1991 година (АС бр. 1369/1).
43. Предлог на закон за ратификација на Европската спогодба за патување на младината со колективни пасоши меѓу државите членки на Советот на Европа (АС бр. 1354);
44. Предлог на закон за ратификација на Европската конвенција за казнување на прекршоци во друмскиот сообраќај (АС бр. 1355/1);
45. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца (АС бр. 1358/1).

Дали има предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ДП)** Сведоци сме дека во последно време се врши невиден притисок од страна на некои политички партии над поголем број новинари и вработени како во новинските куќи "Нова Македонија", "Вечер", "Пулс", така и во Македонското радио и Македонската телевизија, па на таков начин и врз средствата за јавно информирање.

Посебно загрижува преминот на овие притисоци од вербалност кон застрашување, поединечни или на семејствата на новинарите, во отворено насилство, како што беше случајот со новинарите од "Нова Македонија" и најновата ескалација минатата ноќ, каменување на куќа на новинар од "Пулс".

Повеќе од сигурно дека на овој начин се разнишува, можеби и најдемократското новинарство во Југославија. Од оваа причина предлагам околу оваа состојба да се отвори расправа на посебна точка на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дали во врска со овој предлог некој бара збор?
**ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Не сум за тоа оваа точка да се стави на дневен ред, бидејќи предлогот не беше аргументиран и беше поткрепен со многу лаги. Конкретно алузиите беа јасни, конкретно за случајов кога кажа дека нападите од вербални преминуваат на физички и слично. Мислам дека Голубовски или не ја знае вистината или не сака да ја знае, така што тоа е клевета.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** Кратка реплика. Не ми е јасно како пратеникот препознава некоја ситуација и одбранбено настапува кога не знае кои се аргументите во расправата што ќе бидат предложени.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали некој друг бара збор во врска со овој предлог?
**РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ)** Бидејќи нашата група имаше иницијатива во врска со средствата за јавно информирање и ние се уште не сме добиле одговор од Владата во врска со иницијативата која што Собранието ја прифати и ја прати до Владата како своја, мислам дека е добро за да биде темелна расправа кога би се одело со ваква точка на дневен ред да го почекаме одговорот од Владата и потоа прифаќаме да биде поставено.
**СТОЈАН АНДОВ:** Кој е ставот на Владата по овој предлог. Овој предлог колку што јас сфатив е за безбедноста на новинарите, а не тоа што ние како иницијатива го испративме до Владата на Македонија.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** И повеќе од тоа. За демократијата во Македонија.
**СТОЈАН АНДОВ:** Тогаш формулирајте го јасно предлогот.
Морам да ја прашам Владата, да заземе став за итноста на тој предлог, мора да работиме по Деловник и да видиме каков ќе биде ставот на Владта.
**БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:** Владата верувам, иако не сме направиле консултација, претпоставувам, доколку можевме да водиме разговори, се наоѓам во малку неудобна ситуација, ние навистина имаме информации за работите што беа предмет во предлогот на господинот Голубовски, меѓутоа Владата во овој момент не се чувствува готова да даде исцрпни информации за прашањата што беа поставени. Но Владата би била готова во рамките на законитоста и потребата, врз основа на еден формулиран предлог од Парламентот да подготви таков материјал и да биде предложен за разгледување.
**СТОЈАН АНДОВ:** Му сугерираме во овој случај на господинот Голубовски да го формулира писмено предлогот што ние потоа ќе го упатиме на Владата, а потоа да оцениме дали и кога ќе го вклучиме во дневниот ред. Дали се согласувате?
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** Јас не се повлекувам.
**СТОЈАН АНДОВ:** Кој е за предлогот на господин Голубовски да крене рака? (42 пратеници се за предлогот).

Кој е против? (43 пратеници се против).
Кој е воздржан? (17 пратеници се воздржани).
Констатирам дека овој предлог да се вклучи во дневен ред сега не е усвоен.
Молам, дали има други предлози?
**ТОРОД ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Сметам дека обврска на претседателот на Македонскиот парламент е согласно со член 98 став 2 од Деловникот кој гласи дека во Предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикување на седница му ги доставиле работните тела на Собранието, како и пратениците, кои се овластени да предлагаат определено прашање да се стави во дневниот ред, имаше обврска што во писмена форма го доставив да го достави до пратениците на овој Парламент. За да не ги става во незгодна состојба пратениците да се јавуваат постојано на говорница, за да предизвика психоза на алергија, едноставно никој да не размислува за содржината на предлогот туку за досадноста на пратеникот кој се јавува често пати на говорница. Затоа вложувам најостар протест на ваквото кршење на деловничките одредби.
На 6 мај доставив предлог за дополнување на дневниот ред. Јас ке ги предложам точките, иако тоа беше обврска на претседателот Андов. Прва точка предложив, меѓутоа таа не се прифати, а јас верувам заради усвојувањето од последната седница на Собранието, верувам дека за разгледувањето на актуелната политичко-безбедносна состојба во Југославија и во Македонија, Владата како што доби обврска од последната седница ќе достави писмен материјал. Мегутоа, сметам дека убиствата на недолжни грагани и војници се најдобар писмен материјал за да овој Парламент конкретно расправа за актуелната политичко-безбедносна состоја во земјата и во Републиката.
Со оглед на тоа што усвоивме информација, меѓутоа, Собранието не ја поништи одлуката од претходната седница повторно да се расправа за актуелната политичко-безбедносна состојба, отстапувам од овој предлог, верувајќи дека на наредната седница доколку не ни стигнат уште неколку мртвечки сандаци дека Владата ќе ни подготви писмена информација да расправаме по оваа точка. Затоа останувам при предлозите кои што ги поднесов. Предлог за измена и дополнување на Платформата на СРМ за идното уредување на Југославија во интегрален текст како втора точка, трега точка Предлог на одлука за измени и дополнувања на Декларацијата за сувереност на СРМ и да се вклучи макар и како посебна точка Предлог одлука за поништување на Одлуката за обезбедување на средствата за политичките органиазции и другите ФОРМИ на организирање и здружување за спроведување на изборите за претставници во Собранието што е донесена од Извршниот совет на Собранието на 24 октомври 1990 година кога противзаконски

се распределени 3.600 стари милијарди. Бидејќи претседателот не стави во незгодна состојба да морам деловнички да ги предлагам на самата седница иако ги имав доставено овие материјали многу од порано, јас морам да ја образложам итноста на предлозите и тоа ќе го направам. На 24 април 1991 година во архивата на Собранието на Македонија поднесов предлог за измена и дополнување на Платформата на СР Македонија за идното уредување на Југославија во интегрален текст бидејќи образложението е нема писмен текст којшто немаме и сега писмен текст за првата точка, се потрудив според моите физички здравствени способности да направам писмен материјал и го доставив во Собранието. Иритира фактот што материјали кои ги доставуваат пратениците воопшто не стигаат, или конкретно се работи лично за мене, некоја несимпатија, или аверзија од претседателот, меѓутоа, што е воопшто занемарлив факт за однесување на пратеникот Андов што воопшто тие материјали не стигаат до пратениците во редовна процедура. Предложив интегрален текст, тргнувајќи од најновиот развој на настаните и актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и усогласување на текстот на ПлатФормата со определбата на Југославија како сојуз на суверени држави уредена по принципот на ЕЕЗ. Иако текстот е поднесен во рокот утврден во член 120 став 2 од Деловникот на Собранието, претседателот на Собранието изврши флагрантно кршење на деловничките одредби и текстот на предлогот за измени и дополнувања на платформата не го доставува до пратениците на Македонскиот парламент. Се барање разгледување на точка, образложението на Стојан Андов беше дека се одбива, бидејќи нема напишан материјал. Се доставува писмен материјал, пратеникот Стојан Андов упорно одбива да го стави на дневен ред на седница на Македонскиот парламент. Постапките се флагрантно кршење на член 98 став 2 од Деловникот и крајно безобразно и неодговорно однесување на претседателот. Ако не те симпатизира оној што води седница, или не ти се дава право на дискусија, правејќи се дека не те гледа никој, се остава за на крај кога вниманието на другите пратеници спласнува и никој не го сослушува предлогот, туку го гледа часовникот да заврши побрзо точката од дневниот ред. Ако сепак пратеникот добие збор, тогаш неговите предлози намерно се заборавaат, при конечното утврдување на заклучоците од точката, за да се предизвика реакција кај пратеникот повторно да реагира неговиот предлог да се стави на усвојување, за да после неколку реплики другите присутни добијат аверзија спрема оној кој излегува на говорница, но сега воопшто зборувајќи за суштината на предложеното и нивно реагирање оној што зборува на говорницата што побрзо да си седне на место. Целта е постигната а операцијата е едно класично бирократско водење на седница успешно спроведена. На крајот оние кои

предлагаат, макар и паметно, стануваат смешни и не можат да се одбранат од реакциите на присутните.
Не сакам да го прераскажувам текстот на Платформата бидејќи во писмена форма го доставив, а обврска имаше другарот Андов да го стави на дневен ред, пратениците да одлучат дали се расправаат, макар и само јас да си гласав за тие предлози. Предлагам точката да биде ставена во редовна процедура во дневниот ред на Собранието.
Зошто предлагам измени на Декларацијата за сувереност на СРМ? Бидејќи одделен нејзин член е во спротивност со одделни амандмани на Уставот на Македонија, со кој деловите од македонскиот народ во соседните земји добива со Декларацијата статус на национално малцинство, а во уставните измени со амандманите зборот национални малцинства се избришани. Оваа одлука ја доставив за измена на Декларацијата на 10 април. Воопшто не е доставена во материјалите за разгледување. Една месна заедница да одржи седница, некој протестен собир материјалот веднаш ќе ни стигне. Индуцираме психоза, реакција, аверзија спрема некого и нешто. Пратеник кој е легално избран од илјадници граѓани кој има уставно и законско право, неговиот предлог не доаѓа на дневен ред.
И сега ќе се правиме смешни со тоа што некој ќе излезе а повторно ќе реагира, па си водиме реплика, преписки, ве молам ставете на дневен ред итн.
На ден 25 февруари 1991 година, доставив Предлог на одлука за поништување на Одлуката за обезбедување средства на политичките организации и другите форми за организирање и здружување за спроведување на изборите за претставници во Собранието. Оваа одлука на Извршниот совет беше во спротивност со Одлуката на Републичката изборна комисија и во спротивност со изборниот закон. Незаконски се распределени 3.600 стари милијарди динари на сите политички партии кои се јавија на изборите спротивно на законската определба дека мораат во распределбата тие средства како надомест на трошоци за спроведените избори да ги добијат само партиите и претставниците на овие партии според бројот на гласовите кои имаат свои претставници во Македонскиот парламент. И таа од лука воопшто не е барем ставена како информација, не мора да се разгледува ни во работните тела за да предизвика реакција кај пратениците. Меѓутоа, ни тоа не е сторено.
Предлагам, тоа денеска го доставив пред седницата, точките 19, 20, 21, 22 и 23 од дневниот ред да бидат симнати, од принципиелна гледна точка, работата на овој Парламент со преземањето на ингеренциите на општините ја мултиплицира за 30 пати својата работа. Овој Парламент и пратениците добиваат предлози за избор на судии кои воопшто не ги знаат и познаваат, од Изборната комисија. Се прашувам зошто спроведуваме повеќепартиски избори за

собранијата на општините. Дали тие собранија имаат некои ингеренции да дадат ако ништо друго барем мислење за работата на одделни судии. Токму заради тоа, принципиелно прашање при изборите и реизборите на судии воопшто да не се расправа Парламентот, додека претходно не добие мислење од Адвокатската комора на Македонија и од собранијата на општините. Истиот случај ни се повторува и при именувањето на одделни раководни лица во органите на управата. Спроведувавме повеќепати избори во собранијата на општините за да ја смениме таа огромна бирократија, се зедоа ингеренциите на општините, Владата издава решенија на старата бирократија на општините, односите не можат да се променат никако. Општинските собранија, или легално избраните изборници не можат да дадат мислење и да кажат нешто за работата на одделни претставници на органите на управата. Фактички бирократското однесување останува и понатаму, а општините живеат во правен хаос и безредије, грабеж на општествен капитал итн., без никакви ингеренции. Токму заради тоа останувам и при предлогот точка 19, 20, 21, 22 и 23 да бидат симнати од дневниот ред и да ги разгледаме на наредната седница кога ќе добиеме мислење од општинските собранија и Адвокатската комора на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:** Должен сум да дадам некои појаснувања. Јазикот и методот што го употребува господинот Петров денес беше свртен кон мене, утре може да биде кон некој друг итн. Нема да го коментирам, тој зборува за него, сам за себе. Инаку сакам да дадам едно појаснување. Предлозите што ги дава не само господин Петров туку што ги даваат и парламентарните групи и што ги даваат другите пратеници, врз основа на деловникот веднаш ги упатуваме на надлежните тела и на Владата. Пратеникот има право после две овде да ги предложи директно да одат на седница. Тоа е негово право и ние тоа ќе го изнесеме. Меѓутоа настојуваме постапката во телата да почне оној момент кога ќе дојде мислењето на Владата и кога во телата мериторно за нив може да се расправа, а на дневен ред ги ставаме кога ќе имаме мислење на Владата и кога е закажана седницата на телото што ја планира претседателот на телото за да знаеме дека е извесно, дека ќе биде разгледувано и дека ќе се донесе извештај кој овде без извештај на телото не можеме ние да го вклучиме во дневниот ред. Тоа е таа наша деловничка обврска. Така јас го толкувам Деловникот од страна на претседателот и потпретседателите заедно со стручната служба овде. Може да е неправилно толкуван, но е така толкуван. Тоа е прво.

Посебно е прашањето на предлогот за измена на Платформата. Предлогот за измена на Платформата го даде господинот Петров во оној момент кога ова Собрание врз основа на излагањето овде, информациите што ги добивме беше заклучено и Собранието утврди дека нема потреба да

се дополнува Платформата и сепак идеите на Петров упатени на Уставната комисија сме во намера кога ќе се стекнат елементарни околности, кога ќе се укажува дека состојбата се променила од неа кога Собранието заклучило дека нема потреба да се дополнува Платформата да отвориме претрес за тој предлог. Ете тоа објаснување само сакав да го изнесам. Овде има конкретен предлог. Точките 19,20 21, 22 и 23 да се симнат од дневен ред, тоа се предлози за избор на судиите јас го молам министерто за правосудство да ни објасни овде, а исто така и претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**ЃОРЃИ НАУМОВ:** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека предлогот на пратеникот да се одложи изборот на судии и именување на јавни обвинители е неоснован, од причини што ако се залагаме за правна држава, тогаш треба да настојуваме таа правна држава вистина да си ја врши својата функција. Имено, со Уставните амандмани ова собрание или поранешното собрание одлучи избор, именување на судии и обвинители да врши Собранието на СРМ. Ако веќе Уставните амандмани се на сила, тогаш нема никаква препка, ова Собрание да го врши изборот и именувањето на овие правосудни функции, бидејќи поголем број од овие судии и обвинители веќе работат со изминат мандат, а тоа е спротивно од она што се бориме за владеење на правната држава.

Понатаму, барањето да се дава мислење од одборниците во собранијата е неосновано, собранијата веќе не се општествено-политички заедници. Собранието е само орган на општината. Барањето да се бара мислење од Адвокатската комора, исто така е неосновано. Кога ние ќе извршиме поделба на власта, законодавна, извршна и судска, дури тогаш ќе можеме да утврдиме нов начин на избирање на судии и давање на мислење од страна на Адвокатската комора, од страна на правен совет, предлогот да произлегува од страна на претседателот на Републиката итн. Засега уставните амандмани се јасни, категорични дека изборот се врши од Собранието на Македонија, мислење дава Министерството за правосудство и управа и соодветните правослни органи, каде што се врши избор и именување на судии и обвините пи и со претходна расправа во Комисијата за прашања на изборите и именувањата, која е избрана од страна на пратениците во ова Собрание.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** Не станува овде збор за негирање на правната држава. Станува збор за негирање на политиката на свечен чин. Ако им е изминат мандатот на тие судии, не се виновни пратениците, виновно е Министерството кое било должно да го извести ова Собрание, навреме да ја започне постапката за избори. А тоа што предлагаме мислење да дадат општинските собранија и Адвокатската комора, тоа не значи дека тие одлучуваат за нивниот избор, туку за да ние како претставници на граѓаните на Македонија во ова

Собрание, во овој Парламент имаме јасна претстава барем какви се тие луѓе во овие општини. Јас не можам да гласам за некој од Штип. Не го познавам тој судија. Со кое право јас ќе кренам рака за или против. Барем ако ништо друго, имам обврска како пратеник да го почитувам мислењето на одборниците кои се избрани во општинските собранија и на Адвокатската комора кои работат. И затоа сметам дека не е противуставно и противзаконски ние да побараме мислење од овие институции.
Што се однесува до дискусијата на Стојан Андов, не станува збор за неспроведување на Деловникот. Право е на пратеникот ова Собрание да утврди рок и тој рок што е утврден од 15 дена, мора да се почитува. Мора во редовна процедура да помине да не чекаме една година така процедура да се тегне. Во деловникот пишува рокот е 15 дена и затоа барам и инсистирам ако имам рок при поднесување иницијативи, предлози, закони од пратеници рокот од 15 дена да се почитува. Ако Владата не е способна да даде одговор во рок од тие 15 дена да се каже и да го даде мислењето, барам пролонгирање на рокот. Но единствено право да го пролонгира рокот има само ова Собрание.
**СТОЈАН АНДОВ:** Ова објаснување што го дава сега господинот Петров значи негово повлекување од основниот правец на окривување, сега сака во 15 дена да добие одговор од Владата како надлежен орган. Ние, јас сакам уште еднаш да го известам, истиот ден кога ги примаме предлозите и од господинот Петров ги упатуваме на Владата, а сега сакам пак да напоменам дека нас ни е неопходна една програма за работа на Владата и на Собранието што порано уште го заговарав да видиме на кој начин Владата фактички ќе ги насочува овие предлози на пратениците и кога ќе каже што е веќе програмирано за работа и кога и како да му се одговори на пратеникот. Инаку, уште еднаш напоменувам истиот ден и упатуваме сите предлози на Владата во постапка, а залагањето за правна држава се заснива на тоа вон постапка ништо не треба да дојде на оваа седница, а ако сака некој да го стави, тогаш треба некој директно овде да предложи. Само ве молам господинот Петров ни праќа нас акти на Собранието и на македонската држава. Статут на Здружението на Светски македонски конгрес. Тој е во тоа здружение и тоа е во ред, но во која постапка јас да го дадам тој Статут. Тие нека си го донесат, сите имаат такви статуи, потоа имаме Декларација за Светски македонски конгрес. Ние не знаеме како да постапиме, тоа не се наши акти, тоа се акти на секое здружение, и здружението може да постапи како што сака. Така што таквите негови акти веројатно доживуваат судбина тешко да се одговори и веројатно Владата понекогаш е збунета како да постапи со тие предлози кога не може да најде место во правниот систем.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас конкретно би се произнесол само во однос на делот за одлагаше на точките од 19 до 23. Инаку, се однесува како што е наведено на избор на судии. Би дополнил во овој дел дека овој избор се предлага врз основа на даден оглас, на кој оглас секој кој исполнува услови се чувствува способен и може да поднесе пријава. Во однос на тој дел застапеноста на овие места е задоволна. Конкретно, ставени се на предлог за избор оние судии кои немаат противкандидати и немаат приговори во писмена, усна или во било која форма. Само во тој дел. Инаку, во однос на другите наводи дека повеќепартискиот сисгем треба да биде застапен и да се наоѓаат други форми, меѓутоа, тука конкретно е личен однос, ние треба да имаме повеќе партии и кандидати подготвени, прво, да се јават на огласот, односно што велиме таканаречени паралелни стручњаци, паралелна влада во тоа и на тој начин во наредниот период ние да можеме да бидат застапени не само од еднопартискиот туку и од повеќепартискиот систем. Наредните предлози ќе бидат подетално разгледани, бидејќи има противкандидати и треба да се направи одредена селекција. Меѓутоа, овие пред се, на реизбор, немаат по правило противкандидат. Меѓутоа со огласувањето јас мислам дека се спазува јавноста, можноста секој да биде избран.

**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Почитувани дами и господа, почитувани пратеседателе, ние вчера поминавме еден црн ден во Македонија. Мислам дека камерите се отворени за целата македонска јавност, можеби и Југославија ова го следи и сигурно нашиот народ вчера очекуваше од нас, ни кажаа во Кавадарци и од другите места, сигурно се очекуваше денес да почнеме по онаа прва точка да разговараме. Сигурно колегите пратеници и господата имаат право што поставуваат и одредени прашања. Меѓутоа, најдобро ќе биде ние да почнеме со расправа по првата точка и сигурно народот очекува од нас што став ќе заземеме. Мислам дека не сме праведни спрема нив. Секогаш со нас се расправа народот зошто по три четири часа губиме време заради составување на дневен ред. Благодарам и мислам дека за тоа треба да размислиме.

**СТОЈАН АНДОВ:** Значи, предлог е точките 15, 20, 21, 22 и 23 да се симнат од дневен ред.
Кој бара збор во врска со овој предлог?

**ПАНЧЕ НАСЕВ: (СРСМ-МДПСМ)** Јас морам да кажам дека ние, ценејќи ги уставните амандмани во Штип, сите овие извештаи што беа во Штип и на окружните општински судови не ги разгледуваме, така што се остави да ги разгледува Републичкото собрание. Мислам дека треба да дадеме целосна поддршка на министерот за правосудство и да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** Во ред, ако никој не бара збор, предлозите на господинот Петров точките 19, 20 21, 22 и 23 да се

одложат и нив ги ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (пет пратеници).
Дали некој има против (58 пратеници).
Дали некој е воздржан (12 пратеници).
Значи, предлогот не е усвоен.
Дали има други предлози за измена и дополнување на дневниот ред?

**ХАМИТ АЛИУ: (ПДП)** Дами и господа и целото претседателство, предлагам точката 10, Извештај за работата на Врховниот суд, 11, 12, 13, 14 и 15 да се симнат од дневен ред. Ова од причина што не би смеел овој Парламент да расправа за правосудството во Републиката на парцијален начин, бидејќи за правосудството поради комплетна форма на сите општини треба да се анализираат.

**ГОРГИ НАУМОВ:** Мислам дека денес Собранието ќе ги разгледува извештаите на сите правосудни институции во Републиката. Разгледувајќи го Извештајот на Врховниот суд на Македонија и на окружните судови, истовремено се разгледуваат извештаите на општинските судови, Разгледувајќи го извештајот на Јавното обвинителство на Македонија, ги разгледуваме извештаите и на окружните и на другите јавни обвинителства во Републиката. Тоа е и за здружениот труд, и за стопанскиот суд и за судовите за прекршоци. Според тоа, нема причини од одлагање и посебна расправа за разгледување на извештаите на правосудните органи коишто денеска ќе бидат предмет на разгледување.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дали некој во врска со ова бара збор? (Никој).
Тогаш го ставам предлогот на гласање?
Точките од 10 до 15 да се одложат, Кој е за молам нека крене рака? (16 пратеници).
Дали некој има против? (71 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).
Констатирам дека предлогот точките од 10 до 15 да се одложат не е прифатен.
Госпоѓа Димитрова има друг предлог во врска со дневниот ред.

**РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ)** Сакам да го изразам своето незадоволство од водењето на седницата и нејзиното планирање, Имено, на 7 мај поголема група на пратеници отидовме кај претседателот Андов да бараме вонредна седница по прашањето кое што денес треба да биде на прва точка од дневен ред. Баравме да има и записник од тоа време и ми беше одговорено дека постапката се знае дека не може да се прифати така вонредна седница дека тоа ако Владата го бара ќе биде прифатено и направено и во текот на ноќта. Меѓутоа со неприфаќање на вонредна седница се направија две работи. Прво точката од судбинско значење за која се бара вонредна седница од Владата да чека долга расправа по дневниот ред, со што се качува тензијата, се прави нервоза и кај аудиториумот кој што ја следи

седницата и кај самите пратеници и во тоа немаме писмено, иако би сакала да потсетам дека кога господинот Андов смета дека е итна точка или постапка, како што беше на десеттата седница читањето на Извештајот од Секретаријатот за народна одбрана и Декларацијата тој ги надмина дури и своите ингеренции и одеше против гласањето на нашето Собрание и ги даде на дневен ред тие две точки. Овој пат ние предлог чекаме за една многу важна точка. Освен тоа ние немаме писмена формулација на таа точка. Не е доволно јасно објаснето дали имаме право на прашања или расправа или нешто во таков вид по таа информација. Јас би молела да ни се прочита барем јасно формулацијата на точката еден и предлагам ако треба и со гласање веднаш да преминеме на таа важна за нас денес прва точка.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам да се разјасниме.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРСМ-МДПСМ)** Мислам дека не се добри инсинуациите од една ваква говорница, само да потсетам дека овој Парламент едногласно го избра господинот Андов за претседател и мислам дека прво треба да почнеме од тоа дека светот не почнува од ова наше Собрание, ниту од оваа наша Влада пред тоа постоеле пред нас делегати, односно пратеници, а ќе постојат и после нас. Желбата на сите нас е овде да работиме законски, а пред се врз основа на пишувани информации за да можеме во рамките на тие информации да внесуваме нови сугестии, нови предлози, се со цел да донесеме подобри решенија за Македонија и за сите оние кои нас не изгласаа. Заради тоа, мислам дека веројатно сите ние носиме овде многу нови идеи и желби за работење коишто би можеле да ги ставиме и бараме да се стават веднаш на седница. Меѓутоа, се од желба да пријдеме поинвентивно и поконкструктивно кон разрешување на овој проблем бараме да постојат и пишувани информации.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам да се објасниме, по Деловникот на Собранието не постои категоријата вонредна седница. Постои постапка како се закажува седница. Ако седницата треба да се закаже во пократок рок отколку што Деловникот задолжува да биде закажана, тогаш треба да се образложи итноста и за тоа треба да имаме мислење од Владата. Јас само тоа на пратеничката група која дојде од 7 пратеници од ВМРО им го објаснив. Тоа во Деловникот, одредбата произлегува од уставната надлежност на Владата за нејзината одговорност за состојбите во Републиката. Таа е надлежно тело кое оценува какви се состојбите и таа соопштува дали постојат околности за свикување на седница во пократок рок, отколку што определува Деловникот. Молам, тоа беше приквечер на 7-ми, беше во тек седницата на Претседателството и таа не заврши, туку заврши утрово. Владата имаше седница тогаш кога разговаравме јас им реков ако Владата на седницата која е во тек оцени дека треба да закажеме друга седница сега веднаш, а не да

чекаме за оваа денешнава која е на 9-ти, јас ќе закажам, Владата е таа која оценува и тоа ни е нас во Деловникот одредба. Меѓутоа, јас го консултирав претседателот на Владата после седницата дали има потреба да свикуваме посебна седница, потоа вчера наутро ги консултирав потпретседателите на Собранието дали треба друга итна седница од оваа која сега ја свикуваме и ставот и објаснувањата беа дека не е потребно, туку дека може сите работи да се вршат и да се задоволат на оваа седница. Вие рековте, јас не гледам причина, ама ќе ја консултирам и пратеничката група. Еве господин Арсов прво вели дека тој се воздржа. Ќе мора да водиме записник и таму.

Ова се филтрите низ кои свикувањето на седницата беше планирано и тоа се се методи кои се утврдени со Деловникот и кои се потпираат на Уставот и на законите кај нас. Јас ја формулирав точката на дневен ред врз основа на предлозите. Рековме дека најновата политичка ситуација во земјата и Републиката во врска со настаните кои се случија овие денови и заклучоците на Претседателството и седницата на Владата во врска со тоа.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓата Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:** Сосема кратко да кажам нешто колку да не бидам погрешно разбрана. Кога ни беше така објаснето ние не баравме нова или пред тоа вонредна седница, туку просто планирањето на оваа седница да биде такво што првата точка веднаш да биде отворена, мислам да почне првата точка, а потоа да продолжи.

(Во салата настана цагор).

Ако беше формулирано како вонредна седница, па да продолжува редовна, ќе беше така. Побитно е дали по првата точка ќе имаме прилика за прашања или за некои сугестии и расправа. Тоа беше моето битно прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:** Треба да кажете кое е вашето прашање. Вие рековте дека не е добро планирана седницата, дека сте барале итна седница, а сега викате дека не барате итна седница. Ве молам, значи итна седница не е барана. Добро е ова што се разјасни. Тие барале, меѓутоа во меѓувреме се повлекле. Сега тоа е јасно.

Инаку морам да кажам дека формулацијата на точката беше дадена на предлог на Владата - Заклучоци - како што стоеше овде. Меѓутоа, нов момент е завршувањето на седницата на Претседателството денес изутрина и ние во 8,30 часот ги добивме Заклучоците на Претседателството. Тоа битно ја менува состојбата во земјата. Заради тоа на Владата и требаше време да одржи седница и тие одржаа седница. На претседателот му требаше време да не информира овде и заради тоа не останавме на првата формулација и дојде до одлагање на седницата, за што ви кажав. Тоа беше овде усвоено. А тоа дали после

информациите ќе има расправа, зависи од вас овде, ако сака некој да учествува во расправа, ќе има расправа. Има прашање ако сака да учествува. Инаку, не може да се испланира, можеби никој не сака да зборува бидејќи сме убедени во информациите.
Дали има други предлози во врска со дневниот ред?
**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** На минатата седница јас побарав да се стави точка на дневен ред, ми беше одговорено дека во врска со таа точка Владата даде мислење за оваа седница и ако мисли дека има потреба да се стави на дневен ред, да биде ставена. Јас како пратеник не добив мислење ниту сега таа точка е ставена на дневен ред, а се однесува на моето пратеничко прашање со кое укажав на едно флагрантно кршење на Законот при избор на директор во Републичкиот завод за судско вештачење. Би сакал таа точка да се постави денес на дневен ред, доколку Владата изготвила мислење.
**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам, да разјасниме. Предлогот таа точка да се стави на дневен ред е даден, зошто не е ставено, затоа што немаме мислење на Владата, а така мораме да работиме. Мегутоа се уште немаме мислење на Владата.
Ако предлагаш таа точка да се стави на дневен ред, Предлогот ќе го ставам на гласање, меѓутоа господине Пановски во излагањето ти постави прашање да ти се одговори зошто до сега Владата не дала мислење. Во пратеничките прашања може да се даде одговор и тоа да го ставиме за пратеничките прашања. Тие ќе дадат мислење, и кога ќе дадат нормално ќе го напуштиме во постапка.
Инаку, на работното тело пратениците треба да одбијат да расправаат за материјал каде што Владата мора да даде мислење, а не дала мислење. Како можат да расправаат тие луѓе.
Затоа, јас се обраќам до Владата, ги молам да дадат што поскоро мислење и да влезе во расправа.
Дали има други предлози во врска со дневниот ред? (Нема).
Констатирам дека нема други предлози во врска со дневниот ред и предложениот дневен ред како што беше прочитан е утврден. Работиме по тој дневен ред.
Поради обемноста на дневниот ред на денешната седница предлагам по завршувањето на првите две точки од дневниот ред да преминеме на текст по сојузните акти по кои Собранието на СРМ треба да заземе став најдоцна до 9 мај 1991 година и да ги утврдиме нашите ставови и да ги испратиме до Собранието на СФРЈ, односно до Соборот на републиките и покраините.
Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).
Предлагам кратка пауза.
(Пауза од 13,55 до 14,30 часот).
**СТОЈАН АНДОВ:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места и да продолжиме со работа.

Претседателот на Комисијата за градежништво и урбанизам не извести дека седницата на Комисијата по овој закон што денес утврдивме да се донесе по итна постапка за измена на Законот за градежно земјиште ќе се одржи по завршувањето на втората точка од дневниот ред во салата лево од ресторантот.
Преминуваме на првата точка - Информација за политичката состојба во земјата и Републиката.
Го молам претседателот на Републиката да земе збор.
**КИРО ГЛИГОРОВ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за седницата на Претседателството и за Заклучоците и за соопштението од таа седница, која траеше два дена, на 7-ми и 8-ми мај со прекинот кој го баравме учесниците од Македонија заради закопот на загинатиот наш Сашко, траеше и се заврши во раните утрински часови. Со оглед на должината темите што беа на дневен ред, расправите кои повремено беа доста драматизирани, за една тема како што е крајно загрижувачката политичка состојба на земјата во присуство на највисоките раководители на Федерацијата и на сите претседатели на републиките, односно претседателите на претседателствата не е лесно со оглед на кусото време исцрпно да ја прикажам содржината на една таква сестрана дебата. Но многу ми ја олеснува таа задача фактот дека и членот на Претседателството на СФРЈ другарот Васил Тупурковски и тој ќе ги изнесе своите видувања, па ќе добиете една покомплетна слика за разговорите и се што се случуваше во таа дводневна расправа.
Најнапред да кажам дека сите учесници бевме свесни за големата одговорност за состојбите во земјата и за драматичноста на ситуацијата за која требаше да расправаме. Еве само неколку оценки во врска со тоа.
Паѓањето на жртви веќе стана во оваа земја како редовна работа, час во еден дел на земјата, час во друг дел на земјата, така што самиот тој факт за себеси говори.
Второ, меѓунационалниот судир во Хрватска веќе долго трае и не беше на повидок било какво мирно и рационално решение.
Трето, опасноста од граѓанската војна заради тоа беше сосема на повидок.
Огромното бранување и загриженост во Европа и надвор од Југославија, може да се каже во целиот свет, од ден на ден се повеќе се зголемуваше. Станавме основно кризно жариште во Европа, така не третираат. Погледнете ги весниците, погледнете било која од големите информативни телевизиски куќи и ќе видите на ударите е Југославија со се она што ја прикажува како земја која се распаѓа и каде што претстои граѓанска војна.
Потоа, последниот настан, мерките што ги презеде војската за зголемување на боевата готовност и мобилизација само уште повеќе ја акцентираат драматичноста на состојбите и

одговорноста на сите што бевме вклучени во таа седница, во разговори, со најголема одговорност да пристапиме кон сите прашања и да видиме кој е излезот од таа ситуација.
Сето тоа јасно укажуваше на крајно загрижувачката ситуација со тенденција на ескалација која може да доведе до настани кои потоа не можат да се контролираат. Оттаму, да не ги опишувам тие состојби кои вие добро ги знаете.
Основната цел со која пристапивме кон тие разговори и за што сите бевме согласни е дека е нужно да дојдеме до мир и до услови за мирно разрешување на југословенската криза, значи исклучително по мирен пат. Тргнувајќи од една таква премиса, се согласивме дека овој пат не може да се остане само на прокламација дека сме за тој метод на решавање на проблемите, мора да се разговара и за сите отворени прашања и за мерки, и тоа конкретни мерки, особено во доменот на меѓурепубличките и меѓунационалните судири. Тие не можат да се одлагаат, мораат да се разрешуваат, бидејќи стануваат редовна состојба во оваа земја, со сите последици кои произлегуваат од тоа.
Потоа, инсистиравме појдовниот принцип за разрешување на тие такви состојби треба да биде почитување на полниот интегритет како на СФРЈ така и на секоја одделна република. Сметавме дека ако тој факт не се почитува, тогаш сме надвор од правно, мирно, уставно разрешување на проблемите.
Потоа, бидејќи во последно време често пати се слушаа гласови, па и во тие разговори околу легалитетот и легитимитетот на новите власти така да кажам во републиките, тргнавме исто така од еден многу значаен постулат дека легалитетот и легитимитетот на избраните органи во републиките на слободни избори, повеќепартиски избори не само што не може да биде доведен во сомневање туку не може да биде и предмет на расправа. Треба да се тргне од тоа дека тоа е факт и дека тие се сега претставители на интересите на тие републики, на тие народи и како такви можат да разговараат. Надвор од нив нема други, се друго би било узурпација од било кој вид. Се разбира, тоа вклучува, ако тргнуваме од суверенитетот, легитимитетот и легалитетот на републиките, односно нивните органи, веднаш го вклучува и прашањето дека мора да се почитуваат границите меѓу републиките и републиките да се третираат како држави, а не притоа евентуално да се манипулира или калкулира со органи кои по еден нелегален пат се избрани и оформени во овој или оној дел на Југославија.
Потоа, следната премиса: особено мораат да се почитуваат граѓанските, индивидуалните и националните права, како и барањата на правната држава. Или тргнуваме од демократско општество со сите негови белези и со сите права кои во такви општества мора да се почитуваат или тогаш многу тешко е воопшто да се разговара за кризата.

Потоа, надвор од овие така да кажам темелни принципи, на дневен ред мораше да биде она прашање кое е најневралгично во овој момент во Југославија, а тоа е сето она што се случува во Хрватска и што се однесува до главното жариште на меѓунационалните судири во Хрватска и поврзано со тоа прашање како да се оневозможат понатаму вооружените судири кои таму веќе станаа секојдневие. Потоа, се согласивме дека треба да се набележат сите спорни прашања заради кои доаѓа или заради што настануваат меѓунационални судири и да се побара излез како тие прашања ќе се решаваат, кој ќе ги решава и како да се обезбедат услови тие да бидат успешно решавани по мирен пат. Се разбира, тоа веднаш наметнуваше заклучок дека такви прашања во таква заострена ситуација можат да се решаваат само со дијалог и со меѓусебно почитување на рамноправност во тој дијалог од сите страни кои во таков дијалог ќе учествуваат.
Заради сето ова што го изнесов како непосредна задача во врска со тоа се поставени следниве обврски:
Се согласивме да се гарантираат и обезбедуваат граѓанските и националните права на сите граѓани и да се обезбеди јавниот ред, мир и сигурност на граѓаните. Основа за таа гаранција се Уставот на СФРЈ, но и уставите на сите републики. Со други зборови било кој да ги гарантира или штити тие права, мора да води сметка за местото, улогата, положбата на републиките и не може ако не се води сметка било од сојузни било од кои други органи, војската итн. само за Уставот на СФРЈ, а сето тоа што се случува се случува во републиките кои имаат свои устави и свој правен поредок. Значи, само со почитувањето на едното и на другото може да се најде еден пат како тие прашања ќе бидат разрешувани.
Потоа, се согласивме во тоа подрачје, значи станува збор за Книнска Краина и оние други места каде што се случуваат тие непосредни судири, прашањата кои таму постојат да се решаваат покрај органите на републиките и со учество на органите на Федерацијата, и тие да учествуваат и посредуваат за да можат да се најдат соодветни решенија.
Потоа, да се прекине веднаш со сите најсилни дејства и на тој начин да се обезбеди и осигури мир, да не се движат веќе вооружени формации во тие подрачја, вооружени граѓани во таканаречените кризни подрачја, а меѓу подрачјата со предимно српско население и другите делови на Хрватска во двете насоки да се забрани движењето на сите оружени формации и групи, освен на единиците на ЈНА и на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи. Оваа забрана е нешто што е исклучок, така да кажам, од постојниот правен поредок, кога една република има полна власт на својата територија, може да важи само еден месец како рок во кој треба сите овие органи, кои се

инволвирани во решавањето на овие прашања да најдат решенија за тие прашања, да го осигураат сето она што пред тоа говорев, со цел, во меѓувреме со дијалог да се дојде до солуција.
ЈНА е обврзана во тие подрачја да обезбеди овие одлуки ефикасно да се спроведуваат, се разбира, и во непосредни контакти и договори со републичките органи и органите на подрачјата каде што тоа се случува.
Потоа, да се демобилизира резервниот состав на полицискиот или милициските сили и да се повлече оружјето од нив, што ќе се земе од нив во магацини под контрола на надлежните органи и согласно со постојните закони, да се спроведе темелна истрага од сојузните и републичките органи во врска со вооружените судири за човечките жртви што станаа како последица на тие вооружени судири и да се утврдат материјалните штети, да се најде начин да се надоместат тие штети и за се тоа да биде детално информирана јавноста. Поврзано со тоа, за да се создадат услови за да можат овие задачи да бидат успешно извршени, се постигна согласност да се престане со нападите на Југословенската Народна Армија, на нејзините припадници, објекти и материјални средства со кои таа ракува и располага.
Тоа да не биде предизвик за евентуални други сомневања и потоа се што сме го договориле всушност да падне во вода. Армијата да ги брани границите на земјата и да ги спречува меѓурепубличките и меѓунационалните судири. Поаѓајќи од тоа да она не е вооружена сила на еден народ,на една република, ниту да треба во полза на една, или друга пристрасно да се однесува, туку таа е вооружена сила на сите народи на Југославија. За оние спорни прашања кои на подрачјето каде што се тие меѓунационални судири најсилни во Хрватска, договорено е да се формира паритетна група за спорните прашања меѓу хрватските власти и претставниците на српскиот народ. Со спроведувањето на овие одлуки заклучивме дека е можно да се обезбеди мир и со тоа да престанува потребата за зголемена борбена готовност на Армијата и нејзиното враќање на нормален ниво не само во смисла на повишената воена готовност, туку и по бројот. Значи и она што е зголемено како резултат на делумната мобилизација. Тоа би создало подобри услови да ги продолжиме разговорите за политичката иднина на Југославија. И како што е во соопштениeто речено постигната е за ова соопштение едногласност на членовите на Претседателството на СФРЈ. Ние претседателите на републиките бидејќи таму учествуваме во разговорите, но не одлучуваме, не гласавме, но мојот впечаток е дека и претседателите по сите овие основни точки се сложија. Го оценувам овој акт како нужен и позитивен. Тој одговара на желбите на македонскиот народ кој овие денови го дигна својот глас и

го искажа сиот свој гнев против насилието, безумието, а особено против било какви човечки жртви кои не се чинат заради некои национални или општочовечки идеали, туку во една бесмислена меѓусебна пресметка во атмосфера на нетрпеливост и омраза. Тоа се ретроградни движења и морам да кажам дека целиот цивилизиран свет не може да ги разбере, а и секој наш човек кој во овие кризни времиња е загрижен за својата гола егзистенција, кој сака мир, сака работа, сака демократски правен поредок, бара секако да го довршиме процесот на организирањето на нашата држава, на нејзината сувереност, не може ваквите настани да ги прифати. Гневот кој беше искажан по повод злосторното убиство на нашиот војник и син на македонскиот народ Сашко Гешовски и општиот повик за мир и разум се израз на народната волја која мора да е закон, за сите нас опомена да сите екстремисти било каде да се кои сакаат да не влечат во крвава разврска за мрачни цели и туѓи интереси без оглед на кој дел на Југославија. Сакам да напоменам што не е без значење дека соодветни заклучоци кои денеска мислам дека се објавени во печатот донесе и СИС, дури неговите се и проширени со неколку полезни и неопходни точки сврзани со прекратувањето на царинската и друга војна на внатрешниот пазар, веднаш сите тие мерки да ги отповикаат, да ги поништат и да се создадат можности за слободен пазар и за економско слободно поврзување. И едните и другите заклучоци ќе бидат и се денеска пред Сојузното собрание и под претпоставка дека и таму ќе се даде поткрепа на една ваква ориентација, на еден ваков курс, би можело да се заклучи дека има повеќе отколку порано, ако нешто не се стане пак да се почитуваат овие заклучоци и земјата постепено да тргне по пат на смирување. Пред нас е по мое мислење врвната задача да ја изградиме Македонија како модерна правна држава и да изградиме општество базирано врз демократски парламентарен систем, да го сочуваме спечаленото, да живееме во мир со народите во Југославија, со нашите соседи, да се подготвуваме за Европа. Пред нас се задачи кои бараат децениски ангажман и се што не одделува од тој курс и не турка во конфликти, судири и крвави разврски има за крајна цел да ја загрози нашата држава, нашата иднина и мирот и спокојството на нашиот народ. Затоа пред да завршам би укажал на неколку моменти кои би можеле да се сметаат и како еден вид на мое заклучување од ова што го реков.

Прво, да ги поздравиме и поддржиме ставовите на Претседателството на СФРЈ, бидејќи тие се донесени со присуство и активно учество и на претседателите на републиките, ги одразуваат нашите постојани заложби за мир, за разумно договарање и отворен рамноправен дијалог во кој Македонија треба да учествува, да ги брани своите интереси и да ја заштитува својата држава.

Второ, да се ангажираме на смирување на ситуацијата бидејќи економската, општествената ситуација тоа императивно го бара и тоа е услов сите пријателски земји и меѓународната јавност да го помогне процесот на нашето придржување во Европската економска заедница, што е битен услов за економска, техничка и секоја друга соработка и помош.
Можам да ви кажам надвор од овој заклучок дека се е во врска со Југославија застанато и сите договори кои се склучени и сите средства што се одобрени досега и се што било пред одобрување, или планирано да се одобри на Југославија, а тоа е една величина од четири и пол до пет милијарди долари. Сето тоа е задржано под предтекст "не се знае што ќе биде во таа земја, дали воопшто ќе опстои", партнерите не се  способни да дадат најобична гаранција за било што и во бунар пари не се фрлаат. Ќе чекаме и ќе видиме што ќе стане и тогаш ќе се јавиме за помош. Тоа не само што не оддалечува од можностите да ги користиме тие средства, туку ја продлабочува кризата, создава големи економски и други тешкотии и тоа се не може, а да не ја влошува и политичката состојба од своја страна.
Трето, да се свртиме кон изградбата на нашата држава, на нејзините органи кои се далеку од тоа да се веќе конституирани, изградени, кадровски оспособени, да си ги зеле работите во свои раце, да имаат јасни планови, програми, итн. И тоа, преку интензивна работа во нашиот Парламент, во нашата Влада, во сите други наши органи треба да се донесе што побрзо новиот Устав за што јас дадов иницијатива до Собранието, со еден збор да ја престроиме македонската држава и да ја оспособиме да мине низ овие тешки времиња и да биде способен партнер на кој може да се смета, на кој може да му се верува, во кој може да се вложува, да се ризикува, а не да стоиме на периферијата на сите овие настани. Владата треба што побрзо да излезе со својата програма. Не чекаат сложени задачи да изградиме модерна локална самоуправа, а и денес стана збор за низа прашања сврзани со состојбите во досегашните општини и да се свртиме како една од најургентните задачи, а тоа е нашето стопанство. Без мир и сигурност нема ниту странски капитал, нема развој, нема вработување, нема егзистенција на десетици и стотици илјади луѓе, мораме да бидеме свесни за тоа бидејќи сите тие луѓе во ваква економска и општествена положба не ја гледаат својата иднина, својата перспектива. Со оглед на тоа не чека огромна работа и огромна одговорност.
Четврто, да ги продолжиме нашите усилби да дојде до договор за иднината на југословенската заедница врз јасните основи што ги утврдивме овде во нашиот Парламент, определувајќи се за сојуз на суверени држави и кои ги поддржува уверен сум тие ставови Декларацијата и

Платформата, сета наша јавност како разумни, кооперативни и во интерес на довршување на процесот на изградбата на нашата суверена македонска држава.
Петто, треба да се свртиме кон средување на нашите внатрешни состојби во меѓунационалните односи. Тоа е наша неодменлива и првостепена задача. Доколку внатре живееме со разбирање и меѓусебно почитување ќе бидеме респектирани наскаде. Еве што се случува заради оваа состојба во Југославија и меѓунационалните судири. Разни истакнати водачи кои во друго време би биле надвор со отворени прегратски примани со сето почитување итн. наидуваат на прием кој е под достоинството, ги примаат луѓе на втор, на трет план, секој се развива, секој со предупредување "дајте решете ги проблемите во земјата, видете што ќе стане со југословенската заедница итн". Тоа јасно говори дека без внатрешното средување, на нашата заедничка живеачка ние нема да имаме стабилизирана Македонија и тоа мораме да го имаме предвид, бидејќи во спротивно така ќе бидеме оценувани и третирани.
Најпосле да кажам, надвор од овие заклучоци само уште една мала напомена. Можеби одделни ставови од ова соопштените би можеле да имаат подобри формулации, има формулации кои би можеле да бидат и поинакви по мое мислење, а заедно со другарот Тупурковски се боревме за тоа што може максимум да се постигне што почесто, појасно определување за сите оние прашања кои можеби ја засегаат нашата иднина, нашето постоење, нашата државност, нашиот интегритет итн. Велам, би можеле да бидат и поинакви и според наше мислење и подобри, но во едно демократско општество повеќенационално и повеќепартиско, до договор се доаѓа преку барања на она што можеме да усогласиме преку неизбежни компромиси и отстапки и доколку, се разбира, тие отстапки и компромиси не ги доведуваат во прашање некои суштествени национални и други цели на нашиот народ, на нашата држава, бидејќи никој не може да очекува да може да ја наметне во такви разговори својата волја. Морам да кажам дека имаше такви обиди и затоа толку долго траеја и договорите. Со упорност се постигна ова што се постигна и со отстапи кои овозможија особено на она најтешко прашање хрватско-српските односи и прашањето на меѓунационалниот судир во Хрватска. Без тоа тешко да можеше да се дојде до едно вакво соопштение. Етапното остварување на целите во согласност со внатрешните и надворешните услови и соодносот на силите единствениот е можен пат, еволутивен пак кој може да обезбеди мирен договор и добрососедско сожителство. Мислам дека и овие настани што станаа сега во Југославија уште еднаш го потврдуваат тоа становиште. Секаде каде што се избрза, каде што радикализираат некои работи итн., предизвикаа контракции и тие контраакции отворија поле за дејство на други и за малку бевме во ситуација да дојде

до нешто што никој не би сакал ако сме парламентарна и демократска земја.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости, сакам да изнесам некои видувања, констатации и заклучоци за политичко-безбедносната состојба во земјата и кај нас, пред се така како што ги гледа Владата на Македонија.

Таа живее во грчот на овие политички состојби кои се појавуваат кај нас, будно ги следи сите процеси и доаѓа до некои констатации кои би сакал да ви ги соопштам:

Прво, Македонија е веројатно најбезбедната оаза во Југославија. Тоа се оценки не само наши, туку оценки и видувања на многу надвор од Македонија, во Југославија, па и оредени согледувања кои се среќаваат во печатот и надвор од Југославија.

Во овој краток период на нашето работење, а и на овој парламентарен живот во кој се наоѓа Македонија се постигна голем степен на демократизација во Републиката, тоа е цивилизациска придобивка во нашиот плуралистички амбиент кој треба високо да се цени и сочува, да се насочува и изгради врз таа основа еден нов свет и ново видување, се разбира без секакви злоупотреби на тој пат. Во таа смисла Македонија можеби е и пример во Југославија каде е исклучена од такви разулавени појави и процеси кои гофрлаат југословенскиот граѓанин на работ на сигурносното живеење, на работ на амбисот и од строгиот безмилосен чин на убивање. Македонија која ја изградува својата млада демократија, Владата во такви услови, мирни сака да го посвети своето внимание кон изградување на ефикасен правен, политички и економски систем, а пред се да создаде основа на расмилување заедно со нашиот Парламент да бидеме пионири во развојниот процес на оваа Македонија во создавањето на претпоставки за нов систем. Врз таа основа Владата сака вас во блиски денови да ви презентира и програма за општествено-економскиот развој во кој ќе ги искаже реалните можности, услови и амбиции да преземе обврски и да го посвети целото свое знаење и умеење во реализацијата на таа програма. Со тоа наскоро ќе се сретнеме.

Второ, состојбите, односите и настаните во некои подрачја на Југославија, особено тие во Србија и Хрватска се повеќе почнува да се рефлектираат во негативна конотација и врз Македонија. Случајот бара да нагласиме со разните закани на Шешељ и сличните челници од Србија, со фалбите дека се пуштени разни вооружени одреди и диверзантски групи во Македонија да бранат некои Срби во опасност во нашиот простор. Овие гнасни инсинуации и закани ќе наидат на еднодушен отпор на секој чесен Македонец и тој ќе биде можеби еден стимул да се сплотуваме и поинаку да мислиме, да изградуваме заедничка филозофија на иднината и заеднички отпор против таквите тенденции.

Посебно сакам да го изнесам случајот со убиството на војникот Сашо Гешовски и ранувањето на војникот Тони Стојчев, како и сознанието дека ангажираната единица пред Командата на воено-поморската област во Сплит била составена главно од војници од Македонија. Тој чин посебно не загрижува, во политичките игри и немири вон од Македонија, во разните немили случаи кои се појавуваат таму никако не сакаме нашите синови војници да бидат жртви, а уште повеќе сознанието дека во таа единица имало повеќе Македонци. Тоа сознание не згрижува. И тоа ние им го соопштуваме и на раководителите од нашата воена област, да се води строго внимание за секој наш војник, за неговиот живот, да не се случат повторно нови жртви. Сето ова услови напнатост и нарушување на мирот во Републиката, појави на демонстрации, негодувања посебно во Скопје, Кавадарци, Македонска Каменица, речиси во сите градови на Македонија и беше осуден тој гнасен чин на убиство. Разни петиции телеграми итн кои ги добивме како Влада од македонскиот човек се повеќе не убедува на високото чувство на загриженост, со појави на страст и неизвесност, посебно засилена со појавата на мобилизацијата на околу 4 илјади македонски момчиња. Оценувајќи ги овие појави во деновите кои заминаа и она што ни го соопшти претседателот на Републиката како ставови на Претседателството на Југославија, денес Владата на Македонија со олеснување тоа го прими. Ги поддржа заклучоците на Претседателството на Југославија како надеж за разрешување на сите овие страотни појави во земјата, но со една надеж дека тие заклучоци не смеат да паднат на плеќите на македонските војници. Тие заклучоци мораат да бидат во армиската заштита во југословенскиот простор подеднакво застапени сите воени структури и војници од сите републики на земјата. Ние денес добивме сознание, а до вчера го немавме, дека мобилизацијата е извршена и во Словенија, до изутрина ние немавме такви сознанија, сето тоа дава и поинаква оценка. Тоа од своја страна ја натера Владата после овие настани да реагира и да донесе свои заклучоци со кои вие се сретнавте во јавниот печат, а денес ги имаше во вашите раце. Јас не сакам да се навраќам на нив, само сакам да укажам дека Владата изразува јавна осуда и протест на неконтролираните големодржавни националистичко-шовинистички елементи што вршат терористички акции во одделни региони во земјата. Во таа смисла, немилите жртви кои се појавуваат, посебно таа која беше од наше честито македонско чедо, Владата бара Сојузниот извршен совет и Врховната команда на вооружените сили на Југославија детално да ги испитаат околностите под кои е убиен војникот Сашко Гешовски и ранет војникот Тони Стојчев од Македонска Каменица и виновниците да се изведат пред воениот суд. Оттука и претседателот ве информира дека се

предлага и наша група која ќе оди да ги посети, да ја посети Воено-поморската област и да партиципира во увидноста на сите процеси кои се одвивале таму. Да не биде само да ги посетат нашите престрашени војници туку и да партиципираат во откривањето на појавите и причините кои што дошле до убиството.

Имајќи ги предвид сите овие појави, ние како Влада ја подигнавме будноста и готовноста на нашата безбедност, да создава услови за мирно работење, услови во кои секој граѓанин ќе се чувствува слободен во нашиот македонски простор, па во таа смисла тежиштето се свртува кон тоа дека Владата на Македонија ќе направи се што е во нејзина надлежност да се намалат тензиите и негативниот набој и перманентно ќе ги следи состојбите, задолжувајќи го ресорот одговорно да ги извршува обврските во интерес на сочувувањето на мирот на граѓаните и безбедноста на нашето национално богатство во Републиката.

Некои појави не се од таква природа да не загрижуваат, меѓутоа како несакани би требало да ги изнесеме. Тоа се можеби епизодни случаи некои неконтролирани групи да искршиле некој излог или тенденции кои се појавуваат околу застрашување, каменување и други анонимни или други телефонски јавувања на фамилии, безбедносните органи мора да ги откриваат таквите појави зашто и епизодниот случај може да се претвори во политички и да ни создаде проблем. Ние сакаме да ја увериме нашата македонска јавност оваа слобода и демократија која сме ја оствариле дека ќе знаеме достојно да ја чуваме и развиваме.

Би сакал уште со неколку зборови да укажам на некои реперкусии од овој политичко-безбедносен сектор во меѓунационалните односи. Ние цениме дека тие засега се добри. Постојат тенденции на притисоци, со писма, петиции, лични интервенции, посебно во врска со пописот на населението и педагошката евиденција, како и во врска со формирањето на општинските извршни одбори во Тетово и Гостивар. Сето ова покажува дека некои појави на овој домен вештачки се обременуваат, вештачки се засилуваат, тенденциски се зголемуваат. Што тоа значи? Тоа покажува дека некои струења или партии кои ние ги повикуваме на мирно разрешување на проблемите не би требало да бидат тие стожерници околу појавувањето на вакви тенденции, посебно не би требало да се мешаат во државните работи. Тука е Парламентот, сите партии имаат свои претставници за да можат да се одвиваат дијалози, дискусии и да се заземаат ставови, но партии кои влегуваат со закони, пресии и притисоци врз свеста на човекот, а во надлежност на државна ингеренција нашите безбедносни органи мора да одржуваат ред за да не дојде до немили случаи. Јас велам ние немаме негативни појавувања преку нашиот јавен сектор на безбедност, и не би сакале да ги имаме и затоа укажуваме на добрата волја на Владата во една атмосфера

на толеранција, на потемелно испитување, на добивање аргументи бидејќи стави сила на барање и разрешување на некои проблеми. Притисоците само не носат во амбис, во оваа ровита политичка ситуација во Југославија, дозволете да укажеме дека никако не би било пожелно некои средини па и партии да заземат таков курс затоа што една негативна појава создава верижни реакции и геометриски ќе се жират негативните реперкусии.
Благодарам на вниманието.
**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, иако застрашувачка логична последица на кризните состојби во земјата и во општеството се настаните во последните неколку месеци, инклинацијата кон употребата на сила кај нас е деградирачка тенденција што произлегува од застојот во демократскиот процес. Не треба да се трошат аргументи притоа за да се докаже дека на тој начин со крајно негативни последици за неодредено време може да биде суспендиран нашиот голем проект за демократска, суверена модерна, развиена Македонија како национална држава на македонскиот народ и на сите свои граѓани. Иако за тоа можеме да бараме и да пронаоѓаме разни виновници, одговорноста дури и во конкретна смисла ќе биде невозможно да ја избришеме сите ние или да ја избегнеме сите ние што денес овде седиме и расправаме во име на сите други граѓанки и граѓани на Македонија. Заради тежината на таа одговорност што ја чувствуваме како лична, сакам уште еднаш да побарам од Собранието да му се  обратам тогаш кога ќе оцени дека постојат услови со една поопшта анализа за причините и излезните патишта од кризата на Југославија и од кризата на Македонија, како и за значајни прашања на нашата крупна положба, вклучувајќи ја и меѓународната положба и на Југославија, но и на Македонија. Со такво барање ви се обратив во февруари оваа година.
Денес сакам прво накусо да известам за некои аспекти на најактуелната активност на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, и второ за некои поопшти обсервации без претензции за целосна аргументираност заради начинот на кој што дополнително е проценето дека би било корисно јас да зборувам на денешната седница.
Претседателството, се разбира, со безбедносните состојби општите во земјата и со тие во Република Хрватска и заради нарушените меѓунационални односи и заради меѓурепубличките конфронтации за коишто нема никаква причина да се крстат со вистинското име како хрватско-српска конфронтација, меѓурепубличка, во континуитет се обидува да пронајде возможни или оптимални решенија или барем применливи решенија. Ангажирањето, меѓутоа, на Претседателството на Југославија во надминувањето на проблемите во Хрватска покажа некои сериозни слабости

токму во неговото работење, поделеност во Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, блокада во одлучувањето или блокади во одлучувањето или надгласување за прашања кои по својот карактер упатуваат на политичко усогласување, таква им е природата.

Трето, значајно суспендирање на ингеренции на Претседателството на Југославија во услови на распаѓање на правниот систем, притоа не мислам на еден објективно нужен процес на јакнење на суверености на републиките што не е само по себе блокада за остварувањето на ингеренциите на Претседателството на Југославија, туку еден некритичен однос и едностраност во наметнувањето на решенија што значат суспензија на витални делови на правниот систем којшто дури е и неутрален во најголем дел на случаи и од неговото функционирање зависат и интересите кои што се во полза на јакнењето на сувереноста на републиките.

Битни разлики околу крупните прашања на кризните состојби, како што е релацијата Федерација, Република односно републики, понатаму проблеми во остварувањето на уставната улога на ЈНА и на односите Претседателство на СФРЈ како врховна команда ЈНА. Нема никакви причини тие прашања и нашиот Парламент најодговорно и отворено да не проговори или да не биде информиран.

Концепциски разлики за примарноста за првенството на политичките средства или воопшто средствата и методите во решавањето на проблемите вклучувајќи ги меѓунационалните, односно меѓурепубличките проблеми. Сето ова конкретно влијае врз квалитетот на работата и одлучувањето во Претседателството на СФРЈ.

Претседателството на својата седница на 4 мај во саботата по крајно драматичните настани во Борово Село инхибирано во една јасна иницијатива и во јасни компетенции да спречи така жестоки конфронтации со толкав број на жртви иако не е битно дали во некои конфронтации паѓа една или повеќе жртви, но сепак со толкав број на жртви со предвоена и воена атмосфера создадена преку дирекна узурпација на едно од основните права да можеме да бидеме информирани не како членови, зборувам за граѓаните за состојбите во земјата во своите средини и пошироко за да пресудуваме и самите за општествените и политичките процеси и кај нас и пошироко. Едноставно не може да одбере и не одбра најефикасен начин во смирувањето на ситуацијата што се покажа дека не сме на вистинскиот пат во решавањето на проблемот. Тоа е карактеристика на расправиите до седниците на Претседателството на СФРЈ што заврши рано утринава иако тогаш се договоривме да разговараме за стратегијата на односите меѓу Србија и Хрватска односно за стратегијата на нашиот однос кон решавањето на меѓунационалните проблеми и на српско-

хрватските меѓунационални и национални проблеми, во меѓувреме се случи Сплит трагичниот, безумниот чин со убиството на Сашко Гешовски и во услови на таква динамика на нашата криза потребна на последната седница на Претседателството на Југославија да се расчисти прашањето на разликите и на две скоро дефинирани концепции за надминувањето на нашите проблеми.
Тие спротивставени концепции практично се во однос на следните прашања. Што е суверенитетот на републиките, до каде задреа и колку е широк, кои се уставните ингеренции на органите на Федерацијата во таа смисла, како да се обезбеди мир и примарност и на проблемите во земјата.
Одлуките на Претседателството на Југославија ви се познати, тие се далеку од оптималните или од оние за кои се залагавме со претседателот Глигоров, но од друга страна се донесени единствено или едногласно и потполно јасно дека до едногласност не би можело да се дојде врз база на инсистирањето на максималните решенија за коишто инаку веруваме дека би дале уште подобри резултати. Квалитетот е во создадената основа за да се постигне еден сериозен политички договор со доброволна и позитивна партиципација на сите субјекти, односно на сите републики. Во тоа го гледам квалитетот на овој чин на едногласноста во донесувањето на утринските одлуки.
Дали тоа на автоматски начин ги отстранува разликите ќе остане да се види, тука не би можел да искажам преголем оптимизам, но велам основа за еден сериозен политички договор постои и конечно можеби чекор понатаму во тој правец, овде на неколку наврати беа апострофирани прашања од доменот на ангажирањето на ЈНА потполно оправдано. Се договоривме за уставните и правните аспекти на ангажирањето на ЈНА да се води расправа и одлучува на првата наредна седница на Претседателството на СФРЈ. Тоа би создало услови во целина да се застапуваат оние ставови што денеска врз база на предлогот на нашиот премиер секако ќе ги заземе и Парламентот.
Сакам неколку општи опсервации сега, пак во врска со нашите состојби.
Во последните неколку месеци соочени сме со некои процеси што можат на дефинитивен начин да ги детерминираат сегашните и идните состојби кај нас. Трагичното загинување на Сашко Гешовски мислам дека моите анализи целосно ги потврдува.
Прво, кај нас се доминантни екстремноста и исклучивоста во водењето на политиката. Во оваа смисла политиката што ја водат српското и хрватското раководство во својот екстремизам се без преседан во нашата современа политичка практика. Кај двете политики инаку генерално присутната тенденција кон депресија и разни видови на мајоризација е радикализирана во правец на употреба на брутална сила во општествените и меѓунационалните конфликти. Без

алтернативност на политичките средства во надминувањето на било кој облик на политичките проблеми и конфронтации кај нив е супституирана со примена сила и посегање по елементарните индивидуални и колективни граѓански права. Тоа има далекусежни последици по демократичноста на расплетот на југословенската политичка криза, односно по реалистичноста на апликацијата на оние верификувани и валоризирани општествено-економски и социјални модели кон кои инаку сите тежнееме посебно овде во Македонија како цивилизациски модели. Тоа, исто така, сосема непосредно во услови на објективна меѓузависност и испреплетеност на сите егзистенцијални и општествени процеси кај нас ги деградираат напорите, па и шансите и на останатите републики да го осмислуваат и концептуализираат сопствениот развој и трансформација во иновирани модерни заедници односно субјекти, тоа е случај и со нашите шанси во таа смисла и опасноста за нашите шанси заради ваквиот екстремизам во водењето на политиката кај овие наши републики.
Екстремизмот во овие два случаи оневозможува да се согледаат во целина својата суштественот и комплексност две значајни прашања што се круцијални за нашата адаптација и инкорпорација во современиот европски систем.
Првата е феноменот на суверености во услови на неговата актуелизираност како нерикосновено право да се одлучува за сопствените опции при што лимитите се во категоријалните вредности општоважечки за демократските и цивилизираните општества. Лимитите би можеле практично да се сведат на исто таквата неприкосновеност на човечките и на националните права.
Во нашите денешни услови сувереноста се потпира не само на легалитетот, туку и на легитимитетот на демократски избраната и конституираната власт. Таа не може да се узурпира преку релативизирање на територијалниот, политичкиот или националниот интегритет на републиките. Аспирациите кон таквото загрозување на вкупниот републички интегритет водат директно во конфронтации што во услови на нашата криза продуцираат или ќе произведат несогледливи последици.
Во српско-хрватските односи денес токму се наоѓаме на прагот на таква катастоофална конфронтација и заради наведените причини. Феноменот на човековите односно националните права во услови на национално сложени средини кога постојат меѓунационални оптоварености и конфронтации не може поедноставно да се подведе под поимот регулатива и функционирање на правен поредок. Ова е посебно точно ако проблемите за меѓунационалните односи генерираат нарушување на правниот поредок, па за негово санирање се применат репресивните инструменти на тој поредок. Во српско-хрватските односи политичкиот

екстремизам се храни на симплификацијата на овие две категоријални прашања. Тезата и политичката аспирација на српскиот врв дека српскиот народ мора да живее во една држава предизвикува не само потценување на суверенoста на Република Хрватска, туку и непосредни дејствија што ги влошуваат меѓурепубличките и меѓунационалните односи воопшто. Таа е на анахронистички начин спротивставена и на реалните процеси на попуштање во Европа и на реалниот потенцијал од сегашните кризни односи во земјата и меѓу републиките да излеземе на мирен и демократски начин.
Тезата, пак дека положбата на српскиот народ во Хрватска е работа врзана исклучиво за функционирањето и нефункционирањето на правниот поредок исто толку на анахронистички начин го игнорира значењето на националните права во современа европска смисла. Конкретната репресивна политика на хрватскиот врв во овој контекст директно води во висока тензија, употреба на сила во решавање на меѓунационалните односи во Република Хрватска, а сето тоа предизвикува влошување на вкупните односи во земјата и оддалечување од демократскиот договор за иднината на југословенската заедница.
За екстремизмот на политичките врвови на Србија и Хрватска секако постои одговорност и во објективна и во субјективна смисла. Доколку тој екстремизам не биде заменет со реализам скоро егзактно можат да се предвидат трагичните настани и развојот во земјата, што нема да не остави нас на страна.

Мислам дека непродуктивно и спротивно на нашите витални интереси и на државен и на национален план некритички да се идентификуваме со било кој екстремизам во српско-хрватските односи, или пак некритички да се определуваме само против еден политички врв во тие односи. И политиката на српскиот врв и политиката на хрватскиот врв потпирајќи се на методологијата на национална хомогенизација и национална еуфорија барајќи поддршка кај сојузници заради жестината на меѓусебната конфронтација, претпочитуваат некритички однос спрема себе и ширење на својата интересна сфера на разни евидентни начини, притисоци, политички, економски дејствија, меѓународни активности итн.

Нашата основна мотивираност, меѓутоа мора да остане квалитетното унапредување на суверенoста на Македонија, подигање до важечките меѓународно-правни и цивилизациски стандарди на сиот домен на човековите и националните права, демократски расплет на политичката криза и политичка солуција за кризата во земјата, понатамошно конституирање на модерна парламентарна демократија како и целосно осмислување на развојниот проект на Републиката, односно овој и сите други видови на политичка, економска, културна, научно-технолошка комуникација со непосредното

и глобалното опкружување инволвивираност на преговорите со непосредно учество на парламентите, на политичките субјекти на плуралистичката сцена, на стручни и творечки лица при што не е проблем ако имаме активен и позитивен однос кон тоа да најдеме соодветна методологија што ќе ни помогне на сите.
Само статус кво денеска не ни одговара во оваа земја па и во нашата Република буквално сум уверен во тоа, неопходни се барем минимум, минимални приближувања напред и дистранцирања од сегашната состојба на општа загрозеност употреба на сила и бесперспективност во развојна смисла. Волјата на нашите граѓани во оваа смисла е недвосмислена, треба да се гради уште поголем сензибилитет и за нивната волја во однос на нашиот развој, во однос на просперитетот што го заслужува а кој и што му е право и конечно треба ние да имаме уште повеќе волја секоја наша политика да ја верифицираме токму кај тие граѓани.
Отидов во кратка посета на Виена, таа се прекина практично заради настаните во Сплит, но сепак се извршија разговори со највисоките државни и политички претставници на оваа соседна и еминентна европска земја. Во потврда на она што го зборуваше претседателот Глигоров, сакам да ја кажам импресијата во интерес на Европа е потполно јасно дефиниран визави Југославија до ниво на синхронизираност. Тоа е организирана поширока заедница којашто немаме никаква шанса да се надеваме дека можеме да ја надмудриме со некои наши шпекулации околу стабилноста, околу иднината на развојот и околу воспоставувањето на режим што го заменуваме утредента со нови узурпации. Но, и покрај ова целосна е спремноста на соработка и размена со Македонија како суверен субјект, демократски фактор на југословенската разврска. Потполно е познато дека Македонија е демократски фактор во напорите и во процесите за разврска на југословенската криза. Сите ние само треба да се трудиме тоа мислење за Македонија да се шири и никако да не се менува.
**СТОЈАН АНДОВ:** Слушнавме три излагања.
Дали некој друг бара збор?
Има збор Панчо Минов.
**ПАНЧО МИНОВ: (СРСМ)** За трагичниот настан во свирепото и европско убиство на војникот Сашко Гешовски од Кавадарци, недолжна жртва на неконтролираните националистичко-шовинистички сили и нивните неразумни политички големодржавни цели со насилнички средства, ќе ги пренесам пред Парламентот на СРМ најостриот револт и гнев на ожалостените во непреболна тага граѓани на општина Кавадарци по повод злосторското убиство на нашиот млад сограѓанин, храбриот војник Сашко Гешовски, изразени на двата масовни протестни собири во Кавадарци и од вонредната седница на Собранието на општина Кавадарци:
1. Собранието на општина Кавадарци најостро ги осудува

неконтролираните националистичко-шовинистички напади на ЈНА и терористичко-шовинистички напади на ЈНА и терористички акции за постигнување безразумни политички цели чија недолжна и невина жртва е војникот Сашко Гешовски од Кавадарци.

2. Бараме од Претседателството на СФРЈ, претседателот на СРМ, Сојузниот секретаријат за народна одбрана и Генералштабот на ЈНА, најитно да ја утврдат правата вистина како, од кого и на кој начин е убиен војникот Сашко Гешовски во Сплит, за што веднаш да го информираат Парламентот и граѓаните на СРМ.

3. На сторителите и нивните наредбодавци на ова ѕверско и свирепо убиство да им се суди пред целокупната јавност и за стореното злосторство им бидат изречени најригорозни казни за најтешки кривични дела сторени како смислено убиство на невиниот војник Сашко Гешовски.

4. Претседателот, Парламентот и Владата на Социјалистичка Република Македонија најенергично, веднаш, да бараат од Претседателството на СФРЈ, Сојузниот секретаријат за народна одбрана и Генералштабот на ЈНА да ги преземат сите неопходни мерки за заштита и јавно да гарантираат за безбедноста и сигурноста на сите војници на служба во ЈНА, во најкраток рок.

Во спротивно Владата и Парламентот на СРМ веднаш да преземат енергични мерки и активности и донесат законска регулатива со која ќе обезбедат заштита, сигурност и безбедност на припадниците на ЈНА од Македонија што се на отслужување на војниот рок, како и на војниците кои во иднина ќе се регрутираат од Македонија.

5. Се задолжува Републичкото министерство за народна одбрана да ги испита и утврди сомневањата за прекубројното праќање на војници од Македонија за сметка на пополнувањето на ЈНА од другите републики и доколку тоа е така, веднаш да се прекине со тоа и се зголеми процентуалната бројност на идните регрути што ќе останат во Македонија, за што да се информира Парламентот на СР Македонија.

6. Се задолжува Републичкото министерство за народна одбрана да ги испита индициите дека во некои единици на ЈНА се прават манипулации спрема припадниците на ЈНА од македонска националност кои се ставаат во првите борбени редови за сметка на другите националности.

Бараме таквите случаи да се утврдат и со тие постапки веднаш да се прекине, а за сторителите да се преземе одговорност за што да се информира Парламентот на СР Македонија.

7. Надлежните органи на СР Македонија да побараат од Генералштабот на ЈНА да ги земе на одговорност надлежните старешини на Воено-поморската команда во Сплит затоа што не презеле доволно безбедносни мерки за да се заштитат животите на војниците, посебно во трагичниот случај на

недолжната жртва на војникот Сашко Гешовски.
8. Јавно се осудуваат истапите на лидерите на сите националистички политички партии кои ги разгоруваат меѓунационалните судири и поттикнуваат на крвопролевање меѓу народите и народостите во Југославија.
9. Апелираме до сите прогресивни, чесни и патриотски расположени граѓани, до сите народи и народности во Југославија на мир, да надвладее разумот и хуманоста и демократскиот начин како единствено можно решение на југословенската криза.
**ПЕТАР ГОШЕВ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,
Кога почнува човек да пука на човек не може да се одбегне прашањето: Зарем пак анималното е над сите други својства на човекот? Не може да се одбегне прашањето што се случува со нас, кој и каде не турка. Поради експериментот наречен самоуправен социјализам, којшто се руши како "кула од карти", досегашните политички клетки на најдобро замисленото општество се распаѓаат исто така, како "кула од карти". Се повеќе се поставува прашањето на биолошката егзистенција на растечки број граѓани. Се поголем број луѓе ги зафаќа агонијата на опстанокот, се поголем број луѓе се во материјална состојба под нивото што го штити достоинството на живото свесно суштество, а како што стојат работите нема можност да се спречи празнењето на корпата за живот, нема шанси да се спречи растот на лумпен пролетерите, на тие што немаат ни имот ни најмена работна сила. Се поголем е бројот на дечињата напразно погледнуваат во празните раце на родителите. И, наместо нашите седници да вријат од расправи за решавање на тие проблеми, ние пак мора да расправаме за "лудилото" од друг вид.
На прагот на 21 век ние сме во мракот на етничките борби. Не, во мракот на граѓанската војна како деновиве се квалификуваат нашата Југославија, туку баш така како што реков во мракот на етничките борби. Тоа е уште пониска фаза од цивилизациskиот развој. Впрочем, ние граѓанскиот статус на човекот далеку сме од тоа да сме го воспоставиле. А на чело на етничките борбени ешалони не стојат државници, војсководачи, претседатели и слични именувани вршители на граѓанските функции, туку стојат поглавари, атамани, вождови итн. Штом ги имаме вториве, тогаш разбирливо е што расправаме за ѕидови, за граници, за утврдување, за сепаратизам, за дезинтеграција, а би рекол и за латифунди. Разбирливо е што расправаме за мноштво војски, за биланси на мртвите, за алтернативите живот или смрт, одамна надминати во земјите што се граничат и со нашава земја, а за другите во европа и да не говориме.
Разбирливо е и што овој наш Парламент од 13 седници на прашањата што го подобруваат граѓанскиот статус на

човекот или попрецизно го воспоставуваат во неговата всушност, му поставивме одвај една, две или три седници, а рековме дека ова веќе не е дом на класата или нацијата, туку дом на граѓаните на Македонија, независно од полот, верата, нацијата, социјалниот статус инт. Но, за сликањето на состојбите имаме врвни мајстори. Употребени се врвни метафори, пластични примери, компарации и историски паралели. Фајде од тоа никакво. Заспаните совести не се будат се уште. Бројот на извалканите е се поголем. Директните и индиректните убијци се зголемуваат.
За да биде иронијата уште поголема, некои од заспаните и извалканите совести за прекинатиот живот на Сашко и на други прекинати животи, испраќаат телеграми на сочувство па дури и доаѓаат на погребот на своите жртви. Затоа, размислувајќи во кој вид да ви ги соопштам своите јадежи, својот длабок бунт против оваа вчудоневидувачка експанзија на колективното лудило во Југославија и истовремено, тргнувајќи од вредносните судови во партијата чиј член сум, ставовите на нашата парламентарна група, сочувствувајќи со секоај солза и болна воздишка на нашите мајки-родилки, на Сашковата, и на сите што како Сашковата мајка ја загубија среќата, радосниот миг до крајот на животот, сочувствувајќи со сите мајки и татковци што веќе не спијат поради тоа што некои поглавари, атамани, вождови, врховници им ги испраќаат нивните деца на губилиште пред да го започнат својот живот, мислев дека е тоа подобро да го сторам наместо со некои резултни предлог на заклучоци, такви имаме илјадници, со една ваква "пратка" до нивните извалкани совести.
Господо, ако сте тоа, а пред се, мислам на поглаварите на Србија и Хрватска, на поглаварите на партиите што освен за битката за нивната велелепна етничка припадност не знаат за ниту една друга битка на човекот, мислам на поглаварите на се побројните диви хорди кои се вооружуваат и делат правда и вистини по мерка на нивните ножеви, калашникови и слични, своевремено изработени, но длабоко примитивни средства и мерила.
Господо, и вие имате право на своја вистина, но немате право вашата вистина да биде и моја вистина. Немате право според вашата вистина да барате да живеат и сите други. Немате право ниту сте повикани само според вашата вистина да ја скорите и нашата вистина. Не е само вашата вистина повикана во историска мисија, во судбински бој и за нашиот опстанок.
Парафразирајќи го и цитирајќи го Емилио Кастелар, ова веќе го спомнав на 11-от конгрес на нашата партија, врз основа на неговата беседа пред шпанските кортеси уште во 1869 година, само би ги потсетил тие господа:
- И католичките поглавари тврдеа дека само нивната вистина е вистина, па на таа основа свештенството ги

правеше своите злочини.
- И безбожништвото тврдеше јас сум вистината, нудејќи му го бокалот со отров на Сократ кој потоа умираше, а сите околу него се потсмеваа и уживаа во тоа.
- И еврејството велеше јас сум вистината, распарчувајќи го Христа на крст, а светот околу него му велеше - ако си син божји, ти симни се од крстот.
- И претстантизмот тврдеше - јас сум вистината, за да го оправда погубувањето на Серве.
- И комунистите - болшевици тврдеа, испирајќи му го мозокот на човекот со нивната конечна вистина дека најпосле го дофатија новиот свет, а во тој нов свет ножот на сталинизмот го загуби животот поголем број луѓе од вкупниот број жртви во втората светска војна.
- И Хитлер велеше и живееше со убедување дека неговата борба е најправична.
- И Тито и Кардељ и сите титоисти и кардељисти, а по малку или повеќе речиси сите бевме тоа, инспирирани многу години тврдеа или тврдевме дека самоуправниот социјализам е најпосле пронајденото општество на среќа, а што стана од тоа видовме.
- И на вашите митинзи господо ја слушавме општата и единствената вистина од Газиместан преку инспиративната Жолта Греда, устието на Сава, плоштадот на Банот Јелајчиќ, Сплит итн., а само по неколку месеци да се види сета фарсичност на тие единствени вистини.
- И ќе се види господо дека не е сета вистина ниту во модерната Федерација на Слободан Милошевиќ ниту во демократскиот сојуз на суверени држави на Фрањо Туѓман, а уште помалку на самостојната држава на Кучан или повеќе на Пучник или Петрле.
- Ке се види господо дека среќата на човекот е во неговиот индивидуален самоизбор, право на слободен живот и творештво, неомеѓено со никакви граници и движење, производство, поврзување, здружување, раздружување, ако тоа му е потребно.
- Ке се види господо дека таа среќа на човекот не може да биде ниту формирана ниту сочувана со тенковите на господинот Вељко Кадијевиќ, со своите самостојни армии, современи вооружувања и слично.
Затоа, господо претседатели на републиките, држави или републики држави, на претседателствата на републиките, во името на вашиот свет суверенитет на републиките на кои сте на чело, ве молиме да ги ослободите граѓаните, најнапред на вашите републики и граѓаните на оваа земја од вашите единствени вистини. Ако за тоа вие не се погрижите, потсетете се на примерите од историјата, ќе се погрижат граѓаните, не само за вашата вистина туку и за вас самите.
Пуштете не секој од нас да имаме своја вистина. Пуштете не да живееме без вашата вистина. Пуштете не да бидеме

граѓани на својата улица на својата република, на својата Југославија, на својата Европа. Немојте, да не водиме во Европа преку нови кинески и берлински ѕидови. Немојте да не водиме во општеството на благосостојбата со командната економија, со феудални облици на живот, со единствениот знак за наше распознавање, националната носија, туку низ државата на граѓаните.
Прекинете ја туристичката прошетка низ Југославија и заедничките средби во објектите на Јосип Броз Тито, кого сите го критикувате или го критикуваме, а толку многу и тоа за кратко време го емитирате.
Пред да се состанете повторно, договорете се поради што ќе се состанете.
Големите државници, а вие или сакате да бидете тоа или мислите дека сте тоа, не одат на пат за да се вратат со празни раце, а вие толку многу пропатувавте без да донесете нешто.
Прекинете понизно да молите прием кај државниците во соседството, во Европа и во светот. Тоа е понижувачки и за вас и за вашите народи и за оваа земја во целост.
Не отватајте ја сами вратата на "Тројанскиот код". Ако други ни го уфрлат ќе биде тоа поради вашата неинтелигентност. Ако сами го доведете, ќе биде поради вашата глупост и лична себичност.
Не фрлајте ги туѓите пари за бомби и пушки за да гинат момчињата за чија среќа не сте сториле ништо. Не изговарајте ги зборовите како што се: невработеност, стечај, технолошки и економски вишоци, минимални плати итн., бидејќи вие на тоа малку или ништо не работите и не само што не работите, туку никому не му давате да работи на тоа.
Од работилниците, фабриките и нивните секојдневно го повикувате народот на улица, на вашите митинзи на вистината, на одбрана на суверенитетот на вашите републики и тоа од самите нив, од нивните браќа, од нивните соседи, од децата што не знаат како да се определат поради двојно-тројно измешаната крв во нивните тела.
Дозволете оваа реформа да успее и без вашите мечеви над неа виси Дамакловиот меч. Господа пратеници, мајките во Македонија повторно плачат, тагуваат. Плачот повторно ни го произведуваат некои однадвор, некои балкански пауни што во историјата колкупати ни се перчеле, сакајќи да не заштитат да ни кажат што е најдобро за нас во Македонија. Наш долг е да сториме се, тој плач и таков вид болка да исчезне од овие простори. Но тоа може, ако нашите квантитативни хендикепи како Република ги надоместиме со квалитативни предности. Тоа бара Македонија да води мудра политика. Енергично да ги одбие сценаријата, иконографиите на другите, на тие што покажаа дека со правната држава и демократијата се во голем расчекор. Тоа

бара, ниту да бидеме исплашени, ниту да бидеме арогантни. Интересите на нашиот народ мора да бидат заштитени. Но тоа бара и мудри и брзи и навремени неизбрзани или брзоплети решенија. Како Парламент и раководство не смееме да одлучуваме врз основа на страст и емоции. Нашето најсилно оружје мора да биде денес во светот најценетото - разумот, мудроста. Кога е во прашање Македонија, едноставно треба да продолжиме да работиме врз основа на платформата што ја усвои ова Собрание. Македонија исто толку е суверен колку и секоја република во земјата. Но, Македонија која повеќе од другите ќе бара зголемување на економските и политичките врски и во Југославија и во Европа и во светот. И тоа, не како израз на комплексот што некои сакаат да ни го наметнат, за нашата наводна неспособност за самоодржување, напротив како израз на нотoрниот факт дека тоа за Македонија носи предности. Затоа не смееме брзоплето да навлегуваме во концептите на затворање, автархии, кои што и некои овде во Републиката упорно ги форсираат, преферираат и сакаат да не убедат дека е тоа спасот за Македонија. Ниту една интегративна врска во економијата, политиката, одбраната, не смее да ја прекинуваме, доколку тоа е во согласност со интересите на Македонија. Се разбира, доколку и другите се спремни на такви врски од заеднички интерес. Истовремено, секому мора да му кажеме со тоа што не се согласуваме кога сметаме дека нашите интереси што бараме и што ќе преземеме да ги заштитиме тие интереси. На господата од Сојузната влада јасно мора да им кажеме каде поради едни или други мерки со економската политика ни ги оштетуваат интересите, а такви мерки има безброј едни ги преземаат поради објективни околности, други поради големи притисоци на посилните и помоќните во Југославија. И на војното раководство на Југославија мора да му кажеме дека војниците од Македонија не може да бидат тампон - зона меѓу шовинистичките движења на припадници на српскиот и хрватскиот народ. Мораме да им кажеме идејата за заедничка одбрана во било која варијанта на југословенската заедница дека момчињата од Македонија можат да служат во таа армија само како рамноправни со сите други момчиња од другите републики. Не можеме да прифатиме ниту ЈНА редуцирана на 2-3 републики, за што таа не е ЈНА. Ова е по повод информациите за дезертерството од Словенија, од Хрватска и слично на тоа, ако тие информации се точни. Не можеме да прифатиме најмал процент на припадници од Македонија да го служат војниот рок во Македонија. За едни да биде 30-40 и повеќе посто, за момчињата од Македонија 12-13%. Не можеме да прифатиме нерамноправност и нерамномерност во командниот кадар. Не можеме да прифатиме дека за загинувањето на Сашко, ранувањето на Тони Стојчев не се одговорни и надлежните воени органи. Не можеме да прифатиме изјави од

типот: "војската ќе пука", не можеме да прифатиме мобилизација и прогласување на зголемени борбени готовности без одлуки на надлежните државни раководства. Денеска сме информирани од соопштените на Претседателството на СФРЈ дека таква одлука фактички е легализирана од Претседателството на СФРЈ. Тогаш, политичките одлуки во оваа земја ги носи некој друг надвор од најодговорните државни органи. Таков вид на управување со општеството е катастрофално. Можеме да прифатиме само политичко решение на Југословенската криза. Не можеме да прифатиме во воено-полициската станица во која служеше Сашо Гешовски од 44 гојници, дури 27 да се Македонци, според денешната информација во "Нова Македонија". Значи ли тоа дека Македонците се погодни да пукаат во скараните Срби и Хрвати дека баш тие треба да ги средуваат односите таму, значи дека во нив може да се пука полесно, отколку во другите, значи пак во другите републики ќе бидат претежно ангажирани да пукаат Срби и Хрвати, па така совеста на старешинството и на војниците што би пукале да биде измирена и на едните и на другите ќе им биде полесно. Значи ли пак тоа, дека сите војници не се подеднакви подобни за специфичниот тип на војна во Југославија. Што значи тоа за единството и монолитноста на ЈНА? Кога за едни се верува дека ќе ја извршат задачата и тоа по национални карактеристики, во други не се верува дека ќе ја извршат задачата. Јас ја разбирам употребената психологија на воените старешини,но не можам да ја прифатам, а тоа особено не можат да го прифатат мајките и татковицте на оваа Република, која доволно плаќала данок во крв.

Не можеме да прифатиме дозирано информирање, тешко утврдување на вистината за убиствата и ранувањето. Еден ден дознаваме дека е убиен војник од Македонија, другиот ден дека е ранет исто така војник од Македонија, третиот ден давениот војник е пак Македонец, итн., а и денеска не знаеме што е точно кој го уби Сашо. Не можеме да прифатиме изјави од типот: "војската ќе пука во народот што го хушкаат врховништвата, атаманите, војдовите". Тогаш се поставува прашањето кој треба да ја плати грешката. Пионите или монарсите што ги туркаат пионите. Не можеме да прифатиме преоѓање во некој вид вонредна состојба без претходни одлуки на надлежните државни органи, можеме да ја прифатиме како што реков, само политичко решение за кризата во Југославија.

И на крајот тргнувајќи од сериозноста на прашањето,фак-тичката состојба во Југославија, потребата да се избегнат импровизации, брзоплети решенија, кога се работи за нашата Република, за ова сериозно прашање, јас би предложил за една од наредните седници Владата на Македонија во склопот и на компентенциите на претседателот на Републиката, да подготви согледување за

актуелните состојби на безбедноста на Републиката, за можните решенија од краткорочна и подолгорочна природа, имајќи ги предвид сите можни солуции при расплетот на југословенската криза.

**СТОЈАН АНДОВ:** Сега сигурно многу луѓе ќе се јават за учество во расправата и веројатно опширно ќе излагаат и неизбежно е да се повторува тоа. Предлагам, сите учесници во расправата, сепак да водат сметка за времето како прво, и второ, да го градат односот спрема искажувањата во трите уводни излагања, кои беа доста содржајни и кои ја сликаа вистинската сегашна дадена состојба и ние имаме тука и опции. Треба тука да се определуваме. Околу тоа треба да направиме нешто кое е наш став, наша политика за тоа ќе предложам да се задолжи една група, после расправата ќе се договориме, да се повлече, да направи предлог на заклучоци кои подоцна би ги усвоиле, не веднаш сега, тоа не ќе биде возможно.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ : (Независен пратеник)** За жал, со смртта на Сашко Гешовски ја подигна политичката војна на македонскиот народ за уште посилно да го актуелизира прашањето за демократско разрешување на југословенската криза. Мора да имаме во вид дека по некое непишано правило државите настануваат по пат на војна. Се поставува прашањето ќе биде ли Југославија таа земја што ќе најде најцивилизирана и научно-фундирана опција да може да создаде суверени држави на југословенскиот корпус, но под услов, без примена на сила? Тоа исто така, покажува нешто научив и од историјата, бидејќи историјата на далечното минато ни е во таа наука многу лоша. По се изгледа дека југословенската енигма може да се разреши на демократски и цивилизиран начин само ако се почитува политичката волја на народот. Сега од човековите индивидуи што треба секој за себе да биде свој универзум со европски стандарди на човекови права, слободи и облици на мислење во одредени сектори на Југославија се прават војници. Од народите се прават војски. И токму на општествена цена е хрватско-српскиот синдром познат како таков уште во минатото, но во едно ново руво. Српско-хрватскиот етнички крвоток добро функционира, меѓутоа, и таму почнува да се излева скапоцена човекова крв и пред сите институции на системот се поставува како цивилизациско прашање дали може да најдат законски и други научно-фундирани форми да го решат прашањето. На овој синдром почнуваат правите прашања и тука се сместени и првите грешки коишто се настанати сега. Кој му дозволил на четникот Шешељ слободно да шета по суверена Хрватска и со своите злодела да ги вознемирува граѓаните. Мислам дека тоа легитимните власти на една суверена држава не треба да го дозволат зашто кога го велам ова тоа се однесува и за суверена Македонија. Кои се исто така, тие супермени, суперполицајци што ги ставаат во автобуси

младите луѓе со тек завршена двомесечна обука и звучно име "специјалци" да ги водат во сигурна смрт, и кои се тие лидери и министри на полиции или нивни шефови да ги повика луѓето на спонтан отпор и лудило да даваат невин војни, или кои се тие "специјалци" што убиваат невин војник? Кои се тие министри на војска што ги поставиле во таа зона, тампон-зона војници-Македонци, без процена на ситуацијата. Тоа во војната стратегија не е познато. А кои се исто така, тие "супермени" коишто насочуваат специјалци да пукаат во војници. Исто така, тоа на демократскиот век не му е познато. И така овој пат во хрватскиот синдром за жал е вовлечена Македонија, која што сега е во тешка жалост. Затоа и одговорностите мора да се бараат во оваа насока за која што зборував. Се поставува прашање каде е крајот. Што после војната? И после војната пак ќе мора да се отвори демократски дијалог, но доцна и со многу жртви. Според тоа, како македонски Парламент треба да апелираме до југословенската и светската јавност да се почитува политичката волја на македонскиот народ како легална основа на политичкиот суверенитет на македонскиот Парламент. Мирно да ги признаеме во југословенскиот простор меѓу себе сопствените суверени држави и мирно да го изградуваме нејзиниот севкупен внатрешен модел. Да создадема цивилизациски претпоставки за изградба на повисоки облици на здружување во контекст на платформата што ја донесе македонскиот Парламент. Мислам дека ова е најосмислена опција и мислам дека е комплементарна и на мислењето на гледањето на европската демократска јавност.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ: (СДСМ)** Другар претседателе, пред да ги изнесам обврските што ги имам добиено од страна на граѓаните од Струмица, би сакал да дадам целосна поддршка лично на излагањето на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров, претседателот на Владата господинот Никола Кљусев и членот на Претседателствосо на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Македонија Васил Тупурковски.

По повод подмолното убиство на војникот Сашко Гешовски на 7 мај во 18,00 часот поред "Спомен домот на културата Благој Мучето" и платото пред "Споменикот на македонскиот великан Гоце Делчев", во Струмица се одржа достоинствен собир, без партиска обоеност на кој присуствуваа досега невиден број граѓани од Струмица и околните места. На собирот беа истакнати поголем број апели и барања, кои, сепак на крајот се сведоа во единствено барање на сите граѓани на Струмица. Се бара вистината за убиството на војникот Сашко. Да се спречи учеството, односно посредувањето на македонските граѓани во крвавите пресметки меѓу српските и хрватските националности. Притоа е истакнато дека Македонците и сите граѓани на Македонија се во секое време спремни да ги дадат своите

животи за суверенитетот и слободата на својата татковина. Но, не и за монструмските желби на некои болни политичари. Сите мајки кои присуствуваа на собирот на достоинството во Струмица, а чии синови се на отслужување на воениот рок надвор од границите на нашата Република, поставија единствено барање до армискиот врв, до Претседателството на СФРЈ и до Сојузното собрание доколку не се во состојба да обезбедат сигурно и безбедно отслужување на воениот рок во ЈНА безусловно дозволат нивните синови да се вратат во Република Македонија и тука да го дослужат својот воен рок. На тој достоинствен собир беа отворени книги на кои беше потпишана следната петиција, односно барање:
"Родители чии деца се на отслужување на воениот рок ќе ве поддржиме во настојувањата Владата на Република Македонија да побара од Сојузниот секретаријат за народна одбрана, македонските војници да бидат повлечени од краиштата на српско-хрватските судири. Родители чии деца наскоро треба да заминат во ЈНА да побараме заедно од македонскиот Парламент под итно да донесе закон со кој додека не бидат постигнати, односно не биде постигнат договор за иднината на Југославија, македонските регрути воената обврска да ја извршуваат во нашата Република".
Струмица, 7-мај 1991 година 6091 потпис од граѓаните на Струмица. Имам обврска овие да ги предадам на претседателот на Парламентот.
**ПЕТАР ГОРЃИЕВ: (СРСМ)** Почитувано претседателство, почитувани претставници односно пратеници, настаните што се случија во Сплит на 6 мај пред Командата на воено-поморската област не им припаѓа на еден цивлизиран свет. Однапред поттикнати со јавен повик на претседателот на Хрватска - Туѓман, разбеснетите маси потпомогнати од својата полиција го извршија својот гнасен чин пред лицето на целата југословенска и светска јавност. На еден смислен и перфиден начин извршено е убиство на војникот - Македонец Сашко Гешовски од Кавадарци. Ранување на војникот Македонец Тони Стојчев од Македонска Каменица. На ѕверски начин давење на беспомошниот војник Македонец Стојанчо Наков, неофицијално од Свети Николе. На војниот транспоретер пред лицето на целата југословенска и светска јавност, тоа треба јавно да му благодариме затоа што целиот свет можеше да го види овој срамен чин на телевизијата на Јутел.
Обид за убиство на возачот на воениот транспортер Славе Јованов, пак македонски војник. Неофицијално, а истрагата тоа мора да го потврди од вкупно, јас во овој момент бројката не можам да ја кажам, но во секој случај истрагата мора да утврди колку македонски војници во структурата во Командата во тој момент се наоѓале. Има неофицијално сознание дека биле повеќе од 55% од вкупниот број на војниците на командата. Што значи тоа? И овој

пат, како и повеќе пати во историјата нашите македонски синови се турнати да бидат жртви за остварување на туѓите интереси и цели. Оцена е, што низ истрагата мора да се потврди што Командата на воената област немала права проценка за најавените мирни демонстрации пред Командата. Што дозволила на така одговорни места на војните транспортери да постават 19 годишни момчиња со само 6 месечна обука. Војниците не смееле да бидат изложени на опасност без заштита. Во контекст на заклучокот којшто сега е предложен од страна на Владата за постапката на истрагата, а уште повеќе и на работната група која што ќе ја следи таа истрага, јас ќе изнесам неколку отворени прашања.
Прво, како е можно целата стражарска смена и посадата на транспортерот да бидат војници, синови на Македонија. Дали е извршена предвремена замена, што порано не се случувало од стражата и е вклучен во тој момент, а немаме информација кој војник е повлечен, погинатиот војник, починатиот Сашко Гешовски, којшто непосредно после тоа погинува.
Дали се сакало посадата да биде исклучиво македонска, бидејќи и разводникот е Македонец?
Како е можно војниците во транспортерот да немаат старешина кога знаеме дека на обука кога и се обучуваат војниците старешината при запалување на бомбата не смее да излезе од местото каде што се врши обуката, се додека војникот не биде заштитен.
Четврто, кога војниците од транспортерот се повлечени во Командата во тие околности, треба комплетен извештај и за однесувањето на граѓаните во тој момент. Сега ние немаме извештај кога е тоа направено, бидејќи немаме такви информации.
Зошто до денес не се објавени имињата на полицаецот - хрватскиот злосторник и лицето што ѕверски го давеше војникот Стојанчо Наков?
Зошто ЈУТЕЛ вчера кога сите телевизиски центри во Југославија ја објавија веста, а тој во Хрватска не објави? И многу други зошто?
Претседателството на СФРЈ мора прво да го потврди суверенитетот на секоја република во постојните граници на сите шест републики. Доколку Србија и понатаму опстојува на својот став сите Срби да живеат во една држава и го оспорува суверенитетот на другите, а Хрватска и понатаму настојува да го задржи вооружениот став којшто сега сигурно е и зголемен, бидејќи се поставува прашањето како се однесува ТО во Хрватска. Мора тоа на јавноста да и се објасни. Имаме информации дека ТО во Хрватска е помината веќе во хрватските регулирани единици. Мора да се разоружат српските орди кои што ни се закануваат и на нас во Македонија. Се додека не се разрешат овие сигурно клучни прашања, не дозволуваме нашите македонски синови

војници во ЈНА да учествуваат во остварувањето на намерите коишто очигледно не сакаат да се откажат да ги решаваат по демократски пат. Затоа што Македонија својот суверенитет го има остварено уште во 1945 година и нема веќе синови за гинење на туги интереси.
На крајот од името на Собранието на општина Кавадарци им изразуваме јавна благодарност на сите што изразија сочувство по повод загинувањето на Сашко Гешовски и придонес дадоа со своето лучно присуство на погребот од сите краишта на Републиката и од земјата. Посебно им заблагодаруваме на "Такси службата", што со повеќе од 100 такси возила се стави на располагање на бесплатно одење и враќање за погребот во Кавадарци.
Им изјавуваме јавна благодарност на припадниците на ЈНА, припадниците на Јавниот ред и мир и средствата за јавно информирање, радиото, телевизијата и на печатот и на сите граѓани за својот придонес што го дадоа во текот на двата протесни собири и при престојот во Кавадарци повеќе од 20 илјади граѓани за време на испраќањето на посмртните останки на нашиот драг Сашо Гешовски. Сето тоа овозможи испраќањето на посмртните останки да помине достојанствено со тага во срцата на сите присутни без никакви инциденти.
На крајот морам да коментирам, она што посебно ме заболе кога видов во печатот каде што е испратена телеграмата од претседателот на Собранието на Рапублика Србија Слободан Унковиќ телеграмата е испратена на 8 во 14,28 часот, а во печатот стои дека е на 8 мај 1991 година во 18,00 часот. Во 17,00 часот веќе нашиот драг Сашко беше веќе погребан. Дали воопшто не бил информиран претседателот на Собранието на Република Србија за да може да испрати ако сакал телеграма или морал за тоа да се консултира со неговиот заповедник.
**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас нема да зборувам како припадник на една партија, туку како мајка на две машки деца кои во догледно време траба да ја бранат нашата држава.
Не можам, а да не се згнасам од сцената на оклопното возило каде оргијаше демонскиот дел од човекот, кој најверојатно е и родител пред да биде човек.
Не можам, а да не сочуствувам со мајката на Сашо Гешовски кој стана жртва на злото во еден народ. Како таа мајка ќе живее без своето чедо без дел од своето тело и дали веќе на неа и е важно во каква Југославија понатаму ќе живее.
Не можам, а да не ја нагласам големината на таткото на Сашко, кој во најголемата болка побара кризата да се реши на начин без да паднат други млади животи. Зар токму тоа не потекнува од мироЉубивоста на македонскиот народ што коренува и од нашата религија.
Затоа, барам сите пратеници денес да бидат единствени во дискусиите и за да се покаже дека сме сите единствени за

нашата мирољубива Македонија, најмирољубивата оаза како што ја опиша господинот Никола Кљусев, која со ништо не придонесе за кризата, а сепак ја плати првата жртва.
На македонските мајки им е доста од црни шамии и не сакаме тие да бидат резултат на решавањето на туѓи проблеми, во случајов меѓу Србија и Хрватска. Затоа поддржувајќи ги и ценејќи ги ставовите на Владата, ставовите што ги изнесе претседателот на Републиката се придржувам на барањето на Одборот на загрижените мајки и барам:
1. Македонците кои служат воен рок вон Македонија веднаш да се вратат на дослужување овде во Македонија. Ова, впрочем го бараше и цела Македонија на сите митинзи.
2. Да се прекине со мобилизацијата, затоа што во Македонија нема потреба од зголемена воена готовност, а посебно после информацијата дека мобилизацијата не се спроведува во Словенија или пак делумно се спроведува во Хрватска. Овие две барања посебно ги нагласувам, затоа што во целост се сложувам со сите барања што претходно ги поднесе пратеникот Панче Минов и Петар Гошев. Сега малку повикувам на еден дел да се сетиме на делот од пристапната беседа на господинот Киро Глигоров, при неговиот избор за претседател, каде што тој ни рече дека на Македонците како народ никој ништо не му подарил. Според тоа, Македонците на никому и не му должат благодарнст т.е. подаништво. А во денешниот говор, пак нашиот претседатал при крајот кажа дека вниманието треба да го свртиме кон изградбата на нашата држава, а јas додавам без долг чисто со чесноста и мирољубивоста на Македонецот.
**СТОЈАН АНДОВ:** За збор се јави Шабан Превала.
**ШАБАН ПРЕВАЛА: (ПДП)** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ние денес разговараме за судбината на Југославија и на Македонија. Повод е последната жртва младинецот Сашо Гешовски, жртва што се надоврза, за жал, во последните години на поголем број на жртви, деца од Македонија и другите краишта што дојдоа со ковчег и ги закопавме. Се разбира дека овие се тешки моменти за родителите на Сашо како и за голем број на родители во овие краишта. Искрено, сочувствувам во нивниот бол. Меѓутоа ова е повод истовремено ние да се осврнеме на последното соопштение на Претседателството на Југославија, на она што беше изложено од претседателот почитуваниот Киро Глигоров, претседателот на Владата Никола Кљусев и на другите. Ете прилика и одредени опсервации во врска со сето тоа што беше изложено. Јас соопштението, односно последното соопштение од Претседателството на Југославија го сфаќам повеќе како своевиден компромис за здив, за мал здив, со цел меѓувреме да се најде едно потрајно решение на оваа наша фамозна криза. Искрено очекувам резултати од тој период

на здвинување. Присутноста на војската, меѓутоа само во краиштата населени само со српско население во Хрватска, за мене морам да кажам дека како да значи засегнување на сувереноста на една Република, независно од тоа што таа Република сега е соочена со противречности и до одредени односи кои ги тангираат вкупните односи во Југославија. Мислам дека тоа треба доста сериозно да се прими, иако армијата заслужува секоја почит, на крајот на краиштата кога се работи за зачувување на слободата и независноста на Југославија којашто тешко е спечалена.

Во соопштението се нагласува дека се почитува и мора да се почитува сето ова, Уставот на Југославија, Уставот на републиките. Тоа е добро, но лично мислам дека има потреба од одредена доследност во тоа таквиот принцип на почитување да важи за сите делови на Југославија, зашто само така мислам дека ќе јакне и довербата на поширок план, а и залагањето за едно поголемо единство што толку многу ни е потребно во овие мигови.

Овде стана збор и за безбедносната ситуација со сите негативни манифестации со кои се соочуваме во последниве години, особено последниве месеци. Лично мислам дека тие се последица негативните манифестации во таа област, се повеќе последица на одредени да кажам така односи и на залагањата на креаторите на односите во нашата Република, кога зборувам за нашата Република, креаторите на таквите односи е Владата и ние Парламентот. Јас ќе морам во оваа прилика посебно да ја подвлечам улогата и одговорноста на Владата како и во една друга прилика, зашто таа има една колку благопријатна толку и многу одговорна задача да предлага, да концапира и на крајот да спроведува одредена политика што на крајот ќе се одрази на ваков или онаков начин.

Собранието, не значи, разгледувајќи ги материјалите и актите што тангираат и одредени односи, па би рекол и меѓунационални односи и рамноправноста на одредени слоеви од населението на Македонија имаат се разбира свој одраз, свој ефект. Тие ќе бидат такви какви што ќе ги предлагаме.

Меѓутоа, тоа ми дава повод и во оваа прилика да речам дека е време во име на единството, заедништвото, сожителството, сепак да размислиме, прво и прво, Владата да биде поодговорна во предлагањето на решенија, особено што ги тангираат рамноправноста и меѓунационалните односи, а од друга страна да размислиме да го вградиме и принципот на консензус кога се работи за прашања што се од посебен интерес за добрите меѓунационални интереси, а сите ние се залагаме за тоа, не обврзува долгогодишното заедничко живеење, сегашноста, уште повеќе перспективата.

Република Македонија ние веќе ја прогласивме и за суверена и имаме причинда да се гордееме со тоа. Меѓутоа, јас лично му давам признание на д-р Тупурковски кога со

право истакнува дека таа сувереност со тоа што се соочуваме со проблеми во областа на меѓунационалните односи како да се релативизира, а ние тоа не би смееле да го дозволиме ако сакаме да бидеме модерна и современа држава и ако имаме желби и се стремиме за влегување во Европа и за внесување на Европа во Македонија. Мислам дека време е конечно да се обидеме преку одредени чекори да направиме, преку одредени движења и односи да направиме еден чекор напред во унапредувањето на меѓунационалните односи во Републиката зошто само на таков начин ќе јакне довербата меѓу Македонците, Албанците, Турците и сите други што живеат во Македонија. Кончено,време е Македонија со оглед на околностите и со оглед на опкружувањето, а и со оглед на фактот што сакаме да се отвориме, да конципира, изгради и реализира своја независна изворна оргинална политика и време е кога ние само како носители на најважните функции во Република Македонија да настапиме што е можно понезависно како во врска со решавањето на сопствените проблеми, така и во обидите за настап во други земји.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ: (ПДП)** Господа пратеници, длабоко сме вознемирени од суровото убиство на младиот Сашко, кој тргна на отслужување на воениот рок со една единствена цел, љубов кон татковината и за посреќна иднина, не мислејќи дека иднината под негови нозе некој одамна почнал да ја поткопува.

Замолен сум од граѓаните на Изборната единица број 19 и од семејството на мајката Саџиде и синот Берзат кој на ѕверски начин беше убиен во Крагуевац од терористичката рака, а парадоксот да биде поголем, тогашната македонска влада не најде за згодно да испрати една утешна телеграма, а камоли да реагира за убиството на неговите граѓани. Затоа сум замолен во име на десетици албански мајки кои знаат каква е болката на семејството Гешовски да кажам дека таа болка ја делиме заеднички.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ: (ПДП)** Господин претседателе, дами и господа, самиот факт дека и Папата се моли веќе два - три пати за нас веќе зборува дека нешто не е во ред со нас. А и последниве пораки од верските поглавари кои ни беа најмирни и најдобри пораки исто така не наведуваат малку да размислуваме.

Меѓутоа, јас сепак имам една сатисфакција, а тоа ќе биде и за вас сатисфакција дека таа југословенска разврска, барам нашиот претседател покажува досега добра волја за да се реши таа разврска. Притоа, ја користам приликата да го пофалам исто така и господинот Изетбеговиќ, а и нашиот претставник во Претседателството на СФРЈ.

Последниве години се почесто се апелира на разум, а тој разум се повеќе исчезнува. Со години веќе имаме поуки за разум, а за жал многу поуки беа проследени со млади невини жртви. Примери имаме доста. Само ќе потсетам,

Косово, Книн, Белград, еве и последната невина жртва војникот Сашо. Кај сите овие млади луѓе садени беа идеали во простор и време за демократија. Не им дадовме можност да бидат учесници или сведоци во демократското општество. Напротив, беа покосени со рафали и се згасна нивниот живот.

Сигурно, некој се прашува зошто зборувам во "его". Затоа сметам дека сите сме повеќе или помалку виновни за сето ова што ни се случува. Опиени од национал-патриотизмот, дури до шовинизам, зависно каде се случуваат убиства, така и толку жалиме. Јас сега користам можности да прашам дали има телеграма со сочувство од господинот Милошевиќ. Јас не сум слушнал дека има. Да не ги чува неговите телеграми за сочувство на Шешељовци и Шешељ кога ќе погинат. Младите гинат, а некои државни лидери дури и истиот ден цинично "шармираат" со насмевка пред ТВ камерите. Навистина чудно се однесуваме, виновниците секогаш ги знаеме, а истите испаѓаат невини демократи затоа што припаѓаат на некоја друга република.

Често пати велиме дека некој ни крои планови со мрачни цели, а се знае дека тоа најчесто го прават тие што се посилни или се сметаат дека се посилни. Но, убеден сум дека кога ќе зависи силно вистинската демократија, тие самите ќе заглават во тој мрак. Затоа, и по кој пат еве повторувам секој настап на нашите први луѓе во политиката да биде секогаш одмерен без страсти, со аргументи и вистини.

Животот не учи, после најболните убиства се раѓаат најдобри пријателства. Да го следиме тој пример и ние да собереме сили нашиот гнев и болка да го преточиме во љубов, мир и примерно соживување. Впрочем, тоа беше идеал сигурно и на Сашко и неговите врсници. А тие кои не се спремни да живеат во мир, љубов и спокој и понатаму ќе ни приредуваат нови трагедии и солзи. Јас искрено ви велам дека моите бирачи не го сакаат ова, колеги пратеници. Прашајте ги и вие вашите бирачи, сигурно и тие не го сакаат тоа.

На крајот, да заклучам во политиката штетен е Третиот Њутонов закон.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Драги пријатели, му додаваме почест на детето од Кавадарци. Минуваат векови и само се покажуваме пред олтарите на нашите жртви. Немам зборови од каде да почнам. Но, ми се чини дека за жал историјата се повторува. "Жртвалникот" во Балканот се отвора. Зар е можно ние до вчера што го градевме тоа братство и единство денес да се поклонуваме пред жртвите. Каква иронија. Тешко на тој татко и таа мајка. Се скина конецот каде што е најтенок. Тоа ме тера и ме загрижува да помислам дека тоа е една политичка игра. Кажавте дека 40 се во тој одред или два одреди, 27 се Македончиња. Ве молам, каде е нашата влада, каде е нашата совест, каде

сме ние? Да се прашаме каде одат нашите деца и за кого гинат? Уште нешто, се плашиме од некој превrat, се плашиме од некоја воена диктатура. Јас во моментов тројца мои немам тука, тие се во војска. Се прашувам каде се. А се плашам и самиот, да ви кажам право. Право да ви кажам, семејството, другите внучиња ги засолнив, најискрен сум. Се плашам и самиот. Можеби син ми таму ќе загине, зетовите таму ќе загинат, а мене ќе ме убие некој дома. Зошто? За кого? Се појавија Шешељовци. Се обраќам до министерот за внатрешни работи и до министерот за народна одбрана на Македонија и до Владата на Македонија, бидејќи тоа веќе не е тајна да преземат чекори, да не се плашат да го заштитат народот и луѓето кои живеат во Македонија. Ако ги оставиме така, верувајте ми дека и самите ние ќе бидеме жртви.

Зошто, се прашувам, колку сме ние, останавме малку. Оваа Република има околу два милиони. Зошто нашите деца да одат во Словенија, Хрватска, не знам каде. Од кого ќе не бранат е другото прашање што се поставува автоматски. Да ја чуваме целокупноста на Југославија, но пропорционално да учествуваме одбрана на земјата. Од кого не чуваат сега тие наши деца во Босна, во Херцеговина? Од што ја чуваат Македонија? Кој во моментов "сега се наоѓа во Македонија, кој ја чува Македонија? Сме се прашале ли некогаш? Е, сега дојде моментот да се прашаме. Најискрено како родител на деца, на внучиња, апелирам до сите вас, нашата Влада, нашите претставници, во Белград да не се плашат, тоа потцртајте го, да бараат се што е можно, да го запазиме ова парче земја чисто и повеќе да не ни носат ковчези.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДП)** Дами и господа, лично сум презадоволен од експозеата на господинот претседател Киро Глигоров и д-р Васил Тупурковски, член на Претседателството на СФРЈ од Македонија, бидејќи нивните излагања беа една своевидна филозофија за начинот на изградувањето на односите внатре во Републиката, додека незадоволен сум од делот на дискусијата на претседателот на Владата д-р Ннкола Кљусев. Ако според тоа што слушнав досега причина за овие тешки состојби сега во ЈугославиЈа и Хрватска беа надгласувањата за прашањата кои имаат политички карактер и усогласување или екстремност исклучиво во водење на политиката на двајцата претседатели на влади, мислев на Милошевиќ и Туѓман, тогаш поучени од овие искуства, нашите односи внатре во Македонија треба да ги уредиме врз друга основа.

Тука слушнавме една реченица дека во Македонија имаме голем степен на демократизација. Неоспорно е дека имаме демократизација на општествениот живот во Македонија. Меѓутоа, јас лично како Албанец се уште не го чувствувам тој висок степен на демократизација на односите, со оглед на фактот дека во цела Македонија само еден претседател

на Собрание на општина е Албанец, и тоа со многу маки во Дебар. Би се согласил јас со констатациите со претседателот на Владата дека има притисоци што се видливи од страна на некои политички партии, меѓутоа, требаше и малку поконкретен да биде во однос на тоа што сторила Владата да се елиминираат тие притисоци. Каде е тука уделот на Владата врз влошување на тие меѓунационални односи или врз средувањето на севкупните односи во Македонија? Аргументи да се браниме има многу. Може да кажеме дека ете млада Влада е, уште нема два месеци. Меѓутоа, ако тргнуваме од една реченица на Пол Валери дека "историја е сето тоа што доаѓа", тогаш мора тие односи да ги вградиме во тоа што доаѓа, да не дојде утре наместо за Србија и Хрватска да зборуваме за исти состојби во Македонија.
Еве само накратко да ве потсетам на еден заклучок на Претседателството на СФРЈ. Во точката 5 пишува веднаш да се формира паритетна група составена од тоа и да разговара за политички прашања за кои се смета дека се причинители на кризата, како што е уставната рамноправност на хрватскиот и српскиот народ, јазик, писмо, национални и државни симболи, право на народност на самоопределување до отцепување, начинот на изјаснување на референдум и сл.
Ако овие работи ги анализираме ми се чини дека се резултат на кризата во Хрватска, тогаш потполно може да заклучиме дека нашето видување во уредување на односите внатре во Македонија не се различни од овие. Рамноправност во сите сегменти во животот ако тоа е заклучок на Претседателството значи луѓето дошле до тој степен да размислуваат дека овие се причините на кризата. Да ја искористам овде можноста да изразам сочувство на семејството на Гешовски и на семејствата на сите албански мајки кои имале исти случаи.
**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како членови на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, се здобивме со одредени сознанија за односите кои владеат во Соборот на републиките и покраините и неговите тела и за таквите сознанија ја информиравме подробно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Сознанието во основа се сведува на фактот на непопустливоста на ставовите на фактичките односи кои владеат и се манифестираат во секој настап на претставниците од другите републики со нивното учество со работата на комисиите, одборите и на седниците на Соборот каде јасно доаѓаат до израз тврдите ставови на претставниците на Република Србија и Република Хрватска и нивната спротивставеност дури и за тековни прашања. Прашањата свесно се политизираат. Улогата на претставниците на Словенија во сите вакви случаи се

воведува на тоа да ова што се случува и што ќе биде во Југославија нив како да не ги интересира и за нив е се спротивно на Уставот, дека е се нелегално па дури и со работата на Собранието на СФРЈ. Сето во стилот иде 30 јуни 1991 година. Против ваквите односи ние како да сме ставени во некоја подредена улога, улога на посматрачи и како да чекаме што ќе се договарат оние скараните, виновниците за денешните состојби независно кој е првиот. За нашите сознанија во контекстот на се она што се случува во Југославија и Републиката, а тргнувајќи од позицијата што ја има нашата Република како и од позицијата на активен фактор и учесник во разврската на југословенската криза група пратеници беше примена од претседателот на Собранието, претседателот на Владата и претседателот на Репуликата заради запознавање со определени состојби и предлагање на одредени решенија во смисла како организирано во рамките на постојниот систем на организираност на нашата Република, се со цел да во ова време на несигурност и неизвесност македонската држава подготвена го обезбеди мирното живеење на македонскиот народ и на сите граѓани на територијата на Републиката. Овде, пред се, се мислеше на територијалната одбрана и милицијата. Во овој контекст поради бројните барања катадневни до нас пратениците од родителите на момчињата кои се упатуваат или треба да се упатуваат на отслужување на воениот рок во ЈНА, го покренавме и прашањето за времено запирање на испраќањето на македонските регрути во Југословенската народна армија и нивното распоредување и упатување, пред се, во нашата Република со едновремено враќање на војниците во Релубликата. Морам искрено да кажам дека родителите се крајно загрижени за судбината на своите синови не сакаат истите да бидат упатувани во другите републики каде главните протагонисти на разбивањето на Југославија со оружје и жртви веке ги одмеруваат силите. Укажуваме дека во постојниот управно-правен систем на Југославија се до новиот договор на југословенските држави македонските регрути можат својата обврска во единиците на Југословенската народна армија да ја извршуваат на територијата на нашата Република. Ја изразивме нашата подготвеност во рамките на Републиката во договор меѓу политичките партии да се заложиме за зачувување на мирот и мирното живеење во Републиката и секој обид за дестабилизација на Републиката енергично да биде спречен и сузбиен доколку се појави како обид во било каква форма да се манифестира.

Ние ја поздравуваме изјавата на претседателот Киро Глигоров за францускиот весник "Франс прес" за независна македонска држава доколку само една република се отцепи од Југославија. Во смисла на оваа мудра државничка изјава која има и национално значење треба да се направат

определени државно-политички подготовки во Републиката за нејзиното реализирање. Со носењето на декларацијата за сувереноста на Македонија и платформата за разговорите за идното уредување на југословенската заедница, ние ја искажавме нашата спремност пред европската јавност да како суверена држава активно учествуваме во договарањето за разврската на југословенската криза по мирен и демократски пат. Настаните покажуваат дека некој тоа не го сака. Да не дозволиме да бидеме вовлечени во игра за да бидеме нечии жртви. Мораме да го подготвуваме да биде спремен да ја обезбеди и сочува својата земја за да повторно не се поигрува судбината со нас. Во текот на разговорот по добиената информација претседателот Глигоров не извести дека во немирите во уличното живеење во Сплит е убиено македонското момче од Кавадарци, војник на ЈНА. Ете, затоа разговаравме и затоа баравме Републиката да преземе мерки за да ги заштити нашите деца и во Југословенската народна армија која не може долго време да остане на страна и ќе биде најверојатно вовлечена во разрешувањето на кризата. Предлозите на заклучоците кои ги дава Владата на Република Македонија се во духот на нашите укажувања и залагања ги поддржуваме. Треба да се дополнат со обврската на Владата најитно да му предложи на Собранието на Република Македонија донесување на закони од областа на внатрешните работи и народната одбрана кои тргнувајќи од сувереноста на Републиката ќе оневозможат и спречат повторно да ни се случи како на Сашо Гешовски.
Основното е притоа македонските војници војниот рок да го служат во нашата Република што треба да се оствари и во разврската на југословенската криза. Предлозите на новата Влада на Македонија мораат да бидат со внимание уважувани. Неговото убиство нека биде поука и отрезнување за сите нас. На крајот сакам да укажам дека укажувањата на пратеничката група во разговорите беа со внимание проследени и врз основа на нив се преземени одредени активности во Републикава. Впечатокот е сепак доцниме, одиме по настаните.
Претседателот Глигоров на достоинствен начин ги застапува интересите на Републикава во разговорите и договарањата за иднината на земјата и заслужува признание и поддршка. На крајот, сепак посебно да укажам дека во ова време секој треба да се однесува и да биде на висина на својата функција и одговорно да ја извршува својата функција.
**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (ПДП)** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, користам прилика и јас да се јавам пред оваа говорница, а воедно да изразам длабоко огорчување за сите овие последни настани што нашата земја ја преплавуваат воопшто. Ние во конкретниот случај сме свесни дека југословенската криза може да се решава на демократски начин само доколку на Србија, на српското

раководство и на одделни други републики на други раководства да им се каже стоп на тие хегемонистички цели и територијални претензии што ги имаат спрема одредените републики и спрема одредените делови на Југославија. Кога ова го кажувам, најмалку македонскиот народ и сите други народи во Југославија нема зашто би ја бранеле својата "темница" на своите народи. Затоа, не дека не може да се стави крај на ова безумие што се случува во нашата земја, само сепак имаме и претходни поуки извлечено од нашите вождови, отомани и војводи. Дами и господа, сами им дадовме зелено светло кога веќе дојдоа на позиција таквите вождови, а сега е тешко да се запре, но за жал на штета на сите мали народи тоа се води. Затоа, треба ние тука да се издигнеме од она"патуљасто однесување" да одиме  по патот на Европа, по патот на цивилизираниот свет, како можеле тие таа секира и тие сами да ги покопаат во земјата еднаш засекогаш, а во конкретниот случај да ми дадат и памет како да се разреши оваа криза кога во Европа во стариот свет нема народ којшто повеќе војувал меѓу Французите, Германците, Англичаните и Италијанците. Меѓутоа, тие видоа каде е нивната слабост и ја затворија таа општа гробница што беше отворена за нив и во нивни интерес 1949 година шестмината веќе почнаа, дадоа рака за помирување, а потоа по нив шестмина прераснаа во дванаесетмина, а денеска не само што имаат економски растеж, не само што имаат култура и однесување, туку кај нив толеранцијата е на ниво на реципроцитет. Не ги понижуваат помалите. Нити најмалку ги понижуваат тие народи што ете и во 21 век сакаат да им докажат дека и тие се луѓе  и граѓани на оваа планета.
Кога реков дека сами им дадовме зелено светло затоа што кај несреќата кај другите баравме среќа за нас. Среќа баравме за нас, меѓутоа, среќа не може да се најде во нресреќа на другиот. Сложни секако ќе бидеме и многу појаки, подеднакво да ја осетиме Македонија и Југославија, рамноправна. Тука може да се воведе дијалог, човек со човека, нација со нација, народ со народ, вера со вера, а никако  некој да се чувствува инфериорен, супериорен, а другиот понижуван и како "мачка под трпеза". Тоа е суверенитетот на сите граѓани на ова планета  и тука е сигурноста за сите нас.
И на крај да завршам не сакам да се задржам на ова, вчера ни беше или денес Сашко Гешовски за жал таа трагедија да ја имаме чувствувано сите како родители длабоко. Но, исто така, над 50 жртви беа и од други припадници што сепак беа и тоа една голема загуба за човештвото. Па најпосле демократијата не е трева што никнува. Неа треба да ја иницираме и да ја негуваме.
**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)**  Лично сметам дека и расправата по однос на оваа точка покажува дека повеќе расправаме за последиците отколку за причините за

актуелната политичко-безбедносна состојба во Југославија и републиката. Токму и заради тоа предлагам во последните три месеци не да добиеме информации по кои ќе дадеме согласност или не, туку да отвориме целосна расправа за прашањето на разгледувањето на актуелната политичко-безбедносна состојба во Југославија и земјата. На 16 и 18 април кога требаше да ја разгледуваме, односно предложив разгледување на актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата добивме образложение од претседателот на Собранието на Македонија дека предлагачот нема поднесено писмен материјал и затоа оваа точка нема да се разгледува на оваа седница на Собранието. На крајот Собранието донесе одлука писмен материјал по оваа точка да подготви Владата на Македонија и прашањето да се разгледува на наредната седница. Меѓутоа, актуелната општествено, политичка, економска и безбедносна состојба во земјата, Републиката и во странство и окружувањето на Македонија со соседните земји и се менуваат од час во час и наместо македонскиот Парламент да биде во постојано заседание решавајќи и утврдувајќи конкретни мерки и активности за надминување на актуелните проблеми седниците на Парламентот се одолжуваат неоправдано на два до месец дена заради што и така ретките седници се претворени во гласачки машини, бидејќи дневните редови содржат од 40 до 60 точки.

Прашањето од кругот на општествено-политичкото значење за судбината на Републиката се одолжуза не оправдано од седница на седница на неодредено време, а наместо пратениците на Македонија, односно на македонскиот Парламент да донесуваат одлуки за иднината и судбината на македонската држава се очекуваат ставовите на соседна Србија, на раководствата на другите републики, на Белград, а на сојузните органи и институции. Акти од суштествено значење за функционирањето на Републиката како држава-деловник за работа, Буџет на Републиката, Законот за локална самоуправа досега не се ни донесени. Усогласувањето на републичките прописи со уставните амандмани не е испочитувано. Општините се наоѓаат во правен хаос, општествената сопственост и капитал се разграбуваат и приватизираат максимално што преминува во грабеж, општеството доживува забрзана класно-социјална раслојеност со катастрофални последици, општинските собранија во Западна Македонија не се конституирани, разгледувањата на прашањата за меѓунационалните односи и националното прашање како да стана минато свршено време.

Власта, впрочем климаво ни функционира. Наместо редовни информации за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата, пратениците за истата се доведени во состојба да ја пратат преку изданијата на дневниот печат. Како да не станува збор за орган на власта во една суверена, држава, туку за група на граѓани која по лични

согледувања се свикува само ако е нужно за да јавноста не добие претстава дека Парламентот, впрочем и не функционира. Се поставува прашањето, до кога некој упорно ќе докажува и покажува дека македонскиот Парламент е неспособен да решава самостојно за актуелните проблеми во земјата и во Републиката и да управува со македонската држава очекувајќи размислувања и одлуки на браќата од Север. Дигнитетот и почитувањата на пратеничката функција е доведена на ниво под апсолутна нула. Злоупотребите на Југословенската народна рамија, неразмното вплеткување на војската во решавањето на внатрешните проблеми во суверените држави во Југославија што го одзеде и првиот млад живот на нашиот сограѓанин Сашо Гешовски, настаните во Книн, Плитвице, Ново Брдо, Иево, Сплит, Белград, Книнс-ка Краина, Славонија, Барања, Босна и Херцеговина, студентските демонстрации во Белград и бруталната употреба на силни политички сили и одземањето и таму на еден млад ученички живот, ангажирањето на терористички групи од Србија на територијата на Хрватска, создавањето на српската автономна покраина во Книн во суверена Хрватска, преговорите на Милошевиќ со грчкото раководство зад грбот на Македонија и македонската вистина, градењето на некакви си воени сојузи меѓу соседите заради изолирање на Македонија и друго, се само дел од мозаикот на актуелните настани кои ја потресуваат политичко-безбедносната состојба во земјата и Републиката.
И наместо овој Парламент перманентно на секоја седница да добива информации за актуелните настани и по нив да отвора расправа заземајќи конкретни ставови, овој Парламент воопшто по истите не ни расправа. И покрај сето ова македонскиот Парламент до ден денес се уште нема писмен материјал за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата. Владата на Македонија да ги препишуваше дневно политичките настани кои се објавуваат во изданијата на средствата за јавно информирање во Републиката и земјата досега ќе напишеа не еден, туку сто и еден материјал.
Југославија се спрема за граѓанска војна, а Македонија спие, спие овој Парламент затоа што некој можеби го успива со сосема јасна концепција за да им се овозможи на четничките јуришници од север како што сега ги бранат западните граници на Србија во Хрватска, утре можеби да ги бранат и јужните граници на Србија во Македонија кај нас. И залудни се барањата на одделни пратеници кои упорно бараат да се расправа за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката кога тоа не се вклопува во шемата за држење на овој Парламент на дистанца од актуелните настани, бидејќи за тоа ќе одлучи Белград, или некој друг. И на крајот на сето ова, круна на специјалната војна која се води во земјата, воопшто лично не прифаќам категорија дека во Југославија се води

граѓанска војна. За мене лично во Југославија се води специјална војна која има цел за предизвикување на граѓанска војна водена од строго утврдени центри во Републиката, а најконкретно од Белград.

Деновиве ја добивме и наредбата на Сојузниот секретаријат за народна одбрана за мобилизација на дел од единиците и постапување според правилата за борбена употреба во случај на напад врз единиците и објектите на ЈНА. Се поставува прашањето кој од кого се брани и заштитува во оваа Југославија? Ако маска од 50 илјади или 100 илјади луѓе тргне кон некоја касарна кој во кого ќе пука и зошто по чија наредба? Тоа ќе биде масовен масакар и непосреден повод за граѓанска војна која може да има трагични последици по мирот и безбедноста, не само за Југославија туку и за Европа и светот. Дали ладнокрвно, бидејќи во Парламентот на тој начин се доведовме ќе преживуваме денови на општонародна жалост, очекувајќи безброј мртовечки сандаци на млади дека од Македонија кои се на отслужување на воениот рок во други републики во Југославија некому како да му е во интерес политичките односи во земјата да ги решава Армијата. Војната заврши 1945 година, меѓутоа, и покрај опомените на сите западни земји и големите сили во светот некои генерали изгледа се уште ја водат таа војна, вклучувајќи ја армијата во служба на интересите на одделни републички раководства, конкретно во Република Србија.

Словенија, фактички ги донесе сите закони за отцепување и раздружување од Југославија, Хрватска формално-правна тоа ќе го постигне со спроведувањето на референдумот за суверена и самостојна држава. Македонија очекува и мирувал што, и од кого? И додека останатите републики го пробиваа платниот промет и монетарниот систем во земјата, додека се богатеа на сметка на два пати извршената девалвација на динарот, Македонија упорно ги извршуваше и спроведуваше сојузните прописи. Сојузните прописи изгледа постоеја само за Македонија бидејќи никој друг во Југославија не ги почитуваше, а сојузната каса се полни од средствата на Република Македонија. Каков патриотизам гради Македонија и по која цена?

Имајќи го предвид горе изнесеното останав цело време, а ќе останувам и понатаму на секоја седница редовно да добиваме информација со оглед на состојбите во земјата за актуелната политичко-безбедносна состојба. Писмениот материјал ќе го пишуваат сите пратеници во расправата која ќе се отвори, а подобар писмен материјал од мртвото тело на согражанинот Сашо Гешовски не е ниту потребен. Секоја политичка изјава во стилот на подобро напишан расказ за убиството на согражанинот Сашо Гешовски, после многуте непреземени мерки од органите на оваа Република и од овој Парламент добива призвук на иронија, сарказам, цинизам и демагогија во функција на собирање политички

поени на нечии мртви души.
Имајќи го предвид тоа што не се презеде од страна на овој Парламент, мое лично размислување е дека огромна одговорност за тоа што овој Парламент досега воопшто не расправаше за актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата за да преземе некои мерки кои сега се предлагаат, сметам дека ја сноси и претседателот на овој Парламент, за што сметам дека ако има барем малку грижа на совеста треба да си поднесе оставка.
Во излагањето на претседателот на Републиката не почувствував одредена енергичност во заштитата на суверенитетот на македонската држава, туку одредена млакост, Иако ги почитувам сите активности на претседателот Глигоров кој досега ги преземаше во преговорите за идните уредувања на односите во Југославија. Никој не го негира постоењето на Југославија, ние и се изјаснивме за сојуз на суверени држави. Меѓутоа, се се сведува во стилот "сакај го другиот макар и да не те признава, прегрнувајќи го упорно се додека прегрнувајќи го не ти го стави ножот во грб и те уништи". Затоа со одредени ставови на Претседателството на Југославија кои отстапуваат од барањата и на граѓаните не се согласувам, а не се согласувам и со одредени ставови на Владата кои во конкретни предлози сега ќе ги изнесам, бидејќи имаат карактер на компормисно амортизирање на сувереноста на Републиката. Секоја трезвеност нормално е прифатлива и нужна, меѓутоа не може да се дозволи ноншалантност во однесувањето на органите на власта. Во Југославија се води сценарио на специјална војна, а ние се однесуваме како ништо да не се случува. Шириме братство, мир и љубов, а граѓаните на Македонија кои со нестрпливост очекуваат конкретни мерки и активности за решавање на актуелните проблеми. Гаранција за мирот, безбедноста и сигурноста ги оставаме да живеат во страв и неизвесност, бидејќи распраавме за последиците, а не за причините за состојбите такви какви што се конкретно денес во Југославија. Затоа, сакам да анализирам одредени прашања.
Овој македонски Парламент прво, со сета своја сериозност, законитост и уставност во работењето и мерките и активностите што ќе ги презема треба да го обезбеди мирот, безбедноста и личната и имотна сигурност на граѓаните, враќајќи ја нивната доверба во институциите на системот. Нашите граѓани мора да веруваат во нас или да не отповикуваат. Затоа потребно е прво, ние да си ги симнеме нараквиците и маските и навистина да кажеме што мислиме, а не да ги чуваме фотељите и привелегиите. Народот и граѓаните тие маски веќе одамна ни ги симнаа и верувам револтирано ја следат работата на овој Парламент, бидејќи упорно и вешто ги одбегнуваме најважните и суштински прашања за опстанокот на овој народ и држава.

Затоа треба да одговориме и на прашањата кои често пати се наметнуваат во практиката. Може ли Македонија да биде нападната, заобиколена, изолирана или уништена од било кого? Мојот одговор е не. И отсекогаш по однос на овие прашања сум бил оптимист. За ова и околу ова во Македонија се воделе илјадници години војни од народите кои живеат на овие простори. Затоа изјавите за некакво заобиколување на Македонија, се илузија и имаат психолошки и краткотраен карактер што на оние кои ги пропагираат можат да им се вратат како бумеранг. Примерот со Грција која пропагира од грчката влада заобиколување на Македонија со изградба на магистрални правци преку Албанија и Бугарија поврзувајќи го Дунав со Егеј преку Бугарија. Грција да скока и на глава, Македонија не може да ја заобиколи. Контра на ова Европа ја сака Југославија и велиме европската заедница ја прима Југославија во своето членство зошто?, за да ја заобиколува Македонија преку магистралните патишта во Бугарија и Албанија. Сакам да истакнам како уверување пред граѓаните дека секогаш капиталот до пазарот го бара најевтиниот и најкраткиот пат. Тоа е Македонија, сакал некој да го признае тоа или не. И за европската заедница спрема Грција. Мене лично ме револтираше мерката на Владата која ја донесе во врска со издавањето визи на грчките државјани за време на велигденските празници и првомајските празници. Дали се утврди евиденција колку наши Македонци дојдоа да се прекрстат во македонските цркви за велигденските празници или колку Грци ги наполнија хотелот "Казино" со одлевање на огромен капитал. И дали мерката беше од таков карактер. Затоа сметам дека една од мерките коишто веднаш треба да ги преземе македонската Влада, или овој Парламнет согласно со своите надлежности да се донесе мерка веднаш, бидејќи Сојузниот извршен совет донесе одлука за издавање визи на грчките државјани во амбасадите, веднаш да се донесе една мерка со која ќе се утврди секој грчки државјанин кој ќе влезе во Југославија со виза добиена на било кој граничен премин во Југославија, не може да ја напушти Југославија од граничните премини во Македонија. Грчките органи воведуваат такси спрема премините во Југославија, сами им наплаќаат на грчките државјани по 20 до 30 илјади драхми, не знам точно колку е цената за да не наплатувајќи им ниту динар, ниту драхма спрема премините во Бугарија го ориентираат сообраќајот преку Бугарија. И ме зачудува што досега пет средби одржаа нашите претседатели на суверените републики, ниту еден новинар од Македонија не го постави прашањето на претседателот на Србија-Милошевиќ, зошто дозволуваат влез на Грците со визи на граничниот премин во Димитровград. Уште Бизмарк при обедувањето на Германија рекол оној кој ја поседува Вардарската долина е господар на Балканот. Геостратешката

положба на Македонија и Југославија можеби е намалена заради детантот во светот и напуштање на студената војна меѓу големите сили. Меѓутоа, само привидно. Геостратешката положба и таа како ја прави интересна Републиката за мултинационалните корпорации кои овој народ, би се изразил вулгарно колку и да е "туп и глуп" и живее на овие простори директно или индиректно посредно или непосредно, ќе го принуди да Македонија стане она што треба да биде оаза на благосостојба на овие простори во Европа. Македонија и покрај изјавите на Шешељ што е кривично дело, бидејќи повикува на бунт и уривање на уставниот проедок, личната и имотна сигурност и безбедност на граѓаните во Републиката, не може да доживее агресија, а тоа да не биде повод за остварување на вмиманието на меѓународната јавност и заедница и нејзино ангажирање преку механизмите на меѓународните институции. Ирачката агресија на Кувајт е најдобар показател за реакциите и на ООН и на големите сили. Неповредливоста на меѓудржавните граници е, неприкосновена и светот не останал нем пред било која повреда на меѓудржавните граници. Затоа, нека не ги плашат граѓаните во Македонија било кои со некакви сојузи кои се создаваат на оската Белград-Атина-Софија.
Своевремено претседателот Јовиќ изјави, Македонија не може сама, бидејќи може да издржува само неколку тенкови, а Бугарија и Грција ги имаат по околу 2000. Опстанокот на било кој народ и држава не се мери со нивото на воената техника и технологија. Ако беше така, досега Кореа ќе беше збришана од земјината топка од САД.
Затоа, некој нека не ме плаши, повторувам уште еднаш како мали деца "со баба рога". Сакам да укажам дека самостојноста која треба да ја градиме не е автархија. Македониј мора да има самостојност како и секоја друга држава во светот, како и секоја друга република, макар и во идниот југословенски сојуз на суверени држави. И САД која е најразвиена во светот ако прогласи автархија ќе се сруши како кула од карти. Македонија ќе биде самостојна во утврдувањето на своите ставови во функција на градењето и остварувањето на заедничките и единствени интереси во југословенскиот сојуз на суверени држави.
Понатаму, кои се жртви Македонија ги носи на своите плеќи во оваа и ваква Југославија. Ке наведам само неколку примери.
Кога беше утврдувањето на одговорноста за Фадиљ Хоџа во ЦК СКЈ беше поставен другарот Панчевски, кога беше вонредната состојба во Косово беше Лазар Мојсов, во Книн кога настанаа настаните го пратија господинот Тупурковски. Цела Југославија ги повлече милициските сили од Косово, само Македонија ги остави. Ги повлековме и тоа со каква иронија и образложение. Србија стана суверена држава и затоа ги повлекуваме милициските сили на

Македонија од Србија. Претседателот на Србија при враќањето од посетата на Грција на прашањето; "во која суверена република се наоѓате другар Милошевик?" Сувереноста на Македонија не ја призна, туку само на Југославија. Ако е така во чие име и на чија сувереност Милошевиќ ја посети Грција и водеше разговори со грчките државници за грчко-српските односи без споменување ниту еден збор за Македонија и македонската вистина. Редно е да прозбориме за една стварност на однесувањето на српската политичка гарнитура.
На 5 октомври принцот Александар Караѓорѓевиќ (вест објавена во "Нова Македонија") до македонската јавност и македонскиот народ прати велигденска порака на македонски јазик. "Драги земљајаци, апелирам на сите вас, а особено на Србите и Хрватите да не дозволат да бидат вовчелени во несреќа која не е неизбежна".
Никој не реагираше на ова. Македонците и Македонија никогаш го немале за крал династијата Караѓорѓевиќ. Србија предложи закон за враќање на колонистите. Српскиот покрет за обнова денес ги брани западните граници на Србија, а утре најавува дека ќе ги брани јужните во Македонија во случај на отцепување. Понатаму, Србија бара српскиот народ да живее во една држава и тоа сосема јасно го капува во сите разговори претседателот на Србија-Милошевиќ. Меѓутоа, не е ни чудо. Колку што јас сум запознат, кога Југославија во федеративно уредување и континуитет на Кралството Југославија бидејќи на Второто заседание на АВНОЈ беа повикани не само веќниците на АВНОЈ, туку и пратениците на старото собрание на Кралството Југославија, кои исто така кренаа рака дека се за федеративно уредување на Југославија. Таа заложба одредени хегемонистички сили со Платформата и меморандумот на Српската академија на науките и уметностите и тоа како ја експлоатираат.
Затоа поднесувам неколку конкретни прелдози.
(Пратениците негодуваат).
Секој има право на свое размислување и на свое негодување. Затоа поднесувам неколку предлози во врска со ставовите кои што треба да ги донесе овој Парламент по однос на прашањето за актуелната политичко-безбедносна состојба во Југославија. И тоа:Југословенската народна армија претставува вооружена професионална формација на Југославија како сојуз на суверени држави. Заедничката команда на вооружените сили на суверените држави во сојузот може да ги ангажира единиците на ЈНА, односно на сојузната армија на териротијата на суверените држави во сојузот, само за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност од надворешна агресија врз независноста, интегритетот и територијалната целокупност на суверените држави како членки во сојузот, со согласност на Парламентот, или претседателот на членката

на сојузот.
Територијалната одбрана претставува општонародна организирана вооружен афирмација на суверените држави во сојузот. Секоја суверена држава како членка на сојузот самостојно ја организира територијалната одбрана на својата територија врз основа на материјалните можности и потребите. Доколку заедничката команда на вооружените сили или друг орган на сојузот ги ангажираат единиците на ЈНА на територијата на македонската држава без претходно добиена согласност од страна на Парламентот, односно од претседателот на државата, таквиот акт се смета за чин на агресија и окупација на Македонија. Во таков случај Владата на Македонија се предлага да добие посебни овластувања да побара заштита на мирот, безбедноста и сигурноста на граѓаните и државјаните на Македонија и заштита на независноста и интегритетот и територијалната целокупност од Европскиот парламент и Советот за безбедност на ООН.
Понатаму, се задолжува Владата на Македонија на Парламентот да му ги понуди сите акти и мерки и активности кои треба да се преземат и донесат заради економско осамостојување на македонската држава, обезбедување на нејзината сувереност, самостојност и независност и меѓународни позиции и надворешна политика во идниот сојуз на суверени држави, или евентуално раздружување и издвојување на Југославија.
По однос на предлозите што ги поднесе Владата во точка 2, барам да се избришат зборовите: "Владата бара", затоа што некој може да бара и никогаш и да не добие, туку веднаш да се каже "СИС и Врховната команда на вооружените сили на Југославија веднаш и детално да ги испитаат околностите итн." Понатаму во точка 3, Владата бара да се преиспитаат можностите за отворање постапка за селективно враќање. Кои мајки ќе одобрат своите деца, да бидат во таа селекција на 10 посто кои ќе останат тука, а остатоткот да оди надвор од границите на оваа Република. И дали нема да проработат врски и врскички за да одделни деца останат на територијата на Републиката. Затоа во точка 3 барам да гласи: "веднаш да се испитаат можностите и отвори постапка за целосно враќање на војниците од нашата Република што служат воен рок во другите републики доколку навистина ЈНА не ги извршува своите функции, одбрана од надворешна агресија. Веднаш да се изврши демобилизација на резервниот состав кој е мобилизиран во Републиката заради подигнување на степенот на борбената готовност, а редовните вежби да се изведуваат на терените за резервниот состав на терените во Републиката, а не надвор од неа".
Исто така, од ставовите на Претседателството на Југославија воопшто не е прифатлива формулацијата на точка 5. Ако прифатиме ваква формулација на точка 5 да

постојат легитимни претставници на српскиот народ од Хрватска дали не создаваме пак уште утре во Македонија да се побара автономна покраина во Западна Македонија, се формираат исто така, милициски сили како што се случи во покраината во Хрватска едноставно си дадеме повод да при интервенцијата и легалните полициски сили на Македонија не интервенира војската на ЈНА за да воспостави ред и поредок во меѓунационалните односи. Токму заради тоа, точката 5 за мене е неприфатлива а во точката 4 потребно е Армијата да се ангажира само за заштита на границите на земјата и никако во меѓурепублички, меѓунационални и меѓупартиски конфликти во земјата. Благодарам на вниманието.

**РИСТО СТАМЕНОВ: (страна на Југословените)**

Моите бирачи се едноставни и практични луѓе и тие произведуваат домати, пиперки, бостан и др. и сакаат своите производи мирно да ги продаваат на југословенскиот пазар и за тоа им е потребен мир, само за тој услов им е потребен мир и тие од мене бараат, бидејќи сега бев неколку дена меѓу нив, бараат од овој Парламент да обезбеди мир, безбедност и сигурност да можат слободно на територијата на Југославија да го продаваат она што со мака го произвеле.

Мислам дека тие мислења и тие барања ги имаат и вашите бирачи од вашите изборни единици, а мир може да се обезбеди само во рамките на Југославија, бидејќи така се залагаме сите за таков мир и бараме мир да има и во Европа.

Секој обид да се формираат национални армии значи распад на Југославија, а тоа значи нови граници, а новите граници се еднакви на војна, бидејќи практично во преговорите го покажаа лидерите на останатите републики во Југославија. Војната има за последици убивање, како што имавме случај овие денови да жалиме и да покапуваме еуфории во нашата земја. Во војната губат и двете страни и победникот и победениот. Затоа, треба сите да се залагаме да не се растури Југославија. Секое растурање на Југославија мислам дека не води во војна и тогаш нема да плачат само мајките во Македонија, мислам дека ќе плачеме и ние ќе плачат и нашите деца за изгубените родители. Ако така му пријдеме на овој проблем, а сметам дека нашите тројца предлагачи, имајќи го предвид овој момент прашањето и нивните излагања ги насочија тука и во таа смисла идните преговори, идните наши залагања и заклучоци на овој Парламент треба да бидат насочени тука и да донесеме такви заклучоци кои во оваа земја ќе обезбедат мир, услови и преговори до крајна граница затоа што само така можеме да обезбедиме мир и спокојство и на нашите деца и на нас самите и да имаме услови да излеземе од економската криза. И светот вака работорни нема да не прифати. Полно партии од ова подрачје сега сакаат да го

искористат овој трагичен чин, ова убиство на ова дете да го повикаат македонскиот народ на отцепување. Сметам дека тоа е грешка. Имаме исти случаи и тука вандализам и во Скопје и во другите градови, поединци милитанти фашисти кои ги организираат да создадат немир и на ова подрачје.
Затоа сметам да допуштиме на хрватскиот народ и на хрватските граѓани нивните фашисти и Туѓмановци да ги менуваат оти тие се единствено легитимни да го направат тоа, да допуштиме на српските луѓе на српските граѓани и на Србите да се пресметаат со Милошевиќ и со Шешељовци, а ние во Македонија да се пресметаме со нашите челници кои го туркаат македонскиот народ во иста ситуација кои сакаат Македонија да ја направат полигот на убиства и тогаш ќе ве прашам сите, бидејќи сите сте татковци имате деца и внуци дали повеќе боли за родителот што неговото ќе загине во Струмица, Тетово или во Белград болката на родителот е иста каде неговото дете да загине. Оттука, треба сите да се заложиме за мир затоа што никој со војна не добил ниту ќе добие.
Имавме војни, ги следевме од Либар до Иран и Ирак, нема победници има само осакатени и деца без родители и родители без деца и страдања. Секоја вечер гледаме на телевизија за Курдите. Дали сакаме да ја либанизираме оваа земја. Ако не сакаме тогаш да ги задолжиме нашите луѓе не она што по секоја цена Македонија ќе биде суверена држава, но во рамките на Југославија и Европа, а не самостојна да биде жртва на оние околу нас.
**СТОЈАН АНДОВ:** Предлагам да направиме пауза.
(Паузата траеше од 17,55 до 18,40 часот).
Продолжуваме со работа.
Пред да почнеме со расправа би молел да направиме еден договор за натамошниот тек на седницата.
Предлагам денеска по првата точка да ја довршиме расправата затоа што имаме пријавено за дискусија 10 дискутанти. Ве молам да ја довршиме расправата, бидејќи е невозможно да се заклучи веднаш врз основа на расправата предлагам да ја задолжиме Владата да подготви заклучоци и да ги достави до Собранието, а утре да продолжиме во 10 часот, а расправа по заклучоците да нема, туку да биде амандманска расправа, да не се повторува се што е кажано денеска, туку кој има предлог, амандман да предложи во пишана форма.
Дали се согласувате така? (Се согласуваат).
Покрај тоа, предлагам денеска штом ќе ги слушнеме сите да го извршиме и гласањето за член на Делегацијата во Соборот на републиките и покраините. Потребно е утре да испратиме известување до Соборот на републиките и покраините ако може да се стигне да се верифицира мандатот или да се комплетира Делегацијата.
Дали прифаќате?
Предлагам да ги поминеме и сојузните закониноќеска да ги

испратиме по телекс до Сојузното собрание.
Ако се согласуваме со овој метод на работа на овој начин да продолжиме, останатите точки, извештаите и другото што е нема да бидат за денеска, па ги известувам присутните претставници на правосудните органи дека можат да ја напуштат седницата доколку имаат интерес за тоа.
Дали се согласувате така да работиме?
**БЕЌИР ЖУТА:** Почитуван претседателе, дами и господа,
Во врска со предлогот кој беше презентиран во смисла да се заокружи дискусијата во вид на заклучоци по првата точка од дневниот ред и истите Владата на Републиката ги подготви, би сакал следното дека Владата на 7-ми цел ден заседаваше и утврди свои ставови со кои е информирана јавноста.
Исто така, во текот на денешниот ден пред да почне седницата на Собранието Владата исто така расправаше на оваа тема за да уште еднаш ги провери своите ставови во која мерка се конзистентни по протокот на времето од 7-ми, во текот на 8-ми и во текот на вечерта, односно дури траеше седницата на Претседателството на Југославија, а воедно да направи паралела каде се наоѓаат ставовите на Владата визави оцените на Претседателството дали има одредени отстапувања и ако има во која смисла треба да реагира.
Сега во што би била третата функција на Владата покрај тие заклучоци, не ми е јасно. Дали не е поцелисходно, но ние не сакаме и не можеме да даваме задачи соодветните тела надлежни за оваа проблематика по примерот на Одборот за односи со странство и слични на него дали не е поупатено да подготват и да ги имаат предвид и ставовите на Владата и дискусијата од ова Собрание па евентуално да се сочини таков предлог на заклучоци. Оставам на оцена, меѓутоа, во кратката консултација оти немавме време повеќе да се консултираме по ова прашање со оглед да утврдиме ставови што би била новата задача.
**СТОЈАН АНДОВ:** Видете, да се разјасниме, ако сакате ќе предложам и друг излез. Можен е и друг излез да речеме едно од работните тела што ја покрива оваа област може е Одборот за политички систем или Одборот за внатрешна политика и ОНО или двете заедно да направат една група која ќе подготви, заедно со некој претставник на Владата, предлог на заклучоци.
Можеме и така да направиме, јас се определив за ова затоа што мислам дека тие заклучоци во најголем дел ќе се однесуваат на работата на Владата и ве молам господин Жута еве да ви објаснам најмногу вас ќе ве задолжува мислам на Владата, бидејќи имаше расправа вие навистина сте расправале повеќе пати и сте донеле заклучоци кои ни ги соопштивте, меѓутоа во меѓувреме вие ги слушнавте излагањата на претседателот и на членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија, а исто така да

не ви ги набројувам имавме и други учесници со маса предлози и идеи.
Бидејќи заклучоците што би ги донело Собранието, пак повторувам, најмногу на нас би се однесувале да не направиме грешка да ве задолжиме за нешто што не сте во состојба да го остварите потоа најдобро е да ви ги довериме да ги направите вие тие заклучоци. Во тоа е работата. Тоа е еден најнормален метод. Според мое мислеше вам никако не треба да ви биде да речам така, да препуштите на други да се направат заклучоците ако не морате. Човек а кој работи во Владата ќе биде должен да ги спроведува, треба да му се даде таа доверба навистина да предложи политика што е уверен дека е спроведлива и ќе ја спроведува. Во тоа е работата, тоа ми беше идеата ништо повеќе.
Мора тие да прифатат не можеме така, ако тие не прифатат еве консултирајте го и претседателот, а ние ќе продолжиме со расправата, а тој метод на работа како да се одзива нашата седница се согласивме.
Уште една напомена, ве молам, бидејќи денеска ќе завршиме со оваа расправа и со изборот и вентуално со сојузните закони, известен сум од претседателот на Комисијата, односно замолен да ве информирам вас членовите на таа Комисија и претставникот на Владата дека госпоѓа Лазаревска закажува седница на Комисијата утре во 9 часот. Таа ме замоли да пренесам овде и да се заврши до 10,00 часот кога би продолжиле со расправата или ако не можат да завршат ќе побараат пауза па да работат.
Тоа се информациите и предлозите на еден договор што го дадов, а нека се договорат господата од Владата да се консултирате и видите важно е да разберете што ни е намерата и зошто тоа го правиме.
Да продолжиме со работа.
За збор се јави пратеникот Јордан Бошков.
**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас барав збор многу порано, уште пред да се разгори голем дел од непотребните настани, инаку според тоа што на дневен ред е една многу важна точка каде што имаме веќе предложени ставови и заклучоци од претседателот на Републиката и од Владата на СРЈ; јас ќе се осврнам сега сосема кусо на еден мал дел од она што го кажа господинот Кљусев кога рече дека Владата ги поддржува заклучоците на Претседателството на СФРЈ со надеж товарот да не падне врз македонските војници. Сето тао е многу добра заложба со тоа што јас би сакал да потсетам дека ние не можеме и натаму да стоиме само со надежи и да даваме сугестии. Слично беше и околу одобрувањето на експозето на господинот Анте Марковиќ каде што Владата имаше извесни сугестии, а јасно е какви се нашите стопански интереси веќе витално загрозени според мене, со содејство токму на тие сојузни органи.
Од оној дел што го изнесе претседателот на Републиката

посебно ми се допадна заклучокот под број 3 дека треба да се свртиме кон изградбата на нашата држава на нејзините органи, да го интензивираме работењето на овој Парламент, на Владата, па и на другите органи на управата што се нужни и неопходни за едно здраво државно ткиво тука секако локалната самоуправа добива големо значење, но исто така формирањето на органите на независното правосудство.

Според мене девалвирањето на работите на Парламентот се должи во некоја мера на тоа што ние како да се најдовме или се затекнавме презадоволни со тоа дека се формира плуралистички парламент т.е. состав на Собранието врз основа на изборен закон кој дозволува повеќе партии да настапат во изборите, а понатаму не гледавме дека сета законска регулатива, а веќе 4-5 месеци сме тука е далеку недоволна за една прва граѓанска демократија и донекаде ќе се надоврзам на излагањето на господинот Петров и јас сум незадоволен од она што Парламентот го нуди до сега иако сметам, а тој не кажа тоа, дека и на Парламентот му се ставаат редовни сопки во работењето од страна, мислам во една држава врвна власт, доколку не е монархија, врвна власт е токму Парламентот потоа е Владата која е целосно независна, да не ги објаснувам тие нешта, на многумина или се појасни од мене, па оди независното судство, а потоа одат другите органи на управата, медиите, банките, стопанството итн.

Инаку, со оглед на огромната трагика на поводот поради кој ние овде ја поставивме точката за разгледување, тоа е несреќното погубување на војникот Сашко, јас сметам дека во оние заклучоци што имаме намера да ги донесуваме треба да се вградат ред од заложбите од општина Кавадарци поточно нејзиното Собрание иако ќе ви кажам на крај и тоа дека оваа точка не беше упатно да ја користиме како честопати што ни се изродуваат дискусиите пак за тесни партиски интереси.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ: (СДСМ)** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред се сакам да изразам јавно негодување против нашите јавни информативни гласила, радиото и телевизијата, поради тоа што од поранешните и сегашните настани кои се од животен интерес на луѓето во Крива Паланка, така речиси скоро никакви информации за тој дел од општината која е и најоддалечен, не се даваат иако навреме се доставуваат. Мислам дека ова ќе биде последно заради тоа што луѓето се преориентираат на други информации, а што има други политички последици.

Само да го изразам моето мислење дека излагањето на претседателот на Републиката, членот на Претседателството на СФРЈ од СРМ и претседателот на Владата во потполност ги прифаќам и тоа понатаму што ќе го изразам во моето излагање се совпаѓа со желбата на моите граѓани.

Пренесувајќи ги поздравите и "желбите на населението од

Крива Паланка за крајно одговорен и умен однос кон сегашната политичка и стопанска состојба на "Собранието, не може а да не го изразиме и својот револт, тагата и загриженоста за се она што се случуваше во нашата сакана татковина. Дали толку очекуваната демократија немаше нешто друго да му понуди на миројубивиот човек. Зарем сега кога и во целиот свет бранот на стопанските превривања настојуваат да не претопат, ни требаат и дополнителни политички и националистички разврски и разгорувања. Тоа ли им беше целта на некои ново формираните партии и други субјекти од нашите и странски средини. На кого му сметаше досегашниот иако не најбогат, но мирен, среќен и слободен живот, живот кој го следеа евидентни негативности и последици од еднопартизмот, а сега не ценејќи ги придобивките на АВНОЈ, АСНОМ, дадени преку милијарда и седумстотини жители против најцрниот фашизам, непочитувањето на телата на борците, непочитувањето на идеалите на Годе Делчев и неговите соборци и вистинските следбеници, кој светот го следеше како поле на културна соработка и натпревар.
Се наоѓаме во една мошне политичка и стопанска состојба. Ние членовите на Парламентот кои во својот интелектуален национален и партиски состав ја претставуваме нашата совест, нека преовлада умот и разумот и да не дозволиме натамошно продлабочуваше на политичките и стопанските независности.
Во овој судбоносен момент за Југославија да не дозволиме да се приклониме кон ниедна од националистичките партии кои ја туркаат земјата во неизбежна граѓанска и етничка војна, а не во Европа. Зарем Македонија преку бројни наметнати војници, делби ја нема на свој грб осетено целата горчина на владеачката рака. Сега кога е последен момент да ја прикажеме целата човечност, мудрост и трпение за здружено дејствување, да го сочуваме разумот, мирот и спокојството на нашите луѓе. Нека овој ден 9 мај, денот на победата на една од најцрните националистички партии да биде почеток на крајот на нашите политички разединуваат. Нека срамниот чин на убиството на нашиот драг војник Сашко Гешовски биде последна опомена за сите кои во овој миг се занесуваат и со братоубиство и уништување на се она што е досега создадено.
Ја повикавме нашата ЈНА на разумен однос, а посебно старешините кои главно потекнуваат од посиромашни семејства, да ја ценат сегашната тешка економска состојба.
Сметам дека македонскиот Парламент треба да се обрати до сите мајки на војниците и старешините од сите краишта на Југославија кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок во суверена Република Македонија и да им пренесат дека нивните деца во нормални услови ќе ја исполнат својата војничка обврска и ќе се вратат во своите домови живи и

здрави, а со тоа сакам да кажам дека и ние треба да побараме една гаранција и нашите деца кои се наоѓаат во разни воени области во другите републики да ни се даде гаранција за нивно безгрижно отслужување на воениот рок.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Почитувани пратеници, замолена сум од мајките кои имаат деца во ЈНА од општина Свети Николе да го изнесам следново:

Кога било која мајка би била сега на местото на мајката на Сашко Гешовски би и се кинело срцето и не само тоа. Македонскиот народ е доволно потресен од ова убиство, па кој на жените мајки ќе им вети дека ќе го нема повеќе.

Мирисот на своите најблиски некаде загубени во втората светска војна се уште го чувствуваат многуте мајки кои во последните години од својот живот се уште жалат по своите загубени чеда. Зарем тоа не е доволно да дозволиме да говори срцето и душата. Како ние мајките можеме на нашите деца да им обезбедиме еден мирен војнички живот со мирис на другарство и среќа. Доста ни е крв, убиства, загубени чеда. Зарем на прагот на 21 век да влегуваме во нацистички идеи кои некој го остварува кога сака и како што сака. Затоа мајките порачуваат под итно да се обезбеди мир и сигурност на нашите деца војници во ЈНА. Во спротивно се бара сите наши синови да се вратат на доотслужување на воениот рок во Македонија.

На убиецот да му се суди пред целата јавност, а јавноста да се информира за вистината на свирепото убиство на нашиот војник Сашко.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ: (СДСММ)** Почитувани пратеници, почитувани претседателе, да се биде војник од Македонија, во ЈНА и да се бранат границите на Југославија е патриотска должност и чест затоа што со тоа се брани и сувереноста на Македонија. Но, да се гине по повод безумни националистички напади и хрватско-српски националистички судири во кои сме и ние вовлечени со нашите војници од Македонија, тоа е злочин. Сашко загина меѓутоа Македонија не може да го преболи. Зошто? Затоа што се повеќе податоци добиваме дека состојбите во Сплит биле такви како да било предодредено да загине војник од Македонија. Можеби и среќата ги послужила другите македонски војници да останат живи на тој ден, зошто денес еве дознавме дека повеќе од 50% од единицата на Сашко била составена од најпослушните, најдисциплинираните и најјугословенски ориентираните војници од Македонија. Но, дали тие универзални војнички квалитети треба да се плаќаат со живот.

Паразително дејствува за сите нас, за Сплит, за Хрватска, за ЈНА; секако и пред се за старешините ако низ народот се зборува, ако душманот сака да се убие војник од Македонија нека пука на првата стража на која ќе наиде во кризните жаришта во Хрватска, во Сплит, Книн итн, нема да промаши.

Сакајќи армијата да остане југословенска, непристрасна, фактор на обединување и сигурност, нека ми биде дозволено по повод Сплит да кажам гласно некои размислувања кои мене и на сите вас не ви даваат мир деновиве и за долго нема да ни дадат мир. Ние мораме денес да покажеме разбирање за протестите на мајките, студентите, на средношолците и сите граѓани во Македонија. Овој наплив на револт произлегува од чувството на несигурност што се создаде кај нас за војниците од Македонија.

Не можеме да се оттргнеме од впечатокот на онаа морничава сцена на давење за кого веќе знаеме дека бил Стојанчо Наков од страна на крвнички и фашистички настроен хрватски отпадник кој по жестокоста на нападот беше сигурен дека пред се има војник за убивање кој не е Хрват. Мене ми се чини дека ова треба најмногу да ја замисли ЈНА. Исто така го мислел и оној хрватски Туѓманов редарственик кој со рафал пука во војници, за кои исто знаел дека меѓу нив нема Хрват. Еве видовме како младата демократија на Туѓман убива млади луѓе. Ова сознание кое утре може да се повтори и во Сплит и некаде на друго место многу боли. И тера да помислиш дали се точи југословенскиот карактер на војската кај нас, бидејќи сметам дека војската и војниците се оние кои го даваат пред се југословенскиот карактер на ЈНА, а не генералскиот и офицерскиот состав, бидејќи тука нешто пропорционално на некој национален состав и не може да се зборува од многу причини.

Кога е во прашање војската тој југословенски карактер се топи со распоредот и составот на единиците во најжешките места на кризата. Зошто е јасно во вакви ситуации, на стражарски места, во борна кола од шест војници најпогоден е Македонецот.

Во ова време се поставува и прашањето кое станува актуелно. Навлегува ли југословенската политичка криза во редовите на ЈНА. Дали ЈНА ќе се одбрани од политичките, републичките, националистичките и поедини партиски интереси. Народот тоа го очекува со еднаквиот непомирлив однос на ЈНА спрема сите национализми било да е тоа хрватски или српски. Денес двата се најопасните генератори на југословенската криза. Сето тоа треба да се вклопи во една вистинска и до крај изведена деполитизација на ЈНА. Но, за жал, по се изгледа дека таа во добар дел е декларативна иако не е така, што значи ангажирањето на армиските кадри до генералски чинови е во формирањето на партијата во Македонија - Движење на Југославија. Што бараше адмиралот Мамула во Скопје и Тетово. Способни сме сами да формираме партии и онака ги имаме доста. Сигурно покорисни ќе беа способностите на адмиралот Мамула во Сплит, за да не се случеше или ако тоа се случи да не се повторат случаите и убиствата кои

ги виде целиот свет.
Горди бевме што никако не можевме да замислиме дека такво нешто или слично нешто, кога се работи за војник, може да се случи на наш простор во Македонија. Меѓутоа, се почувствував посрамен кога разбрав дека и кај нас се случиле некои инциденти кои не ни приличат на нашиот пријателски и традиционално, да речам, добро соседски демократски однос посебно спрема армијата. Но, еве и тоа се случи и овде во Скопје, а се случија и други инциденти. Меѓутоа, ќе се надоврзам на она што Цветковски го кажа. Ми се чини дека Сашковата смрт е аманет и повик до сите нас за нашата грижа за сите војници во Југославија како најплеменитиот дел од нашето општество затоа што војската била секогаш со народот кога било најпотребно и најтешко, а Скопје тоа најдобро го знае, да се сетиме на земјотресот, на поплавите и што уште не.
**ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Мене навистина не ми е јасно каде исчезна и каде спласна онаа решеност и цврстина со која челните луѓе во републикава ветуваа дека ќе сторат се и дека ќе ги вратат во Македонија. Нашиот народ очекуваше донесување на една таква одлука денес и овде, но еве ништо од тоа.
Дали тоа соопштение на југословенското претседателство беше доволно да се стопи таквата решеност и да не омекне сите нас. До кога? Веројатно до следната жртва.
Дали овој пат македонската Влада ќе успее да најде покритие и доволен изговор за својата нерешителност и колебливост само во ставовите на соопштението на Претседателството. Ми се чини дека не.
Што беше посилно од оние илјадници граѓани кои со својот потпис на петициите побараа враќање на македонските деца војници во Македонија. Тој процес веројатно е тешко изводлив, но не смее да се дозволи Македонецот да биде ситна монета за раскусурување на нечии туѓи, во случајот хрватско-српски пресметки зошто Македонците и премногу долго, беа тоа.
Ги осудувам и сите политички активности кои ја злоупотребија трагедијата на семејството Гешовски, при што најдалеку на сето тоа отиде генерал полковникот Ружиновски, кој со својот говор и политички амфлет во рамките на професијата, на погребот на војникот Сашко Гешовски, без обзир на очиглед на сите, изврши промоција на својата политичка определба искористувајќи ја униформата на ЈНА.
Да не премолчиме нешто што не би смееле.
Деновиве беше извршена, според некои, селективна мобилизација на резервистите. Па нека повели министерот за народна одбрана господинот Ристо Дамјановски нека се произнесе по ова прашање, зошто беше извршена мобилизацијата на резервистите дали таа навистина беше селективна како што се зборуваше и според кои критериуми

е извршена таа селекција. Кој ја порача неа и кој ја спроведе? Нема да биде лошо и да ми се објасни со каква цел, до колку не е војна тајна, зошто ми се чини дека во Македонија и не беше нужна таа. Дали зад оваа мобилизација стои целата македонска Влада или господинот Дамјановски сам.
За кршењето на човечките права и фларгантното кршење на едно од основните такви права е правото на сопствена интима од страна на средствата за јавно информирање, посебно од македонската телевизија, тоа во друга прилика и по друг повод.
**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Господин претседателе, почитувани дами и господо, денес е Гурѓовден, но не е како другите Гурѓовдени до сега. А штама владее кај Ромите, голема жал за загинатото момче вчера и денес, и ако денес не е ден на жалост. Се јавив да зборувам овде затоа што вчера во Кавадарци многу мајки и татковци ме препознаа, ми рекоа да зборувам. Многу мајки ми дојдоа дома, во канцеларијата на нашата Партија. Ако се сеќавате овде на оваа говорница еднаш кажав дека на 24 декември 17 момчиња ги испратив на железничката станица на најопасно место во Хрватска. Таму каде што се очекуваше да дојде до тоа пукање итн. Се придружувам кон сите оние кои кажуваат дека нашите деца се праќаат особено таму. Дали може да се одгатне зошто е тоа така. Веројатно заради тоа што Србија и Хрватска не се добри, и ако дојдат на отслужување таму Срби ќе дојде уште полошо или Хрвати да одат во Србија. Словенците знаеме како се осамосталија, Црна Гора со Србија се една рака и децата каде што треба таму ќе ги стават.
Што сакаа да направат фактички во Сплит, што сакаа да постигнат, треба да се размисли. Дали сакаа да постигнат ние татковците, вујковците да ги повлечеме децата и да создадеме друга клима која што тие сакаа да ја постигнат, тие фашизоидни организации. Веројатно тоа им е целта. Веројатно тоа за тоа е направено. Што е најголемиот страм ако на тие бојни коли јуришаат 2-3 ќе речеме дека се хулигани. Таа толпа народ, маса народ, тоа е срамот за Југославија.
Морам да ви спомнам еден момент од 1984 година. Од Универзитетот Упсала престојуваше делегација од доктори и магистри на науки, гости да изучат да видат каква е рамноправноста, па беа и во Шуто Оризари, јас тогаш говорев за таа рамноправност и за слободата во Југославија. Дека во Југославија во секој момент може да влезе и излезе секој, може да отиде и да се врати во Југославија и да шета слободно до сабајле и по кафани и не знам каде без страв и без ништо најслободна земја во светот. За жал ја изгубивме таа слобода. Дали ние балканците не знаеме што е демократија, дали сме проколнати.
Како може да се замисли во 21 век сега четниците таму да

колат со ножеви и со кого дружба ќе правиме. Со четници, со усташи, кога ни ги колат децата! Со кого? Значи тие работи треба да се расчистат таму во Хрватска и во Србија. Давам потполна поддршка на претседателот на Републиката на претседателот на Владата, на господинот Тупурковски. Знам дека имаат големи напори дека не спиеле цела ноќ, донесуваат одредени заклучоци, тоа не е лесна работа, со оглед на сите околности кои постојат.
Нашиот народ, македонскиот народ, јас под македонски народ подразбирам Македонци, Албанци, Турци, Власи и Роми и сите кои живеат на ова поднебје. Бараат од нас резултати. Не критикуваат и за дневните редови и за тоа што ништо не направивме за подобрување на животот. Бараат подобар животен стандард, бараат поголеми плати, бараат поголемо производство, бараат да работат. Но и голем дел од нив не знаат што се случува. Еден од колегите пратеници рече ние бараме нашите патлиџани, пиперки и нашиот бостан да го продадеме на југословенскиот пазар. Ова е затворање, нема југословенски пазар. Целата борба е тука. Да се ослободи пазарот, да ги пласираме производите. Нашите производи трулат, не фати голема несреќа. Но доколку не може да де најде разбирање, ова го кажувам од душа, можеби некој ќе ми замери, доколку не можеме да се разбереме со нашите братучеди, да го наречам така, нашата Република ако нормален човек дневно треба да има три оброка, еден оброк дневно раат на своето тло, па што сака нека биде. Како велеа нашите ревоулицонери, смртта е последна кога нема слобода.
Да се фатиме здраво за работа нашите претставници, нашата Делегација во Парламентот на Југославија, многу здраво да стои, не да гледа од страна како тие се расправаат. Тие секогаш биле супериорни. Меѓутоа ние не смееме да дозволиме да го злоупотрбат како што е случајот со нашиот Сашко, па да настане нешто како 1914 година со убиството на Фердинанд во Сарајево. Не смееме така затоа што можеби некој и тоа чека да дојде такво нешто. Мислам дека сме свесни и не треба да дозволиме никој тоа да го злоупотреби.
За Армијата што да речам? Јас ја признавам ЈНА, мислам дека таа треба да постои. Доколку ние се договориме како републики на ниво на Југославија одбраната од кого е? Таа е цврст бедем. Но ние внатре знаеме против кого е. Ете така се појавуваат и веќе ги распознаваме. Се посрамивме пред целиот свет. Немаме слобода. Нашите деца не можат слободно да шетаат. Нашите деца се плашат да одат во армијата, знаат дека можат со ковчег да се вратат. Еве се случи. Да не дојде и до други такви случаи, кај кого доверба. Јас лично како родител немам доверба. Немам верба кај тие таму. Немам верба на оние кои се горе во Словенија. Во Славонска Пожега отидоа 17 момчиња, а не знаеме што ќе се случи со нив. Господ нека им е на помош.

Мислам дека треба да се појде напред храбро, на семејството Гешовски, на мајката и таткото, јака им душа. Да речам дека се горди на ова, не можам.
Да се биде горд, да се гине за слобода, за своја земја, да. Но да се гине од фашист, да се гине така подло не знам дали има некој душа тоа да го рече, да бидат достојни на своето чедо итн.
Да завршам со ова, да донесеме такви акти што видете пред малку реков нешто опасно и многу лошо. Што никогаш не сум можел да сонувам, она што ја немаме слободата. Знаете вие колеги пратеници јас еднаш поставив едно прашање до Владата активата и пасивата на Македонија каква е, замислено како едно претпријатие. Тоа е едно големо прашање, економистите го знаат тоа. Дали кога би биле сами ние како преторијатие дали можеме да јадеме, дали имаме. Ние сме толку должни, за никаде сме. Ако не прифаат за да им бидеме метлаџии, никако. Или рамноправни или чисти сметки и тие сами да ги расчистат овие односи, да ги најдат луѓето да ги казнат инаку дружба нема. Дружбата е со чисти сметки, дружбата е со респект за зачувување на животот бидејќи животи се во прашање. А јас за Југославија сум. За Југославија каква што ја замислувавме и порано и сега. Во демократијата, во исправна состојба, во почитување.
За некого е смешно ова што го зборувам. Мислам дека зборувам на еден убав македонски јазик. Зборувам за луѓето, децата наши што се во војска, а зборувам и са нас овде. Ако е точно она што пишува во "Вечер", што правиме? Дали ние сега треба овде да го натераме командантот да ни ги каже сите тајни. Не се кажуваат сите тајни. Ние обично планови правиме во работните организации за во услови на војна или во непосредна воена опасност, па тоа е тајна, а камо ли нешто ова за што го критикуваме командантот. Се треба да знаеме, но има работи коишто треба да ги знаеме, а не ги знаеме, или не знаеме да дознаеме како да ги знаеме.
**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, долго и широко расправаме за мошне значајна тема, релевантна за нашата положба, за положбата на Републиката денеска и утре. Ми се чини дека добивме доволно сознанија за сите политички односи, консталации што се однесуваат на местото, положбата и улогата на нашата Република која ги презентираа нашите интереси господинот Киро Глигоров и госпидинот Васил Тупурковски, јас имам една кратка мисла, да истакнам. Мислам сведоци сме на големата скепса во која се наоѓаме и во која живееме, каква ќе биде таа политичка иднина на нашата земја, на нашата заедница и секојдневно сме присутни со голема опсесија што ќе биде, како ќе биде итн. Сметам дека ова е основна, генерална тема за која треба да расправаме, а за која и претходните дискутанти дадоа

полна согласност и доверба на нашите учесници за решавање на политичката иднина на земјата.
Во таа консталација на политички односи сметам дека треба да се залагаме за такво место на нашата Република, за таква улога и за таква положба, која ќе биде оаза на мирот, оаза на заедништвото, оаза на демократијата за сите рамноправни без никакво потценување на демократските процеси, а со тоа да обезбедуваме и да создаваме услови и претпоставки за натамошна демократизација на односите и една здрава сосема нормална политичка иднина без некои претензии да се минимизираат нашите барања и барањата кои ги поставуваме во Декларацијата и во Платформата за учество во решавањето на југословенската криза.
Случајот на нашиот војник не потресе сите. Веќе четврти ден расправаме и тагуваме сите, како за него, така и не посакуваме да имаме такви и слични случаи во иднина и сакаме да изразиме револт и секогаш ќе бидеме први кои ќе ги осудуваме сите тие националостички и непријателски односи и настојувања против нашата Република, против поединците и колективитетот на сите народи и народности кои живеат во Републикава.
**РИСТО КЕЛЕШОВ: (Странка ја југословени)** Почитувани пратеници, најнапред со голема почит искрено и длабоко сочувство кон невината жртва војникот Сашко Ѓешовски. Полна поддршка давам на излагањето на господинот Киро Глигоров, на господинот Тупурковски и на господинот Кљусев. Не можам да прифатам решение кое подразбира повлекување на македонските војници од ЈНА, бидејќи тоа би довело до уште поголемо заострување на и онака заострените состојби во земјата со далекусежни и несогледливи последици.Тоа би било само потенцирање и продлабочување на несогласувањето кое постои меѓу платформата, платформските дефиниции како појдовни основи и преговарачки рамки меѓу републичките договори за иднината на земјата и конкретна негација на концептот за одбраната на Македонија и Југославија коишто ги донесе овој Парламент со усвојувањето на проширената платформа за настап на претседателот на Македонија во договрите за идното уредување на Југославија. Инаку, актуелните состојби во меѓунационалните односи во Југославија и степенот на нивната заостреност, налагаат потреба од меѓурепублички концензус за реципроцитет во границите на личниот интегритет на секој војник на територијата на Југославија како претпоставка за враќањето на довербата меѓу народите.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** За цело време размислував кога служев војска, каде служев војска, со кого служев војска и дали пак би служел војска и каде би служел. Морам да ви кажам дека пак би служел војска и би ја бранел својата земја, и границите на таа земја ги чувствувам како свои. Сега е прашањето дали Југославија,

после овој чин, ја чувствувам како своја земја. Тоа е основното прашање и прашањето е дали критиката на ексремности очигледно во две републики се води. Треба да биде доволен повод за да ги заштитиме животите на војниците кои служат таму. Затоа за мене првенствено определување на оваа седница е како да пристапиме по бројните барања за заштита на живовите на војниците кои служат надвор од Македонија. Сигурно дека како демократска суверена Македонија сме заинтересирани сите постапки кои ги преземаме да бидат врз основа на Уставот и законите. Оттука мислам дека и овој чин за мене е несомнена заштита на војниците, кои служат надвор од Македонија, да се темели врз основа на Уставот и законот. Тоа е првиот основ и мислам Владата треба да помогне.
Второ, прашањето на судирот на двете концепции и двата национализми кои постојат и во Србија и во Хрватска, не може да биде решаван со учество на Македонци, односно граѓани на Македонија во тие подрачја. Оттука мислам на овој Парламент има полно право пред сопствената нација и пред сопствените граѓани да оцени на кој начин ќе ги заштити.
Друго, мислам дека е битно со новите уставни решенија целиот овој комплекс на прашашата на одбраната да го опфатиме. Оттука на таков начин и господинот Келешов го разбрав за оваа иницијатива околу реципроцитетот. Понатаму, мислам дека треба во некоја смисла имаше и такви иницијативи да оцениме во колкава мера нашиот однос спрема нашата сувереност и Платформата која ја изградивме ја исполнуваме во преговорите за идното уредување на Југославија. И покрај навистина високите дострели кои нашиот претседател на Републиката ги постигна во преговорите, постојано инсистирање на демократски начин на разврска на југословенската криза, мислам дека разговорите на шестмината остана глува дискусија која не би смеела понатаму да се толерира. Оттука за мене е многу важно, ние овде да заземеме став сепак разговорите, пред се, да продолжат во сојузните органи, каде што капацитетот на преговарањето и на учеството на нас како Република е многу поголем со оглед на поголемиот број субјекти кои можат да учествуваат во тоа. Во таа смисла, мислам дека нашиот претседател не би требало веќе да ја продолжува оваа претседателска турнеа, од овие причини што ги наведов.
И на крајот едно лично обраќање до пратеникот Петров во однос на неговиот настап на оваа говорница во која побара одговорност и од претседателот на Собранието, односно да поднесе оставка. Мислам дека оваа демократија која ја градиме во Македонија е доста кревка и треба на одреден начин да ја гаиме и да ја унапредуваме. Ние по еден нов принцип плуралистички вршиме избори демократски и во таа смисла сами се определуваме и за раководствата во

Собранието, за претседателот на Републиката, потпретседателот на Републиката итн. Во таа иста демократска процедура е предвидена постапката за повикување. Господинот Петров како еден од аспираторите на овие неколку фикции ја знае постапката, бидејќи најчесто на Деловникот се повикува да собере толку потписи колку што е потребно за покренување на постапката и нека ја примени. Мислам дека, ова иронично го кажувам, со една единствена цел мораме самите да го браниме достоинството на нашиот Парламент и на оние на кои на кои сме им дале доверба да не раководат.

**СТОЈАН АНДОВ:** За збор се јави господин Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ: (СДСМ)** Некои веќе нарачаа да биде пократко, разните одови од почетокот на седницата оставија траги кај сите нас, а ние сме веќе доста преморени, деконцентрирани и со право нетрпеливи. Можеби ќе беше подобро да одиме диркетно со оваа точка на дневниот ред, а да го утврдиме сега кога сме преморени и сигурно на пократко време ќе го усвоевме.

Во многу досегашни дискусии голем број од елементите коишто мислев да ги презентирам се веќе искажани, ќе дојде само до непотребно повторување и затоа излагањето сосема ќе го скратам и сметам дека останаа само два фрагмента, за кои чувствувам потреба да ги презентирам, изложувајќи се на опасност излгањето да биде неповрзано.

Ги поддржувам оцените што беа дадени денес за општестено-политичката состојба во земјата и во Републиката низ гледањата на претседателот на Републиката и претседателот на Владата и членот на Претседателството на СФР од Македонија и сметам дека заклучоците што тие ги предложија треба да бидат и основата на која може да ги изградиме нашите ставови.

Пресложени се времињата во коишто живееме, претешки се недоразбирањата коишто ги посеавме меѓу себе за да може да очекуваме истите да се надминат преку ноќ. Меѓутоа, атмосферата од последната седница на Претседателството речиси во полн состав и неговото соопштение што ни ги доближија денес во своите излагања претседателот на Републиката и членот на Претседателството на Македонија, мислам дека се сепак една искрена надеж дека конечно превладеа мислењето дека југословенската криза во сите тие недоразбирања не можеме да ги решаваме низ нишанот на пушката, низ премрежието на омразата, без контрола и граници низ разгорувањето на меѓунационалните судири и шовинистички дивеења, туку по пат на дијалог, доверба градење мостови на соработка и градење патишта за соживот. Ние сме осудени да живееме заедно еден до друг, еден со друг, најдобриот пријател секогаш се бара во соседите, зашто само во војна се бара сојузникот кој живее подалеку, а во некој случај најдобро за соседот.

Кај сопствениот народ, независно од политичките определби

на одделни негови групации кај соседите, па и подалеку, никогаш не смее да се сее омраза и недоразбирање. Затоа што потенцијални давители има во секој народ, а не само кај хрватскиот, чиј што неколку претставници пред неколку дена само добија прилика да ја искажат сета морбидност на овој бестијален нагон. Можеби потенцијален давител лежи во секој од нас. Меѓутоа, на некого му е потребно сто годишно малтретирање, навредување, понижување, па да се ослободи духот на кого ако му е потребен само еден мал импулс, една мала побуда. Затоа, сметам дека најголема одговорност за сегашните состојби сносат всушност потикнувачите на потенцијалните давители. Тие се вистинските убијци, а овие првите се само физички егзекутори. Знам дека клетвите на унесреќените мајки кога и да е и каде и да е, ќе ги стигнат, но штетите што се направени кај сопствениот и кај другите народни никој не може да ги поврати. Затоа, ги оправдувам сите заложби што се на линијата и повикуваат за мир и разум, премногу имаме букачи, премногу имаме разгорувачи на омраза, на нетрпение.

Посебен потик за вториот фрагмент ми дадоа барањата од Собранието на општина Кавадарци па и барањата поднесени во петицијата од граѓаните на општина Струмица каде што покрај другото претежно се бараат две работи. Југословенската народна армија јавно да ја гарантира безбедноста на сите војници, па и на нашите. Второ барање е нашите деца да се вратат на отслужување на воениот рок во Републикава. Сосема е разбирливо дека и покрај желбите за мир, и покрај желбите за мирно отслужување на воениот рок и покрај желбите на тој воен рок да се отслужи во Република Македонија повлекувањето на нашите војници од ЈНА, ако ништо друго барем нагло и за некој одреден краток временски период е апсолутно невозможен.

Ние имаме случаи да гледаме колку години им се дадени на советските војници да се повлечат од Западна Европа или колку време им треба на американските војници да се повлечат од Блискиот Исток итн. Ние мораме да ги послушаме повиците на целата македонска јавност и да побараме максимална заштита на животите на сите наши војници кои служат во сите краишта на Југославија. Меѓутоа, тоа не значи ако се продолжи со вакви несреќни моменти, ако таа безбедност не се гарантира дека и покрај тоа што се залагаме за уставност и за законитост, и покрај тоа што се залагаме веднаш да се прекинат сите напади врз ЈНА да и се обезбеди да може да ги врши со Уставот и законот суверените задачи. Ние ќе мораме да бидеме принудени да си ги заштитиме нашите деца и надвор од тие закони и надвор од тие потребни да побараме временски период постепено нашите деца да си се вратат во Републиката.

Посебно зедов збор за овој фрагмент од следните причини.

Сметам дека мое лично мислење е позиците на ЈНА во последно време се ослабени поради дејствување на голем број надворешни фактори, но и поради, сопствени грешки. ЈНА барем по југословенскиот карактер ако ништо друго во кризните подрачја не е истата ЈНА од пред неколку години или пред 1981 година. Голема брана и голема заштита и голем елемент на борбената способност на армијата беше всушност процентуалната застапеност на сите нации во сите гарнизони на ЈНА, што сега не е случај во кризните жаришта и што укажува на тоа дека сосема друг би бил развојот на состојбата во солудничавите демонстрации во Сплит кога толпата делеша правда ако таа толпа не беше сигурна дека пред гарнизонот или пред зградата за сигурно се наоѓаат и хрватски и словенски војници итн. Според тоа, сметам дека губењето на југословенскиот карактер на армијата во кризните жаришта е непоправлива грешка и треба што порано да се исправи.

Понатаму, ЈНА си дозволи и понатаму да дејствува како политички фактор. ЈНА не се деполитизира и департизира целосно или барем тие заложби наши во одредена мера ги изигра, за што зборуваа некои претходни говорници. ЈНА и понатаму за себе бара одреден степен на автономизам што покажува и случајот со последната мобилизација извршена без одлука на Претседателството на СФРЈ како врховен командант. Таа одлука на штабот на оружените сили за мобилизација е неуставна и незаконска, заради тоа што не е донесена одлука на Претседателството и други некои членови за неа дознаваат после нејзиното донесување.

Покрај тоа, јавна тајна е, иако за мене никогаш не било апсолутно битно дали ќе се залагаме за федерација или конфедерација туку била битна содржината на тој договор за идната југословенска заедница, јавна тајна е дека ЈНА се стави на страна на опцијата за федерално уредување на новата југословенска заедница. Јавна тајна е дека поголем број од старешините во ЈНА се ставија на страната на една опција за разрешување на кризата на страната на едно раководство или на страната на еден народ итн.

Да завршам, мислам дека денес две конкретни барања во овој поглед може да испоставиме. Едното барање директно би го упатил до Влада на Македонија и би инсистирал да влезе во заклучоците. Имено, понато е дека пред неполн месец е променет Законот за регрутација и дека од состојба од која сите ингеренции за распоред на регрутите кои беа по републиките повторно се вратени на ЈНА. Меѓутоа, Законот влегува во сила на 30 јуни. Со оглед на тоа што и оние одредби коишто постоеа во сите досегашни закони, со коишто се дава право во Република Македонија да служат најмалку 20% од сите регрути во Македонија не се исполнети, туку застапеноста во Македонија изнесува нешто преку 12%. Нашето барање би било под број 1 до 30 додека се уште важи законот сите регрути на Македонија да

останат да служат во Македонија. Ако е тоа неможно, да се дополни процентот од тие 13 до 20% колку што законот барем ни дава. Тогаш во неколку наврати треба со неколку класи да се постигне минимум процент од 20%, а не би сакал да зборувам дека има републики кои независно од тоа што врз основа на одлуки коишто се во коализија со Уставот и законот имаат состојба во која 40% од сите регрути служат во нивните републики. Според тоа, да не го повторувам првото барање, Владата да ги разгледа сите можности до 30 јуни. Додека се уште ингеренциите за распоред на регрутите се во надлежност на оваа Република македонските регрути да останат во Македонија. После тоа да се бара простор во неколку класи процентот од 20% сигурно да се запази.
Втората работа веднаш да испоставиме барање до ЈНА во кризните подрачја целокупниот југословенски карактер на армијата да се запази со процентуално запазување на сите нации, заради тоа што тоа е единствена гаранција дека браната или резултатите што на ЈНА и се доделени сега со новата одлука што ја видовме во соопштението на Претседателството да претставува тампон зона во таквите простори во смирување на меѓунационалните односи и би биле без секакви трагични последици. Само под таков услов и во таков случај, ако пропорционално се застапат сите нации во гарнизоните кои се наоѓаат во кризните подрачја.
**СТОЈАН АНДОВ:** За збор се јави господин Ристо Санковски.
**РИСТО СТАНКОВСКИ: (СДСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас можеби ќе го имам истиот проблем како и претходниот дискутант со цел да не се повторузаат некои работи и не знам дали дискусијата ќе има некоја целина, меѓутоа имам некои работи да ги истакнам, иако не планирав да се јавам.
Прво, болно е во овој момент да зборуваме за политичко безбедносната ситуација во земјава кога последиците најмногу ги осетивме ние Македонците. Особено е болно што во судирите на два народи страдавме ние Македонците, односно македонските граѓани. Иако тој бил еден, меѓутоа не е еден. Затоа, мислам дека од ова Собрание, иако еднаш и повеќе пати декларативно, беа дадени изјави дека оваа Македонија нема да биде ничија бановина, па ако сакате и конкретно нема да биде Милошевиќева бановина, мора да додадеме уште нешто, оваа Македонија нема да биде монета за поткусурување на хрватското врховништво, односно на Туѓмановата власт. Тоа мислам дека треба јавно да го кажеме. Зошто го кажувам тоа? Иако прашањето кој го уби Сашо беше најексплоао-тирано овие денови, мислам дека одговорот сите го знаеме. Го убија националисти на ХДЗ. Тоа барем е јасно. Ако е тоа така многу ни е болно и се надевам дека ова не ќе морам да го кажам, меѓутоа изгледа дека ќе мора да го кажам, затоа чекав на крај, болно е што овде во овие клупи седат пријатели, приврзаници и

луѓе кои шуруваат со убијците на Сашо или ако сакате со ХДЗ. Можеби премногу остро е тоа, меѓутоа ме боли што никој од досегашните дискутанти не стана и не се огради од пријателствата и врските со ХДЗ. Со оние кои се убијци на македонскиот народ мислам дека не треба да правиме никакви пријателства и никакви врски. Почнаа некои реакции. Изгледа некои се погодени од ова, но вистината некогаш боли. Јас најотворено ги повикувам тие да станат и јавно да се оградат од пријателствата со ХДЗ. Не сакам, барем јас лично, па и со Милошевиќ нека биде, ако може дозволете ми сите ве сослушав, па сега и јас да бидам сослушан.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам, оставете го нека доврши.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:** Ако мислите дека тоа не мора така, не мора никој да се оградува. Би сакал да продолжам уште за некои работи. Факт е дека во оваа држава настанаа големи проблеми. Причините за тоа се многу јасни, национализмот е тој што ги направи сите проблеми во оваа држава. Изгледа се потврди една теза што беше лансирана од понапред дека полош од комунизмот е национализмот. Изгледа дека е тоа така. Затоа, би апелирал до сите од ова Собрание да испадне еден апел до сите републички собранија ако е потребно да испадне една декларација против национализмот, посебно против сопствениот национализам. Би сакал да биде разграничена една работа. Поимите патриотизам и национализам се дијаметрално спротивни. Изгледа дека тука ние ги помешавме работите и можеби од тоа ни дојдоа проблемите.

Би сакал уште една порака до лидерите југословенски, а тоа е дека треба да знаат едно демократијата е обратно пропорционална од бројот на политичките затвореници, а уште поголемо обратно пропорционално од бројот на политичките жртви. Едно лично мое размислување е дека и во толку напаѓаното едноумие немаше толку политички убиства, колку што се случија за последниов месец во нашава земја.

Факт е дека сите овие убиства беа политички убиства и кој мисли поинаку мислам дека се лаже. Да така е, затоа се надевам дека ќе преовладее свеста и оној апел што го упатив тука до присутните ќе биде ислушан и тоа ќе биде прифатено.

**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас сакам најнапред да укажам на колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ дека нема навистина потреба на една флагрантна провокација од говорницава воопшто да реагираме вака. А господинот Станковски мене едноставно ми е анигматичен. Еднаш предложи монструозен предлог во нашите школи да се изучува исклучително англискиот јазик. Инаку, идеа целосно отфрлена од сиот учен свет, од филозофите, јазичарите, бидејќи едноставно со тоа се стеснува културното битие на една нација доколку се ориентира само на една култура макар да таа

била застапена меѓу повеќе нации. А образложението му беше, јасно, кое: компјутерите нуделе најмногу термини и терминологии токму од англискиот јазик.
Сега да се вратам на вашата конкретна дискусија, не морате да се криете зад рефлекторот - (во салата се слушна смеење) вистина сте ми енигматичен. Излегува дека еден крајно немил настан, еден настан во кој партијата ВМРО-ДПМНЕ го нарачало. Така вие велите. Тоа биле убици на македонскиот...
**РИСТО СТАНКОВСКИ:** ВМРО-ДПМНЕ не го спомнав никаде.
**ЈОРДАН БОШКОВ:** Добро, мислам ќе можете да ги надминете оние кои вам преескa ви контрираа. Излегува дека ВМРО-ДПМНЕ со пријателските односи со Хрватската Демократска заедница носи неволји врз сиот македонски народ и, господине Андов, сепак, треба да пазиме на дигнитетот на работата на оваа куќа, кој и онака е флагрантно напаѓан од свикувањето на Собранието од страна на многу моќните медии и ред други органи и организации во Републикава. Зошто да се оградуваме од една политичка партија која има свои амбиции на тамошниот терен да ги оствари. Ако мене лично ме прашате, ќе ми биде крајно мило да можеме да оствариме политичка соработка и со политички партии од подрачјето на Република Србија или пак на Грција, Албанија, Бугарија, Турција, Белгија, Германија и каде сакате уште. Би сакал да наведете некој пат и листа вашата партија со кои партии соработува на овој свет. Навистина ние тежнееме кон еден енормен изолационизам. Инаку, воспоставувањето врски со други, од други краишта на овој свет, сепак чини и пари. Но да не должам бидејќи репликите треба да бидат кратки, пак ќе го кажам мојот протест ваков маркетинг најмалку ни е потребен при наличјето при огромната тага за загинатиот Сашко. Јас вчера бев во Кавадарци и едноставно гледав дека сиот град е завиен во црно, сиот град тагуваше, скоро сите и плачеа. Тагата за тоа младо момче исто така ја делиме и ние. И немојте постојано да мислите дека ќе направите услуга на вашата партија која ете само ги менува имињата и веројатно ќе продолжи и во иднина да ги менува имињата и да нуди на овој народ иднини без име (во салата настана аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).
**СТОЈАН АНДОВ:** Сакам да кажам една попатна напомена. За тоа каков е угледот на Парламентот и што Парламентот е напаѓан од медиите секој член на Парламентот треба да поведе сметка. Сакам да кажам дека овде на говорницата искажаните мислења и ставови се на оние кои ги искажале. Парламентот ставовите ги гради само со гласање и со мнозинство. Се друго е поединечно мислење на конкретниот пратеник. Тука Парламентот не може да биде виновен заради тоа што пратеникот на таков начин се држи на говорницата, на тој начин дискутира. Тоа зборува за него, а не за Парламентот.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:** Мислам дека не беше в ред што пратеникот Бошков почна да зборува за некои мои претходни иницијативи. Тие немаат врска со сегашниов случај. И пак ќе кажам, тоа мислење го делам и понатаму, без разлика што во средствата за јавно информирање имаше некои рекации во врска со изучувањето на англискиот јазик. Меѓутоа, тоа мислење го делам и понатаму а реакциите знам од кого беа и ќе ги кажам тогаш кога ќе треба да се каже. Инаку јас ќе го понудам законот во писмена форма, во тоа бидете сигурни. Според тоа, немаше потреба да се сполнуваат тие работи. А ако сакате да знаете нешто, поставете си лично прашање што сакате да учи вашето дете, кој јазик да го изучува. Со тоа завршивме.
Меѓутоа, не знам зошто изгледа некои се најдоа многу погодни во оваа ситуација. Јас не спомнав никого, ниту една партија, меѓутоа некои почнаа да реагираат бурно, изгледа се најдоа многу погодени. Да, седат, точно е тоа и се уште стојам на тој став. И ќе додадам, ако станаа од ВМРО-ДПМНЕ, истото тоа го барам и од пратениците од ПДП. И тие беа во скоро време кај Туѓман.
**ТОДОР ДИМОВ: (СРСМ)** Јас не сакам да ве задржувам, меѓутоа, навистина е малку зачудувачки, господинот Станковски ништо не спомна и како човек само рече дека некои шуруваат со ХДЗ. Зошто се сега тие реакции. На што личиме ние? Без никаква потреба почна да се крева галама. Мислам дека не спомна ниту ВМРО ниту ПДП. Точно за тоа гледав зошто реагирате на дискусијата на господин Станковски кога ниедна политичка партија не спомна.
**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (ПДП)** Конкретно не сакав реплика, меѓутоа, бев повикан. Јас пред малку зборував и нашата дискусија беше во духот на она што секој од нас го загрижува. Ако го потенцирав тоа дека му дадовме зелено светло вчера, мислев конкретно за Косово, Црна Гора и Војводина, а истата состојба денес се повторува во Босна и во Хрватска. Ако вчера се биеше битка за Косово, односно за бранење на Југославија, тогаш се поставува прашање каква битка се бие денес во Хрватска, Босна и во другите места на Југославија. Секако за Југославија не.
Што треба друго да се подвлече тука? Не смееме да го вратиме тој лош Балкан вчера и таа лоша Европа вчера. Ние имаме наши претставници кои не претставуваат во ЈУ-самитот. Верувам дека тие не само успешно, не само мудро, не само што крајно конкретно, меѓутоа, секако се гледа кој е против оваа Југославија и кој е против ова заедништво. Ние ниту бевме на страна на Милошевиќ ниту на страна на Туѓман. Ние сме на страна на тие што сакаат да живеат и што сакаат заедницата да им биде историска нужност.
**СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)**Дами и господа, протестирам до претседателот Стојан Андов, затоа што се јавив за збор пред господинот од ПДП. Една работа ќе кажам, ако го

слушавте сето излагање на господинот Гошев и видовте дека доби аплауз и од нашата партија. Видовте, македонското национално единство, кога ќе помислите дека доаѓа време дека сите партии што сме тука ќе постигнеме некој национален концесус кој ни е потребен во овие тешки мигови и во овие вакви времиња кога голем број од нашите мајки, татковци, браќа и сестри не знаат каде им се децата, дали се во Книн, Сплит итн. или се регрутирани во касарната Маршал Тито, ќе се најде некој, повторувам, ќе се најде некој кој е против тоа македонско национално единство.
Да поставам и јас прашање, ако сакате. Не сакав да го поставам ова. Кој му забрани на господинот Гошев да разговара со Рачан во Хрватска? Никој. Ние немаме против, нека разговара, тоа е меѓупартиска соработка.
Уште една работа, демонстрациите во Сплит не ги организираше ХДЗ туку некои независни синдикати. Не сакам да ја бранам ХДЗ, нема врска тоа, туку знаете некои независни синдикати таму тоа го организираа исто така, денес нашите луѓе ги осудија хрватските екстремисти. Тие се екстремисти, јас не можам да го нарачам човек кој сите ја гледавте сликата го дави таму она младо војниче, се испостави потоа и тоа е наше Македонче. До кога ние ќе страдаме за такви работи? До кога? Единствено ни е потребно повеќе од било кога и полна поддршка му давам на господинот претседател. Разбирате ли, тука треба да се обединеме околу неговата платформа, околу нашата платформа, а не да се караме меѓу себе.
**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Се јавив навистина последен, сметајќи дека со ова ќе заврши и мислам дека така ќе биде. Преговори треба да има, тоа беше наша основна определба. Овластивме луѓе и кога дојде време да им дадеме поддршка не снајде една национална жалост и сега кога сите треба да жалиме, се најде некој дали црвен, зелен, плав или модар да каже дека има некоја определба некој на некого дека треба да се извинува. Тие господа таму меѓупартиски нека се извинуваат и обвинуваат, нека свикуваат преговори меѓу партиите, нека се убедуваат дали има цврсти или нецврсти убедувања по своите ставови, овде имаме државнички однос и народот од нас бара сега државничко однесување. Ова е мој став. Мислам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го прифати овој дел на излагањето како државнички, а не како припадник на одредена партија. Тоа е основното.
Бараме да ни се даде одговор како и под кој услов настрада Сашко, како дојде до ранување на Тони и давење на третото момче. Многу политички незрело настапуваме. Донесуваме заклучоци и на крајот се повикуваме да се најде виновникот, да се утврди во истрага, определуваме комисии, а овде бараме од Парламентот да донесе политички одлуки, тој е извршител на делото? Дали ќе имаше смисла и

ќе имаме некакво оправдување било светско, партиско или човечко? Сигурно не. Ве молам, од името на вистината оваа болка да не ја злоупотребуваме во наши партиски цели, а дека така се постапи, јас само ќе ви пренесам пет зборови од завчерашниот настап на таканареченото Движење на Југославија - СКЈ.
Во Куманово за два часа направи трибина во која учествуваа сите, за да на таа трибина каже дека Куманово не е територија на Македонија, дека Македонската телевизија не е така и да вика и повикува да се откаже претплатата на Македонската телевизија и радиото и да се изврши претплата на Телезизија Белград и Радио Белград.
Ако ова го бараме сега од другиот ред на нештата, да бараме кој го направи ова со Сашко, онаа партија која бара во цврста држава, Македонска држава, да прави нови држави, да прави територијални определувања, ние со тоа не се забавуваме, туку националните партии ги викаме националисти. Ке ве прашам едно, дали некој може на некого да му приговори во неговата куќа да е домаќин, а тој да биде лош човек или недомаќин. Говорам сега како член на ВМРО-ДПМНЕ.
Основното на ВМРО тоа е национална партија, Ние сме претставници на народот, а не нанација, па да бидеме националистичка партија и затоа што рече господин Стоиле Стојков, нам ни треба едно единство токму околу тој национален елемент, тука бараме независност и наша македонска држава, а имаме неразбирање токму околу тоа прашање затоа што одделните партии ги нарекуваме националистички. Јас не знам господа, сега ни името не ви го знам, се менувате па ќе повторам секој ден, што ќе ни понудите на ваш друг состанок, дали да се караме или да решаваме едно.
Благодарам на вниманието и оставете го да го реши случајот од кого Сашко настрада нека каже стручна комисија и Судот. Инаку политичките убиства ако немаат судска одлука, тогаш тие се навистина политички и немаат убиец.
**ЕШРЕФ АЛИЈУ: (ПДП)** Господин претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри и претседателе на Владата, добро вечер Македонија и сите граѓани на Македонија, ценам дека вечерва сепак ние пратениците ќе најдеме оправдување, односно народот ќе не оправда што денот ќе го заокружиме само со една точка на дневниот ред од 40 и неколку од нив. Па затоа, мојата дискусија ќе се обидам сосема да ја скратам и да напоменам само четири работи со претходно мое изјаснување дека и овој пат бев почестен и среќен да ги слушам трите први излагања и само тие ни беа сосема доволни за наша начелна определба за главните задачи кои и претстојат на оваа Влада, на овој Парламент и на оваа Република не потенцирајќи ја најмалку дискусијата на секој посебно, но доставувајќи забелешка и

молба за натамошно заедничко размислување околу методологијата на работата на овој Парламент, бидејќи очито е јасно дека некој кога веќе тука ќе дојде се заборава. Сакам да ве замолам да му дадеме јавно признание на Собранието на општина Кавадарци за примена и извонредна организација, за пример на соработка со сите фактори, младината, граѓаните, службата за внатрешни работи, припадниците на ЈНА и републичките органи. Сакам да го кажам и следново, дека во Кавадарци доживеавме една достоинствен манифестација на мирот. Тоа и е доволно на Македонија со сета длабочина на болката и тагата што сите ја чувствуваме кои отидовме таму, сите кои испратија телеграми и сочувствува со една желба на семејството барем за малку, за миг, да му се олесни болката.
Трета работа сакам да обрнам внимание и на некои за жал појави, непожелни кои веќе добиваат насилнички набои, насилничко однесување на младите во нашава Република по повод некои настани, натпревари итн.
Четврто, сакам да обрнам внимание дека е потребно да и се помогне на ЈНА и во оваа тешка прилика. Да се остави што повеќе на мира ЈНА да ги врши своите задачи и обврски предвидени со Уставот на СФРЈ. Што побрзо да се повлече во касарните, што побрзо да ги чувствуваме границите по безбедни. И на крај сосема да апелирам и да го изразам мојот став. Во ЈНА треба да се има потполна доверба. И тие се луѓе и тие се наши браќа
**НАУМ СИМЈАНОВСКИ: (СРСМ-МДПСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со длабоко жалење за изгубениот млад живот на војникот Сашко Гешовски Младата демократска прогресивна странка на Македонија констатира дека тој е жртва на едно безумие подолго време присутно на веќе познатите простори и на сите оние кои во беспоштедните политички пресметки ЈНА ја прогласуваат за окупаторска. Последните, за жал трагични настани само уште еднаш го потврдуваат фактот дека сме се подалеку од демократското решавање на постојната криза во земјата. Посегањето по човечките жртви на крајно безобѕирен начин, бескрајно нехуман и одамна надминат низ вековите, само ја потврдува несаканата вистина дека некои наши политичари и на ваков начин со крв за жал на една млада личност ги решаваат личните амбиции. Поради тоа, Младата демократска прогресивна странка на Македонија, од Собранието на СРМ побарува да се изготви и претстави информација до Македонската јавност за заштита на граѓаните на Македонија кои се на отслужување на воениот рок ширум нашата земја без разлика на националната припадност и кој за неа ќе гарантира пред Републиката. Во овие рамки мора да се одговори и на конкретните барања на македонските мајки за сигурноста на своите членови во ЈНА. Ова побарување е поткрепено и со петицијата од илјада родители во Битола чии синови се на отслужување на

воениот рок во Хрватска и Србија. Со оглед на досегашните резултати Младата демократска прогресивна странка на Македонија се залага за прекинување на разговорите меѓу претседателите на републиките и бара истите да се пренесат во Сојузните државни органи. Во тие рамки Младата демократска странка бара Собранието на СРМ веднаш да се изјасни дали има потреба од натамошно нивно продолжување? Се мисли на разговорите на претседателите на републиките.

На крај како мало навраќање за разлика од дискусијата на господинот Петров настојувам да бидам што пократок и поконцизен истовремено го искажувам револтот на господинот Петров кој замарајќи го целиот Парламент со теми кои се надвор од рамките на оваа точка, како и правото кое го искористи излегувајќи на говорницата и јавниот напад врз претседателот на Собранието кој го сметам како неконструктивен елемент, бидејќи ова прашање се покренува во оваа точка од дневниот ред која има толку длабока човечка содржина и е една од оние на кои се оформува битието на Македонската држава.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ: (СДСМ)** Ценам дека веќе на сите трпението ни е на крај па затоа ќе се обидам да бидам краток во својата дискусија. Прво, апсолутно се придржувам на последниот дискутант и сметам дека овој атак што е направен на адресата на претседателот треба да им служи на поедини пратеници. Ако некој беше парламентарен досега мислам дека тоа беше нашиот претседател на Собранието, ова нека не го сфати како комплемент, меѓутоа секогаш беше стрплив и слушаше неконструктивни дискусии кои беа долги и не водеа никаде. Според тоа апсолутно сум против тоа на ваков човек кој на вакви маратонски седници слуша секакви дискусии вака да му се обраќаме, мислам прво дека не е фер.

Мислам дека оваа седница треба да ни ја реши нашата дилема, а тоа што и господинот Тупурковски во своето излагање кажа дали овој пискот и на мајките од Македонија и на многу родители меѓу кои нормално најожалостени се родителите на покојниот Сашко Ѓешовски треба да го ислушаме вечерва и сите да се договориме нашите регрути коишто се наоѓаат ширум Југославија, особено на кризните жаришта, да ги вратиме воениот рок да го продолжат во нашата Република, тоа е едно. Мојата дилема би била следнава: ако постапиме вака како што нормално голем дел од граѓаните на Македонија бараат, што ќе се случи? Ќе се случи по ист пат да тргнат и другите републики и тие да бараат нивните регрути воениот рок да го дослужат во нивната република и така нормално ќе создадеме национални армии кои во ова кризно време би воделе кон најлошиот излез на југословенската криза. Според тоа, априори сум против тоа, а пак велам дека болката е голема што одекна во нашата Република, загубата е голема, меѓутоа разумот

сепак треба да преовлада. Ценејќи го, исто така, заклучокот на Претседателството, а господинот Тупурковски кажа дека биле едногласни и ги прифатиле сите заклучоци што ни ги претензира, според тоа треба да веруваме во нашата армија да и дадеме шанса, а видовме дека почнувајќи од Книн до Пакрац и Вуковар сепак таа на најадекватен начин се обиде и овие кризни жаришта горе долу ги смири.
Исто така, имам една дилема и едно прашање од мојата изборна единица, а тоа е дали ако на овој начин нашите регрути ги повлечеме сега да го дослужат воениот рок не ја пробиваме нашата платформа всушност точка 4 за сојуз на суверени држави каде што велиме дека ќе имаме единствена армија. Следејќи го договарањето на шесте претседатели почнувајќи од Брдо на Крањ и до Охрид каде што незнам дали беше во Крањ господинот Туѓман, кажа дека во консталација сојуз на суверени држави немаме единствена армија туку имаме само републички армии, во случај на напад од надвор тогаш ќе се договориме како ќе ја браниме земјата. Исто така мислам дека во Охрид беше претседателот на Црна Гора потврди дека сојуз на суверени држави фактички претставува конфедерација. А тоа е дилемата на избирачите од мојата изборна единица па би го замолил претседателот да ни ја објасни точката 4 сојуз на суверени држави и општонародна одбрана.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** Јас немам намера многу да говорам, најнапред да кажам дека го делам мислењето на оние пратеници кои овде предложија информациите и предлозите од претседателот Глигоров, Тупурковски и Кљусев да бидат основа за нашето вклучување и оние заклучоци што евентуално на утрешната седница треба да ги усвоиме, се разбира како Собрнаие. Повеќе се јавив со намера да апелирам сепак за едно достоинство за сослушување, за дијалог бидејќи во ова Собрание секој има право да каже онака како што размислува за проблемот. Наша обврска на другите е да го сослушаме, со аргументи да кажеме, да негираме она што тој како теза го поставува или антитеза, односно да се разобличи и ако е шпекулација.
Според тоа, се плашам од нов тоталитаризам, се плашам од необолшевизам што е на повидок, а се знае кој не трпи дијалог тој не може да сослуша други. Јас очекував критиката на господинот Бошков да заврши принципиелно, а не со нападот на партијата и името, програмата итн. Господинот Станковски подвлече дека чувствува лично имате право да се согласувате или не се согласувате. Госпидинот Стојановски отиде уште подалеку, па нарече зелени, зрели итн. Мислам кажавте вие буквално дали црвени, зелени, жолти. Молам, јас апелирам до овој Парламент, пратениците да го сочуваат достоинството на Парламентот, да се воздржат од дисквалификации бидејки ќе ја чуваме на тој начин и Македонија. На начинот на кој некој смета дека го

чува достоинството и авторитетот на Македонија мислам дека е многу погрешно.
Според тоа, ќе имаме во ова Собрание многу различни мислења и добро е да имаме различни мислења, но да провејува нетолерантност, нетрпеливост, овде, бидејќи следат одозгора дури и вулгаризам, дофрлување дури од еден пратеник и пцовка мислам дека на овој Парламент не треба да му биде апсолутн практика туку само срамота.
**СТОЈАН АНДОВ:** Госпидин Стојановски сака да реплицира.
**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас реков, името не го знам, а која е боја црвена, зелена, жолта, бела сеедно е и тогаш одреди што е државност што е партиска припадност. Па и мојата партија има боја, според тоа, нека господинот Тито не се врзува за боја.
**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (СДСМ)** По оваа точка од дневниот ред имав подготвено дискусија меѓутоа, со оглед на тоа што најголем дел од работите веќе беа кажани, времето веќе одминато и се откажав од дискусија. Се јавив затоа што ме поттикна дискусијата на пратеникот Стоиле Стојков со иницијатива за постигнување на еден општ консензус, при што тој рече еден општо национален, а јас би рекол еден општ парламентарен, бидејќи овде не сме само претставници на една нација, на еден народ околу ставовите и предлозите на претседателот на Републиката во името на парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз го поздравувам, ја поздравувам таа иницијатива и се надевам дека и во иднина по битни работи, по битни ставови стратешки за Ренубликата ќе успееме да се договориме и да изградиме заеднички ставови без големи комфликтни ситуации. Меѓутоа, тој предлог и таа иницијатива би ја искористил да дадам сега уште една иницијатива за уште еден општ парламентарен консензус да постигнеме доколку се согласиме уште денес, веднаш на оваа седница, а тоа е за една појава за која што јас, исто така, мислев дека ќе биде и повеќе изанализирана и спомната и повеќе дискутирана на денешнава седница, меѓутоа, како малку страмежливо да ја чепневме на два-три пати, ја спомна претседателот на Владата  Кљусев, ја спомнаа и некои дискутанти, а тоа е нешто и некои појави што ни се случуваат во последно време тука во Републиката. Јас немам информации, ниту официјални особено не од Министерството за внатрешни работи бидејќи не можам да ги добијам, меѓутоа користејќи ги средствата за информирање имавме прилика да чуеме, се разбира доколку е точно тука министерот може да помогне, дека веднаш после оној собир, оправдан собир, со  оправдан револт пред Собранието на Македонија ноќта биле повредени и двајца војници во Скопје, дека ноќта во Битола се искршени низа излози на фирми чии седишта се надвор од Македонија било од Хрватска, било од Србија, дека е демолиран автобусот пред командата на скопската армиска област, односно Третата

армиска област и сето тоа пак да речам денеска беше страмежливо спомнато, дури претседателот на Владата рече дека тоа е проблем кој и не е проблем, меѓутоа, тоа е добро спомнато бидејќи од тоа може нешто да се изроди.
Но, мислам дека и во другите средини првите такви појави токму така почнаа да се случуваат ако е тоа точно дека двајца војници во Скопје се повредени, да не заборавиме дека некои други мајки тие двајца војници ги испратиле тука во Скопје, во Македонија, ако тие излози или тие добра или автобуси инт. или тие старешини овде што се наоѓаат на служба или на отслужување се тука. Многу ми е жал она што се случи со Сашко, и тоа оправдано ни е жал, тогаш треба да бидеме свесни дека некој иза нив има овде да жали. Мислам дека треба да изградиме еден општ, праламентарен и заеднички партиски консенсуз и околу таа работа, еден консензус да се оградиме од сите оние работи покрај целата конструктивност што беше покажана пред Парламентот на тој собир каде што беа извикувани пароли како "усташи, ќе убиваме, српски кучиња", "чиста Македонија" итн. што на неколку наврати нашата партија го потенцираше како битно, како нешто што е зачеток, меѓутоа никој не може да предвиди што од тоа еден ден може да произлезе. Ако и околу тоа се договориме да изградиме општ партиски консензус, без оглед дали се работи за "комити" или "косовци", кога велам "косовци" не мислам на луѓе од Косово туку од КОС бидејќи такви информации почнавме да читаме од весниците дека тие нешто провоцирале, организирале што јас лично не верувам. Во тој случај мене ќе ми биде посебно мило ако и за тоа се согласиме и се договориме уште денеска на оваа сеница.
Бидејќи еден од дискутантите денеска рече дека е навистина сеедно дали Сашко ќе загинеше во Сплит или во Штип за неговите родители, меѓутоа мене многу би ми било мило кога сите нас исто така би не погодило да не беше Сашко од Кавадарци, туку да беше некој Мујо од Босна или некој друг од не знам каде, бидејќи беше во прашање 19 годишно дете, без оглед на тоа на која нација припаѓа, трегедијата е огромна. Ние треба да го имаме тоа чувство без оглед дали се работи за припадник на македонскиот народ или на некој друг.
Втора работа за која, исто така, очекував дека можеби ќе произлезе низ дискусијата, меѓутоа не произлезе. Не знам дали е добра прилика, бидејќи разговаравме по една сосема друга тема. Мислам дека како иницијатива можеме да ја пуштиме на размислување, ако не на спроведување или оперативно изведување, а тоа е дека и покрај сите заложби што сега како Република и како преговарачи во името на оваа Република ги покажаа претседателот на Републиката, членот на Претседателството итн.м да се зачува југословенската заедница, очигледно е дека многу работи не зависат само од нашите желби и од нашите заложби.

Оттука и ние и понатаму треба да ја продолжиме, таа борба за демократски дијалог, сите свои напори да ги внесуваме во тоа да се зачува таа југословенска заедница, не заради Југославија, туку пред се заради Македонија. Меѓутоа не треба да бидеме слепи и да не ја предвидиме и другата варијанта на тој расплет која исто така, е веќе очигледна, бидејќи тие работи не зависат само од нас. И оттука мислам дека Владата на Македонија треба многу брзо една иницијатива која беше од порано спомената, а тоа е да подготви и предложи мерки со кои оваа Република ќе биде подготвена и спремна да ги пречека и другите можни солуции во расплетот на југословенската криза.
И на крајот само една мала реплика, тоа е на дискусијата на Јордан Бошков кој го спомна името на нашата партија и менувањето. Скоро да сум сигурен дека во оваа сала нема човек кој не припаѓал на оваа партија, нашава, само со тоа другото име претходно, можно е со мали исклучоци, меѓутоа, дел од тие луѓе се определија да ја променат партијата, бидејќи тоа беше полесно, дел од луѓето во таа партија се определија да ја менуваат партијата и да се менуваат себе си што е многу потешко. И ние од тоа не се срамиме, напротив се гордееме. Како чувство носат другите кои излегоа од таа партија и формираа, отидоа во други партии, јас не знам. Меѓутоа, знам дека прилично ги погоди ВМРО-ДПМНЕ менувањето на нашето име, бидејќи организира една посебна конференција за печат посветена само на менувањето на нашето име, како а тие повеќе жалат за нашето старо име, отколку ние и тоа не можам никако поинаку да го оправдам освен со со тоа дека изгледа со менувањето не само на името, туку и на програмата на нашата партија, програмата на ВМРО паѓа бидејќи целата беше главно антикомунистички настроена и сега едноставно нема да имаат програма. Ако има некој поинаква причина заради таа носталгија по нашето старо име, можеме да ја слушнеме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Предлагам пауза од 10 минути.
(По паузата).
**СТОЈАН АНДОВ:** Репликите се исцрпени, а од сите кои бараа збор за учество во расправата остана само господин Пановски. Исто така и господинот Голубовски бара збор.
**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Почитувани пратеници, би сакал да доставам две тетратки од Кавадарци со петиција, па би сакал да ги доставам до претседателот на Парламентот.
Веднаш на почетокот да кажам дека и покрај истапот на госпидинот Станковски ја поздравувам и ја прифаќам во потполност иницијативата дадена од последниот дискутант и мислам дека тоа ќе биде еден од првите чекори за постигнување на тоа наше толку очекувано македонско национално единство.
Сакам да кажам дека во потполност ги прифаќам барањата на

Собранието на општина Кавадарци и инсистирам да ја дознаеме целосната вистина на ова ѕверско убиство на нашиот Сашко. Исто така, сакам да искажам восхит од држењето на родителите на Сашко. По мое длабоко уверување ова убиство на нашиот војник има длабока позадина. Целта е по мене да се дестабилизира нашата Република, бидејќи таа остана единствена оаза на мирот колку толку во Југославија. И уште еднаш ќе повторам по мое длабоко уверување тоа е резултат како последното убиство, така и целокупната ситуација на една безпримерна, заткулисна игра од господата Милошевиќ и Туѓман реализирана, зацртана на еден од тие нивни тајни прегорови, а се со цел за воскреснување на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Затоа се наложува како неопходно постигнување на еден општопартиски, општопарламентарен консензус во однос на сите овие прашања од витален интерес за Македонија. Дел од тоа сценарио за дестабилизирање на Македонија сметам дека беше и митингот пред ова Собрание како и кршењето на излозите на српските и на хрватските фирми како во Скопје, така и во другите градови. Од оваа говорница најостро го осудувам таквото однесување и тие појави мораме од корен да ги пресечеме уште сега на почетокот.

Би сакал, исто така, да се навратам и на изјавите на војниците Македонци на митингот во Струмица што ги прочитав во весникот "Вечер" од 8 мај 1991 година каде што војниците кои се на отсуство јасно и гнасно кажуваат дека Македонците се исправени во првите борбени редови. Би се запрашал дали ЈНА е еднонационална војска или повеќенационална. Сум за тоа да не дозволиме повеќе ниеден Македонец да не оди курбан. Исто така, би се заложил во сите тие подрачја, невралгични, во Хрватска исклучително да служат војска Срби и Хрвати, па нека размислат утре кога ќе се свртат против војската, кого ќе убиваат господата шовинисти, четници и усташи. Нашите војници се отидени да ги чуваат границите, а не да учествуваат во гасење на тие немири.

Исто така, би сакал да го запрашам министерот за народна одбрана, дали и колку во моментот македонски војници има надвор од Македонија и дали тој број е процентуално во еден вид реципроцитет со војниците кои ги имаат Хрватска и Словенија, особено Словенија. И инсистирам од него бројот на македонските војници надвор од Македонија да биде изедначен со словенечкиот и тоа веднаш. Исто така, би го запрашал господинот министер да ми одговори колку војници резервисти има мобилизирано Хрватска и Словенија и дали тој број е еднаков со македонските. Барам да се внесе во заложбата под итно враќање на сите резервисти нека се земат резервисти од Хрватска и од Србија.

Сакам да запрашам и во врска со изјавата на Пешељ во денешна "Нова Македонија" и "Вечер", цитирам: "таму каде

што се наоѓаат единиците на ЈНА, моите доброволци нема да дејствуваат" Што значи тоа? Дали е тоа некоја коалиција меѓу четниците на Шешељ и ЈНА јасно и гласно да ми се одговори. Исто така барам вистина и само вистина за ѕверското убиство. Досега ЈНА ни даде три различни соопштенија за погибијата на нашиот Сашко. Барам да се каже која е вистината и убиецот најригорозно да биде казнет пред нашата јавност. Исто така, тука од некои дискутанти беше наложено кругот на преговарачите да биде зголемен. Јас тоа го сфаќам како еден вид потценување на преговарачката улога на нашиот претседател на Републиката Киро Глигоров. Мислам дека можеме да се гордееме со тоа како господинот Глигоров нас не претставуваше во тие преговори. Сум за тоа добро да размислиме дали треба да се зголемува тој број на преговарачи од причина што мислам дека нашиот преговарач е главен во тие преговори, а треба да инсистираме Милошевиќ и Туѓман малку да се вразумат и да ги смекнат своите ставови.
И на крајот уште едно прашање до министерот за народна одбрана, и до целата Влада. Ме интересира зошто ставовите што беа вчера соопштени од Владате така се смекнаа. Дали тоа е резултат на настојувањето на министерот за народна одбрана или на целокупната Влада? Господинот министер да ми одговори дали е тој министер во цивилна Влада и кој му е негов претпоставен, кого смета за претпоставен, дали Никола Кљусев или пак Живота Аврамовиќ?
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Паузата е крива, ако не беше паузата не бев воопшто спремен за дискусија. Но ова е добра прилика да го направам она што сите вие го направивте на некој начин зошто особено денеска паѓаше во очи дека при секоја дискусија секој се изјаснуваше и за својата партиска припадност. А бидејќи и од практични причини и во иднина може да се случува името на партијата на која и припаѓам неоправдано да не се спомнува или да не се диференцираат ставови кога така блиску може да се доведат под едно, а се работи за две партии. Значи со еден збор јас сум член и претседател на ВМРО-ДПМНЕ и ќе кажам нешто во врска со дневниот ред и оваа расправа како став на Партијата. Ние во нашава партија сметаме дека овие настани се една провокација практично која го покажува вистинскиот степен на македонската сувереност. Како што можевте да забележите нашава партија воопшто не се јави со соопштение во врска со овој настан во средствата за јавно информирање, сигурно единствена заради тоа што цениме дека не ќе може она што ќе го кажеме и го чувствуваме навистина во Парламентот и да го избориме, тргнувајќи и од една објективна оцена за она што претставува вистина на македонската позиција во границите на Југославија денес. Бидејќи како што кажав свесни сме за тој факт дека еднострано не можеме да изнудиме во оваа објективна ситуација повеќе од она што е

предвидено со законската регулатива.
Заради тоа, пред се, инсистирам како што беше тоа искажано многу убаво во предлогот и на пратеникот Ханџиски, барем на она што ни припаѓа да го оствариме на националната структура во касарните. И посебно сакам да нагласам дека и нашата партија смета дека безпредметно е повеќе разговарање на ниво на претседатели и претседатели на претседателства и дека треба веднаш поефикасна форма на преговарања да следи во идниот период доколку навистина сакаме да дојдеме до некој резултат. Што се однесува до иднината на Македонија со Југославија или без неа, сакам да го кажам исто така ставот на партијата дека ние сме барем партиски свесни дека Македонија никој не ја тера да остане во Југославија, туку интерес е на Македонија да биде во Југославија. Нормално би биле среќни да биде Југославија сојуз на суверени држави како најоптимално решение и како добра гаранција да ги развиеме суверените функции на една современа Македонска држава и да се надокнади она што не е направено во овие 50 години. Нормално не се занесуваме дека така лесно може да се раздружиме и во оцените, поаѓаме не од оцените и видувањата на политизираните туку од она што го кажуваат економистите. Повеќе од очигледно е ако се слушне што тие зборуваат дека ниедна република не може да се раздружи од Југославија. И заради тоа сугерираме, кон тоа и ќе се стремиме во својата политичка активност да најдеме такво политичко дејствување кое ја подобрува македонската позиција во Југославија за тој интерес во Југославија да биде пооптимален за македонската држава.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали некој друг бара збор? (Никој).
Предлагам да формираме една група пратеници и еден член од Владата кој ќе направат утре наутро заклучоци, предлог на заклучоци врз основа на расправата пред се, на оние три излагања што ги имаа претседателот на Републиката, претседателот на Владата и членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија.
Предлагам да го обновиме договорот. По тие заклучоци што ќе бидат предложени да расправаме амандмански, да не отвораме повторно расправа начелна, туку само амандмански секој што сака нешто да се измени да даде пишуван амандман.
Во групата ги предлагам господинот Зоран Крстевски, господинот Михаил Пановски, господинот Благој Ханџиски, господинот Шабан Превала и министерот за развој господинот Петрески.
Дали се согласувате? (Се согласуваат).
Тие нека направат текст, а ние утре во 10,00 часот ќе продолжиме.
Преминуваме на втората точка - Избор на член на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Изборот на член на Делегацијата се врши според постапка утврдена во Законот за избор на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди листа на кандидат за член на делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
Листата на кандидат, извадокот од записникот од работата на Комисијата и изјавата на кандидатот, ви се доставени.
Листата на кандидат ќе ја образложи претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Никола Крстески, доколку сам оценува дека за тоа има потреба.
Господинот Крстески не се јави за збор и одиме понатаму.
Отворам претрес по Предлогот на кандидат за член на Делегацијата.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Собранието ја избира Делегацијата со мнозинство гласови на сите пратеници со тајно гласање.
За спроведување на гласањето за избор на член на Делегацијата, Собранието образува Комисија за избор од редот на пратениците. За членови на Комисијата ги предлагам пратениците: Ристо Јованов, Ванчо Златанов, Оломан Сулејмани, Наум Симјановски и Божо Рајчевски.
Предлогот го ставам на гласање.
Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали е некој против? (Нема)
Има ли воздржани? (Нема).
Констатирам дека за членови на Комисијата се избрани пратениците Ристо Јованов, Ванчо Златанов, Оломан Сулејмани, Наум Симјановски и Божо Рајчевски.
Гласањето ќе го вршиме на следниов начин: на сите присутни пратеници ќе им биде дадено по едно гласачко ливче. Пред името на кандидатот стои реден број и гласањето ќе се врши со заокружување на редниот број. Секој пратеник може да гласа само за кандидатот чие име е наведено на гласачкото ливче. Секое внесување на нови имиња го чини ливчето неважечко. За неважечко се смета и гласачкото ливче кое не е потполнето, како и гласачкото ливче што е потполнето така што да не може со сигурност да се утврди дали пратеникот гласал за кандидатот.
Гласањето се врши со прозивка. Пратениците кои ќе бидат прозвани, доаѓаат од работната маса во салата каде што ќе им биде дадено гласачкото ливче. Заради обезбедување на тајноста пратениците за гласањето ќе ги користат местата

во салата определени за вршење на гласањето. Откако ќе го завршат гласањето пратениците, свитканите гласачки ливчиња ги спуштаат во гласачките кутии. Потоа, седницата се прекинува за да се утврдат резултатите од гласањето.
Седницата ќе продолжи на знак на ѕвончето.
Ги молам членовите за избор да ги запечатат гласачките кутии, да присуствуваат кај гласачките кутии, а по завршувањето на гласањето да се повлечат во салата спроти свечената сала заради утврдување на резултатите од гласањето.
Го молам заменикот на секретарот да почне со прозивка на пратениците.
(Заменикот на секретарот Живко Тодоровски, врши прозивка по азбучен ред на пратениците на Собранието на СР Македонија заради гласањето).
Предлагам пауза до утврдување на резултатите од гласањето.
Комисијата за избор нека ги преброи гласовите, нека ги утврди резултатите, а јас предлагам за тоа време Собранието да продолжи со работа.
Молам пратениците да влезат во салата да ги заземат местата за да можеме да продолжиме со работа. Постои можност да забрзам работата за времето додека Комисијата за избори ги пребројува гласовите.
Преминуваме на 28-та точка - Извештај на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за текот и резултатите од усогласувањето на Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на трипаритетната спогодба склучена меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Арапска Република Египет и Република Индија (АС бр.1332).
Извештајот на Делегацијата, извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија, мислењето на Владата на СРМ и Предлогот на заклучокот ви се поделени, односно доставени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака?
Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Заклучокот по Извештајот на Делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ за текот и резултатите од усогласувањето на Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за исклучување на тутун и тутунски производи од заедничката листа на трипаритетната спогодба

склучена меѓу СФРЈ, Арапска Република Египет и Република Индија е усвоен.
Преминуваме на 29-та точка - Дополнителен став на Сојузниот извршен совет по забелешките и предлозите на делегатите и собранијата на републиките и автономните покраини дадени во текот на усогласувањето на Нацртот на законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија за јавен долг на Федерацијата (АС бр. 1206) со пречистен текст на Нацртот на законот.
Материјалот, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Заклучокот по Дополнителниот став на Сојузниот извршен совет по забелешките и предлозите на делегатите и собранијата на републиките и автономните покраини дадени во текот на усогласувањето на Нацртот на законот за претворање на курсните разлики по депонираното девизно штедење кај Народната банка на Југославија во јавен долг на Федерацијата е усвоен.
Преминуваме на 30-та точка - Втор дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за обезбедување дел од средствата за извршување на железничкиот товарен сообраќај меѓу СФРЈ и НСР Албанија и за условите и начинот на користење на тие средства во 1991 година (АС бр. 1254).
Вториот дополнителен предлог на Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за надворешно-политички прашања, за односи со странство, Законодавно-правната комисија, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека заклучокот по Вториот дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за обезбедување дел од средствата за извршување на

железничкиот товарен сообраќај меѓу СФРЈ и НСР Албанија и за условите и начинот на кcристењето на тие средства во 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 31-та точка - Втор дпелнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за измени и дополнувања на Законот за обезбедување средства за делумно финансирање на Програмата за заштита на социјално загрозеното население и на работниците за чија работа престанува потребата поради преструктуирање на стопанството (АС бр. 1261).
Вториот предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Двајца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (Еден пратеник).
Констатирам дека Заклучокот по Вториот дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за измени и дополнувања на Законот за обезбедување средства за делумно финансирање на програмата за заштита на социјално загрозеното население и на работниците за чија работа престанува потребата поради преструктуирање на стопанството е усвоен.
Преминуваме на 32-та точка - Дополнителен предлог на Нацртот на законот за измени и дополнувања на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини (АС бр. 1297/1)
Дополнителниот предлог на Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето?
Констатирам дека заклучокот по Дополнителниот предлог на Нацрт-законот за измени и дополнување на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на

народните банки на автономните покраини е усвоен.
Преминуваме на 33-та точка - Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за данокот на промет и производи и услуги (АС бр. 1269/1).
Дополнителниот предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство, Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Двајца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Заклучокот по Дополнителниот предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за данокот на промет и производи и услуги е усвоен.
Преминуваме на 34-та точка - Дополнителен предлог на Сојузниот извршен совет на Нацртот на законот за измени и дополнување на законот за финансирање на Федерацијата (АС бр. 1308).
Дополнителниот предлог на Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, ивзештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Тројца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека Заклучокот по Дополнителниот предлог на Самоуправната интересна заедница на Нацртот на законот за измени и дополнувања на Законот за финансирање на Федерацијата е усвоен.
Преминуваме на 35-та точка - Нацрт на закон за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за изградба на објекти за потребите на сојузните органи, Царинската служба на сојузните инспекции на граничниот премин Шентиљ -II фаза во 1991 година (АС бр. 1351).
Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Шест пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека заклучокст по Нацртот на законот за утврдување на вкупниот износ на средствата за финансирање на Програмата за изградба на објекти за потребите на сојузните органи, Царинската служба и службите на сојузните инспекции на граничниот премин Шентиљ - II фаза во 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 36-та точка - Нацрт на закон за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на Федерацијата за 1991 година (АС бр. 1363/1).
Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, Извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Тројца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на Федерацијата за 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 37-та точка - Нацртот на закон за покривање на курсните разлики по определени странски кредити за 1991 година (АС бр. 1364/1).
Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Томислав Стефковски.
**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Имам една забелешка на членот 17 од Законот каде што се зборува дека Законот за покривањето на курсните разлики по определени странски кредити престанува да важи на 1 јануари 1991 година. Ова е спротивно на членот 211 од Уставот на СФРЈ, бидејќи не може да престане еден закон ретроактивно. Во оваа смисла треба да стои една одредба и да се преиспита дека престанува да важи со денот на влегувањето во сила на овој закон што го носиме.
Да не станувам и втор пат истата забелешка ја имам на наредниот Нацрт на закон на членот 20 кој ја има истата

формулација.
**СТОЈАН АНДОВ.** Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да земе збор.
**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Ние рековме ретроактивно не може да дејствува, тоа требало да биде донесено пред 31 декември 1990 година, односно пред 1 јануари 1991 година, а сега да се врати половина година наназад мислам дека таква одредба со Уставот не е дозволена и сметам дека овие забелешки треба да ги прифатиме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој бара збор? (Никој).
Доколку не бара збор предлагам Предлогот на заклучокот да се дополни со оваа забелешка и така текстот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека заклучокот по Нацртот на законот за покривање на курсните разлики по определени странски кредити за 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 38-та точка - Нацрт на закон за премии на определени земјоделски производи и за регрес на дел од каматата на кредитите за приоритетни намени во земјоделството во 1991 го-дина (АС бр. 1365/1).
Нацртот на законот, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Тоа важи и за овој закон.
Предлагам овој предлог на заклучок да се дополни со забелешката што ја усвоивме за претходната точка, да не може ретроактивно.
Така комплетиран Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека заклучокот по Нацртот на законот за премии на определени земјоделски производи и за регрес на дел од каматата на кредитите за приоритетни намени за земјоделството во 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 39-та точка - Нацрт на закон за издавање на обврзници на Федерацијата во 1991 година (АС бр. 1367/1).
Нацртот на законот, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно

поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака.
Дали има некој против? (Двајца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека заклучокот по Нацртот на законот за издавање на обврзници на Федерацијата во 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 40-та точка - Нацрт на одлука за утврдување на висината на средствата за финансирање на работата на Агенцијата на Федерацијата за осигурување на депозитите и за санација на банките за 1991 година (АС бр. 1366/1).
Нацртот на одлуката, мислењето на Владата на СРМ, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, однос-но поделени.
Отворам претрес.
Кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Има ли некој против? (Нема)
Има ли воздржани? (Нема).
Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на одлуката за утврдување на висината на средствата за финансирање на работата на Агенцијата на Федерацијата за осигурување на депозитите и за санација на банките за 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 41-та точка - Нацрт на одлука за заедничката девизна политика и проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1991 година (АС бр. 1368/1).
Нацртот на одлуката, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Бидејќи материјалот има  строго доверлив карактер, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање да го имаат тоа предвид при известувањето по оваа точка.
Отворам претрес.
Молам,кој бара збор? (Никој).
Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Има ли некој против? (Двајца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на одлуката за

заедничката девизна политика и проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 42-та точка - Нацрт на одлука за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1991 година (АС бр. 1369/1).
Нацртот на одлуката, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Законодавно-правната комисија и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Двајца пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Заклучокот по Нацртот на одлуката за целите и задачите на заедничката монетарна политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1991 година е усвоен.
Преминуваме на 43-та точка - Предлог на закон за ратификација на Европската спогодба за патување на младината со колективни пасоши меѓу државите членки на Советот на Европа (АС бр. 1354).
Предлогот на законот, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Законодавно-правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Предлогот на мислењето ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот и Предлогот на мислењето го ставам на гласање.
Молам, кој е за да крене рака (Пратениците креваат рака)
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Мислењето по Предлогот на законот за ратификација на Европската спогодба за патување на младината со колективни пасоши меѓу државите членки на Советот на Европа е усвоен.
Преминуваме на 44-та точка - Предлог на закон за ратификација на Европската конвенција за казнување на прекршоци во друмскиот сообраќај (АС бр. 1355).
Предлогот на законот, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комсијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно-правната комсија и

Предлогот на мислењето ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на мислењето го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Мислењето по Предлогот на законот за ратификација на Европската конвенција за казнување на прекршоци во друмскиот сообраќај е усвоено.
Преминузаме на 45-та точка - Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за граѓанско-правните аспекти и меѓународното грабнување на деца (АС бр. 1358/1).
Предлогот на законот, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и Законодавно-правната комисија и Предлогот на мислењето ви се доставени, од-носно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на мислењето го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (Пратениците креваат рака).
Има ли некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Мислењето по Предлогот на законот за ратификација на Конвенцијата за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца е усвоено.
Предлагам сега да се вратиме на втората точка од дневниот ред.
Го молам известителот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да поднесе извештај за резултатите од гласањето.
Има збор известителот на Комисијата Ристо Јованов.
**РИСТО ЈОВАНОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Комисијата во состав Ристо Јованов, Ванчо Златанов, Оломан Сулејмани, Наум Силјановски и Божо Рајчевски, по извршеното гласање од страна на пратениците го констатираа следниов резултат.
На седнциата присуствувале 100 пратеници. Гласале 100 пратеници, неважечки ливчиња нема т.е. не гласале 61 пратеник.
За кандидатот Мерсим Положани гласале 39 пратеници.
Според тоа, врз основа на овие резултати од гласањето кандидатот Мерсим Положани не е избран за член на Делегацијата од Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ бидејќи не го добил мнозинството гласови од сите пратеници во Собранието на СРМ.
**СТОЈАН АНДОВ:** Врз основа на резултатите од гласањето

прогласувам дека Мерсим Положани не е избран за член на Делегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Социјалистичка Федеративна Република Југославија бидејќи не доби мнозинство гласови од сите пртеници на Собранието.
Бидејќи предложениот кандидат не го доби потребното мнозинство на гласови, согласно од Законот се повторува целата изборна постапка.
По нашиот договор сега треба да прекинеме со работа.
Утре седницата ќе почне во 10,00 часот.
(Седницата заврши во 22,00 часот).

**Продолжување на 13-та седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 10 мај 1991 година**

Седницата почна во 10,00 часот.
На седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.
**СТОЈАН АНДОВ:** Да продолжиме со работа.
Бидјеќи надлежните комисии се уште работат по Извештајот од третата точка, како и извештаите од работното тело се уште не се готови, не можеме да поминеме на третата точка, па затоа предлагам да ја оставиме оваа точка за момент и да продолжиме да работиме по точката четири.
Дали се согласувате? (Се согласуваат).
Преминување на четвртата точка - Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните.
Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ви се поделени, односно доставени.
Отворам општ претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор господинот Вецко Личоски.
**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Согледувајќи ја досегашната даночна политика и големите даночни давачки особено на приватните занаетчи, посебно во општина Кичево каде што стопанството е во голем колапс и не можејќи да се поднесат давачките за придонеси, самопридонеси, давачките за здравствс, за пензиско и инвалидско осигурување, досегашните СИЗ и месечната такса што се одвојува за електростопанството на Македонија, кои се големи издатоци со што се врши дестимулатизација во проширувањето и одржувањето на занаетчиските акумулативни дејности како што се: берберскиот, шнајдерскиот, кондураџискиот и многу други услужни дејности. Според тоа, во потполност се согласувам со предлогот на амандманите дадени од страна на господинот Петров, бидејќи со измената на член 4 се сака да се бенифицираат одредени категории на даночни обврзници заради оствaруваше на помали приходи од годишниот просечен личен доход во стопанството. Исто така, се признава трошокот во вршење на дејноста во износ од загарантираниот личен доход или износот на материјалното обезбедување на лицата кои времено останале без работа.
Со предлогот на намалувањето на паушалниот данок во истиот член се имаат предвид предложените износи на данокот плус придонесите за пензиско-инвалидското осигурување, здравственото осигурување и друго кои најголемиот дел од даночните обврзници ќе се износи за зафаќање од зафаќањето на лицата кои се задолжуваат по

вистински доход во висината на просечниот личен дјход во стопанството, што автоматски претполага оданочувањето по вистински доход, а имајќи ги предвид наведените категории на даночните обврзници кои данокот можат да го плаќаат во годишен износ, очигледно е дека се тоа во најголем број обврзници кои остваруваат понизок личен доход од просечниот личен доход во стопанството, како што се инвалидите, старите даночни обврзници, чистачи на чевли, носачи и друго.
Кога сме овде да ја истакнам и големата висина на комуналните такси за истакнати фирми во износ од 3.000 динари. За сите  даночни обврзници без разлика на нивната акумулативна и репродуктивна способност, а која посебен товар ќе претставува за оваа категорија на обврзници.
Со промената на член 6-а во амандманот можам да речам дека има различни ставки на оданочување и ќе има криење и нереално прикажување на приходите од имот при што ќе се склучуваат договори кои нема да бидат одраз на фактичката состојба, а заради избегнување на високи зафаќања.
Со примената на член 6-в во намалување на процентот се унапредува развојот и животот во селските населби, исто така се избегнува поделбата на имотот по основ на неговата изградба од причини што предизвикува огромни тешкотии при работата на органите за приходите и истите не се доволно стручни да утврдуваат дали зградите се градени од цврст или мешовит материјали што се подразбира под истите.
Со оглед на тоа што во досегашните одлуки општините во зависност од состојбата со занаетчиството во своите општини ги познваат приликите заради поттикнување на определени дефицитарни занаети заради изземање на одделни дејности ги ослободуваат или даночно ги олеснуваат пак, се налага потреба и овој Парламент да ги определи дефицитарните занаети кои би биле ослободени од плаќање данок. Според тоа предлагам овој Парламент да ги прифати аманчманите во целост од господинот Петров онака како што се 6 дадени.
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Почитувани пратеници, Комисијата за финансирање и буџет го разгледа Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните и поднесените амандмани, кои беа вкупно седум.
Како Комисија прифативме само два амандмани, а исто така како Комисијата сериозно укажуваме на потребата од што пос-коро донесување на нов закон за непосредни даноци со кои што би се уредувал целосно даночниот систем, бидејќи со тоа што сега имаме Закон за мало стопанство, а немаме нов закон за даночна политика има доста проблеми што се јавуваат во оданочувањето.
Исто така, како предлагач на амандманот 1, бидејќи Владата не го прифати амандманот 1, дозволете да дадам

едно дообјаснување за да можат пратениците полесно да се снајдат и да се одлучат дали ќе бидат за мислењето на Владата или за мислењето на Комисијата, инаку Комисијата го прифати амандманот 7.

**СТОЈАН АНДОВ:** Госпоѓа Стојанова, на господинот Личоски не му реков затоа што неговото учество беше мешано и од начелна природа, но и конкретно по текстот.

Делот што е начелно го прифаќаме, а пот текстот ќе се изјаснуваме по тој дел од текстот.

Молам, дали некој друг бара збор, во општиот претрес?

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ: (СДСМ)** Сметам дека поради суштествени промени на цените на земјоделското производство, како и цените на материјалните трошоци во 1989 година, а во согласност со договорите и критериумите за пресметка и ревалоризација на катастарскиот приход усогласени меѓу републиките и покраините со одлука за одобруваве за валоризациони коефициенти, а со примена од 1 јануари 1991 година се одобруваат валоризациони коефициенти за катастарскиот приход по катастарски култури, односно според тоа катастарскиот доход на земјоделските производи во просек се зголемува за околу 13 пати. Сметам дека Владата треба да ни даде малку пошироко образложение за да знаеме тто да дискутираме.

Со оглед на тоа дека оптоварувањето, односно катастарскиот доход е зголемен за околу 13 пати и врз основа на зголемувањето на тој катастарски доход се одредуваат сите други стапки на данок и за пензиско осигурување. Сакам ако може Владата да даде малку пошироко образложение во однос на зголемувањето на катастарскиот доход дали се однесува за 1989 година или се однесува за 1990 година.

**СТОЈАН АНДОВ:** Која е основицата на зголемувањети, на тоа мислите.

Има збор господин Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ (ПДП)** Дами и господо, во членовите 4 и 15 пишува дека подрачјето..., јас мислам дека еднаш даночната политика во Републиката...

**СТОЈАН АНДОВ:** Се извинувам не е по текстот, сега е начелно.

**ХАМИТ АЛИУ:** Начелно. Даночната политика во Републиката треба да биде еиднствена за цела Република, затоа што имаме случај во Тетово да двајца граѓани за иста дејност плаќаат на различен начин данок. Тоа не би смеело со овој закон да се случи.

Второ, елаборатот што е направен уште провејува договорната економија. Фискалната политика би требало да биде во корист и интерес на пазарната економија.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Господа пратеници, почитувано претседателство, не сакам многу да образложувам, но сакам да изнесам некои конкретни

податоци.
Со новите стапки што се зафаќа во земјоделството ќе се зголеми 13 ипол пати катастарскиот доход па дури и нешто повеќе од 13 ипол пати. Така што, акоземеме основица 100 динари во 1990 година, со сите даноци и придонеси за социјално осигурување и други давачки на 100 динари требаше да плати 2.370,57 динари, а не земјоделците 5.132 динари. На истата стапка зафатена во 1991 година, зголемено 13 ипол пати би станало 1.400 динари. Оние 100 динари би станале 1.400 динари и на тоа би платил со сите давачки по пензиско и инвалидско осигурување и другите давачки 6.480,80 динари, а не земјоделците 7.118,50 динари. Значи овде се прави едно разграничување според тоа како е објаснето дека во земјоделството зафаќањето е два ипол пати, а пензиското и инвалидското осигурување многу повеќе.
Ако погледаме сега тоа каде не води, јас сега ќе кажам пример за општина Битола.... Со ваквата даночна политика со која и порано биле големи стапките, а сега ќе бидат многу поголеми се оди кон рапидно намалување на индивидуалните земјоделци. Во 1990 година вкупно имало 21.082 земјоделци од кои чисти земјоделци останале 3.398", а неземјоделци 18.000, оние кои се во работен однос и кои се занимаваат со земјоделство. Во проценти тоа би изнесувало 15 отсто чисто земјоделци.
Ако се направи уште една спроедба од овие чисто земјоделци 3.398 тоа се претежно стари изнемоштени фамилии над 60 години. Од ова се гледа дека ниеден од младите не сака да се зафаќа чисто со земјоделско производство поради оптоварувањето со давачки на земјоделците.
Покрај тоа сакам да изнесам и еден друг податок пред пратениците. Не кријам колку може да се оствари во земјоделството по еден хектар и тоа во една високородна година и со највисок принос, на пример, пченицата. На еден хектар најмногу би добиле 5.000 килограми. Ако тоа се пресмета со укинатата премија и ова сега што е, не 2 и 80, туку јас ја сметам 3 динари по килограм да биде би се добиле 15.000 динари. Од тоа за обработка за две-три орања, подготвување на почвата, сеење и други ставаме само 100 кила нафта, а амортизацијата на машините не ха сметаме. Комбинирано вештачко ѓубриво кое по хектар следува е 1.500 динари, а нафта би било 1.000 динари. Преодно прихранување 500, семе 300 килограми по хектари, наводнување според новите стапки на водостопанството околу 1.800 динари. Жетвата сигурно ќе биде повеќе од 1.500, а јас ставам 1.500 или вкупно овие неизбежни давачки ќе изнесуваат 6.300 динари. Овде не пресметувам препарати за треви, прскање и друго, не пресметувам што се плаќа за одводнување на Водната заедница и други давачки. Со ова плус ако се земе и Одлуката што ја

предлага Владата дека премијата се укинува со оглед на тоа дека средствата се преливаат, свесен сум за тоа и се согласувам со тоа, ќе појдат во Војводина затоа што е претежно житарица. Меѓутоа овде треба ако не е можно тоа, да се изнајде друг начин за да се надомести, инаку со ваквата политика не би излегле на крај и земјоделците би ги довеле дали ќе ги покријат трошоците.
Со оглед на ваквата сметка, 5.000 по хектар, а знаете вие дека кај нас тоа е многу ретка година, на 10 или 7 години една е таква родна година, две-три години по ред беа сушни години, а оваа година не може да се насади ни шеќерната репка од дождови, така што јас не верувам дека приносот ќе биде 5.000 туку ќе биде 2.500 до 3.000. ако таа сметка ја направиме јас сметам дека целиот приход ќе биде опфатен во давачки.
Ако премијата за шеќерната репка се укине како и за пченицата, предлагам Владата да си изнајде други начини за стимулирање на шеќерната репка и пленицата на ниво на Република. Или пак за неземјоделците со ваквата даночна политика пак се оди кон тоа и нив да ги натераме иако ја обработуваат земјдата да се откажат, затоа што не знам јас кој е тој кој се согласил да биде ортак, а да не знае што да работи и да дава еве ти овие 50 отсто се твои, а овие се мои без да види каде што работи. Плус, тоа што го зема 50 отсто од тоа 50 посто секако треба да плати давачки на државата, што значи и нив ќе ги доведеме во колапс.
Затоа предлагам, со оглед на намалувањето на земјоделските производители да се намали кај земјоделцвите, тие кои се чисто земјоделци од 50 на 25 отсто, а чистите земјоделци кои живеат од тоа да бидат ослободени.
Ако земеме да го анализираме пензиското и инвалидското осигурување кое се одвојува по месени стапки помножено по 17 отсто, а изнесува околу 1.300 до 2.000 месечно, значи повеќе би дале во месецот за пензиско и инвалидско осигурување, отколку што ќе земат. Тоа е точно и затоа - предлагам Парламентот да дискутира дали држи да се осигурам јас ако сум во таква положба, јас би се откажал затоа што, што ќе му давам јас 2.500 динари месечно за пензиско и инвалидско осигурување би ги ставил во банка со камата, а во иднина кога ќе ми требаат да си ги повратам со повеќе проценти отколку повеќе да давам за пензиско, а помалку да земам. Тој ќе зема минимум 2.000 динари, кога ќе се усвои законот до 1992 година да се осигура како и другите вработени, ќе дава 2.200, а ќе зема 2.000 динари. Затоа предлагам или да се укине или да се најде друг начин да не бидат на таков начин оптоварени.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господин Стаменов.
**РИСТО СТАМЕНОВ: (Странка на југословените)** Мислам дека

можеме по овој закон да донесеме правилен заклучок дали да се прифати или не ако претходно соодветното министерство даде објаснување.
Овде во образложението читам, се вели: "Збирните стапки на даноците и придонесите без придонесот за пензиското и здравствено осигурување на земјоделците во 1990 година изнесувале 44,9% во Струмица. Меѓутоа, имајќи го предвид придонесот за пензиско и инвалидско осигурување што се плаќа, зафаќањето од катастарскиот приход изнесува 350%". Значи, на земјоделецот му зафаќаме 3,5 катастарски приходи. Бидејќи 12-13-14 пати е ревалоризирана основицата на катастарскиот приход ако се останати или зголемени и стапките на зафаќање, мислам дека земјоделецот ќе го доведеме во една многу тешка и незавидна положба да не може да извади пари да ги плаќа даноците и придонесите. Јас би молел, пред да почнеме со расправа по овој закон, да се објасни, ако треба со еден пример. Ако некој земјоделец минатата година платил 100 динари по сите основи, даноци, придонеси, колку со овој закон оваа година би требало да плати. Дали тоа ќе треба да значи 2-3-4-5 пати поголеми даноци и приноноси? Ова објаснување треба да го добиеме за да можеме после нормално и трезвено да дискутираме по овој закоr. Јас би молел тоа објаснување да го добие-ме пред да почнеме со расправа.
**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Петров.
**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Ако сите се крстевме на приватниот сектор и ангажирањето на нови инвестиции во приватното стопанство, тогаш еве шанса и можност со конкретни амандмански одредби на предложените измени и дополнувања на законите за републичките даноци и даноците на граѓаните таа своја определба во партиските прграми да ја потврдиме.
Иако се работи за Закон за измена и дополнување на постојните закони со кои се пренесуваат ингеренциите од општините на Републиката, сепак сметам дека и покрај тоа што треба да го чекаме донесувањето на системскиот закон за непосредни даноци кои што заради досегашната практика прашање е дали ќе стигне кај нас на дневен ред, сметам дека е момент со овие измени за дополнување на овие два закони за републички даноци и даноци на граѓаните сепак да создадеме одредени претпоставќи пред донесувањето на системскиот закон за непосредните даноци. Да се создадат претпоставки за функционално ангажирање на приватниот капитал, бидејќи моменталната политика во банкарскиот систем е таква што каматните стапки се повисоки од профитните стапки. Многу подобро е за оној кој го има капиталот, како што претходните дискутанти тоа го истакнаа, да го држат во банки како мртов капитал отколку да го ангажираат во непосредни инвестициони аигажирања, макар и во форма на издавање опрема, средства за работа

под закуп на лица кои ќе работат.
Понатаму, потреба да се изврши одбегнување на оданочувањето на имот. Ако некој има имот, ние го оданочуваме. После тоа, ако создава приход на тој имот му наметнуваме уште еден данок, данок на приход од имот. Наместо кај даночните обврзници и кај граѓаните кои сакаат да ангажираат средства, приватен капитал во инвестиционо вложување да создадеме психоза дека зафаќањата ќе се извршат со една даночна стагка, ние ги оптоваруваме со безброј даночни стапки по било какви основи.
Со измените што би требало седа да уследат со овие закони, што ги предложив во форма на амандмани, потребно е даноч-ната политкка да ја ставиме во функција на развојот и ангажирање на средства во приватниот сектор, што претставува иднина на развојот на стопанството во Републикава во услови на пазарна економија.
Да се изедначат условите на стопанисување во приватниот и општествениот сектор. Една дилема која приватните стопанственици редица години station наназад ја укажуваат, меѓутоа заради изборократизираноста на административниот апарат во Извршниот совет на Републикава воопшто не беше спроведена во практика. Имено, во приватниот сектор, категоријата личен доход и категоријата добивка се изедначени, односно даночната основица. Стапките од придонесите и даноците се наметнуваат на категоријата добивка што се претпоставува дека е личен доход за приватните стопанственици.
На тој начин приватните стопанственици од приватниот сектор се ставени во нерамноправна положба со општествениот сектор, заради тоа што општествениот сектор стапките на даноците и стапките на придонесите се применуваат на категоријата личен доход, а во приватниот сектор на категоријата добивка.
Токму заради тао сметам и предложив, иако не е променета технологијата на пресметка на облогот на данокот во приватниот сектор, која се оредвудзва да се изедначи со новиот системски закон меѓу физичките и приватните лица, предложив даночните стапки во приватниот сектор да се намалат. Изгледа, со тоа намалување на даночните стапки во приватниот сектор, како приватниците да се премногу ослободени. Меѓутоа, тоа е погрешна претстава за вистинските состојби токму од причината што ја кажав, дека стапките на придонесите и даноците да применуваат на категоријата добивка, а на фирмоносецот не му се признава категоријата личен доход.
Понатаму, предложив и сметам дека со овој законски текст треба да биде опфатена категоријата данок од приход на игри на среќа и автомати, што претставува, по мое мислење, една од најрентабилните дејности моментално во стопанството, од кое се влечат огромни добивки и по пат

на разни канали се префрлуваат на други места надвор од Републикава, под фирма "мешовити претпријатија", "странски влог", 51% основачки влог на странецот, а тоа е фактички приватно претпријатие, а ние го викаме со мешовита сопственост, капиталот што се создава како приход од игри на среќа и автомати се одлева во приватен џеб. Државата нема никаква добивка.

Развојот на земјоделството мора да биде стимулирано и се предлага намалување на стапката во земјоделството. Понатаму потребно е со конкретни предлози да се изврши стимулирање и ангажирање на мртвиот капитал, макар и на оние кои нема да работат, туку ќе го даваат под закуп.

Би сакал да кажам дека политичките разлики можат да постојат меѓу нас, пратениците, меѓутоа мораме да бидеме единствени во развојот на приватниот сектор заради тоа што набрзина го донесовме Законот за комунални такси, поведов иницијатива да се изменат некои одредби што набрзина ги донесовме коишто сега, во практиката, по џебот на приватните стопанственици катастрофално се одразуваат. Тоа од своја страна реперкуира со затворање на приватните објекти и натамошно невложување на средства во приватниот сектор.

Ги имав овие начелни забелешки што ги предложив во амандманска форма и сметам дека образложенијата што Владата ги понуди се неприфатливи. Затоа, кога ќе дојде расправата по нив, јас ќе кажам, на кои ќе останам доследен до крај.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Јовчески.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Скоро на сите политички партии заложба ни беше да заживее агрокомплексот. Меѓутоа, за жал, како да дојде време, ја пееме онаа - гајдата свиреше до извесно време, меѓутоа кога завршија тие предизборни кампањи ја изгаснавме музиката, сега мирува, а ја тераме истата стара песна.

Да напоменам дека потполно ги поддржувам претходните дискутанти. Да не должам, само ќе напомнам бидејќи има зафаќања за социјалното, пензиското и инвалидското осигурување на земјоделците, мислам дека е поголемо од причини што работниците кои работат во општествениот сектор или во секторот каде што се другите дејности можат да користат боледување. Наспроти нив земјоделецот е, така да се каже, по 24 часа на нива или одгледува стока. Мислам дека не би требале во зафаќањата да бидат со ист третман.

Имам само толку и ја молам Владата да има предвид зафаќањата да бидат помали, бидејќи навистина земјоделецот не може да ги издржи тие зафаќања.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ: (СДСМ)** Се извинувам што по втопрат станувам, меѓутоа токму заради тоа барав и инсистирав да се образложи. Ќе наведам само неколку примери.

Обврзник од Струмица на 12 декари и 5 ари минатата година платил вкупно давачки 4.932 динари, а оваа година катастарски приход треба да плати 31.406 динари. Друг случај од с.Шутка, на 36 декари минатата година платил 6.436 динари, а оваа година треба да плати 44.000. Минатата година на 42 декари платил 6.988 а оваа година треба да плати 54.625. Или на 23 декари минатата година вкупните давачки биле 5.935, сега треба да бидат 43.990 динари. Токму затоа тие бројки се доста зголемени, без оглед на тоа од што произлегуваат тие придонеси, давачки, за нашиот човек е битно што треба да ги издвои. Сметам дека е тоа неиздржливо и дека не може од 12 декари површина, за минатата година 4.900, сега да се помине на 31.406. Молам, тоа малку да се објасни.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор господинот Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ: (СРСМ)** Бидејќи отворивме начелна расправа по измените на републичкиот закон за даноците на граѓаните сметам за потребно да укажам на една обврска која мораме да ја лоцираме во нашиот Парламент како трајна, од аспкет на тоа што веројатно во повоениот период, во овој дел утврдување на даноците или обврските на граѓаните, а во нашата Република како компаративни предности можеби беа најголеми од сите други републики, не успеавме да најдеме модел што ќе предизвика развој во ваа посебна земјоделска дејност.

Сметам дека и досегашниот парцијален и спор развој беше пред се резултат на лошо дефинираната даночна политика. Јас бев еден од заговорниците кои од оваа говорница реков деа треба под итно да се укине, веднаш, а после да се укине во нашата Република земјоделското осигурување на нашите земјоделци. Односно, осигурувањето на земјоделците. Тоа осигурување носеше само една заштита, која во моментов заедницата не се најде како форма и тоа само заштита во вид на социјална заштита, а пред се здравствена бидејќи не се најде форма, за сопствениците на земјоделските површини да се најде соодветна заштита, па се создаде еден модел што беше, според мене, антисоцијалистички и во секој случај не водеше кон развој на земјоделската дејност во Републикава. Тоа и сега се одразува, бидејќи последиците од таквиот однос денеска ги имаме.

Затоа се залагам во делот на локацијата на обврската сега при реформата, при донесувањето или вградувањето на новиот системски закон, посебен третман да има делот на даноците од земјоделска дејност со една обврска, пред се, да се одвои што значи придонес и тие придонеси во никој случај да не бидат врзани со земјоделската дејност, туку придонесите да бидат врзани со земјоделска дејност, а во никој случај со сопственоста. Затоа што сопственици на земјоделски површини се, пред се, граѓани во Републиката сопственици коишто се незаинтересирани поради тоа што се

со одминати години, а имам некое сознание дека сопствениците на земјоделските површини се граѓани кои не се меѓу живите, поради тоа што се наоѓаат нивните површини во оставинска постапка. Што значи дека врзување на сопственоста на даноците апсолутно не води кон одредена можност за отворање или подобрување на овие зафати што сега ги правиме во делот на земјоделската дејност.

Оттука предлагам даноците од земјоделска дејност да бидат врзани за земјоделска дејност како што и данокот од промет, односно за вршењето промет на дејност е врзан за самата дејност, а не за дуќанот што го поседува сопственикот. Сопствениците да плаќаат данок од имот што ќе обезбеди или ќе отвори еден процес на комасација за што ќе бидат заинтересирани одредени земјоделски домаќинства што исклучително ќе се занимаваат со земјоделство на одреден начин, преземајќи под наем поголеми површини, да ги зголемат и своите површини сегашни што ги имаат, а во секој случај и дејноста ја вршат на поголеми површини. Ова повеќе од аспект на тоа што во Републиката имаме таква техника ангажирана во индивидуалниот сектор што сигурно е над потребите што сега ги има земјоделецот. Само во Кавадарци имаме 1.500 трактори. Вака организирани, сигурно дека тие трактори ги користиме со 15-20% бидејќи секој за една мала површина ангажира големи средства во основни вложувања, а ефектите се доста мали. При обезбедување на еден ваков модел на оданочување на дејноста сигурно ќе обезбедиме и повеќе и поголем број осигуреници.

Зарем не е, дури би рекол и иронично, ние тоа да го толерираме до сега на еден, по мене,неодговорен начин, да имаме само 6.000 осигуреници од земјоделска дејност во Републиката, сигурно од тие 6.000 50% се прави земјоделци, организирани земјоделци, а истовремено да имаме 40.000 домаќинства што се занимаваат со тутунско производство, 30.000 домаќинства со градинарско производство, над 15.000 домаќинства со лозарско производство, сигурно 5.000 домаќинства со овоштарство.

Која е таа форма што не сме ја понудиле на овие домаќинства барем еден член од своето семејство, на своето или на поблиските земјишта да создаде основ за стекнување права од работен однос. Тоа ми е целта. Ние да отвориме процес, со ова да можеме да отвориме процес за поголемо вработување. Шансата е тука. Тоа е нашата предлост. Меѓутоа немаме најдено адекватна

форма и секогаш се судираме со одредени законски пречки дека тоа не е можно итн. За овој проблем јас и во минатиот мандат се залагав, но во секој случај не беше стручно обработен. Ниту овде јас стручно не можам да го елаборирам. Во секој случај, има стручни лица кои можат стручно да го обработат проблемот, суштината е во тоа, сопствената да се исклучи во поглед на вршење на дејноста. Тоа е суштината од сопственоста да се плаќа само данок од имот. Тоа е сопственоста. А, делот на дејноста да се издвои која ќе биде основ за стекнување на одредени права преку придонесите и на одредени обврски преку даноците. Тоа е обврска што треба да се подели и во секој случај, кога така проблемот ќе го поставиме, кога законски ќе го уредиме, ќе создадеме и одредени услови да одиме да агитираме. Јас имав одредена агитација и индивидуална. Морам да кажам дека не можеше да се реализира токму за тоа што немавме таква законска регулатива што можеше да обезбеди одредено такво проширување.

Јас и со тоа ќе завршам и повторно ќе го кажам примерот. На една работна организација во Словенија која е Хмезат од општина Жанец која како работна организација по пат на комасација го има опфатено целосно земјиштето, но на сопствениците им се гарантира сопственоста, им се плаќа рента за сопственоста, а во секој случај еден многу угледен пример што обезбедува вработување на 11 илјади работници коишто само во делот на финализација на хмељот учествуваат организирано 3.000. Инаку 9.000 се наоѓаат по домаќинствата и ги вршат обврските, тоа што треба да се направи во земјоделството, ги стекнуваат сите права како и сите работници, тогаш во општествениот сектор, а сега веќе имаме можности низ законот за капиталот уште подобро овој проблем да го разрешиме.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРСМ)** Почитувани пратеници, се јавив повеќе за збор поттикната од дискусиите кои овде беа, во врска со ослободување на земјоделците од плаќањето на придонесите за здравствено осигурување. Прво ќе кажам дека според досегашниот начин на плаќање во сума секој ден земјоделец плаќаше по 150 динари годишно, што е навистина смешна сума ако се земат предвид цените на здравствените услуги на лековите, на здравствените прегледи вкупно ситуацијата во здравството што ја согледавме од информацијата што ја имавме пред две седници. Она што овде беше предложено истите да се ослободат и да не плаќаат од катастарскиот приход, ако веќе се договараме да работиме по пазарно ориентирано стопанство, а тука го вброивме и здравството, мислам дека тие услуги не можат да се заборават, туку треба државата да пронајде и да направи соодветна финансиска конструкција кој ќе ги плати тие средства, затоа што тие не можат да

бидат ненаплатени.
Од друга страна, она што сега се предлага 15% од катастарскиот приход на земјоделството е многу помала сумата што ја плаќа било кој работник во здружениот труд, од проста причина што имаме многу семејства кои што на еден осигуреник плаќаат само на еден, а имаат осигурано по 10 или 15 членови од семејството, а не плаќаат за сите нив ништо. Што значи се лечат 15 лица на еден осигуреник, за разлика од еден вработен во зруженит труд кој претежно има три до четири осигуреника на свое име. Што значи дека треба да процениме пред да се произнесеме за одредени предлози, што и како ќе биде подобро за земјоделецот. Во овој случај ако бараме развој на земјоделството и ослободување од одредени придонеси, ако тоа биде и здравството, кој и на кој начин ќе го плати тоа, дали ќе биде државата која буџетски тоа ќе мора да го плати или тоа ќе остане на приватно лекување, што во овој случај  ќе биде многу повеќе, бидејќи ќе се лекуваат сите членови на семејството поединечно и ќе биде многу поголема сума отколку она што го предлага со оданочувањето спрема катастарскиот приход.
**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Почитуван претседателе, дами и господа, јас се извинувам што по втор пат се јавувам, ова го правам со тоа што сакам да поднесам еден предлог и со тоа да не се води подолга дискусија во однос на времето. Предлагам што со оглед на досегашните дискутанти сите се произнесоа дека ваквата даночна политика нема да не доведе до подобрување во земјоделството, но ќе се вртиме така како и досега. Затоа предлагам. Ако е за собирање на даноците во моментот да се врши оданочување и собирање на досегашните катастарски доходи  и приходи како аконтација од 1990 година, а со тоа предлагам овој закон да се постави на гласање, да се одложи за наредната седница и да се преиспита целокупната даночна политика во сите видови даноци како републичките така и даноците на граѓаните, а во однос на сите други давачки што треба да се преиспитаат, затоа што овде стана збор дека не крева многу данокот на земјоделството, крева социјалното осигурување.
Земјоделецот ништо друго не го интересира, го интересира кога ќе се вратиме да му кажеме колку во однос на ланската година ќе ги плати давачките па што сака нека биде. Тие пари кој треба да ги даде дали ќе биде за ова или за она во споредба со ланската година што толку му се покачени. Ако земеме со паритетот на цените ова е 13 пати и зголемено 14, цените на земјоделските производи колку пати се зголемени оваа година, а репроматеријалите се многу. Да бидете сведоци дека над 300 динари килограм вештачко ѓубриво е сега. Нафтата со девалвацијата на динарот од 7 стана на 11 динари. Се зборува дека на даночните обврзници ќе им се даде олеснување на нафтата,

меѓутоа тоа до денеска ништо не е направено. Тие веќе се при карјот со сеидбата. Речено им беше дека ќе им се даде, а не им се даде тоа. Овде ништо не направивме во однос на тоа, затоа предлагам да се произнесе Парламентот да се врати овој закон за даноци на граѓаните на преиспитување, а со тоа да се применува сегашната даночна постапка зо 1990 година како аконтација.

**СИМОН ИВАНОВСКИ: (СДСМ)** Почитувани пратеници, јас немав намера да дискутирам, бидејќи не ја познавам оваа проблематика, но слушајќи ги другите дискутанти, сметам дека се создаваат кај мене одредени дилеми,а сметам и кај другите пратеници, особено дискутантот Петров изнесе одредени негови видувања како приватниот сектор е повеќе оданочен од општествениот и како во општествениот сектор се само зафаќањата од добивката, додека во приватниот сектор се зафаќањата од личните доходи. Мислам дека тоа е привидно измамување за оние кои не ја познаваат проблематиката,бидејќи многу лесно на тоа може да се одговори. Во општествениот сектор нема никаква добивка во нашата Република, а зафаќања има колку сакате. Според тоа, целиот државен апарат и сето она што на некој начин жиевее од некои зафаќања, а добивка нема.

Моето излегување овде беше повеќе во битна република од тие дискусии и би го замолил министерот за финансии да излезе и да ја објасни оваа проблематика, што значат даноци, што значат зафаќања и од прилика негово видување дали се повеќе зафаќањата од општествениот сектор или од приватниот сектор, затоа што во општествениот сектор владее едно општо мислење дека досега приватниот сектор воопшто не беше оданочен, немаше никакви зафаќања и дека живееше на товар, не сите, но најверојатно, земјоделците најмалку, да не бидам погрешно сфатен, но приватни занаетчии кои по секои два три месеца ја отвораат и затвораат фирмата ги менуваат имињата ги менуваат дејностите, само да ги избегнат даноците, а сето друго што оди со тоа оди на товар на општествениот сектор, така што тоа да не го образлагам, но работејќи во општествениот сектор знам што е затоа што сето тоа живее на тој грб. Затоа го молам министерот Тошевски да каже и веројатно овој закон е обид кон тоа да ја исправи оваа досегашна по мое видување, евентуална неправда.

**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Сакам да реплицирам на ова излагање. Ако некој во општествениот сектор не остварува добивка, не е виновен за тоа приватниот сектор, а горе-долу целиот општествен сектор се приватизира и тоа уште подрастично отколку што во приватниот сектор. Во општествениот сектор преку интерни акции, со обезведување на општествениот капитал се врши грабеж на тој општествен капитал, а во приватниот сектор некој сам спечалил пари ги вложил во оданочуваме на категорија добивка, наместо на личен доход и велиме приватниот сектор е во поповолна

состојба од општествениот. Ова за мене нема никаква логика.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:** Потполно се согласувам дека не е приватниот сектор крив ако воопшто во општествениот сектор нема добивка. Точно јас реплицирав на него дека не се зафаќањата само од добивката. Така што кажуваме дека зафаќањата во општествениот сектор се од добивката. Тие се од добивката, но основица се икс други параметри па ако нема добивка, зафаќање, а не реков никаде дека приватниот сектор е крив што нема добивка општествениот, но зафаќањата во општествениот сектор не се само од добивката.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** Нека ми објасни претходниот дискутант дали во приватниот сектор се признава категоријата загуба. Во општествениот сектор се признава. Кога има општествено претпријатие загуба се ослободува од секакви даночни зафаќања, додека приватниот сектор ако направи загуба, велат затвори ја, а во општествениот сектор си седат на државна сметка.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ: (СДСМ)** Јас се јавувам само да го замолам Петров да не ризикува со своето стручно знаење пред Парламентот. Тоа е огромен ризик. Забелешките и мислењата што ги изнесуваше во конкретниот случај мора да се направи разлика и во приватниот и во општествениот дел. Дали сега се оттуѓува општествениот дел или не. Со дополнителен капитал мислам ќе лицитира со незнаењето и Парламентот ќе треба со тоа да се заморува. Од ова што Симо кажуваше низ призмата практично на пресметковниот систем на Југославија, односно системот кој функционира во сегашни услови, ако се отвори полемика по тој проблем јас верувам дека целата ситуација би била збркана овде пред нас, а би лицитирале и големо незнаење.

Затоа мојата молба е господинот Петров ако не ја разбрал дискусијата на господинот Ивановски да си одвои простор и време да закаже округла маса за стручно толкување на материјата, а не да се поистоветува со мислењата и дискусиите на одредени искажувања што се обидоа овде другарите да дадат дури да речам и политички размислувања. Затоа сакав и се јавив, па би го замолил господинот Петров за таквите работи јас би бил спремен да учествувам во една расправа, но стручно.

**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Почитувани господа, веројатно настана една многу незгодна работа слушајќи дискусии на едена или друга страна на линија на приватен капитал, односно приватни сопственици, фирми, земјоделство и општествениот сектор. Мора да бидеме многу стручни па да кажеме околу таа материја нешто. Јас не сакам да кажам дека колегите кои овде зборуваат не се стручни.

Господине Петров ви се обраќам со следниве зборови: Ние имаме едне општествен сектор во Југославија да речам во Македонија, во секој град кој е натрупан многу со

давачки. Категоријата личен доход, односно нето личен доход, а тоа значи даноци и придонеси од личниот доход, категоријата доход, да не ја речам добивка, даноци и придонеси од доходот, односно тие договорни обврски натаму, тие се толку големи што не можат да се споредат, ако се спореди приватниот сектор од аспект на некој си порез, ваков или онаков. Па заради тоа, сигурно изискува поголемо познавање, а ете тука ни е министерот веројатно ќе ни даде некое спознавање околу работите. Околу формирањето на буџетот на Републиката, планираните средства се јавуваме, како што еден човек се јавуваше овде со една студија плурализам во интересите на човекот итн. од една страна сакаме што повеќе да ни остане кога работиме, од друга страна, таму каде што живееме и овде ние во Парламентот сакаме што повеќе патишта повеќе струја, повеќе канализација, вода итн., а сакаме во фирмите, односно во приватното да ни остане што повеќе. Тие се плуралистички интереси.

Заради тоа на нас никој не ни е крив како Македонија со овие даноци и придонеси и стапки од даноците на граѓаните на земјоделството што немаме разбирање за ниедно земјоделство, што ги опустошивме нивите, што си ја опустошивме Македонија, а државата не е сиромашна. Парата е тука, само кај кого е? Дали кај државата или кај народот. И кај кој народ кај кои приватници. Знаеме дека има приватници многу чесни многу поштени, но немаме добра даночна политика и немаме даночна полиција, што ќе ги оданочи и не смее да бега, веднаш да оди во затвор. Кај нас може да не плати, па и да му се отпише итн. Веројатно изискува голема расправа по оваа материја, еден голем елаборат за тоа што како партии дадовме збор пред нашите бирачи дека даноците и придонесите од доходот, личните доходи од занаетчиите ќе ги намалуваме. Но мораме да бидеме многу попродуктивни за процентот да биде мал на оданочување, а да добиеме маса средства што ќе ги покрие овие општи општествени потреби.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Се јавив повторно за збор, бидејќи во дискуиите сметам дека имаше доста работи коишто не се така регулирани сега во даночниот систем и се алудира на некои работи. Еве конкретно за што се работи.

Прво, овој Парламент може да одлучува само за висината на стапката, стапките на данок, што сега со Предлогот на закон во стапката на данок се и придонесите коишто до сега придонесите ги распишуваа СИЗ, освен за здравствено и пензиско осигурување. Јас затоа не се сложувам со дискутантот кој се јави повторно за да каже дека овој закон треба да се врати бидејќи ако ние одлучуваме денеска, зашто конкретно веќе за стапката на земјоделството, а таа е сега 2,5 и 50% на неземјоделците. Во таа стапка се сите придонеси што до сега ги плаќаа

преку СИЗ, а се сметаат во вкупни односи. Бидејќи ако се високи стапките сега на земјоделците, тие се само за старосното осигурување.

Законот за старосното осигурување го донесе овој Парламент, а стапките за старосното осигурување ги донесува СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување. Ако не можеме нешто како Парламент да придонесеме, тоа е да го измениме постојниот Закон, како што на една од претходните седници имаше да се измени постојниот Закон за инвалидско и пензиско осигурување затоа што во постојниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување сега плаќањето на инвалидското осигурување е задолжително, не е доброволно. Затоа, искажувањата што беа до сега од одделни дискутанти дека ако сакам можам да платам, ако сакам не, не се точни.

Ако нешто треба да направиме во растоварувањето на правите земјоделци, тоа е преиспитување на Законот за старосното осигурување, кое сметам дека е неопходно да се направи во натамошниот период. Инаку, дискусијата од Јумеровска, не се работи сега ние денес да донесуваме дали земјоделците ќе плаќаат и колку ќе плаќаат здравствено осигурување. Тоа го регулира СИЗ за здравствено осигурување и затоа мислам дека не е во склопот на законот што ние денеска го донесуваме. Мислам дека ние денес конкретно кога се работи за земјоделството да одлучиме, има еден амандман кој гласи да има намалување од 2,5 на 2, па и друг амандман кој предлага целосно ослободување. Кога ќе дојдеме за амандманите сигурно поконкретно ќе ги објаснуваме.

Затоа мислам по дискуиите некои работи коишто не беа до крај стручно образложени, а друга е работата што ја потегнаа одредени пратеници во делот на катастарскиот доход. Висината на катастарскиот доход за 1991 година го донесе старото Собрание на последната седница. Таму се вели дека, зависи од одделни категории, најмалото зголемување е околу 13 пати. Ако треба да зборуваме за зафаќањата на земјоделството конкретно, тогаш треба да видиме дали овој закон што е за висината на катастарскиот доход треба да остане онака каков што го донело претходното Собрание или не треба да остане. Мислам дека тие беа некои стручни работи што до крај не беа разработени од страна на пратениците и еве со еден придонес да расчистиме, сигурно ќе се јави и министерот за финансии за да го појасни тоа.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ: (СДСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека многу работи се кажани овдека, не сакам да се повторуваме, а посебно претходната дискутантка пред мене рече и не сакам пак да се повторуваме, останува министерот, соодветниот министер да даде едно поконкретно објаснување во врска со овие зафаќања, посебно од областа на земјоделството, да ни

биде јасна сликата за што треба да гласаме и едно укажување на другарката Ѓулистана, а и на сите лекари и јавноста во Македонија треба да знае дека земјоделците не се против плаќање на здравственото осигурување. За стапката ние можеме да разговараме. Земјоделците сега не плаќаат барем во мојата изборна единица, не се плаќа за ова здравствено осигурување, еамо поради тоа што пензиското осигурување е високо. Поради него не можат да плаќаат и за здравственото осигурување. Значи, овде да бидеме начисто, земјоделците не се против здравственото осигурување. Затоа, барам од соодветниот министер едно конкретно објаснување во врска со овој закон.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, вие се сеќавате дека Предлогот на законот сега е во втора фаза во Собранието и на 7 март беше разгледуван како Предлог за донесување на законот. Во таа прилика ние дадовме и пошироко објаснување околу мотивите за измена на Законот, како и одговори на одреден број прашања кои денес повторно се поставија. Дадовме и одговор на пратеничкото прашање на пратеникот Положани во врска со одлуката за катастарскиот приход. Овде се работи за следниве карактеристики. Сите прашата што се однесуваат на неконзистентноста на даночниот систем од аспект на реформските и други промени што настанаа, држат и ние ги прифаќаме. Најдоцна за еден месец, се надевам и порано ќе биде предложен законот за непосредните даноди до Собранието. По првата работна верзија на тој закон ние оствaривме и одредена соработка со општините, со здруженијата на малостопанствениците, со Стопанската комора и дел од тие сознанија и сознанијата што беа изнесени во Собранието тука се изнесени. Од тој проект ќе има прилика Собранието да даде полн придонес од сите аспекти што денес овде ги покренуваме ако не се во доволна мера внесени, прифатени, елаборирани или ако воопшто не се внесеи. Меѓутоа, овде е суштината на усогласувањето, потребата за спроведување на амандманите 59 до 64 од Уставот на СРМ од кои произлегува промената на надлежноста на одлучувањето во делот на даночната политика  што до сега беше ставена во надлежност на општините како општествено-политичка заедница кои врз основа на меѓурепубличкиот и републичкиот закон за основите на даночната политика секоја година се утврдува нивото на стапките и начинот на постапката. И во образложението во самиот Предлог на законот, и во образложението што го дадовме по повод предлогот за донесување на законот истакнавме дека овде се работи за утврдување на стапките за 1991 година, бидејќи со крајот на годината односно со 8 јануари од стапувањето на функција на ова Собрание, престанува надлежноста на општинските собранија да носат такви одлуки.

Второ, во овој закон, врз основа на уставните амандмани

се интегрираат стапките на даноците и придонесите, републички и општински. Јас и благодарам на пратеничката Стојанова, која многу добро го објасни она што ние на претходните седници го објаснувавме околу пензиското; здравственото осигурување и катастарскиот приход. Меѓутоа, има уште мала потреба околу одлуката за катастарскиот приход низ прашањето на првиот пратеник кој стана овде, ќе ви одговорам дека основа за утврдување на катастарскиот приход служат цените во претходната за наредната или во претходната за тековната. Во одлуката што е донесена на крајот на 1996 година за која пратеничката Стојанова зборуваше тука, се работи со цени од 1989 година. Како што знаете во 1989 година збирниот пораст на цените беше некаде околу индекс две илјади и седумстотини и нешто што значи 27 пати. Ги респектираме сите проблеми што во процесот на производството во расчекорот на примарните цени и слично настанува меѓу цените на репроматеријалите и другите елементи на производството и она што значи зголемување на продуктивност, за да може да се следи општиот пораст на цени од 27 пати и таму е добиен индекс за просечен. Инаку, тој варира, некаде има нешто под тоа, нешто и над тоа, од околу 13 пати. Дали сметано пораст на катастарски приход при непроменети еколошки, агротехнички и други мерки од 50% од општиот претрес на цените е висок јас оставам секој поединечно да направи споредување и оцена. За нас само од тој процент и само од цифрата 13 пати не може да се извлече заклучок ако не се согледа структурата на тој катастарски приход, категоријата на земја, културата на производот итн. од кои можат да се видат дали тие се многу или не.

И еден општ параметар кој во принцип го имаме предвид околу оптоварувањето, зборува дека учеството на приходите од индивидуалниот сектор и посебно од земјоделството, за овие години кога уште не беше приватниот сектор во ваква експанзија каква што е 1990 и 1991 година. Тоа зборува дека учеството на приходите за општа и заедничка потрошувачка или фискалните приходи во Републиката од тој сектор се по правило за 3 до 4 пати под учеството што го има тој сектор во општествениот производ. Според тоа, ние тие непостатоци ќе ги дадеме во образложението на законот, за непосредните даноци, што ќе дојде на расправа, сме ги давале и до сега по повод кога се утврдуваат акти, ќе се види во која мера се оптоварени или неоптоварени, во просек зборувам за Републиката одделни сектори на стопанството.

Неспорно е дека во такви просечни и општи податоци има екцеси и над и под, а ние зборуваме по правило за оние што се над и кои се разбира со реална претпоставка можат да предизвикаат еве и вакви барања за општо намалување на приходите. Според наше мислење тие во овој момент се

сосема доближени до вкупните оптоварувања на стопанските субјекти и во другите сфери на сопственост. Во овој закон разликите во општините некаде од 22 до 81, 81 е индкес Струмица како највисоко оданочено подрачје со локалните. со локалните. Сега се изедначува во просек на околу 50. Се разбира има специфични по култури. Некои од стапките во овој предлог се намалени од 70 на 50. Потоа. од 65 на 50, од 55 на 50, од 25 на 20, од 36 на 30, во образложението ги има, јас само ги изнесувам за да потсетам. Според тоа, неспорни се укажувањата дека во потребата за усогласување на даночниот систем има многу неадекватни решенија коишто треба да се усогласат со стопанскито систем, кои треба да се усогласат со новата стопанска структура што се формира, кои треба да се усогласат и со некои идеолошки промени што настануваат во однос на сопственоста и сл. Дилемата дали данок на имот, дали данок на приходи од имот и оние имаме различни работни верзии и различен приод даваме. Ќе расправаме овде по таа дилема, па ќе се определиме. Има аргументи и за едното и за другото. Прашањето на амандманите ќе го третираме дополнително и јас поединечно не би се задржал.
Уште би се задржал на прашањето вкупното оптоварување на земјоделците од аспект на пензиското и здравственото осигурување. Пратеникот Стојанова тоа многу илустративно го објасни, а јас да го објаснам само следново: во функција на согледување направивме на новите предлози што беа во законите за здравственото и за инвалидско-пензиското осигурување, некои согледувања што укажуваат дека пензиското и здравственото осигурување во однос на катастарскиот приход, не само овде како што е кажано до 375 динари, туку стигаат некаде и до 5 пари да е поголем односно на оптоварување, отколку катастарскиот приход дури и нелогично. Ние таа нелогичност исто така ја напаѓаме како Министерство за финансии од аспект на оваа проблематика. Меѓутоа кога ќе се свртиме сега од аспект на законите за инвалидско и пензиско осигурување и законите за здравствено осигурување каде што на подруг основ се поставува прашањето таму ние не поставуваме кој колку ќе уплати тој толку и ќе формира основица во тие закони викаме основна претпоставка е најниското осигурување да биде толку. Од тоа најниско осигурување кое отприлика се врзува со просечниот личен доход или со гарантираниот личен доход зависно каде како, оттаму тргнува висината на формирање на стапката на инвалидско-пензиското и на здравственото осигурување.
Инверзно е сега, прво, се добива колку треба да се обезбеди основ на осигурувањето после и кога тие два елементи ќе се спојат излегува дека оној кој треба да изврши осигурување фактички не остварува толку колку што треба да плати. Тоа е привидно така. Бидејќи катастарскиот приход од одделан култура има споредени

елементи кои го доградуваат, а кои во пресметката не се вклучени. Дури и да ги вклучиме споредените приходи, сепак е тоа висока разлика. Но, тоа е прашање на концепт на осигурување, дали ќе го изедначиме тоа како што беше некогаш работничкото и ќе го солидаризираме. Во тие времиња кога тие закони се утврдија, собранијата не прифатија таков концепт. Дали сега кога стопанскиот систем се менува и повторно му се дава примат на тоа кој колку ќе придонесе и ќе остварува права. Тоа може да го измениме кога ќе ги имаме соодветните закони кои се надвор од проблематиката на овој закон на дневен ред.
Јас се придржувам кон тие пратеници кои ја ставија таквата забелешка и ние во Министрството имаме сериозна забелешка на тој систем на утврдување на обврската. Во концептот кој е надвор од овој закон, ќе расправаме и ќе видиме каде ќе можеме да застанеме. Последно, во овој момент даночната политика во Републиката не може да даде приоритет на една од функциите на таа политика. Мора даночната политика да се води во комбинирана форма. Значи, да задоволи и фискални потреби, тоа се потребите за општата потрошувачка во Републиката сврзани од државата до сите општествени дејности во кои партиципира Буџетот на Републиката и на општините и социјална која во последните две години е изразито актуелна и присутна и развојна, која настојува низ разните ослободувања, стимулирање и слично да ја обезбедиме. Немаме илузии дека сме го постигнале оптималното ниво на таа комбинација и затоа некои од сугестиите што беа дадени во образложението овде кажуваме и најголемиот дел од тие сугестии се вградени во предлогот. Она што можеше и во оваа расправа од дадените амандмани е прифатено, а за другите конкретности по амандманите ќе расправаме поединечно. па тогаш ако се јави потреба ќеодговориме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој друг бара збор?
За збор се јави господинот Ристо Стаменов.
**РИСТО СТАМЕНОВ: (Странка на југословените)** Славјанка објасни, ако е така членот 3 став 1 точка 1 стапката 1,5се заменува со стапката 2,5. Ако е тоа, 2,5 вкупниот процент за зафаќање на катастарскиот доход на сите даноци е во ред. Зошто, во Информацијата вели вака: "катастарскиот доход прво, републички данок, 1,5". Дали се однесува само за тој републички данок 1,5. Дали се однесува за тој републички данок 1,5 се зголемува на 2,5 или на сите тие даноци, а по точки 2,3 и 4 од Информацијата кои изнесуваат 77,47 се рамни на 2,5. Јас барав одговор на ова прашање ако не го зголемиме катастарскиот приход за 13 пати, ако останат истите стапки, тогаш излегува она што пратеникот Златанов тука го кажуваше дека 5-6 пати ќе се зголемат даноците на земјоделството. Сметам дека не е во ред, бидејќи инфлацијата минатата година ако била 120, 130 или 140, во

оваа рамка ние можеме да ги зголемиме зафаќањата. Не можеме да одиме по десет пати да ги зголемуваме некои приходи. Тогаш се приклучувам на предлогот овој закон да се врати за да моне да плаќаат аконтација. Зашто, ние земјоделството ќе го донесеме во една сосема деветтз положба. Тоа ни е прашањето, дали е тоа така или не е така, па да можеме да се изјасниме.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** На ова прашање ние дадовме одговор, изгледа пратеникот Стаменов дали од друг аспект го гледа или не бевме јасни, да го појасниме.

Стапката од 2,5 не ги опфаќа, а тоа го пишува во образложениeто и колешката Славјанка кажа, стапките на здравственото и инвалидско-пензиското осигурување. Таа ги има во себе другите функции од данокот од земјоделство.

Прашањето на 13 пати зголемена основица, јас објаснив, повторувам, основица од 13 е земена во Одлуката од 1990 година во однос на 1989 година кога индексот на цените беше 2700 и нешто.

Во 1991 година кога ќе ја утврдиме кон крајот на оваа година новата одлука за катастарскиот приход ќе го имаме индексот на порастот на цените во 1990 година, со пораст или индекс од 40 и нешто. Според тоа, по прописот секогаш се зема порастот на цените во претходната година за наредната, односно тековната година. Во 1991 година кога ќе ја утврдуваме одлуката тогаш ќе го имаме предвид индексот на порастот остварен во 1990 година и тогаш ќе видиме по култури дали цените кои во фактичкиот живот функционираат се тие што се прелдагаат во одлуката или не. Значи, разговаравме за фактички цени остварени во претходната година, а не за тековни цени. Никогаш не можеме да го утврдиме ние по тековни цени, бидејќи кога би ги утврдиле денес ние повторно би зеле историски цени од претходниот месец или некој период пред тоа.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Конкретно да се осврнам на прашањето. Во стапката од 2,5 влегува досегашната стапка на републичкиот данок од 1,5% во таа стапка исто така влегува и досегашната стапка на општинскиот данок што секоја општина посебно ја пропишуваше. Исто така, во таа стапка влегува и стапката на образованието која досега беше различна по различни општини, некаде беше 6, некаде 7, некаде 4%. Во таа стапка исто така влегува и стапката за детска заштита, која некаде беше 2, а некаде 2,5 отсто. Во таа стапка влегува и стапката за култура, стапката за физичка култура. Сите тие стапки кои досега посебно се пропишуваат на самоуправните интересни заедници, сега се кумулирани во стапката од 2,5%. Тоа е конкретно.

Инаку, што се однесува за катастарскиот доход, таа одлука ја донесе Собранието во претходниот состав. Дали ова Собрание ќе остане на тоа, тоа е друго или дали ќе бара измена или ќе бара измена на законот кој го регулира

донесувањето на катастарскиот доход за наредните години, тоа е работа на овој Парламент.
**ПОВЕКЕ ГЛАСОВИ:** Сега е јасно.
**СТОЈАН АНДОВ:** Јасно е, ама некои спорови остануваат. За тоа треба да се договориме. Токму сакав да кажам нешто во врска со вашето прашање. Овде има едно прашање околу оптовареноста по основ на катастарскиот доход кој сега се зголемува за 13 пати, а во образложението се вели дека тоа е 50% од зголемените цени во претходниот период. Дали тоа е збирен индекс на цени или цени на земјоделските производи.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Индексот од 2700 е збирен индекс, индекс на сите цени, а 13 пати, односко индекс 1300 се цени на земјоделски производи.
**СТОЈАН АНДОВ:** Еве во што е целата филозофија. Бидејќи останува во постојниот систем на оданочување, само се врши интеграција, во данокот сега вградуваме еден дел од придонесите, тоа е новината. Исто така, ја менуваме основицата на катастарскиот доход. Тука се поставува следново прашање:
Збирниот индекс на цените го содржи индекост на цените на индустриските производи кои се импут во земјоделството и индексот на цените на земјоделските производи кои се аутпут, ножиците на цените, на што укажуваа некои пратеници, ножиците на цените на индустриските производи и на земјоделските производи и сушата од минатата година нашиот даночен обврзник го прават неспособен. Сега да видиме дали зголемувањето на основицата за 13 пати го доведува во ситуација да го прогониме, да му ја продадеме кравата за да плати данок или не е така. Дали имате некој биланс? Тоа е основното, бидејќи во овој момент не можеме да претендираме на измена на системот. Тука министерот многу убаво кажа системот не сме го напуштиле, туку се уште се држиме во таа сфера на договорна економија. Министерството за финансирање располага со еден материјал, сугестии на една приватна американска агенција како да се измени целиот систем на даноци во Југославија, па и во Македонија. Тоа е еден добар материјал и јас мислам на нив ќе им послужи за изградба на тој систем. Таму стои многу добро дека системот треба да се гради на природата на доходите, а доходите имаат три извори, според старата теза што е познато во пазарното стопанство и тоа извор на доход од сопственост, извор на доход од капитал и од труд, а внатре во секој од тие карактерни доходи има многу аспекти кои треба да се фатат и да се изгради даночен приод. Тоа го оставаме за тој систем кој тие ќе го изградат, има материјал за таа работа, има основа и тоа ќе дојде после Уставот. Сега да видиме да не направиме кон земјоделците некоја грешка за која потоа ќе се каеме. Од тоа што е нашето земјоделство од разликата во цените, ножиците во цените и од трите сушни години

индивидуалниот земјоделец е доведен во очајна состојба. Дали тоа го имате предвид и дали туак имате некој приод?
Морам, да кажам дека во решенијата кои ги иамвме, јас не знам колку се покриваат тие, приватниците кај мене доаѓаа, еден дел го опфаќа господинот Петров, во образложеението со амандманот како го дава јас не гледам како се решава тоа прашање. Тој механички го поставува решението. И таму системот треба допрва да проговори. Загуба има и кај приватниците. Не може да нема загуба. Категоријата загуба фактички е од приватната економија. Нашиот даночен систем мора да води сметка за тоа. Меѓутоа, денешниот даночен систем и системот на придонесите не ја почитува категоријата загуба и кај општествените претпријатија, општествениот сектор, не го почитува само кај гарантираните лични доходи, инаку не, ниту пак приватниот сектор.
Оттаму, тие работи ќе се решат со системот меѓутоа, во овој момент има еден проблем кој мислам дека тој го предочил, меѓутоа мислам дека решението не е овде во оваа стапка. Тој ја намалува само целата стапка.
Всушност, каде е проблемот? Проблемот што го укажуваат тие е дека ако личниот доход на сопственикот на приватна фирма не му се смета како личен доход, туку целиот влегува во добивката. Видете, не знам дали тоа воопшто е можно така да го третираме. Тука треба да се размисли. Покрај тоа, во добивката, во доходот му се смета и како основица на стапката оние лични доходи и придонеси што ги исплатил на вработените и малку повеќе. Треба да се види дали тоа е реален приод. Да не ги уништиме во зачеток приватниците, да не ги натераме, извинете, за сламата. Нема да работат. Тие ризикуваат свој капитал, зошто да го внесат? А приодот што го дава Петров е само да се намали стапката. Не знам дали воопшто тоа е приод, само треба да се види во овие наши дадени услови дали може основицата да се менува, од основицата нешто да исфрлиме. Треба да му се признае личен доход како на секој друг.
Мислам дека министерот треба да ни објасни за сите тие работи.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Да почнам прво од ова прашање за катастарскиот приход и сушата. И вчера во една прилика по повод амандманите на Владата дадовме одговор дека во 1990 година како последица на сушата земјоделците со одлуки на општинските собранија кои во тој период беа надлежни за одлучување се ослободени од данокот.
**ЕДЕН ГЛАС ОД МЕСТО:** Кај сите?
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Не можат сите да бидат. Не сите општини, туку тие општини кои имаат прследици од сушата, на тие поседи на кои сушата предизвика штети, на тие поседи каде што имаше штети по други основи. Според тоа, не може една генерална мерка која е врзана со елементарна непогода да важи за сите и таму каде што не била. Тоа е

сосема логична постапка и ако не е вред да ја оцениме. За нас е вред и така беше поставена и реализирана.

За оваа година тргнувајќи од тие аспекти дека такво ослободување за елементарна непогода може да настане само откако евентуално би настанала таква незгода, камо среќа никогаш да нема потреба од таква мерка, затоа и тој амандман не го прифаќаме, но тоа е работа што потоа ќе ја раскраваме.

Околу ножиците на цените јас објаснив, но, веројатно не бев доволно дециден. Ако порастот на сите други цени е 27 пати, токму тој влез на факторите од другите цени што се во земјоделството ако ги земеме со 27 пати, бидејќи тие реално така се одразуваат, ние катастарскиот приход би требало да го направиме не 27, туку над 27 пати, затоа што тие влегуваат во факторите на производство на земјоделците и го намалуваат нивниот доход за трошоците што настануваат. Затоа и се оди на еден индекс на пораст од 1300 односно 13, а не 27 пати, за да му компензира дел од изгубената добивка по однос на поголемиот пораст на цени на неговите фактори отколку што е неговиот приход. Тоа е целата филозофија.

**РИСТО СТАМЕНОВ: (Странка на југословените**) Не е во тоа работата.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Како не е? Ние го објаснуваме и го докажуваме тоа. Ако не е, јас не велам дека нема случаи кои можат да бидат надвор од тој критериум над просекот. Ве молам, да не го објаснувате прашањето на порастот на катастарскиот приход од аспект на зафаќањата за инвалидско-пензиско осигурување. Тоа се дв различни работи. Ние разговараме за методологијата на утврдувањето на катастарскиот приход и за признавање на елементите што значат влезни и излезни фактори на цената.

Според тоа, во цената се земени сите влијанија што можат да го намалат приходот на земјоделските производители, а во излезните фактори каде што тој треба да плати за таа цена, и што треба да плати.

Прашањето на инвалидско-пензиското и здравственото осигурување го објаснуваме и јас и пратеникот Славјанка Стојанова и е сосема друго прашање од овој закон. Треба да ја правиме таа разлика.

Уште едно прашање во врска со личниот доход, што е многу битно прашање. Во досегашната методологија затоа што елементот на личниот доход не се евидентира ниту се исплатува посебно, утврдени се елементи кои претставуваат добитни стапки од вкупниот приход на земјоделците на самостојните занимања и слично и се утврдува добивката. Меѓутоа, кога се оданочува добивката, се зема предвид, кога се формира основицата се зема предвид дали збирот на данокот од доход по оние прописи кои важеа до тогаш, сега го имаме данокот, данокот на добивка и данокот на личен доход даваат еднаков ефект или основицата е девалвирана

за тој ефект. Ако од еден личен доход на работник во било кое претпријатие се пресметува еднаш даноците и придонесите одличниот доход и втор пат од добивката на претпријатието, кога вкупните зафаќања се земат предвид, во 1989 година односот беше во општествениот сектор збирното оптоварување околу 50%, а во другиот сектор некаде околу 65%. Од 1988 година наваму во секоја годишна програма на усогласување на вкупното оптоварување на индивидуалниот и општествениот сектор правевме решенија кои оваа година се сведени на 50 отсто збирно оптоварување, да не може по ниеден основ поголемо оптоварување од 50 отсто да има, може да се доближи со општествениот сектор.

Собранието по расправата по заклучоците има и една задача каде што вели збирното оптоварување да не може да биде 35 отсто.

Јас и тогаш реков ако се сеќавате, тоа може за нас да биде задача да ја оствариме во една програмско трасирана задача зо одреден временски период. Може да се оствари и еднократно.

Собранието мора да биде начисто со тоа кои сфери од сегашната државна управа, општествена потрошувачка, социјални и други потреби ќе биде и во која мера намалена за да одговара на вкупното зафаќање од 35%.

Ние во Владата по однос на тоа прашање оценивме дека во овој момент наглиот рез независно од сите други мерки на рационализација, на трансформација на СИЗ и слично, тие мерки ги преземаме за да се создадат услови за помалку, меѓутоа сегашното проверување не може низ еден потег да го направиме 35% и од проста причина што не само што нема билансни можности, туку опаѓа и ефикаста во стопанисувањето и во стопанството и во индивидуалниот сектор независно што има експанзија во отворање на нови и во преструктуирање во вкупниот фискален ефект, капацитет кој е намален. Ние и на 37% да го намалиме и на 50% да го покачиме ефектот ќе мора да го сообразиме со билансот. Стапката е функција на основицата и на оној биланс што ќе го утврди врз основа на потребите на Собранието.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Очигледно пак сум поттикнат од некои работи, да не бидам погрешно сфатен, да не бидам погрешно разбран. Кога се формира цената на земјоделските производи или цената на зафаќање на данокот одиме со инфлацијата со стапка. Само за пример да спомнам досега има стапка на инфлација некаде од 85% од јануари до мај оваа година, меѓутоа ако видиме кој учествува во формирањето на цената на земјоделскиот производ, само за пример ќе кажам дека една вреќа ѓубре во јануари изнесуваше 165 динари,а сега една вреќа ѓубре изнесува 360 динари. Според слободна процена овде има пораст од 110% и сега да се прашаме како може кога ќе дојде во прашање во зафаќањето на цената, на пример, за даноците

да се базираме чисто на инфлацијата, а од друга страна нема никаков стимул за формирање на цената на земјоделските производи, стимул во смисла на тоа нема увоз да донесеме поефтини ѓубрива, поефтина земјоделска механизација и сите агротехнички мерки, кои, исто така, ќе влијаат врз формирањето на цената на производството.
Работите не треба да ги гледаме само од една страна туку да ги гледаме адекватно и од едната и од другата страна за да може земјоделецот на некој начин да заживее. Во спротивно ако и понатаму оваа Македонска влада се плаши од богат селанец, јас слободен сум да го кажам моетомислење, на оваа земја ќе и нема среќа, затоа што вели, богат селанец богата држава.
**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Господин претседателе, господа пратеници, јас повторно се извинувам, но бирачите не тераат да настапуваме и да ги браниме нивните интереси. Јас сакам само да укажам на господинот министер што ги уфрлува земјоделските цени со 28% со другиот пораст на цените во општествениот живот. Јас не знам да сметам стапки, но овде велам јас не ја барам трагата на волкот коа е волкот пред мене. Земјоделецот го интересира што ќе плати. Дали со се сите давачки ќе му биде два ипол пати или десет пати, јас знам дека тоа што се однесува на социјаното осигурување е одделно и со закон донесено, меѓутоа, кога ќе ги ставиме сите давачки што ќе остане за него. Тоа е прашањето кое треба да го разбереме. Зошто одиме по трагите кога волког е пред нас? Еве една илустрација:
Во 1990 година само наводнување на 1 хектар, ако се земе во пченица, земјоделецот требаше да даде 150 килограми пченица. Јас зборувам за подрачјето што се наоѓа околу Битола, а другите ќе кажат како е кај нив. Во 1991 година за истата земја треба да даде 600 килограми пленица. Овие се точни показатели. Сега треба да даде 1.000 кгр пченица за 1 килограм ѓубре и да не ги набројувам другите производи. Што може да купи со 3 динари,не е 3 динари партичната цена на пченицата. Фактичката цена на пченицата ќе биде 2,80 динари, еве нека е 3. Колку треба вложување за да се дојде до 1 кгр пченица, тоа треба да го цениме, а што ќе купи со тие 3 динари, дали има мастика за џвакање.
**РИСТО СТАМЕНОВ: (Странка на југословените)** Јас знам дека цените колку растеа и земјоделците се согласуваа да биде и 2700 порастот на катастарскиот приход, меѓутоа стапките не можат да бидат по 200 и 300% од зафатот на катастарскиот приход. Еве еден пример како земјоделецот плаќал минатата година, а како ќе плаќа оваа година. Републичкиот данок на промет плаќал 14,9 динари сега треба да плаќа 166,30 динари. Општински данок минатата година плаќал 79 динари, а сега треба да плаќа 887 динари. Придонес за образование плаќал 198, а сега треба

да плаќа 2,217 динари и да не ги набројувам натаму зашто ист пораст имаат и на крај минатата година платил 4.932, а сега требада плати 312 или 5 в 31 тоа е 6 и толку пати треба да плати тој пари на државата. Јас не зборувам за тоа колку изнесува оваа година, меѓутоа ако минатата година требало да плати 100 динари оваа година порастот на цени: ако е да речеме еден или двапати поголеми давачки тој плаќа 6 до 7 пати поголеми давачки. Со тоа сакав да кажам ако не ги одбиеме трошоците до земјоделецот да плаќа како што плаќаат во општествениот сектор сигурно тие пари ќе бидат далеку помали. Проблемот е во тоа што го изедначуваме катастарскиот приход на денешни вредности, меѓутоа стапките што ги имаме ги нема никаде во светот.

Нашата даночна политика не е променета од Слутан Хамит до денеска, таа е останата уште од тогаш. Ако веќе ја менуваме тогаш да не правиме проблеми, да остане оној предлог што беше даден аконтација да плаќаат, а за месед два да измениме и да имаме сосема нормална даночна политика. Никој од земјоделците, од занаетчиите од малото стопанство не се буни и не се спротивставува да плаќа данок. Тој ќе плаќа, меѓутоа сака да биде изедначен со општествениот сектор, инаку тие со задоволство прифаќаат и би сакале да се изедначат со општествениот сектор. Зошто? затоа што кога ќе се изведат трошоците тогаш на остатокот ќе плаќа со исти стапки како што плаќа општествениот сектор. Ако има загуби ќе биде ослободен како што е ослободен општествениот сектор.

Мене ми е јасно дека цените на земјоделските производи биле 13 пати и 13 пати се земени,тоа е во ред, но сите тие стапки што се даваат истите тогаш тој треба да плати 6 до 7 пати поголеми давачки без разлика дали е данок. Земјоделците не сакаат да бидат ослободени од данок. Зашто минатата година беа ослободени, меѓутоа тоа ослободување што значи? Ако еден земјоделец платил 100 динари вкупно, данокот во тие 100 динари изнесувал од 15 до 25%, 75% се социјално, пензиско осигурување и од тоа не е ослободен ни еден придонс и со тие 15% ослободување нема никаква корист од онаа штета од сушата што ја имаше претрпено.

Предлогот на амандманот што е даден да се ослободат земјоделците од плаќање на данок тоа значи дека од вкупното зафаќање што тие треба да го платат ќе бидат ослободени зависно од 10 до 25% толку учествува данокот во вкупните зафати ако ги исклучиме придонесите и другите давачки. Според тоа, земјоделецот не бара да биде ослободен од ова тој број бара да биде нормално оданочен по сите норми. Овде Славјанка изнесе дека ние не можеме од одредени категории да ги ослободиме бидејќи ние тука не ги донесуваме, па затоа да кажеме што може овде да се направи, а што да се инсистира во самоуправните интересни

заедници да се направи,за да може кога ќе се симнеме кај нив да дадеме и адакватен одговор што сме направиле, да видиме дека се води политика за таа работа.

Му реплицирам на Тошевски, мене ми е јасна потполно оваа работа, но стапките се такви и вие знаете какви се зафаќањата и затоа ако има можност ова за одреден период да се одложи и би било добро да се донесе некое добро и корисно решение. Зошто ова го велам? Затоа што сега со овие оптоварувања аконтациите кога ги пуштаат во општините не можат да ги платат луѓето имајќи ја предвид онаа забелешка што ја даде претседателот на Собранието, не им ги заверуваат книшките, мислам сега дека настануваат редици проблеми кои што прават еден проблем што значи повеќе има штета одколку што ќе добие корист од овие работи. Од сите тие причини јас сметам дека треба да се најде излезно решение барем за еден до два месеци да може да се реши ова прашање, тие аконтации да ги платат, да се заверат книшките за да можат да користат здравствена заштита за да може на крај ова прашање правилно да се постави.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ: (СРСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска на дневен ред е донесување на Законот за републичкиот данок на граѓаните. Ова прашање е многу чувствително и се зафатени сите граѓани од Републиката и треба да плати кој повеќе кој помалку, меѓутоа јас мислам овој закон дека треба да биде некако најправичен закон и секој граѓанин кој остварува приходи треба да плати.

Јас би се задржал повеќе на земјоделството кое е изложено на невреме, на суша последните години, а последните три години сушата ги дотера до тој степен граѓаните да немаат средства за живот и ние денеска ако донесеме ваков закон, многу повисоко оданочување сигурно ќе направиме еден преседан пред нив и би требало да погледаме и да направиме некои пресметки и калкулации колку во земјоделството се вложува за еден декар, за еден хектар површина трошоци, кои се со кои цени влегуваме, а што добивме, односно кои приходи ги добиваме. Ние оданочуваме на катастарски приход. Катастарскиот приход не е доход кој е остварен туку е предвидена една сума според бонитетот на земјата и врз таа основа ние оданочуваме, меѓутоа, мислам дека треба да се оданочува на доходот. Приходите коишто се добиваат, минус трошоците кои се внесени, на разликата да се оданочува, на тој начин ќе има правичност. Само тој кој има тој плаќа данок, тој кој нема тој нема да плати данок,

Овие три години беа погодени од сушата, некои земјоделци се ослободени од данок меѓутоа, не е утврдено, а би требало комисиски да се утврди колкава е штетата, таква штета не е утврдено, и по барање на граѓаните заради големата работа што ја има државната администрација во

општините не е утврдено колкава е штетата и поради тоа граѓаните не добија ништо и моражe да го платат данокот и го платија данокот.
Кога разговараме за регресите, премијата исто така тие се отежнати решенија да дојдат до граѓаните и да ги примат средствата дирекно за пролетната и есенската сеидба и регресите да ги добиваат тогаш кога купуваат, а премијата да ја добиваат тогаш коа продаваат производство, тие сепак отежнато се добиваат, или со години не се добиваат, добиваат некои организации и не ги пренесуваат поради блокадата, поради неликвидноста, поради неработењето на платниот промет и другите проблеми кои го следат стопанството, но јасно е дека тие во земјоделството не доаѓаат. И оваа година иако Владата направи доста напроди, даде средствата а земјоделството директно на земјоделецот да се изврши пролетната сеидба, меѓутоа се до денеска тие средства не дојдоа до земјоделецот иако министерот кажа за Кочани дека мораат средствата да бидат дадени на земјоделецот, а ќе биде извршена и контрола, за да се изврши пролетната сеидба тие средства до ден денеска не дојдоа до земјоделецот. Мислам дека таа администрација што ја имаме на некој начин треба да се упрости за да биде поефикасна, побрза. Знам дека на буџетот му требаат, знам и тоа дека буџетот се уште не е донесен и се прават пресметки и калкулации како и на кој начин да се изнајде активната состојба, односно приходите, од каде средства за да се покријат расходите, меѓутоа треба да појдеме и да видиме кога ќе ги извршиме програмите почнувајќи од сојузните органи. Дали ни треба толкава администрација во сојузните органи зашто некои велат од ослободувањето до денеска кој е отиден во синдикатот, Социјалистички сојуз и во другите органи во Белград, односно во сојузните органи се уште не е вратен, а и други нови одат таму, да се види дали сите тие се потребни таму или може нешто да се направи рационализација сојузните органи, што треба да плаќаме, односно да се види финансирањето.
Исто така, во Републиката да видиме за СИЗ, дали ни треба толку оваа администрација во општините, еве законот за локалната самоуправа се уште не е донесен, меѓутоа тие на некој начин земаат лични доходи и прават други трошоци и поголеми трошоци прават отколку што правеле особено сега кога се кажа дека Владата ги презема сметките на 31 март сите средства се пренесуваат на Републиката по министерства и тие средства пак се трошат во општините и ништо како да не се случува во општините па затоа мислам до кога вака ќе одиме и со рационализација треба да појдеме од доле па до крај да се издрши, тука средства ќе заштедиме. Се да направиме што може да ги зголеми средствата, односно приходите, на некој начин да се обработи земјата. Имаме 143 илјади хектари несбработлива

земја која 1949 годиан била обработлива земја, а денеска не е обработлива. Денеска стока на број имаме толку колку што имаме, меѓутоа сигурно имаме осум пати помалку. Земјата е неискористена, пасиштата се неискористени, оданочуваме и за пасишта, и на секој начин го оданочуваме земјоделецот така што да не му овозможуваме да го даде она производство што го давал порано.
Мислам напорите треба да бидат заеднички и треба на секој начин да ги искористиме сите постоечки резерви и во индустријата и во земјоделството и во сообраќајот и во другите кои постојат, со цел да создаваме живот, а исто ќе имаме и подобри приходи и за Републиката и за општините.
**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА: (ПДП)** Почитувано претседателство, почитувани пратеници изгледа дека малку отидовме од темата, овде денеска изгледа повеќе зборуваме за состојбите на аграрот за кое требаше да зборуваме одамна. Колегата Петров одамна се интересира за тоа прашање. Меѓутоа ние се уште не го поставувавме на дневен ред, иако знаене дека состојбите се многу тешки. И од оваа сета дискусија денеска што ја водиме произлегува следново.
Прво, изгледа кај некои не се јасни некои работи. Треба да разликуваме даноци и придонеси. Состојбите, начинот како порано се делеа работите, односно како беа зафаќањата на индивидуалниот сектор. Сега ми се чини дека се разликуваат. Имаме две различни методи. Порано влегуваа сите давачки и оние што се однесуваа на придонесите за здравствено и пензиско осигурување влегуваат во даноците. Така што добиваа индивидуалните земјоделци едно решение при оданочувањето. Денеска станува збор за друго кога имаме одреден изменет начин на оданочување на земјоделците. Станува збор за даноци и за придонеси, како што колекшата Славјанка објасни дека тие ги одредуваат СИЗ. Прво, таа работа треба да ја знаеме за да не бидеме во забуна. Меѓутоа, кога зборуваме за индивидуалниот земјоделец тој поинаку ѓи разбира работите. За него е важно колку тој ќе плаќа, тоа што колегата Мицевски го рече. Тука ни е битна работата. Кога станува збор за тоа дали коефициентот е 13,5 пати, тоа е јасно. И едно треба да имаме на ум дека 13,5 пати е заради тоа што ние во 1989 година имавме голема инфлација која не е присутна во 1990 година, односно оваа година не знаеме како ќе биде, но верувам дека нема да биде она што беше. Заради тоа има вакви зголемувања.
Меѓутоа, тешките состојби на аграрот ни налагаат ние тука да најдеме одредени излезни решенија како ќе му кажеме на тој земјоделец да ја работи нивата, да не останат нивите не обработени бидејќи знаеме дека сите на децата им велиме "учи за да не бидеш овчар" или "учи за да не работиш". Заради тоа мислам дека ние одредена аграрна

политика преку оваа даночна политика мора да ангажираме и да спроведеме, да постигнеме за да биде земјоделството и натаму интересно за луѓето кои останале, а кои не се враќаат, бидејќи тука еден од колегите тоа го кажа, дека никој не ни се вратил од таму каде што отишол. И нормално, никој не сака потешка работа, а помалку пари. Излезот од овие состојби е во тоа ние да креираме правилна аграрна политика и на една од првите наредни седници да дискутираме за аграрот.
Денеска имаме на дневен ред точка во која ќе стане збор за одредени субвенции во земјоделството. Меѓутоа, ние ако не креираме правилна аграрна политика, аграрот, односно овие зафаќања што ги имаме во земјоделството сигурно дека ќе имаме уште цртешки состојби. Претседателот зборуваше за некои работи, но во приватниот сектор, односно станува збор за личниот доход што не се оданочува и не претставува трошок. Министерот даде одговор, меѓутоа јас би додал дека и таму има за другите дејности има одредени работи кои ќе треба ние да ги корегираме. Тоа се исто така трошоци. Не е само што не се признава во приватниот сектор личниот доход на оној кој се занимава со приватна дејност, туку не влегуваат и трошоците за здравствено и пензиско осигурување.
Кога се прави пресметката кога ја поднесуваме пријавата, јас сум еден од тие кои поднесуваат таква пријава, затоа ми е позната оваа работа, таму нема ставка да ми се одбиваат трошоците за здравствено и пензиско осигурување. Понатаму што прават во финансии, не ми е познато. И уште нешто да кажам, онаа стапка од 2,5% ако земеме реално таа не е воопшто висока стапка. Верувајте едновреме работев во слични органи, па ја знам состојбата. Со тие 2,5% не можат да се покриваат ниту личните доходи за наплата на тие придонеси.
**СТОЈАН АНДОВ:** Треба да се договориме. Сигурно е дека се наоѓаме во еден расчекор од една страна господинот Ајдарага вели состојбите во аграрот или аграрна политика, јас би рекол сега, состојбите на селанецот, приватниот селанец. Тоа е проблемот и оние кои имаат приватни фирми надвор од земјоделството, а од друга страна билансни потреби. Овде имаше сугестии што се да се намали, но тоа е подолгорочна работа и на тоа треба да се работи. Меѓутоа Владата треба да се произнесе, некаде да не пукне, било на која страна. Затоа министерот сега треба да ни каже што значат овие предлози да се задржат аконтациите за еден два месеци. Дали е тоа можно и што пореметува тоа? Ако тоа не е можно, ние денес треба да одиме на усвојување на законот и да ја задолжиме Владата многу внимателно да следи се што се случува со неговата примена, редовно да не информира и да предлага измени на овој сектор. Ако нема некои крупни последици и моментално можат да се задржат аконтациите, тогаш се добива месец

или повеќе време да се доучат состојбите, да се следат и да се види што да се направи. Министерот треба нам да ни каже. Не можеме без Владата да работиме на тоа, бидејќи тие се меродавни.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мене ми е непријатно по едно исто прашање неколку пати да давам одговор, но тоа го налагаат приликите. Многу ми помогнаа и пратеникот Стаменов и пратеникот Ајдарага. Ние денеска во рамките на овој закон разговараме за вкупното оптоварување. Ние денеска за земјоделството разговараме само за вкупно оптоварување од 2,5%, со овој проект денеска што го расправаме. И Стаменов и Ајдарага кажаа дека тоа е што од земјоделството се зема за државата, аз образованието, за културата и за другите општествени дејности освен пензиското и здравственото осигурување. Сосема друго е прашањето на катастарскиот приход. Тој има функција од аспект на стапката, бидејќи таа се применува на таа основица, но тоа прашање не е овде, тоа е во одлуката на Собранието и ние објаснуваме дури и ако заклучи Собранието да ја преиспитаме одлуката за 1990 година јас сум уверен дека и ова Собрание ќе ја утврди истата одлука дури по некои цени ќе рече, зошто се тие цени земени? Еве зошто.

Пратеникот Јовчески упати дека не се земени во цените овие и овие елементи. Ве молам, цената е утврдена на ниво како да е "цена"од 1989 година. Производот се продава по денешна актуелна цена, која е во принцип поголема, да не кажеме за колку, а во принцип е поголема. Дали има спор во тоа прашање? Мислам дека нема. Според тоа, цената за 1989 година формирана вака како ја објаснуваме досега е многу пониска и од тогашниот просечен ниво на цени, а уште повеќе од актуелната цена денска. За периодот од година и пол од прилика се авансира земјоделецот со средствата од таа разлика во цени. Проблемот на личниот доход и на овие други давачки го објаснувавме. Тој е содржан во добивката, односно во остатокот по одбитните ставки во основицата за оданочување затоа што поединечно не се искажува. Во новиот систем што се предлага таму се применува, предложекм е иста методологија за утврдуваше на даночната основица за сите, но тоа создава и друга обврска која исто така, некој ќе ја нападне овде дека треба евиденција, дека треба жиро сметка, дека треба книговодство итн се е врзано со нешто.

Законот има потреба да се донесе затоа што е поповолен од постојните решенија. И во образложението пишува, а и кажав усмено дека еден број на стапки се намалуваат во однос на постојните. Иако се спојуваат и општинските и републичките во едни, тие збирно се намалуваат. Тоа збирно намалуваше важи за нивото на Републиката. Во однос на некои општини има разлики.

**СТОЈАН АНДОВ:** Значи имаме една материјална причина за донесуваше на законот. Материјалниот ефект е поповолен за обврзниците општо земено и во просек, тоа е доказот што го наведува министерот. И треба да веруваме бидејќи истите тие обврзници ќе не прашаат зошто им задржуваме од донесуваше поповолно решение од она кое сега се применува.
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес по текстот.
Кој бара збор?
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Имам конкретни предлози на заклучоци кои шроизлегоа од дискусиите.
Прво, Собранието на СРМ сериозно препорачува на Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигуруваше да ја преиспита Одлуката за висината на стапките и групите на основици за осигурување на старосното осигуруваше на земјоделците.
Понатаму, предлагам да се преиспита Законот за пензиското и инвалидското осигуруваше, односно старосно сигуруваше за земјоделците.
Трето, да се преиспита Законот со кој се регулира уредувањето на висината на катастарскиот доход.
**СТОЈАН АНДОВ:** Отворам претрес по текстот на законот.
Бидејќи Предлогот на законот содржи одредби кои имаат повратно дејство прво тоа да го утврдиме. Согласно со членот 262 став 2 од Уставот на СР Македонија, Собранието треба да утврди дали постои општ интерес за усвојуваше на овие одредби.
Јас мислам дека во последното излагаше на господинот Тошевски имаме доказ за тоа, затоа што овој закон е поповолен за обврзниците и постои интерес да се применува повратно.
Имаме изјава од Владата за тоа.
Дали Собранието прифаќа дека постои општи интерес за повратното дејство на одредбите на овој предлог на закон.
Кој е за да крене рака (Пратениците креваа рака).
Дали има некој против? (Нема.)
Дали некој се воздржува? (Еден пратеник).
Значи се прифаќа Законот да има повратно дејство.
Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1,2,3 и 7 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.
Пратениците Тодор Петров и Славјанка Стојанова поднесоа писмени амандмани на членовите 2,3,4,6 и 7, како и за додавање на нов член 7-а, кои ви се поделени, односно доставени.
Комисијата за финансирање и буџет ги разгледа амандманите на пратеникот Тодор Петров и истите не ги прифати, освен

дел од амандманот поднесен на член 6-в став 1. Додека амандманот на пратеникот Славјанка Стојанова го прифати во целина.
Исто така и Комисијата за земјоделство и шумарство поднесе амандман на член 6-в со кој не се согласи претставникот на предлагачот. Владата не ги прифати поднесените амандмани.
Согласно одредбите од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.
Отворам претрес по амандманот 1 на пратеникот Тодор Петров на член 2 став 2. Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
**ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник)** Бидејќи на Законот за даноците на граѓаните се поднесени вкупно 20 амандмани, за да не се изјаснува Собранието, односно Парламентот непотребно за некои за коишто ги прифатив, ќе кажам кои ги повлекувам од процедура, односно го прифаќам мислењето на Владата, а за кои ќе барам Собранието да се изјасни независно од ставот на Владата којшто е негативен по нив. Според нумерираните браеви кои што јас ги доставив по нив. Според нумерираните броеви кои што јас ги доставив на амандманите, во мислењето на Владата зголемени се за уште еден. Амандманите 1,2,3,8,10,13.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали се однесуваат сите на овој закон?
Јас има овде 5 ваши амандмани.
**ТОДОР ПЕТРОВ:** Тогаш останувам при истите амандмани во однос на 5-те амандмани што ги поднесов.
**СТОЈАН АНДОВ:** Одиме по редослед, по предложените текстови на амандманите од пратеникот.
Отворам претрес по Амандманот I.
Дали некој друг бар азбор? (Никој).
Претставникот на Комисијата дали останува на ставот да не се прифати амандманот? (Да).
Претставникто на Владата, исто така.
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (15 пратеници).
Кој е против? ( 39 пратеници).
Дали има воздржани? (13 пратеници).
Значи, има 67 присутни, па можеме да работиме.
Констатирам дека овој амандман Собранието не го усвои. Тоа е амандманот I поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот II на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали предлагачот останува на своето мислење? (Останува).
И претставникот на Владата и претседателот на Комисијата остануваат на тоа да не се прифати амандманот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот II.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (11 пратеници).
Дали има некој против? (42 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (19 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот II поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот III на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали Комисијата останува на тоа? (Останува).
Дали претставникот на Владата останува на тоа? (Останува)
Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот III.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).
Дали има некој против? (41 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот III поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот IV на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Тоа што сте го прифатиле вие и Владата тоа е составен дел на Законот. Меѓутоа, тоа не го одвраќа господин Петров да бара целиот амандман и тој се изјасни дека оди со целиот амандман. Вашиот став дека еден дел сте усвоиле има политичко значење во текот на расправата, во изјаснувањето нема значење.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака, се разбира оној дел од амандманот што е усвоен и ставен во текстот на законот. Тој ќе си има друга судбина кога ќе го усвојуваме текстот на законот.
Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници).
Дали има некој против? (41 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот IV поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот V на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати, а и Владата останува на своето.
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот V.
Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници).
Дали има некој против? (41 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по дел од амандманот IV на пратеникот Тодор Петров што го прифати Комисијата за фианнсирање и буџет и е содржан во нејзиниот извештај.
Дали претставникот на Владата го прифаќа овој амандман?
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитувано претседателство, Владата го иамше и со внимание го проследи овој дел на амандманот кој Комисијата за финансирање и буџет го прифати. Меѓутоа, бидејќи има доста специфични состојби со селските населби во кои стандардот на становите и целата друга инфраструктура и слично е блиска на градските и кои во функција што треба да ја оствари тоа ослободување немаат ист третман како оние кои во Законот веќе се пред видени селски населби во кои треба да биде ослободувањето, оцени дека во оваа фаза не треба да биде прифатен, бидејќи оние специфични ридско-планински, погранични, напуштени раселени и други подрачја кои имаат интерес да бидат стимулирани да може да се одржува одреден живот и да се одржуваат објектите ги внесе во самиот закон. Според тоа Владата не го прифати и овој дел од амандманот.
**СТОЈАН АНДОВ:** Како што гледате овој дел од амандманот Владата не го прифаќа, тоа останува сега како предлог на Комисијата.
Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Овој текст што го усвоила Комисијата во својот извештај, го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (50 пратеници) .
Кој е против? (10 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници).
Констатирам дека овој текст во Извештајот од Комисијата е усвоен.
Отворам претрес по амандманот I на пратеникот Славјанка Стојанова.
Овој амандман е поддржан од Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на СРМ.
Владата не го прифаќа.
Дали некој друг бара збор?
**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Мој предлог е овој амандман да го повлечеме бидејќи е еднострано ослободување од плаќање данок, нема да води кон ништо. Сушата како изговор за моите претстави не може да биде причина.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).
Дали има некој против? (29 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (15 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот I поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова.
Отворам претрес по амандманот на Комисијата за земјоделство и шумарство содржани во извештајот на Комисијата.
Го молам претставникот на Владата на СРМ да се произнесе по поднесениот амакдман.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Остануваме на ставот, не го прифаќаме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на Комсијата.
Кој е за молам да крене рака. 28 пратеници.
Дали има некој против? (20 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (14 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Комисијата за земјоделство и шумарство.
Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот го ставам на гласање.
Молам, кој е за, да крене рака? (66 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граганите.
Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет предложи да се донесат три заклучока.
Има збор пратеникот Славјанка Стојанова.
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Заклучоците произлегоа од расправата. Како прв заклучок е:
1. Собранието на СРМ сериозно препорачува на СИЗ за пензиско и старосно осигурување да ја преиспита одлуката за висината на стапките и групите на основци за осигурување.
2. Предлагам да се преиспита Законот за пензиско односно старосно осигурување на земјоделците и
3. Преиспитување на Законот кој го регулира утврдувањето на висината на катастарскиот приход.
**СТОЈАН АНДОВ:** Го слушнавме предлогот на заклучокот.
Дали некој бара збор во врска со тоа? (Никој).
Ако никој не бара збор, предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници).
Дали е некој против? (Никој).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека заклучокот што го прочита овде госпоѓа Стојанова е усвоен.
Молам Комисијата за градежништво да се повлече во соба 105 и да продолжи со работа. Тоа да го направи за време

на паузата.
Предлагам да направиме пауза.
Седницата прекина со работа во 13 часот.
(По паузата).
**СТОЈАН АНДОВ:** Преминуваме на шестата точка - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот **за општонародната одбрана, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и на Законодавно-правната комиаија ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:
Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за општонародната одбрана.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека заклучокот е усвоен.
Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?
Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).
Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.
Отворам општ претрес по Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,
Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.
Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана поднесе амандман на член 41, а Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 4,11,23,28,29,30,31,34,39,40 став 2, 41 став 2,43 став 6,44,45,57,70 став 3,79 став 2,80.96 став 1, 141 и 148, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие претставуваат составен дел на текстот на Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор?
Има збор Михаил Пановски.
**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Би сакал само да кажам, за да го разјаснам овој Предлог на закон изгубив најмалку 7-8 дена.
Тука пишува, во точка 3, во уводот вели: "Не е прашање донесување на сложен и обемен закон".
Во член 4, за да се објасни истиот треба да се погледнат најмалку 20 или 30 други членови кои се повикуваат на овој закон. Би прашал, ако е во можност ми се даде пречистен текст на предлогот на законот доколку пратениците да гласаат не само колку да помине редот, туку како им наложува нивната совест односно дали го имаат прочитано законот или не.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој бара збор? (Никој).

Дали претставникот на Владата ќе одговори на тоа прашање.
Има збор Тодор Хаџистанков.

**ТОДОР ХАЏИСТАНКОВ:** Законот за изменување и дополнување на Законот за општонародна одбрана, пречистен текст е донесен во мај 1988 година. Законот како основен закон е донесен 1984 година. Извршени се измени и дополнувања во 1987, 1988, 1989 и 1990 година кога се усогласуваше со казнените одредби.

Со донесувањето на амандманите на Уставот на СРМ и со губењето на статусот на општината како општествено-политичка заедница, ние бевме должни и овој закон да го усогласиме со амандманот на Уставот на СРМ особено со одредбата на амандманот 69 и членот 25 9 од Уставот на СРМ.

Основниот закон има 372 члена. Ние бевме должни да го усогласиме, практично да исчистиме се она што општината го имаше како општествено-политичка заедница во надлежност за подготовките на ОНО и имавме ние во општината разни тела што беа комитетите за ОНО, ОСЗ, имавме општествено-политички организации, совети, извршни совети, собрание, претседателство на собрание. Во сите тие тела и органи имаше одредби од надлежност на ОНО.

Понатаму, во овој закон направивме и една ревизија, едно исчистување и во поглед на Републиката и републичките органи. Вие знаете дека Претседателството на Републиката веќе не постои, имаме претседател на Републиката, каде што ингеренциите од Претседателството поминаа во надлежност на претседателот на Републиката. Понатаму, во Собранието на СРМ во поранешниот состав имавме 3 собори, па соборите беа надлежни, особено Општествено-политичкиот собор беше надлежен за работите од областа на ОНО. Сега се тоа помина во надлежност на Собранието како единствен парламентарен дом во Републиката.

Видовте дека ние се согласивме со сите предложени амандмани, се јавуваат во 2 облика. Едните се од правно-техничко подобрување на текстот, а вторите се од суштествено подобрување и едни материјални одредби. Во таа смисла ние го подобривме особено во правата на претседателот на Републиката, во членот 41 каде што велиме дека претседателот на Републиката, по негов предлог Парламентот ги именува членовите на Советот за прашањата од народната одбрана.

Во постојниот закон имавме одредби каде што постоеја повеќе центри за обука во Републиката. Сега, правиме рационализација и правиме само еден центар за обука во Републиката.

Исто така, во сите општествено-политички заедници постоеја служби за набљудување и известување. Сега вршиме рационализација и правиме единствена републичка служба за набљудување и известување како и една служба за врските за раководење на ниво на Републиката.

Делегатот Пановски кога го постави прашањето дека законот е обемен, ние не би се согласиле, затоа што јас кажав дека законот има 372 члена. Напротив, ние овде направивме една рационализација на текстот, и една, така да кажам, стручна, правна техника на искажување на изменувањата и дополнувањата. Затоа, со еден член ние направивме повеќе измени и дополнувања. Јас знам дека е тешко да се снајде. Основниот закон ние кажавме овде каде е објавен, во образложението, во сите службени весници и изменувања и дополнувања и мислам дека со едно вакво правно-техничко одобрување ние успеавме да дојдеме до 149 членови. Инаку, сигурно би биле уште 100 члена повеќе, ако применевме една вообичаена правна техника на нормирањето. Во таа смисла на сите одредби кои ние ги менуваме, составен дел на предлогот на овој закон се постојните автентични одредби што направивме извод од законот во кој е извршен пречистен текст во 1988 година.
Ние и во образложението кажавме а чувствувам потреба да кажам и пред вас дека во текот на оваа година ќе се донесе нов закон за општонародна одбрана кој ќе биде во согласност со Декларацијата на СРМ за суверенитетот. Дотогаш сигурно ќе имаме и други промени и во Републикава, Уставот и во Сојузниот закон за ОНО, така да очекуваме овој текст и овие измени и дополнувања да имаат важност само 7-8 месеци додека не донесеме нов закон за ОНО.
Јас ве молам текстот таков каков што е да го прифатите. Ние стоиме на тоа дека не е сложен, дека е обемен, а обемен е по тоа што има 149 члена. Сепак, уште еднаш да кажам ние тука направивме една нова техника за рационализација на текстот. Инаку сигурно би биле преку 200.
Еве тоа се битни измени што ги содржи законот. Суштината е усогласувањето, уште еднаш да потврдам со амандманот на член 69 кога општините како општествено-политички заедници престанаа да функционираат, а да може Министерството за народна одбрана да ја врши својата функција во смисла на член 115 од Законот за органите на управата, ние бевме принудени да донесеме еден ваков закон.
Ве молам, законот да го усвоиме.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по на Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (2 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (9 пратеници).
Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за општонародна одбрана.

Барам да се вратиме на петтата точка.
Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваат).
Преминуваме на петтата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.
Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за финсирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.
Исто така, поделени ви се амандманите на пратениците Тодор Петров и Славјанка Стојанова.
Отворам општ претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Владата на СРМ поднесе амандмани за внесување на нови членови 34-б и 34-в и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.
Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ поднесе амандмани на членовите 10, 27 и 31 и амандмани за бришење на членовите 30, 32 и 33 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.
Пратеникот Славјанка Стојанова поднесе амандмани за внесување нов член 34-а, кој е прифатен од Комисијата за финансирање и буџет.
Со овој амандман се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на предлогот на Владата.
Пратеникот Тодор Петров поднесе повеќе амандмани кои ги разгледа Комисијата за финансирање и буџет.
Со амандманите на членовите 8,9 став 1,15,19,38 и 40 се согласи Владата на СРМ и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на законот.
Согласно со одредбите од Деловникот на Собранието на СРМ Собранието треба да води претрес по секој од амандманите кои ги прифатила Владата на СРМ.
Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали господинот Петров инсистира да го даваме на разгледување?(Да).
Ставот на Владата е дека не го прифаќа.
Дали Комисијата го менува ставот? (Не).
Дали некој бара збор?
**ТОДОР ПЕТРОВ: (независен пратеник).** Сметам дека е сосема оправдано во Законот за даноците на граѓаните да се додаде нов данок на приход од игри на среќа и автомати, бидејќи досега таков данок не постоеше туку постоеше само данок на добивка од игри на среќа.

Со оглед на тоа што во казината и салоните за автомат во рамките ан казината и хотелите, независно што се во својство на правни лица имаме организирано таква дејност, односно игра на среќа и автомати, во истите се остваруваат огромни приходи кои верувам со утврдување на посебен данок, па макар и за приватното лице само на делот од добивката односно на приходи кои се остваруваат од игри на среќа и автомати, потребно е да се изврши соодветно оданочување и за тоа да се утврди посебен данок од приходи од игри на среќа и автомати.
Ако ние не го прифатиме овој амандман во процедура ќе внесеме измена на законот за игри на среќа и автомати и доколку оваа дејност се овозможи да ја вршат сите заинтересирани субјекти, повторно треба да се навратиме да извршиме измени и дополнувања на Законот за даноците на граѓаните и повторно да го воведеме овој данок.
Сакале инспекциските служби правилно или не, автоматите се присутни во целата Република, а приходот кој се остварува да оди во приватни џебови, зашто постои согласност од друга страна на приватни стопанственици да се воведе таков данок независно колкава ќе биде стапката, сметам дека е оправдано и нужно Собранието да го прифати амандманот за воведување на данок на приход од игри на среќа и автомати.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ДП)** Сакам да дадам поддршка на излагањето на Петров со едно образложение што не е толку само економски туку и од општествена природа. Јас сметам дека ваквиот закон би придонел превентива против организиран криминал, бидејќи веќе постојат едиции дека ова играње и распространетост на автоматите е еден од сегментите со кој најпрвин ќе се сретнеме со организираниот криминал, што се задржувам право во пратеничките прашања да го проширам. Сметам дека ова е добра можност на правен начин певентивно да дејствуваме против нешто што подоцна сигурно ќе го наречеме општествено зло.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.
Ова прашање е меѓу позначајните амандмани што пратеникот Петров ги предложи во овој корпус на амандмани. Меѓутоа, има една специфичност која мора да се респектира. Прашањето на внесување на овој амандман произлегува од изворниот закон кој ги уредува условите, формите, средствата, организацијата и друго на преуредувањето на игрите на среќа. Во постојниот закон граѓаните не можат да организираат игри на среќа со автомати. Од аспект на специфичноста на тие игри и поради причините кои овде и пратеникот Петров е посебно пратеникот Голубовски ги истакнаа, такво овластување имаат само Лотарија на Македонија и угостителските организации кои располагаат со објекти од одредена категорија. Инспекцијата која е

надлежна за овие прашања, бидејќи се доста проширени појавите на неовластено поставување на автомати за игри на среќа, презема мерки и ги затвора. Вие веќе на следната седница веројатно ќе добиете предлог за измена на тој закон, со кој се предивдуваат одредни решенија како да се санкционира таа појава и како да се оствари остварувањето на законот, приредувачи на игри на среќа да бидат само овластените организации. Од тие причини ние и во одговорот на амандманот сметаме дека тоа заслужува внимание и ќе биде разработено во понатамошната доградба на даночниот систем, под претпоставка, ако во законот за игрите на среќа направиме соодветна измена и во поглед на дефинитивно потврдување на тоа дека граѓани не можат да приредуваат такви игри, или од аспект ако Собранието се определи да дозволи таква можност во таков случај во постојните решенија за оданочување на приходите ќе се вклучат и тие приредувачи.

Во сегашниот Закон, приредувачите на игрите на среќа не значи граѓаните кои играат и кои имаат обврска од добивката да платат одреден данок, значи приредувачите на кои се однесува прашањето на пратеникот Петров, плаќаат данок на промет од 20 насто по сојузниот пропис и посебен данок по републичките прописи во збир околу 35 насто.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по овој амандман на член 3-а.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (23 пратеници).

Дали има некој против? (38 пратеници).

Кој се воздржува од гласањето? (7 пратеници).

Констатирам дека амандманот за додавање нов член 3-а на пратеникот Тодор Петров не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот I на пратеникот Тодор Петров.

Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** За да не креваме и спуштаме рака за сите амандмани, би кажал само за оние кои инсистирам, а за кои не го прифаќам мислењето на Владата.

Со оглед на тоа што се поднесени вкупно 19 амандмани, останувам при амандманите 5,6,7 и 11, со оглед на тоа што амандманите 4,9,12,17 и 19 се прифатени од Владата, а другите ги повлекувам прифаќајќи го мислењето на Владата. Што значи инсистирам да се гласа само по амандманите 5,6,7 и 11.

**СТОЈАН АНДОВ:** Бидејќи другите амандмани не постојат штом ги повлекува или се прифатени од Владата или ги повлекува, а ако се прифатени од Владата составен дел се

на текстот на Законот, а ако ги повлекува не постојат како амандмани, преминуваме само на амандманот V.
Отворам претрес по амандманот V на член 9, став 2 на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници).
Кој е против амандманот? (43 пратеници).
Има ли воздржани? (6 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9, став 2 од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот VI на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали некој бара збор? (Никој).
Дали Владата останува на ставот и Комисијата.
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот VI.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).
Кој е против амандманот? (47 пратеници).
Има ли воздржани? (5 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот VI поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот VII на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот VII.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).
Дали има некој против? (47 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот VII поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот XI на пратеникот Тодор Петров.
Комисијата за финансирање и буџет овој амандман не го прифати.
Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот XI.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака (14 пратеници).

Дали има некој против? (40 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот XI поднесен од пратеникот Тодор Петров.
Отворам претрес по амандманот I на пратеникот Славјанка Стојанова за додавање на нов член 11-а.
Со оглед на тоа дека овој амандман на седницата на Комисијата за финансирање и буџет е прифатен од претставникот на предлагачот, а во денешното писмено мислење на Владата не е прифатен, го молам претставникот на Владата повторно да се произнесе по поднесениот амандман.
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Еве од каде е настаната измената во ставот на Владата.
Точно е дека претставникот го прифати овој амандман, меѓутоа се сметаше дека таа надлежност на формирање на Комисијата од страна на општината има управен карактер, но во расправата на Владата се даде толкување од страна на законодавството дека фунцијата на формирање на Комисија за елементарни штети нема управен карактер и со оглед на актуелноста на лице место треба да се дејствува, веднаш да се реагира да остане надлежноста на Комисија од страна на Собранието на општината, со тоа што другата постапка околу утврдувањето на штетите, методологијата одлучувањето и другите прашања се одредени со друг посебен закон и постои републичка комисија која тоа го установува. Според тоа предлагаме да остане ставот на Владата, тој амандман да не се прифати, да остане како што е во постојниот закон, општината да ја формира Комисијата .
**СТОЈАН АНДОВ:** После овие размислувања, дали предлагачот на амандманот останува при својот предлог?
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Конкретно со овој амандман се предлага Комисијата што одлучува за намалувањето на катастарскиот приход поради елементарна непогода, јас како предлагач сметав дека поради тоа што сега собранијата на општините ја формираа таа комисија, а сега собранието на општината нема никакви ингеренции во даночната политика, меѓу другото оваа Комисија е во служба да утврдува и дава предлог за намалување на катастарскиот приход, мојот предлог беше тоа да помине во надлежност на Собранието, затоа што сите надлежности ги пренесогме.
**СТОЈАН АНДОВ:** На Владата.
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** На Комисијата се согласивме да биде тоа Владата. Владата тоа го прифати. Сега има поинаков став, но да не спориме јас се повлекувам и се согласувам со мислешето на Владата.
**СТОЈАН АНДОВ:** Отворам претрес по амандманот II на пратеникот Славјанка Стојанова, за внесување на нов член 34-б.

Комисијата за финансираше и буџет овој амандман го прифати.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Кај вториот амандман којшто се однесува на членот 174, настанат е еден пропуст во подготовката на текстот и е направен превид на кој пратеникот Стојанова со право укажува.

Имајќи го предвид тој превид во одговорот по амандманот сметаме дека амандманот не треба да се прифати, под претпоставка дека тримесечно е извршувањето на обврската.

Меѓутоа, превидот е во тоа што досега, до 30 декември односно 8 јануари таква надлежност со посебна одлука имаа собранијата на општините. Превидот е во тоа дека членот 174 предвидува исклучок по кој одлучува надлежниот орган за тоа.

Со оглед дека после осми надлежен орган станува Републиката, односно Собранието, не е направена таква измена на Законот, има потреба да се дефинира од страна на предлагачот и по повод амандманот и инаку.

Прашањето е следно: ние подготвивме дополнување на тој амандман, во форма во која плаќањето треба да се врши тримесечно, а не полугодишно како што е во амандманот на пратеникот Стојанова, од причини што прво, рокот од 6 месеци е долг период за да може да се кумулираат средства и во една транша да се изврши обврската за полна година. Ке создаде проблеми во обезбедување средства од страна на даночните обврзници и веројатно ќе биде потешка ситуација во врска со наплатата, а во некои случаи и присилна наплата.

Од друга страна, на 6 месеци, приходите, со оглед на таквата тенденција на цените, релативно девалвираат.

Затоа сугерираме и таков амандман направивме, да се, прифати модифицирано решение на амандманот што го предлага пратеникот Стојанова, наместо полугодишно, како што таа предлага, да биде тримесечно.

(Министерот за финансии Методија Тошевски на претседателот на Собранието Стојан Андов му го предава амандманот во писмена форма).

**СТОЈАН АНДОВ:** Сега треба прво да видиме дали госпоѓата Стојанова се согласува, односно го повлекува својот а го прифаќа овој амандман?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** Јас останувам на својот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ако вашиот амандман останува, дали Владата инсистира на својот тогаш?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Во постапката можеби ќе има некоја ситуација од која не ќе можеме да излеземе најлесно. Меѓутоа во конкретниов случај мислам дека не е толку комплицирано бидејќи во одговорот на Владата амандманот што го дава пратеникот Стојанова не е прифатен.

Според тоа, прашањето е само дали покрај амандманот на пратеникот Стојанова по кој ќе треба да се изјаснува Собранието е можно дополнување на амандманот што сега во

име на Владата го предадов на претседателот. Ако е тоа можно, ние би сугерирале, би си дозволиле слобода да сугерираме Собранието да се изјасни и по амандманот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:** Тоа не е спорно. Вашиот амандман секогаш ќе го земеме во разгледување. Во постапката секогаш имате право да дадете амандман.

Меѓутоа, сега дали отпаѓа амандманот на Славјанка Стојанова што го прифати Комисијата и станува амандман на Комисијата со вашиот амандман?

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Не. Амандманот останува бидејќи нашиот амандман би се третирал како решение во Законот и по него пратеникот односно Комисијата има амандман кој е утврден на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:** Тогаш и редоследот треба да биде друг. Прво е амандманот на Владата. Меѓутоа, не знам дали ќе можете вака, да ви прочитам што пишува или ќе сакате да се подели? (Да се прочита).

АМАНДМАН

на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните

АМАНДМАН I

По членот 3-4 се додава нов член 34-а кој гласи:

"Член 34-а

Во членот 174, ставот 3 се менува и гласи:

По исклучок од став 1 на овој член обврзниците на данокот од земјоделство, данокот го плаќаат тримесечно".

Образложение

Со членот 174 од Законот за даноците на граѓаните е дадено овластување на Собранието на општината по исклучок да може да пропише за обврзниците на данокот од земјоделство, данокот да се плаќа во други рокови за разлика од другите обврзници кои данокот го плаќаат месечно.

Овој исклучок во практиката се применуваше. Бидејќи општината согласно со новите уставни надлежности не може да донесува одлуки со кои би се пропишале и други рокови од утврдените во законот се  предлага измена на оваа одредба.

Во оваа смисла поднесениот амандман од пратеникот Славјанка Стојанова, делумно се прифаќа односо пропишувањето на други рокови за плаќање на данокот од земјоделство се уредува со закон.

Додека плаќањето на данок во две полугодишни рати ќе има влијание и врз финансирањето на општата и заедничката потрошувачка што го предлага пратеникот сметаме дека е неприфатливо.

Молам, дали некој бара збор во врска со овој амандман? (Не бара).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по овој амандман.

Амандманот на Владата го ставам на гласање.
Молам, кој е за нека крене рака.
(Од пратениците се слуша дека не е јасно).
Не знам што не е јасно. Јас како што сфатив, сега е амандманот на Владата, бидејќи амандманот на Комисијата се однесува на овој амандман. Кога амандманот на Владата ќе стане составен дел на Законот, тоа се надоврзува на него.
Има збор Славјанка Стојанова.
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Прво, не може мојот амандман да биде амандман на Владата кога него сега го добиваме. Мојот амандман е за измена на Законот за даноци на граѓаните. Конкретно за измена на член 174 од Законот за даноци на граѓаните каде што стои дека по исклучок за 1991 година обврзниците од данок од земјоделска дејност данокот да го плаќаат во две рати и тоа на две полугодија.
Причините од кои тргнав во поднесувањето на овој амандман се поради тоа што земјоделците сега, во овие изминати неколку месеци не се во можност да го плаќаат данокот од земјоделската дејност додека не ја соберат летината. Затоа, по исклучок, за 1991 година се предлага овој амандман. Јас инсистирам да се гласа по овој амандман, а исто така да се гласа и по амандманот на Владата.
Мојот амандман се однесува на членот 174 став 3. Грешка е во текстот на амандманот на Владата каде што пишува дека се менува ставот 2. Таму треба да се исправи грешката и да се каже дека се работи за став 3.
**СТОЈАН АНДОВ:** Во ред, претставнихот на Владата ја прифати корекцијата. Значи, вашиот амандман се однесува на ставот 3, тогаш амандманот на Владата на членот 174 се однесува на ставот 3. Значи, разјаснивме дека се работи за иста работа и се работи за ставот 3.
Прво, треба да се изјасниме во однос на амандманот на Владата бидејќи треба да се комплетира текстот на Предлогот.
Молам, кој е за предлогот на амандманот што го дава Владата да крене рака.
Ако ова остане вака како што е, без усвојување на Предлогот на амандманот на Владата тогаш земјоделците ќе треба да го плаќаат конечно.
Кој е за предлогот на Владата, нека крене рака. (70 пратеници).
Кој е против?(3 пратеници). Има ли воздржани? (1 пратеник).
Констатирам дека амандманот на Владата на член 174, став 3 е усвоен.
Сега отворам претрес по амандманот на пратеникот Славјанка Стојанова кој е прифатен од страна на Комисијата, за внесување на нов член 34-6.
Владата овој амандман не го прифака.

Дали некој бара збор? (Не бара).
Овој амандман ви е поделен во соодветниот текст.
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.
Амандманот го ставам на гласање.
Кој е за овој амандман, молам да крене рака. (64 пратеници)
Има ли некој против? (1 пратеник) Има ли воздржани? (8 пратеници).
Констатирам дека Собранието со мнозинство на гласови го усвои амандманот за внесување нов член 34-6.
Пратеникот Славјанка Стојанова го повлекува амандманот III по образложението дадено од претставникот на Владата на СРМ дека нема потреба од изготвување на пречистен текст на овој закон, бидејќи наскоро ќе се изготви нов закон.
Отворам претрес по амандманот на Комисијата за земјделство и шумарство кој е содржан во Извештајот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Владата не го прифати овој амандман.
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Амандманот го ставам на гласање.
Што не е јасно? Текстот на амандманот го имате добиено и се е јасно.
Кој е за, молам да крене рака. (12 пратеници).
Дали има некој против? (8 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Мнозинството пратеници) .
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Комисијата за земјоделство и шумарство.
Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
Молам, кој е за, нека крене рака. (55 пратеници).
Дали има некој против? (2 пратеници).
Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници).
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.
Преминуваме на седмата точка - Предлог на програма за поттикнување на развојот на земјоделството.
Предлогот на програмата, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно-правната комисија ви се доставени,односно поделени.
Исто така,прделено ви е и Мислењето на Владата на СРМ.
Отворам претрес по Предлогот на програмата.
Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јован Манчевски.
**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ: (СРСМ-МДПСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам некои забелешки. Можностите се мали, а желбите се големи. Но откажувањето на Владата по програмата барем симболички да поддржи одредени стратешки производи, кои патем речено го прават имиџот на Републиката и кои се во вековна традиција покажува дека сувереноста и покрај желбите не може да ни биде целосна зашто политичката и економската сувереност одат, рака под рака. Кога се нема можности, потребна е селективност и тоа Владата го направила.
Меѓутоа, имам забелешки токму на селективноста што ја направила по одредени области. Се работи за неколку гранки.
Прво, пчеларството за кое има прекрасни услови во Републикава заслужува поддршка, но во некое друго време. Во денешни услови на неконтролирана лаичка и масовна употреба на разни препарати, пестициди, инсектициди, хибрициди и друго во заштита на растенијата претставува само илузија дека ќе го развиеме. Потребни се и одредени предзнаења и традиции во секое производство, па посебно и во пчеларството, кое засега го немаме или делумно го имаме.
Второ, развитокот на рибарството е можен но во моментот само во вештачки рибници и во одредени заштитени подрачја, кога проточните води се место за диспозиција на сите отпадни води и отрови, а со тоа и акумулациите се претворени во колектори, не само што порибувањето нема да даде или да има ефект, туку може да биде и крајно штетно, дури и опасно за човековото здравје, а да го оставиме на страна економскиот ефект. Можам да наведам повеќе примери, меѓутоа, мислам дека сите ги знаете.
Трето, сентиментално сум врзан за селото, за сточарството, а посебно за козарството, бидејќи без сведок кога беше селото обезкозено, а потоа кога беше обезглаѓено. Денес уште повеќе треба да се залагам за козарството од една попрактична причина, нема доволно адаптирани млека, нема доволно кравјо млеко, па кога ги нема добро е и козјото. З,атоа козата е наречена "сиромашна крава". Не беа козите причина за деградација на шумите, туку човекот, а и денес е тој. Слободната испаша не нанесува таква штета на шумите како домашното, стајското. Затоа треба да се погледнат младите новоподигнати листопадни шуми кои изгледаат жалосно, благодарение на луѓето што ги чуваат своите кози дома, не се избира што ќе се сече, само да го јаде козата. Исто така и ветеринарната заштита не е на одредена висина за да можеме да го развиваме сточарството коешто ќе треба сигурно преку 50% да учествува во земјоделските производи. За тоа е потребно да се изгради систем на заштита, но ефикасен со кој штитејќи ја околината, се

штитиме себеси, а со тоа ќе создадеме предуслови за искористување на сите потенцијали што ги дава нашето поднебје, Треба да се учиме на позитивните примери, но исто така и на негативните. Да го спомнам само зелениот план што не беше така одамна. Ако државата дала пари, таа може да има целосна контрола над нивното трошење, за подоцна да може да ги валоризира постигнатите резултати. Досега тоа не беше случај, јас мислам дека треба да се опаметиме.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ве известувам дека на седницата присуствуваат претседателот на Републиката и потпретседателот на претседателот на Републиката.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ: (СДСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека не е тешко да се заклучи дека основната слабост, ако може така да се рече, на програмата е помалиот износ на средства предвидени за поттикнување на развојот на земјоделството во Републиката за 1991 година. Добро е што иако малку се средства, се дава посебен акцент за развојот на сточарството. Ова овозможува воспоставување на крајно нарушената рамнотежа меѓу сточарството и земјоделското производство на Републиката, бидејќи нема земјоделско производство без сточарско производство, нема сточарско производство без земјоделство. Нашите поседи се сиромашни со органски материи, со еднострананата примена на вештачки ѓубрива, поради што се нарушени физичките и хемиските особини на почвата. Од таму мораме многу повеќе средства да издвојуваме за поттикнување и развој на сточарството, и поради тоа што ќе се овозможи искористување на природните ресурси на Републиката а од друга страна ќе се овозможи производство на здрава храна од сточарски производи, а исто така и од земјоделски производи како стратешка определба, за кое производството Европа посебно е заинтересирана во делот на производството на здрава храна значително заостануваме, а од друга страна располагаме со вишок на работна рака која може да се ангажира во ова производство. Во оваа проблематика треба да се вклучи и науката со свои посебни проекти.

**БРАНКО БЛАЖЕСКИ: (СДСМ)** Почитувани пратеници јас не би дискутирал по Програмата, би ја поддржал бидејќи сум член и на Комисијата за финансирање, меѓутоа, сакам да поставам едно прашање, со оглед на тоа што министерот за земјоделство е тука.

Познато ми дека има закон за забрана на држење на кози. Во програмата поттикнуваме развој на козарство, па од тоа се јавува колизија. Дали овој закон е повлечен, мене не ми е познато, па затоа поставувам прашање.

**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Во расправата на Комисијата за буџет и финансирање со претставник на Министерството за земјоделство предложив еден амандман во поглед на средствата наменети за изградба и

хидромелиоративни системи и брани за наводнување. Со оглед на тоа и заради минималниот износ на средства којашто се предлага, предложив на системот за наводнување "Гевгелиско поле" да се вгради определен износ на средства и тоа само за започнување на градба на овој систем за наводнување. Меѓутоа, бидејќи средствата се премногу мали, би сакал Собранието да усвои посебен заклучок, со кој ќе се даде приоритет во изградбата на хидромелиоративниот систем "Гевгелиско поле" кој во Петгодишниот план за развој на Македонија во периодот 1976-1980 година има приоритет заедно со системите за наводнување Битола - Скопје и преиспитувајќи ги можностите за финансирање од меѓународните институции со овој проект за наводнување "Гевгелиското поле" да започне колку што е можно побрзо, па макар и оваа година.

Ова од причина што средствата коишто беа наменети за изградба на овој систем беа собрани со самопридонес на месното население преку распишаниот заем, подоцна со одлука на надлежните органи на Републиката беа наменети за изградба на хидромелиоративниот систем "Стрежево" така што системот за наводнување "Гевгелиско поле" остана на страна. Во 1980 година беше извршена анализа и експертиза на главниот проект од стручни екипи на Меѓународната банка и дадена виза за реализација на овој систем на наводнување.

Предностите не би ги набројувал, тие се премногу, меѓутоа накратко би го кажал следново:

Со наводнувањето на Гевгелиското поле би се обезбедило наводнување на околу 7 илјади хектари обработлива површина, што значи зголемување на обработливите површини за околу 280%, зголемување на земјоделското производство за 4,5 - 5 пати, со можност за двапати годишно жетва, имајќи го предвид бонитетот на земјата во Гевгелиската котлина и бројот на сончевите денови во годината, а приносите по единица површина ќе се зголемат за 30%. Со оглед на тоа што околу 80% од населението во општината се занимава со земјоделство, реализацијата на овој проект уште како е од приоритетно значење за Републиката, пред се заради производство на раноградинарски производи кои можат да најдат пласман не само во Републиката, туку и во Југославија и во странство.

Имајќи го предвид горното, барам покрај Програмата, бидејќи во амандманот беше образложено дека средствата се премногу мали предвидени со оваа програма, предлагам не заради тоа што сум од општина Гевгелија, туку заради сите овие услови и околности кои ги напомнав пред малку, да се утврди еден посебен заклучок со кој ќе се задолжи Владата на Република Македонија да утврди приоритет за изградба на хидромелиоративниот систем "Гевгелиско поле" и тоа ако не може целосно етапно, прво со изградба на подсистемот "Колско" со кој ќе се обезбеди наводнување на околу 7

илјади хектари земјоделска обработлива површина и тоа преиспитувајќи ги можностите за добиваат кредити од соодветни меѓународни банкарски институции.

**ИВАН АНГЕЛОВ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прво да одговорам на прашањето што беше поставено во врска со Законот за козите. Донесен е и таков закон со кој беше ставен надвор од употреба поранешниот Закон со кој се забранува чување на кози, па според тоа сега постојат услови за развој на козарството. Тука во Програмата имавте можност да видите дека предвидуваме мал износ за да почнеме и оваа година од сточарството да ја развиваме.

Понатаму, што се однесува до прашањето на пратеникот Петров, мислам дека тоа е сосема друг проблем. Оваа програма нема таква намена, ниту е основната цел, додека ако веќе си има такво барање и има таква потреба, постои одредена процедура, таа треба да се запази, да се поднесат одредени барања, да се бараат одредени инвеститори и да влезе во колосек како што е потребно.

Понатаму, што се однесува до првата дискусија за пчеларство и рибарство, знаеме какви се условите за развојот на пчеларството, но какви се такви се ние мораме да се бориме против тоа, да ја браниме нашата средина, нашиот воздух, нашата вода, па токму заради тоа предвидуваме се разбира скромни средства и за оваа намена.

Што се однесува до рибарството и за порибување на одредени наши водени средини, дали се тоа брани, езера итн., и тука се предвидуваат одредени средства, пак ке повторам, и тука се настојува да се спречи загадувањето на водата. Тоа се посебно програми, се разбира, тие се доста скапи, но процесот за рибарството треба да продолжи и да порибуваме, нашиот рибен фонд да го обновуваме и осовременуваме. Мислам дека со овие скромни средства дадовме одреден приоритет и молам пратениците тоа да го прифатат.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА: (ПДП)** Пред малку говорев за состојбата во земјоделството, меѓутоа, сега бидејќи е моментот кога расправаме за Програмата за поттикнување на развојот мислам дека е место да кажам два-три збора ида предложам еден заклучок.

Состојбите во земјоделството се многу тешки, реков дека затао ќе треба посебно да расправаме и во состојба кога немаме доволно премии, немаме регреси, познато е дека оваа година не се регистрира ни грам, ни килограм квалитетно семе, ниту пак се регистрира вештачко ѓубре. Состојбата уште се влошува во споредба со минатата година, а имајќи предвид дека средствата кои се предвидуваат со годишнава програма се минимални и можам слободно да кажам дека се толку колку само да кажеме дека донесуваме програма, инаку не е во функција она што треба

да ја одигра бидејќи минатите години Собранието на Републикат издвојуваше многу поголеми средства за овие намени.
Оттука предлагам да се донесе при усвојувањето на Програмата, следниов заклучок:
Се задолжува Владата да ја проучи можноста за изнаоѓање средства за поттикнување на земјоделството надвор од оваа програма, ако не по други основи, преку зголемување на републичкиот данок на промет на производите и услугите.
**ТОДОСИЈА ПАУНОВ: (СРСМ-МДПСМ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да кажам само неколку збора во врска со Програмата. Пред малку реков ако ги погледнеме статистичките податоци 1949 година какво било сточарството, какво било денес, мислам дека програмата како што е предвидена да ја усвоиме, меѓутоа, да настојуваме да ги изнајдеме местата, не ќе можеме секаде во Републиката тоа да го направиме, туку одделни места да ги организираме, во прв ред да изнајдеме колку имаме потреба од млеко и млечни производи, месо и месни производи, во прв ред да направиме таква организација да произведеме такво производство на месо и месни производи, млеко и млечни производи барем за потребите на Македонија за да не увезуваме од други места. Мислам дека пасиштата и другите планински предели како што е Мариово, Осогово и други места се неискористени. Би требало да се вратиме и да ги искористиме природните богатства. Во прв ред да биде приоритетен развојот на сточарството.
**СТОЈАН АНДОВ:** Молам, кој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството, заедно со забелешките на работните тела.
Овде имаме два предлога на заклучоци. Значи сега по повод оваа точка да се донесат. Едниот предлог е Собранието да ја задолжи Владата да донесе одлука за приоритет на "Гевгелиско поле", водостопанскиот систем, а јас разбрав во користењето на странски или домашни средства, а јас разбрав фазно да се гради. Така беше формулирано. Сега да се изјасниме, да видиме дали некој во врска со тоа бара збор?
**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (СДСМ)** Јас мислам дека добро образложение дава министерот за земјоделство. Со Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството се предвидува цела СР Македонија. Исто така, во образложението што е дадено со самиот текст стои дека секој оној кој ќе поднесе програма до Министерството за

земјоделство, издржана програма, може да добие средства и не е вред на еден начин да определуваме дали тоа ќе бидат средства за офој или оној реон.
**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Ние не даваме приоритет сега заради тоа што и во Петгодишниот план од 1986 до 1990 година за развој на земјоделството беа дадени приоритети за изградба на системот Стрежево, Битола, Скопје и Гевгелија и ништо повеќе од она што е напишано не се бара. Заклучокот е Владата да ги преиспита можностите за реализација на системот "Гевгелиско поле". Токму заради тоа што Гевгелиско поле и Гевгелиската котлина имаат такви карактеристики кои за разлика од другите терени од Републиката овозможуваат многу поголемо производство.
**НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас сум против предлогот на Тодор Петров да влезе во заклучок, бидејќи прво не е на дневен ред таа точка, тоа се во редовни финансиски планови на ниво на Република, овде не решаваме регионални проблеми, односно пропагандни ефекти да постигнеме, тоа е општествен план за развој на Македонија. Овде пред се со ситна поддршка да се ефектуира некој индивидуален земјоделец, а не регионален развој.
**СТОЈАН АНДОВ:** Инаку Програмата е донесена. Колку јас што во нови услови ја сфаќам задачата на овој Парламент, барем толку промени оваа земја, наша држава треба да доживее, што непосредно за одделни проекти Парламентот не утврдува приоритет. Да градиме еден сосема нов систем, законодавната власт со тоа не треба да се занимава. Во секој случај предлогот на господинот Петров треба да го дадам на гласање. Заклучокот гласи: се задолжува Владата на Македонија да ги преиспита можностите за реализација на системот за наводнување "Гевгелиско поле".
Кој е за, да крене рака. (11 пратеници).
Кој е против? (45 пратеници).
Кој се воздржани? (8 пратеници).
Инаку само една напомена, се разбира Владата може да даде приоритет во своите надлежности. Ние не би требало инаку да ја задолжуваме. Не се гласа овде да се даде приоритет на овој или оној систем. Владата си тера по свое. Ние како законодавно тело така се изјаснивме сега што се однесува на овој систем за наводнување.
Отворам претрес по Предлогот на заклучокот на господинот Ајдарага. Тој гласи: се задолжува Владата да ја проучи можноста за изнаоѓање на средства за поттикнување на земјоделството надвор од оваа програма, ако не по други основи, преку зголемување на републичкиот данок на промет на производи и услуги.
Дали некој бара збор?
**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:** Почитувани пратеници, мислам дека заклучокот не би требало да се формулира со вакква содржина, каква е, може само во рамки на Програмата и со

преиспитување на вкупната буџетска потрошувачка што ќе се врши. Дали делот на Програмата може да се преоцени и во поглед на Буџетот и во поглед на другите зборови, а директно врзување со данокот на промет кој и сега е како што знаете највисок во земјата од 22,5% во просек, би претставувало преседан и во однос на некои други барања што се присутни или што ќе бидат присутни ва такви ситуации, ќе мораме да се врзуваме со конкретни извори што не е пожелно, од аспект на вкупната буџетска потрошувачка и прашањата што беа по двете први точки околу оптоварувањето. Индикретно и данокот на промет е оптоварување, бидејќи ќе влезе во цената на производите, ќе влезе во цената на репроматеријалот, ќе влезе во цената на земјоделскиот производ итн, да не ја ширам расправата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА: (ПДП)** Јас не инсистирам исклучиво преку данокот на промет. Јас реков да се изнајдат можности, ако не друго, барем и преку данокот на промет, бидејќи средствата се многу мали.

Бидејќи секогаш кога се предлага некое решение треба да се најде извор, бидејќи со толку средства ништо не правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дали можеме да разбереме вака дека текстот се скратува. Се задолжува Владата да ја проучи можноста за изнаоѓање средства за поттикнување на земјоделството надвор од оваа програма. Тоа во сите наши разгледувања на буџетската потрошувачка и можностите на Републиката ќе ги видиме.

Дали во врска со овој текст, бара некој збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот на овој заклучок и заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници). Кој е воздржан? (Никој).

Кој е против? (Никој).

Констатирам дека текстот на овој заклучок е усвоен.

Предлагам да се вратиме, да ја завршиме работата по првата точка, вчера што водевме расправа.

Овде има Предлог на заклучоци, кој ви е поделен.

Дали во врска со тоа некој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас учествував во работата на Комисијата за изготвување на заклучоците во врска со вчерашната расправа, и би сакал да се оградам од заклучоците кои се однесуваат ваму, посебно точката 2, од причина што мислам дека целата јавност, сите тие митинзи што беа одржани во Републиката, а воедно имам тука околу 30 илјади потписи кои сакам да ги приложам, ме обврзуваат да се внесе во заклучокот барем малку од малку да ги заштитиме нашите војници од Македонија кои се наоѓаат во тие подрачја во Хрватска. Факт е дека Владата најпрво даде едно соопштение, па друго поблаго и сега гледам претставникот на Владата се согласува со овој текст кој

за мене е тотално неприфатлив. Ние бараме тука ЈНА да ни ги гарантира безбедноста и животите на нашите војници. Што значи тоа? Дали досега тие животи на нашите војници не биле гарантирани таму и бара да се воведе барем малку од малку една поприфатлива варијанта за сите нас, односно кога веќе една република во Југославија, конкретно Словенија, си ги штити своите војници, сите добро знаеме на каков начин, јас барав лично колку што има Словенци процентуално надвор од Словенија на служење на воениот рок, толку да има и Македонци колку што има Словенци процентуално на тие невралгични подрачја, каде што се гине, толку да има процентуално и Македонци. И верувајте ми не можам да ги прифатам овие понудени заклучоци, покрај тоа што учествував во работата на Комисијата не можев да ги наметнам моите ставови и се оградувам од овие заклучоци.

**ТОДОР ПЕТРОВ (Независен пратеник)**Ако ништо другобарем заради тоа што заклучоците не се понудени на самата седница, без можност да доставуваме амандмани во писмена форма, заради што ако било што предложиме усно, ќе се одбие заради тоа што не е во писмена форма. Предлагам донесувањето на истите да се одложи за наредна седница, бидејќи во вие заклучоци информацијата кои што гласеше за политичко-безбедносната состојба во Републиката и земјата се занимава само со последиците, а воопшто не со причините за актуелната политичко-безбедносна состојба. И огромен дел од оние што завчера ги предложивме, воопшто не се вградени во форма во којашто граѓаните на Македонија ги бараат. Заради тоа, не заради тоа дека се огранувам, или дека не сочувствувам со убиството на нашиот војник Сашко Гешовски, меѓутоа, заради тоа што не се содржани поголем дел од барањата коишто вчера беа изложени, како и барањето од граѓаните, сметам дека истите не се прифатени во ваква форма.

**ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Усвојувањето на овие заклучоци од ова Собрание според мене е простување на злосторот, помирување и лично јас во рамките на ова Собрание не можам да ги прифатам, особено овде паѓа во очи фондот на вокабуларот којшто се користи притоа во заклучоците од типот на Собранието на СРМ најостро ги осудува, Собранието најенергично бара, Владата веднаш да бара, Владата веднаш да преземе, Владата да предложи, Владата да го обезбеди, сето тоа Мнинистерството да го утврди, Владата да побара, Владата да преиспита, Собрнаието ги осудува, Собранието повикува, Собранието апелира и сето тоа овие заклучоци да се достават до Претседателството. Мислам дека навистина сите овие заклучоци и соопштенија од ваков тип мислам дека сите имаме аврзија кон нив и не смеат понатаму да ни се понудуваат вакви работи. Меѓутоа, мене ме загрижува што е она што не натера да отстапиме од она што ни беше намера

и од она што беше ветено пред тој силен народ таму. Народот очекуваше одлуки, а не заклучоци. Владата во една пригода на првиот налет вети дека ќе поведе постапка за повлекување на нашите војници. Тоа народот го подрзави, тоа народот го бараше со овие силни илјадници потписи, меѓутоа наеднаш се се омекан за кое што имаме едно соопштение од Претседателството на СФРЈ кое што главно се однесува на хрватските проблеми и на хрватската територија. Во тоа соопштение никаде не се гарантира заштитување на нашите војници, практично и не може да се гарантира заштитување на нашите војници. Ние немаме друг избор, ми се чини, отколку да истераме на она што го тргнавме, она што почнавме, што го ветивме, македонските војници да ги вратиме во Македонија.

**РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ)** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, генерално по овие заклучоци можам да кажам дека во нив освен декларативно не се содржани барањата од бројните телеграми, петиции, илјадници потписи и митинзи во Македонија. Во нив не е содржан ниту заклучокот од Владата на СРМ со кој се бара селективно враќање на нашите војници кои не служат на територијата на Македонија. Значи ли тоа дека Собранието не стои зад барањето на македонските граѓани и на Македонската влада. Барањата на граѓаните беа јасно искажани. Прво, регрутите од Македонија да не се испраќаат во другите републики и второ, оние кои веќе служат војска во другите републики да се повлечат во Македонија. Ако Собранието стои зад ова треба јасно да се каже зошто не го бара тоа, јасно и децидно. Да потсетам дека Владата на СРМ во своето обраќање до Собранието на СРМ под точка 1 бара вонредна седница на Собранието на која Македонскиот парламент ќе се изјасни за преземените мерки и активности во ЈНА во Македонија. Ни тоа во овие зклучоци не е направено. Во нив нема став за преземените мерки и активности во ЈНА во Македонија. Кога овие заклучоци од Парламентот ќе бидат објавени, мајките коишто имаат свои синови во ЈНА и кои чекаат да чујат што ќе биде со нив, ќе разберат дека Парламентот на СРМ бара од ЈНА да гарантира за заштитата на своите војници. Па зар тоа ЈНА не го гарантираше? Кога се работи за вакви точки на дневен ред, во оваа сала треба сите да бидеме едно, нема припадници на партии, нема припрадници на разни националности. Сите сме луѓе и децата во ЈНА се наши деца. Огромна и лична е одговорноста што лежи врз секој од нас. Од нашите формулации по овие заклучоци зависат многу нешта. Како мајка во име на сите мајки од Македонија, барам во заклучоците да влезе јасно барањето од Собранието до Владата да ни предложи практични и конкретни мерки за заштита на нашите војници и регрути. Зошто се работи за најсветото, заштитата на животите на нашите невини деца кои можат да бидат вовлечени во валкани политички игри

како жртви или како егзекутори сеедно е тоа.
Би имала две прашања, бидејќи овие денови многу млади регрути и нивните семејства живеат во атмосфера на неспокојство и тескобност, за што не знаат што се очекува, за да им помогнеме би сакала господинот министер за народна одбрана Ристо Дамјановски ако може овде да одговори директно на овие две прашања. Ако Собранието на Македонија и Владата побара од вас задржување на регрутите од Македонија до септември оваа година, ги имате ли овие сите ингеренции тоа да го сторите и второ, кој ја спроведува во моментот мобилизацијата во Македонија.
**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Со овој заклучок што е донесен од Комисијата, а сигурно и министерот има удел во тоа, мене ми се чини дека ова е директно праќање на македонските деца без разлика жртвата не бира кој на која партија припаѓа туку бара спроведување на целите со кои не бара средства за остварување на тие цели. По овој заклучок мене ми се чини дека ние и натаму ќе праќаме деца на кланица некаде во просторот меѓу Хрватска и Србија, а потоа може да ни се случи меѓу просторот Србија, Хрватска и Босна, и кога сето ова ќе се собере и овој заклучок кога ќе го видат утре Туѓман и Милошевиќ јас се плашам дека тие овде и цело Собрание ќе ни го соберат само да ги заштитиме ние нивните интереси. Со овој заклучок не може ни на вода да се оди, а камоли да повлечеме некои војници. Па каква држава сме ние? Дали сме држава во држава во која што други ја креираат политиката, или сме држава којашто ние овде самите ја креираме во Собранието. Ако некој ни ја креира однадвор тогаш нема потреба ние овде да сеидме, нека си одат и нека ни носат заклучоци, закони па нека одлучуваат со нас. Ова е тотално неприфатлив заклучок. Јас не знам што овој заклучок соодветствува со овие потписи. Апсолутно нема ништо. Како ние ќе излеземе со ваков заклучок пред лицата на луѓето; На некој родител чие дете сега е во војска дајте му го заклучокот за безвредноста на неговото дете, одете таму направете практична проверка па ќе видите што ќе ви каже.Не знам како ќе излезете дали на нозе или на глава.
Овие заклучоци мислам дека треба да се преработ  и да се види што се бара со тие потписи од Собирот што беше овде да се направи во согласност со нив. Заштитата на македонските војници, барам војниците од Македонија кои што се на просторот Хрватска и Словенија да се испраќаат во Словенија и другите во Македонија. Таму Шешељ растурил некои свои војводи и војводства низ Македонија, низ Босна и низ Хрватска па сега кој ќе гарантира за тоа. Единствено во Словенија ги нема. Затоа молам заклучокот да се преработи.
**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Почитуван претседател,да ми

и господа, јас не сакам многу да се задржувам по овие заклучоци, само едно сакам да напомнам дека ние како Парламент, а особено нашите највисоки раководители на Републиката како да се оглушија од повикот на мајките и родителите на целата македонска јавност каде пред тоа ветивме дека ќе направиме се да се вратат нашите деца а во случајот ништо не сторивме, само на хартија набележавме некои работи „ќе бараме... ќе одиме“, а конкретно никаков предлог не е даден. Зошто на пример ние не постапуваме како и другите републики што го прават тоа. Дали ние уште ќе бидеме такви, 40 години не влечкаа таму по тие белградски состаноци, загребски досега и пак ли сега ние ќе бидеме слуги таму? Зашто еднаш ние не им речеме во колку не престанат дека ќе ги повлечеме па нека видат дека и ние можеме да покажеме јазик или заби. Тоа значи, може, односно кој сака. Ако во случај има таква работа и до денеска се покажат дека тоа е невозможно нашите деца да ги праќаме таму, јас се прашувам како член на овој Парламент зошто не се почитува повикот, тагата и болките на мајките, на родителите и на целото македонски граѓанство, а се повикуваме на неколкумина.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (ВМРО-ДПОМНЕ)** Ми се чини ние не треба да носиме заклучоци, да одлучиме. Зошто? Затоа што со тие заклучоци како што рекоа претходните дискутанти само се занесуваме. Јасно е барањето на македонските мајки и татковци. Ги бараат децата поблиску до нас или малку подалеку од огнот. Ние сме тие што ја решаваме судбината, дали ќе ги оставиме во оганот или ќе ги донесеме поблиску до нивните мајки или малку подалеку. Сметам дека овие заклучоци да се донесат согласно гласот на народот и овој Парламент. Тие заклучоци да преминат во одлука, да се одлучи, овој Парламент и оваа денешна наша Влада одлучи и да се прошири низ печатот и низ средствата за информирање. Сметам така ќе ги задоволиме мајките, татковците и децата. Ако останеме на овие заклучоци тогаш значи ние како да му го скратуваме правото и на претседателот на Републиката и на Владата и на овој Парламент. Како некое туѓо тело да ги донело овие работи, а не ние.

**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа, јас го прочитав овој материјал со Предлог на заклучоци, со една мала преамбула и Предлог на заклучоци, меѓутоа да се потсетиме за нешто. Ние вчера дадовме потполна поддршка на излагањето на претседателот на Републиката, на претседателот на Владата и на господинот Тупурковски, мораме тоа да го имаме на ум кога разговараме за овие заклучоци. Ако сме им дале потполна поддршка вчера, а исто така зборуваме за заштита на нашите деца што се надвор од Македонија ние мораме да ја најдеме средината Опростете ми, нека никој не се најде навреден, нека никој не помисли зашто и јас има моите

деца таму. Што друго да се напише овде, наредба тенковите и право таму. Овој Парламент тоа не може да го стори, освен онака како што се договоривме по демократски пат да се продолжат разговорите за Југославија, онака како сите тројца наши врвни раководители говореа пред нас овде, со полна одговорност за својот збор за она што го кажаа, и ние што разговаравме за одредени работи овде е се содржано, во овие два листа хартија. Мислам дека е непотребно овде да има сто листа хартија, ако не е овде кажано дека Собранието на Македонија најостор ги осудува националистичките судири итн., се бара енергично од Претседателството на СФРЈ, Сојузниот извршен совет да преземат енергични мерки, да ги пронајдат виновниците, да ги казнат, судот, воениот суд итн. Ние вчера не разговаравме да одиме на фронт. Точно е тоа дека нашите мајки потпишаа петиција и барање да се вратат децата назад, меѓутоа и вчера, а и сега ако отвориме дебата ќе дојдеме до сознание каде би не водел тој потег, дали кон нешто подобро или кон нешто полошо базирајќи се на исказите на нашите раководители кои ги избравме, дека има доста можности да продолжат демократските разговори.
Утрово луѓето што ме возеа на работа ми кажаа дека во 6 часот утрово слушале вести како некој усташ му се јавил на родителот на починатиот Сашко Гешовски, му рекол дека тој е убиец и дека ќе дојде и цела фамилија ќе му ја убие. Тоа не знам дали е точно. Како да му се јавил еднаш двапати или трипати не знам колку, па како тој да му одговорил повели дојди или јас ќе дојдам ти кажи само како се викаш, јас ќе дојдам таму во Сплит, ти не треба да доаѓаш ваму. Јас лично ова не сум го слушал, па видите до каде може да се дојде. Значи е многу лошо, многу е опасно и треба да оцениме она што е изрека дали Мухамед ќе оди кај бегот, или бегот кај Мухамед, или што има поголема тежина.
Ние сме Парламент и затоа мораме да бидеме одговорни пред генерациите што доаѓаат и пред овие генерации и пред оние што треба да дојдат. И тие наши деца и внучиња што ќе бидат овде во оваа наша Македонија. Ние сме за заеднички живот, ние го сакаме тој живот, но рековме полн суверенитет, едно големо почитување, респект, тотална рамноправност, донесовме и акти за тоа, според мене во овој момент ако го извршиме она што во тој момент на голема несреќа нашите мајки потпишаа петиција, јас верувам дека и сега тие стојат зад тоа, но мора да ги замолиме нашите мајки да сфатат дека тоа е многу тешка работа, тоа е веќе раскинување со таа опција Југославија. Дали тоа го сакаме?
Јас го поддржувам тоа што овде го пишува и мислам дека ќе се постигне целта, но верувајте мораме да го признаеме тоа никој на никого денеска не може да му гарантира безбедност на еден живот, ни тука во Скопје, ни надвор од

овој Парламент па ни во овој Парламент, ниту пак на било која наша граница, секаде се е можно. Јас вчера кажав, сега ќе повторам еден збор, со кого ќе се здружиме, со тие што се колат, што се бесат меѓу себе, но тоа е тука присутно, мораме да пробаме секакви можни начини, мораме тоа да го сториме заради Македовија. Повикувам на поголем разум.

**БОЖО РАЈЧЕВСКИ: (С М)** Дами и господа, почитувано претседателство, немав намера да станам да дискутирам, но по оваа дискусија на господинот Фаи ци тоа што кажа дека никој не гарантира сигурност па ни во Скопје, јас ќе го испратам мојот син којшто треба во септември да замине во армија но мора да ми гарантира Југосовенската народна армија. Нема да гарантира ако влеземе во војна со една од некои од граничните држави, а во Југославија да загине, мора да ми гарантира сигурност. Сите ние сме свесни со различна структура и стовремено и на години, свесни сме од Сремскиот Фронт колку наши Македонци не се вратија назад. Свесно во АБ зоната во Италија на првите борбени линии беа Македонци, на унгарската граница Македонци. Во Југославија кој гине или е Босанец, или е Албанец или Македонец. Малку да се размислиме кога ќе креваме рака за изгласување на заклучоците. Господинот Киро Глигоров добро го слушнав на телевизија, народот беше здивен пред Собранието кога кажа четири точки. Тие четири точки не се застапени во заклучоците. Според тоа кога ќе креваме раце дали да ги изгласаме овие заклучоци да размислувате независно од структурата на возраст. Јас ве молам вие што имате деца да испраќате сега во септемврискиот или во ноемврискиот рок во армија, да размислите дали некој треба" да ни гарантира за нашите деца.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Според овие заклучоци што ги има во сите закони и акти во армијата значи дека тие по нив се донесени, а сепак имавме смртен случај, убиство во Хрватска. Што значи тоа? Тоа значи дека и натаму ние македонската држава ќе биде пак завиткувана во црно, ќе држиме комеморации, едноминутно молчење ќе спроведуваме, ќе закопуваме и други војници, јас тоа го гарантирам според оваа ситуација што е сега во Хрватска и во Босна и Херцеговина. Ако ги прифатиме овие заклучоци значи сме осудени, а нашите мајки да бидат завиткани во црно. Јас би се согласил со овие заклучоци но да додадеме уште нешто. Ако се случи уште едно убиство, ранување или дури и физички напад на еден македонски војник во другите републики во рок од 24 часа да се повлечат сите војници во Македонија, а ние да им гарантираме безбедност.

**АПИЛ ЏАФЕРОСКИ: (СДСМ)** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, зборувам како родител на дете кое сега во овој момент е на отслужување на воениот рок во Југословенската народна армија во Лиштице.

Прво сакам да кажам дека немам ништо ни да одземам ни да

додадам на овие заклучоци, јас се извинувам сум малку возбуден.
Второ што се однесува до предлогот да се вратат нашите војници сметам дека е многу неразумен заради тоа што уште повеќе предлогот на господинот Ковачевски ако се ранел или ако се убиел уште еден војник во рок од 24 часа да се врателе нашите војници од Југословенската народна армија. Со тоа нели се сака да му се помогне или несвесно се втуркаме во една лоша работа уште до вечер да ранат некој од нашите војници намерно оние кои сакаат на најбезобзирен начин да се сруши оваа држава, на најхаотичен начин да се распадне се она што се создадено во овој изминат период во кој распад најголемите штети ќе ги има оваа суверена Македонија,според мое длабоко убедување.
Ве молам, зарем не ни одговара нам она што макар и еден милиметар појде напред во преговорите за иднината, за идното уредување, односно за идниот договор во Југославија. Зарем сакаме повторно ние овој пат да бидеме причина да се вратат работите во многу потешка состојба и време отколку што се наоѓаа пред неколку дена. Сметам дека ќе направиме голема грешка. Јас повторувам, како родител сметам дека не треба да се враќаат војниците. Во заклучокот 2 е кажано дека ние како Парламент бараме од сојузните органи целосна заштита на нашите војници кои се на отслужување во ЈНА. Други овластувања и ингеренции немаме. Единствено со ова, или ултимативно барање наше да се вратат војниците сакаме на еден хаотичен начин да се растури Југославија и да предизвикаме дури тогаш граѓанска војна, заради тоа што не се договоривме за никакви граници, а се знае дека има барања за менување на границите, а тие граници не се менуваат сигурно со мирни разговори, туку ќе се менуваат со пушки И наместо мирен дијалог, ако некому му е потребна пушка, тогаш друго е прашањето. Инаку образложенијата се многу тенки за враќањето на нашите војници. Враќањето на нашите војници би значело растурање на ЈНА, а растурањето на ЈНА би значело распад на Југославија и предизвикување на една целосна хаотична состојба во земјата каде што ќе се вплеткаат мрачните сили и ќе се случи она што најмалку го сакаме и тогаш ќе плачат и нашите деца за нас и ние за нив и не ќе се знае кој за кого плаче. Убиството на нашиот Сашко во никој случај овој пат не смее да се искористи за никакви цели, туку да се прифатат овие заклучоци, да се поддржи излагањето, бидејќи го поддржавме вчера, а ако го поддржавме излагањето на претседателот Глигоров, на претседателот на Владата и на членот на Претседателството Тупурковски, тогаш повелете да ги усвоиме овие закучоци без никакво додавање и одземање. Бидејќи сметам според мене длабоко убедување овде е на најенеричен начин и на најсоодветен начин

кажано се што треба ние како Парламент и кои во овој момент имаме како овластување и задача да го сториме, сметам дека во овие заклучоци е сторено.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ДП)** Јас сметам дека овие заклучоци не се во ред, декларативни се и со ништо не го штитат достоинството на Република Македонија. Сметам дека барем треба да се побара овој документ да се доработи и да се даде една сериозна содржина, со изглед дека навистина оние што ги составувале, или оние што се задолжени навистина ќе го извршат. За секој проект било каква активност ако не се зададе време и кој одговара за извршувањето, однапред се знае дека тоа е декларација, дека таа нема да биде извршена. Според мене овде во точка 3 најмногу се криjат можности за едно сериозно задолжување и извршување на тие активности, но нормално фали параметарот време. Мислам дека тука постојат интересни можности да се утврдат некои работи коишто нас Македонците не мачат и што ни се повторува историјата на некој начин. Меѓутоа, не е доволно само тие да се констатираат, туку веднаш во точка 3 уште да се додаде амандмански доколку се докаже дека тоа е така она што се сомневаме, а да важи автоматизам, а тоа уште денес, или на Наредната седница да го воспоставиме во Парламентот. Значи,ако било кои од овие елементи се докаже дека сњ точни, да дејствува автоматизам којшто ќе го штити и достоинството, но и интересот, виталните интереси на Република Македонија. Нас не ни треба Југославија ако Македонците гинат. За кого е тогаш таа држава.

**КИРО ПОПОВСКИ:** Во делби се сложил со оцените дека не докрај закучоците ја изразуваат и расправата, а пред се , и посебно излагањето на претседателот Киро Глигоров особено во завршниот дел каде што ги изнесе своите предлози кои би можеле да бидат предмет на заклучување. Меѓутоа, тоа би го зел како олеснување во смисла на тоа што краток период беше утринава групата евентуално да може се да валоризира од целокупната десетчасовна расправа што вчера ја водевме, меѓутоа сигурно можело многу поуспешно, барем завршниот дел на претседателот на Републиката каде што и во неколку точки ги наброја можните заклучувања да бидат поуспешно валоризирани во самиот текст.

Во однос на спорните прашања кои денесе покренаа би сакал да го кажам своето мислење. Мислам дека нема потреба да се лицитираме. Сите овде дека имаме деца, или ке имаме деца кои што за месец два ни одат во ЈНА за да се докажеме дека реално дискутираме. Јас сум исто еден од родителите и идниот месец моето дете заминува во ЈНА. Мислам дека ако ние почнеме да создаваме една таква атмосфера во Републиката, во овој Парламент и пошироко во Републиката, сметаме дека се она што работиме овде како бумеранг ќе ни се врати. Од кои причини го говорам ова?

Ние како глобална стратегија и политика на овој Парламент утврдивме во нашата Платформа за разговори за иднината на Југославија и нашата позиција како суверена Републи,а односно Република како суверена држава. Во тие рамки ние ги определивме и нашите глобални опции и определби за идното уредување во тие рамки нашите основни определби и зависно од можните решенија за разврската за Југославија и статусот и решенијата во сферата на одбраната. Оттаму, мислам дека без разлика колку што е тежок и трагичен овој случај, да се доведува во прашање цел на цела стратегија или би рекол не само нашата Платформа и се она што досега говоревме, туку и веќе усвоените ставови на Претседателството на СФРЈ. Лично јас така и ги доживувам доколку одиме со некои екстремни наши барања, или определби на овој план. Впрочем, и еден од основните заклучоци од Претседателството е значајна функција што е дадена на Југословенската народна армија. Што ќе биде и јас не знам дали воопшто и практично,стратешки, теоретски а и практично, оперативно прагматски можеме тоа преку ноќ да направиме шест армии во Југославија. Во овие услови сега дали можеме шест национални армии воопшто практично теоретски, прагматски и статички да ги направиме.
Второ, другарите што го предлагаат тоа нека ми одговорат, дали повлекувањето обезбедува гаранција за безбедност на Ма-кедонијасо таа армија што овде ќе остане? Дали се гарантира безбедноста на Македонија? Тоа може да го каже секретарот за народна одбрана и соодветните други раководители и Владата. За тоа треба да се покаже дебела анализа.
Трето, што ќе значи за Југославија национално оформени елитни бригади денес во Југославија токму на овие жаришни подрачја. Мислам дека сите емотивно говориме,а се согласувам со госпоѓа Димитрова што кажа, ова воошто не говорам од било каква партиска припадност. Напротив, говорам како родител, говорам како Македонец, како граѓанин којшто, пред се, е определен за оваа држава Македонија, определен е за Југославија во којашто Македонија мора да има рамноправен третман. Од тој аспект јас се согласувам со госпоѓа Димитрова, Македонија, македонските војници ни со јота не треба ни помалку ни повеќе да бидат застапени на ниедно место каде што се жаришните подрачја. Според тоа, нашиот Секретаријат, Владата треба да биде задолжена, да види за регрутацијата и овде да ни поднесе комплетен извештај, за комплетниот распоред и регрутацијата што се прави, ако од безбедносни аспекти не може да ги прикаже за јавност податоците, да ни каже во која мера ние како Република со оглед на бројот на регрутите, дали имаме рамноправен третман во распоредот на војниците не само во однос на Македонија и другите делови на Југославија, туку воопшто за распоредот којшто го добивме Во цела Југославија, а посебно односот

Македонија и другиот дел на Југославија. Од тој аспект мислам дека ние основно што треба да инсистираме за рамноправен третман, во однос на третманот на нашите регрути на сите места без оглед дека сега тоа е Книн, утре може да биде Белград, задутре Љубљана, или Титоград. Секаде бараме рамноправен третман и кога ќе се случат вакви ситуации без разлика дали тие регрути се на тоа место, или не, да се обезбеди рамноправна застапеност, пропорционална и рамнправна застапеност на регрутите од сите националности, односно републики во дадените кризни состојби. Во спротивно доколку прифатиме одлука да донесеме веднаш да се вратат нашите регрути, знам дека овој Парламент и лично и сите ние ќе добиеме извонреден авторитет и признание од оние што имаат војници во ЈНА, сега од сите граѓани, бидејќи веднаш сме ги заштитиле нашите војници. Меѓутоа, се плашам дека Републиката во целина со тоа можеме да ја доведеме во опасност. Инаку прифаќам, бидејќи и јас исто емотивно така би реагирал и свесно дека веднаш сега би предложил, подобро син ми да служи во Скопје или во Куманово отколку да оди на граница на Словенија. Меѓутоа, верувајте лично ценам дека тоа може како бумеранг да се врати и за Републиката во целост третманот наш и воопшто на смирувањето на состојбите во Југославија после седницата на Претседателството.

И на крајот, бидејќи другарите ставија и формални забелешки мислам дека Парламентот ваков пристап единствено може и да оствари, може да ја задолжи Владата;, може да го задолжи министерството, може да се обрати до Сојузното собрание, може да се обрати до Сојузната влада, но не може да донесе одлука што Сојузната влада би ја спровела, или Сојузниот парламент или соодветни други институции. Овој Парламент може директно да ја задолжи само Владата, соодветни министерства, се друго останува со препораки, или определби, или да даде свои оцени. Можеби кога би имало време би можеле да се изразат некои определби коишто беа кажани во дискусијата. Меѓутоа, добар дел од дискутантите коишто учествуваа во дискусијата, пред се, бараа рамноправен третман во рамките на ЈНА, а со тоа да не се изгуби и тој меѓунационален југословенски карактер. Доколку тоа го обезбедиме, а мислам дека на тој начин во овие услови, не е повод само случајот, туку и воопшто и да не беше случајот, мислам дека требаше ние тоа да го бараме.

Постојано се изнесуваат некои оцени и дека Словенците ги повлекле, Хрватите ги повлекле, немојте на полувистини овде да донесуваме ставови и заклучоци. Тука претставник е Секретаријатот за народна одбрана. Јас директно би поставил прашање, дали војниците од Словенија се повлечени од било која република? Дали во Македонија има Словенци, дали Словенци има во Хрватска, дали во

Македонија има од Хрватска итн? Повлекувањето на нашите регрути тоа значи повлекување на нивни од Македонија тин. Така што исто и мобилизацијата, ние донесовме заклучок и тоа е и заклучок на Владата сигурно Секретаријатот на тој план работи во рамките за таа мобилизација комплетно да го преиспита начинот и што за да овој Парламент не биде преку печат информиран. Да ни каже врз кои принципи, врз какви распореди, не мора тајните да ни ги откриваат, она што е дел од државна тајна, но во смисла на третман на нашите регрути во рамките на вкупната регрутација во Југославија што се остварува.

**СТОЈАН АНДОВ:** Бидејќи има уште што се јавија, а притоа гледам дека има доста различни погледи, а ова е многу важен документ, предлагам една кратка пауза, за да се извршат консултации и да видиме дали можат да се порамнат гледиштата.

(Паузата траше од 16,20 до 18,55 часот.)

(Седницата продолжи со работа во 18,55 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:** Прво да се договориме како ќе работиме. За 20 минути ќе го добиеме текстот на заклучоците, па потоа ќе продолжиме со работа, односно ќе треба 15 минути да се прочита текстот. Дотогаш да продолжиме по другите точки, а откако ќе го усвоиме тој текст, не знам дали би можеле после да продолжиме со работа.

(Гласови на реакција дека се пратениците изморени).

Тогаш останува да продолжиме по останатите точки во понеделник.

Дали има некои предлози?

**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Ние вчера се покажавме многу брзи кога беа законите од сојузен карактер, имено, поминавме 15-тина точки и сега нам што би ни преостанало уште освен, бидејќи е ова Платформа или заклучоци, потоа извештаите на судовите, неколку незначување на судии и тоа би било се. Јас не гледам причина да завшриме докрај.

**СТОЈАН АНДОВ:** Дабро. Ајде сега ние да одиме по другите точки, имаме кворум од 80 луѓе овде.

Предлагам да се вратиме на третата точка што ја резервиравме.

Преминуваме на третата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Отворам шшт претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господин Лимитровски.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ: (СРСМ)** Сакам да обрнам внимание дека е направен пропуст, во својство на претставник на предлагачот во работата на Комисијата за градежништво и урбанизам присуствуваше и Александар Лепавцев, министер за урбанизам, сообраќај и екологија.

**СТОЈАН АНДОВ:** Да влезе таа исправка во текстот на

извештајот овде.
Дали се согласувате? (Се согласуваат).
Дали некој друг бара збор во општиот претрес? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претресот.
Преминуваме на претрес по Предлогот на законот.
Владата на СРМ поднесе амандман на член 2 8 кој е составен дел на текстот на Предлогот на законот и по него нема потреба да гласаме. Исто така, до Комисијата за урбанизам и градежништво поднесоа амандмани пратениците Петров и Минов. Со нивните амандмани претставникот на Владата се согласи и ги прифати и тие стануваат составен дел на Предлогот на Владата. И амандманите од Комисијата коишто се дадени во Извештајот, бидејќи претставникот на Владата се согласи со нив и тие стануваат составен дел на текстот на законот.
Според тоа, натамошната расправа ја водиме по така составениот текст на законот.
Дали некој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.
Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден глас).
Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште.
Преминуваме на осмата точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за работничкиот совет на Радио-телевизија Скопје за промена на фирмата.
Одлуката за промена на фирмата, извештаите на Комисијата за општествено-политички систем, Законодавно-правната комисија и Предлогот на одлуката за давање согласност, ви се доставени односно поделени.
Отворам општ претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Оломан Сулејмани.
**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ: (ПДП)** Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во врска со оваа точка од дневниот ред сакам да изнесам некои факти со намера да придонесам за расветлувањето и решавањето на овој проблем којшто ќе ги задоволи сите страни. РТВ-Скопје како инфорамтивна куќа припаѓа на сите граѓани во Македонија, без разлика на националната припадност од проста причина што сите учествувавме во нејзиното финансирање. Поради ова и ред други околности, а Предлогот за именување на РТВ-Скопје во Македонска радио-телевизија да се замени, а сигурно и за многу други граѓани во Македонија е неприфатлив и неадекватен термин. Во прилог на ова мое мислење

зборуваат многу факти, а пред се, и овие со терминот Македонска Радио-телевизија оваа информативна куќа која кај другите ненационалности ќе се третира како еднонационална,а самиот назив не и одговара на Македонија како повеќенационална држава во денешни услови. Оваа куќа ја финансираат освен Македонците и Албанците, Турците, Ромите, Власите и другите национални колективитети. Овој факт треба да се земе предвид. Во современиот свет се знаат правилата на играта. Кога некој те финансира нормално дека бара добра, квалитетна услуга и богата програма. Меѓутоа, досегашната практика го потврдува обратното. Имено, кога РТВ-Скопје имаше можности да ја пушти и 3-та програма, од друга страна емисиите на албански и на турски јазик се многу кратки и тоа од понеделник до петок само во рамките на хрониката од околу 20 минути, се разбира преведени од македонски јазик и тоа под цензура. Еднаш месечно има музички и детски емисии коишто не одговараат на реалноста. Исто така, пред вас, почитувани пратеници сум должен да изнесам уште еден факт според кој над 120 илјади претплатници се Албанци и претплатници од другите националности, што значи дека би требало да се има предвид при објективното информирање, проширувањето на емисиите за другите немакедонски националности, бидејќи истите од својот џеб двојат над 18 милиони динари или 1 милион и 400 илјади германски марки.
Според сите изнесени аргументи и фактичката состојба предлагам името на Радио-телевизија Скопје да гласи: "Радио-телевизија на Македонија", бидејќи со новите термини македонската држава, македонската влада и сл., отворено се негираат Албанците, Турците, Ромите и др. Предлагам да се прошират емисиите на албански, турски и други јазици, зависно кој колку финансира за оваа информативна куќа. Вториот или третиот канал да биде обезбеден за немакедонските националности, бидејќи ова ќе го реши проблемот и ќе ги задоволи сите граѓани. Инаку, колеги ве потсетувам дека секакво друго решение, мајоризација и надгласување оди на штета на сите нас против заедништвото, продлабочувањето во меѓунационалниот јаз во Македонија.
Благодарам.
**СТОЈАН АНДОВ:** Молам, кој друг бара збор?
За збор се јавува господин Фаик Абди.
**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Сакам да укажам во мое име и презиме. Јас се викам Фаик. Кога гласавме некни еден ме потсети дека тоа е по азбучен ред на презимето, а според моето презиме треба да бидам меѓу првите, а јас сум меѓу последните. Јас сум господин по презиме Абди а името ми е Фаик.
Би сакал малку не да реплицирам, туку да кажам околу проблематиката што сега ја третираме, односно уважениот мој пријател Оломани во врска со тоа што го предложи.

Верувајте, малку една угледна куќа како што РТВ Скопје да добие име Македонска телевизија, јас ниту во едем момент не можам да подразберам што е тоа, дека тоа се предлага заради тоа што треба на Македонците, за да се игнорираат луѓето. Јас по тоа подразбирам дека тоа е Македонска радио-телевизија затоа што им припаѓа на сите што живеат во оваа наша татковина. Македонија. Ако не е така, слободно кажете ми, тогаш ќе се придружам на она што го кажа Оломан. Јас мислам дека напротив кажувањето на Македонската радио-телевизија на смета ништо, таа е на сите нас, се разбира Македонците, Албанците, Турците, Ромите и не знам уште кои Тунгјузијанци што живеат овде на сите.
Е сега дали времето е, опростете на изразот, коешто е посветено и одвоено за албанска редакција, на турската редакција тоа е сосема друга работа. Дозволете да изразам едно големо задоволство во името на мојата партија во името на Ромите, дека ние скоро почнавме со радио и ТВ емисии на ромски јазик, оној што значи турски ќе ме разбере тоа е како "јармелем" - на рана мелем. Ние многу убаво се чувствуваме кога ги слушаме тие наши песни и игри на телевизија што ги гледаме многу фина работа. Јас неколку пати без на разговор кај генералниот директор на ТВ-Скопје и на радиото со барање и разговори за проширување, односно за можноста за проширување на емисиите. Јас знам зошто не може повеќе во овој момент. Затоа што нема пари. Нема средства. И сигурно како ќе се развива нашата РТВ така ќе се даде и поголема можност и за чесноста и за времето. Па,затоа мислам дека не ми смета ништо предлогот, јас така го разбирам, не знам другите како го разбираат, но верувам дека и тие ќе сфатат, верувам дека и Оломан ќе сфати дека е она што јас го кажувам, јас така знам. Како што ми е познато јас добро знам македонски и убаво ги разбирам речениците и знам меѓу редови да прочитам. Па јас мислам дека никој не треба да се чувствува навреден и помалку важен ако РТВ-Скопје не се вика Радио-телевизија Скопје затоа што во Македонија има 34-35 општини и тие играат некоја улога во Македонија, па токму поради тоа нека се вика Македонска телевизија.
**СТОЈАН АНДОВ:** Само да му напоменам на господинот Абди дека не претходниот говорник Оломан, туку е Оломан Сулејмани.
Има збор господин Мухамет Халили.
**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДП)** Дами и господа, од јазична глед-на точка ако речеме на Македонија е поширок поим тука велиме македонски, бидејќи атрибутот Македонци е нешто својствено на Македонците, а кога велиме на Македонија тоа е за сите граѓани на Македонија. Мене малку ова ми пречи, колку што ми пречи друг фактор. Според програмата и како се одвиваат работите сега ТВ Скопје е навистина

македонска телевизија. Пак подвлекувам дека за мене најбитно е она другото. А она другото дека сите граѓани на Македонија имаат потреба културно да се просветуваат, имаат потреба да задоволуваат една култура, потреба, а ние и ден денеска во Македонија како Албанци тоа го немаме. Да се потсетиме со програма ТВ Скопје почна 1967 година со 15 минути информативни емисии - дневник. После две децении имаме 20 минути информативно дневно, 1991 тоа после три децении. Ако некој ден зборуваме за сателитска телевизија, 5-6 пати стигаат во ТВ Скопје велеше имајте трпение за некој ден за тие реони каде не се гледа добро третата програма ќе се реализира и оваа работа. Се е вред. Луѓето имаат потреба јас ги сфаќам. Меѓутоа, каде да ги задоволиме нашите потреби. Само да ве потсетам дека Македонија беше најгрлатата земја, која беше против емисиите на ТВ-Приштина, емитирани на албански јазик. Судски спор беше воден повеќе од 8 години. Тоа е факт. Во ерата на сателитската програма каде и европските цивилизирани земји се служат со 3, 9 или 10 канали, ние тука да немаме ниту еден канал и да имаме само 20 минути информации и спорт, култура, емисија за деца. Тоа навистина е катастрофално. Јас се залагам за она другото - мора ние да ги збогатиме тие емисии. Имаат луѓето сега потреба, потребите се големи, живееме во динамино време и за ова се залагам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:** Има збор годподин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПОМНЕ)** Овде се нафрлаат интересни мотиви и моменти кои заслужуваат разгледување. Тоа е мое начелно укажување до господин Сулејмани и Халили. Каква е застапеноста на албанскиот дел од програмата на Радио и ТВ мислам овде во СРМ не можеме сега да раговараме. И ние имаме една одлука на Работничкиот совет на куќата РТВ-Скопје и за неа сега треба да заземеме став. Вакви начелни прашања може, по мое да се разгледуваат уште претходно и имавме еднаш веќе ваква точка. Но, јас ќе ви кажам и тоа дека токму студиото на ТВ во Скопје е првото студио на земјината точка кое емитирало емисии на албански јазик. Тоа не се случи ниту во Приштина ниту во Тирана.

Тоа е еден нотoрен факт и не смее да се пренебрегнува. Вие не сте толку поценувани тука како што сакате секогаш да го прикажете тоа.

Во однос на судскиот спор што се водел меѓу ТВ-Приштина и ТВ-Скопје кој датира веројатно од минатата деката, тоа е можно да имало таков спор. Имено, ТВ сигналот од репетиротор на ТВ-Приштина многу силно навлегуваше на подрачјето на Скопје, така што не можеше да се следи ниту сигналот на емисиите што скопското студио ги емитуваше во тој период. Тука е сосема јасно дека мора да се поведе судски спор доколку другата страна не мисли да го насочи својот зрак. Тоа не се случуваше. Да ви кажам дека од

1978 до 1982 година бев во тогашно ОЗТ предаватели и врски и донекаде знам повеќе детали околу овие настани.
Исто така беше многу силно упаѓањето на ТВ сигналот на Приштина во Полошкиот крај. Начелно велите во ерата на сателитското пренесување на сигнали живееме. Тоа можеби е на дневен ред за достапноста на информациите до луѓето, тие да пристигаат на многу брз начин да нема никакви бариери, меѓутоа ќе ви кажам само тоа дека во територијалниот дотур на емисии, на сигнали, сепак се запазува еден вид суверенитет на територијата. Тоа јасно се разграничува со разни меѓудржавни договори. Има ред конвенции на кои не можам сега да се сетам. Не можам сите да ги цитирам. Мислам дека имаше една варшавска, начелно, но имаше и други одредби.
Не би можел понатаму, би сакал оваа точка навистина да ја завршиме деловнички, а елементите што ги нафрливте според популацијата и бројноста на претплатниците, по мое, вреди да се разгледа другпат. Дали баш тука, ад хок треба да влезе на говорница, мислам не.
**КИРО ПОПОВСКИ:** После излагањето на господинот Абди Фаик мислев дека нема потреба да учествувам во дискусијата. Мегутоа, бидејќи дискусијата натаму продолжи, би сакал да изнесм свое мислење.
Прво, во целост би ги поддржал предлозите што посебно пратениците на ПДП ги изнесоа овде во однос на согледување на можноста да се прошири, како во однос на времетраењето, така и во однос на содржините, веројатно посебно образовните содржини, информативни треба да бидат присутни на РТВ-Скопје.
Меѓутоа, доколку правењето на пробелмот од тоа да биде Македонска РТВ, името пречи преку тоа се оспорува националниот карактер на оваа држава, веројатно тешко би можел било кој да ја прифати. Доколку се сака преку тоа да се оспори националниот карактер на оваа држава која претставува наша заедничка татковина, каде што сме сите рамноправни граѓани. Според тоа, ова е национална институција на оваа македонска држава. Според тоа, каде би не одвело ако сите национални институции во оваа Република, која е суверена држава, во којашто сите граѓани без разлика на народи и народности, етнички групи се потполно рамноправни овде ги доведовме во прашање.
Намерно зедов збор во дискусијата за да не остане повторно како што понекогаш ни се случува замаглено или не докрај искажано. Ние мораме овде во нашата заедничка татковина, рамноправно и заеднички да живееме. Да правиме заеднички напори таа благосостојба да ја зголемуваме. Не сакам да кажувам примери, жал ми е што од соседството не можам ниту еден пример да изнесам. Ниту од Грција, ниту од Унгарија ниту од Албанија каде што македонското национално малцинство нема ниту 15 минути простор да се огласи. А јас ќе ви кажам дека токму во тие парламентарни

демократии, во една Канада, Америка, Австралија, Македонците имаат свои редакции дури и весници и свои канали, но не им пречи да одат под името Австралиска телевизија или Американска телевизија. Живеат во една држава каде претставуваат малцинство или народност или етничка група. Мислам правото и во таа смисла сметам дека кога ќе ја разгледуваме програмата на РТВ односно Македонската РТВ реално треба да ги согледаме и реалните можности и просторните, а мислам и тоа како сега барем се создадени сите услови да можат и не само што се вели минутажа туку веќе говориме за тематски содржини што треба да бидат во тие програми. Ние сме основачи на Македонската РТВ и во отој Совет имаме свои претставници. Според тоа, директно можеме да влијаеме и на програмите и на содржинските димензии. Но, ако тие прашања ги полемизираме овде од овој аспект, мислам дека тешко ќе можеме да најдеме заеднички јазик.

Од тој аспект мислам дека треба докрај да се расчисти, а инаку потпоно ги поддржувам предлозите и на господин Абди Фаик. Мислам дека нивната иницијатива, иницијативата на неговата Партија веднаш беше прифатена во РТВ-Скопје и на радиото и на телевизијата беа дадени скромни, скромни. Тие и со тоа во почетокот беа задоволни. Прв пат на Македонската РТВ можеа да слушнат ромски јазик, ромска музика, разговор итн. Според тоа, преку тоа се потврдува рамноправноста во учеството и сите потреби што се специфични. Секој граѓанин што ги има тие можат да се насочат во Програмата. Затоа, мислам дека не треба секогаш да ги полемизираме работите и да не ги оставаме неразјаснети до крај.

Намерно расправав суштински не формално, бидеќи ако тргнеме од формален аспект и Устав и закон се е тоа регулирано, ако веќе сме се договориле дека ќе почитуваме и устав и закон дека не се променат. Според тоа, мислам дека нема потреба да ја подигаме температурата при секој мал проблем што ќе се јави во Собранието.

**ТОДОР ПЕТРОВ: (НЕЗАВИСЕН ПРАТЕНИК)** Мислам дека не постои никаков проблем во поглед на предложеното име на Македонската РТВ освен ако зад тоа не се кријат одредени други концепции. Името е едно, а концепцијата и содржината на работата на Македонската РТВ е сосема друго прашање за кое нормално, треба да се поведе расправа во Советот на Македонската РТВ, во кој треба Парламентот од овој повеќепартиски состав да предложи членови.

Меѓутоа, се заборава еден друг факт. Тоа на последниот претставник на ПДП сакав да му го кажам, бидејќи тој истакна, меѓутоа и пред овој Парламент. Имено, ова е држава Македонија што ја прифаќаме и ја прифативме сите. Друго е ако некој има сосема друга концепција. Ако се има предвид дека во Македонија има и закони за македонско државјанство, тогаш не треба да заборавиме дека сите сме

по државјанство во Македонија-Македонци, т.е. според законот во Македонија сите се Македонци. Друго е прашањето што некои се Македонци по род, македонски со албанско потекло, Македонци со турско потекло, Македонци со ромско потекло итн. Исто како што во правната граѓанска држава Америка сите се Американци со било какво потекло да не ги набројувам. Токму, затоа името Македонска радио-телвизија е прифатливо, бидејќи е и синоним за припадност на македонската држава и само така треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:** Господин Халили бара реплика.

**МОХАМЕТ ХАЛИЛИ: (ПДП)** Јас ги повикувам сите умни луѓе во Македонија да докажат кои се тие Македонци со албанско потекло? Сега првпат овде слушнав. Некоја измислица? Македонија не е Америка. Македонија е заедничка татковина на сите. Македонски со албанско потекло не сум видел во мојот живот, молам, тие што знаат да ми кажат кои се тие.

**НАСЕР ЗИБЕРИ: (ПДП)** За мене лично многу е побитно каква ќе биде програмската содржина на таа информативна куќа било како да се именува. За мене е многу побитно програмскиот концепт кој ќе се изведува во таа информативна куќа. За мене е многу побитно каква уредувачка политика се води и ќе се води во таа информативна куќа за кои теми може, има простор и причини да се разговара. Меѓутоа, сега рековме сите и се согласивме дека не е тема и не сакам понтаму да одам.

Меѓутоа, сметам дека реалноста е таква, дека оваа куќа, впрочем такви примери имаме во другите републики, да речеме РТВ-Црна Гора, РТВ-Словенија и да не набројувам.

Сметам дека поприфатливо ќе беше и повеќе ќе кореспондираше со стварноста во Македонија ако оваа куќа се именуваше како РТВ-Македонија. Моето размислување е такво. Меѓутоа, право на секој пратеник е да мисли поинаку.

Би сакал да кажам само два-три збора околу излагањето на господинот Поповски.

Ниту најмалку не ни паѓа на ум преку негирањето оваа РТВ станица да се именува како РТВ на Македонија, ниту најмалку не ми паѓа на ум преку тој факт да ја негираме сувереноста на македонскиот народ и оваа држава. Впрочем, тоа го имаме докажано многу пати. Многу свежо е преку Декларацијата која едногласно беше прифатена овде. Меѓутоа, не на штета на никој друг и не на штета да се нагираат другите националности кои живеат овде. Впрочем, и стекнувањето на сувереност на еден народ не е поврзано со преименување на една радиодифузна станица. Ако суверенитетот на македонскиот народ и оваа држава цени дека ќе го постигне само со преименување на Радио-телевизија Скопје во Македонска РТВ, тогаш и ние со два прста ќе гласаме.

Околу дискусијата на господинот Бошков, околу спорот со

РТВ-Приштина. Фреквенциите на радиодифузните станици, не само со позитивни закони на секоја држава се регулирани, туку и со меѓународни конвенции. Затоа невозможно е да РТВ-Приштина упаѓаше во програмата на РТВ-Скопје. Тоа многу лесно е изводливо. Впрочем, во една Швајцарија 30 програми се гледаат а овде две-три програми, па се имешани. Се знае зошто тоа се правеше и не би сакале ниту ние, ниту било кој овде да се повтори тоа едноумие , кога за гледање на програмата на РТВ Тирана се одеше по 10 години затвор, за слушање на една касета, или радио-Тирана се одеше по 10-15 години затвор, а ние, од друга страна се радувавме и бевме горди што во Пустец се гледаше Телевизија-Скопје или во Пиринска Македонија. Ке ве молам тоа се работи за кои и не треба да дискутираме овде.

**СТОЈАН АНДОВ:** Фаик Абди бара реплика.

**ФАИК АБДИ: (ПЦЕР)** Мислам дека во нашите излегувања овде на оваа политичка сцена мора да смислиме што кажуваме.

Пред малку направив една мала шега, се извинувам што така постапив, сакав да изгледам малку весел, меѓутоа господинот Петров како се изрази Македонци со албанско потекло, Македонци со ромско потекло итн., видете, предизвикува некое смеење тоа, јас не знам како да го наречам тоа, дали безумие или што е, да не зборувам, јас би го посоветувал господинот Петров да не ја злоупотребува оваа говорница со такви зборови, бидејќи тоа не му користи, пред се, нему како на млад човек. Тоа е млад човек затруен, тоа е некој отвор во него. Мора да мириса, односно  не смрди на некоја асимилација по малку. Со тоа, нека прости господинот Петров, немојте господине Петров. Тоа нема да ви чини  и вам, ниту на вашите поколенија. Јас мислам дека овој аудиториум овде не мисли така, ниту пак Македонија така мисли.

Многу е тешко. Да ви кажам, јас бев на гости во Бугарија. Ги прашувам таму моите пријатели, Бугари, доктори, дали овде има Роми-Цигани? Тој вели да, да, има. Сполај, "махалата" вели. А, вие се декларирате дека нема ништо овде освен Бугари. Исто и за Македонците. Ги местам, на некој начин. Па, кога знаеме веќе како Македонците ги малтретираат, немојте така. Јас ве молам, примете го ова како сакате, но ова само може да смрди ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:** Обрнувам внимание, ние се специјализиравме да правиме големи теми од секојдневните наши задачи. Ајде да се договориме за името, да гласаме.

**НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП)** Немав намера да се мешам. Околу тоа дали денеска треба да усвоиме таква одлука на Работничкиот совет ниту пак имам намерам да се ангажирам да ја констатирам таа работа дека и не треба. Со оглед на тоа дека ние пратениците од Просперитетот овозможивме овде да усвоиме далеку поважни одлуки отколку оваа вечерва, Декларацијата и други и впрочем, од тоа сега

доагаат како извор на овие караници што овде постојано станувaат и тоа потпретседателот на Извршниот совет во една емисија на ТВ спомнува дека се таканаречени народности. Мислам дека нормално и сметам дека се во право тоа да го кажат, ние тоа го дозволивме да дојдеме во ваква состојба.
Сакав само тоа што го кажа колегата Бошков, што сакате да правите, воопшто не инсистирам, всушност ние ќе се ангажираме на еден ваков начин да градиме мостови на односи. Ако не, ние ќе си правиме телевизија, пари ако изнајдеме ќе правиме. Ние сме по секоја цена да следиме ваква телевизија. И, дали ќе има смисла да се деранжираме во иднина за вакви односи.
Тоа што го кажа колегата Бошков за сигналот. Ја користам можноста, бидејќи јас сум нешто од таа област, правник сум,но сум работел случајно, така сум се нашол така што сигналот беше,полесно беше тогаш Албанците да слушаат телевизија на Јужна Африка отколку на Тирана и Приштина. Посебно на Приштина. Да ја оставиме Тирана. Можеби Тирана и не беше подготвена да овозможи такво нешто. Па, вложивме во едно тешко време толку средства и пари и долари и не знам што уште во Сува Гора да се стопираат тие радио-бранози.
Те молам, стално те слушам овде, па имам трепение.
**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам, немојте вие да ставате ред.
**НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП)** И, ме иритираш, молимте!
**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам немојте, дајте да завршиме.
**НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП)** Второ беше прашањето што спомна мислам и потпретседателот на Собранието спомна во Америка. Мислам дека нема смисла да ја спомнуваме Америка. Ако се впуштиме во историја, тогаш е нщето сосема друго. Всушност, се знае дека Американците се појдени во индијанска земја, а во овој случај кои се Индијанци, мислам дека тоа коментирајте го сами!
**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам, ако може јас нешто да напомнам.
Сигурно дека на секој збор што било кој од пратениците ќе каже што да се докажува од некој друг или уште 10 други.
Затоа, сакав да обрнам внимание да работиме како Парламент. Имаме точка на дневен ред. Слушнавме сега некои забелешки околу програмата. Јас мислам дека и Телевизијата тоа го гледа и луѓето од Телевизијата ќе си поведат сметка за тоа. Не е денес и тоа за заклучување ниту за расправа.
Затоа предлагам да одиме на изјаснување, да дадеме согласност. Инаку, тие одлучуваат. Тоа е нивна работа. Ние даваме само согласност.
Дали може да одиме понатаму.
Бидејќи никој понатаму не бара збор, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. Непотребно е надгласувањето овде. Не значи ништо. Требаше

да не се демонстрира по мое мислење.
Добро, ваше е, не смеам да правам никаков притисок. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, нека крене рака. (61 пратеник).
Кој е против? (2 пратеника).
Кој е воздржан? (2 пратеника).
Другите не гласаат.
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за работничкиот совет на Радио-телевизија Скопје за промена на фирмата, заедно со забелешките на Законодавно-правната комисија.
Преминуваме на деветтата точка - Извештај за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1990 година, со Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка на Фондот за 1990 година.
Извештајот, Завршната сметка, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство, Законодавно-правната комисија, Предлогот на одлуката и Предлогот на заклучокот, ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес по Извештајот.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Наум Симјановски.
**НАУМ СИМЈАНОСКИ: (МДПСМ)** Јас ќе го респектирам времето, ќе бидам многу краток иако во извештаите и на Владата и на комисиите кои работеа на оваа проблематика се покренати одредени прашања, мислам дека треба овде да се покренат, уште еднаш да се потенцираат. Имено, прво да крнстатираме, бидејќи финансискиот план за 1991 година е одложен, сите да констатираме иако го имаме во материјалите и дел од пратениците сметаат дека е сега на дневен ред кој е одложен како таков, па понатаму покренати се одредени прашања во извештаите како дополнување за размислување во програмата која треба да дојде понатаму за расправа, но во овие прашања има одредено неусогалсување меѓу мислењето на комисиите и мислењето на Владата, особено околу прашањето за геолошките истражувања. И едните и другите сметаат дека како проблематика, геолошките истражувања треба да бидат финансирани од овој фонд, да влезе да се финансира од овде. Финансискиот план не е на дневен ред.
**СТОЈАН АНДОВ:** Па затоа?
**НАУМ СИМЈАНОВСКИ: (МДПСМ)** Разликата е во тоа што Комисијата смета дека доколку дојде до финансирање од овој фонд на геолошките истражувања не треба да се почитува критериумот неразвиени, а Владата смета дека треба да се почитува тој критериум. Сакам да обрнам внимание и мислам дека Комисијата е во право и дека доколку издвојуваме средства за геолошки истражувања, не

можеме да ги бараме минералните суровини во понеразвиените краишта, туку минералните суровини да ги бараме таму каде што ги дал господ, односно таму каде по начинот на генезата ги има и таму каде што по начинот на истражувањето со најмалку средства може да дојдеме до најдобра ефикасност. Според тоа, тоа би било моето размислување за тоа навреме сугерирам во изработката на финансиската програма да има таква политика, бидејќи тогаш кога ќе дојдеме морам амандмански да интервенирам.
Второ, што сакам овде да потенцирам, иако е тоа зачепнато во извештаите малку срамежливо, тоа е измената под итно на Законот за републичкиот фонд за неразвиените подрачја. Сметам дека моделот кој сега се користи е тотално истрошен и неефикасен и сметам дека под итно Владата треба да оцени овде и мислам дека е нескромно да дадам рокови кога може да се предложи нов закон, но сметам дека е неопходно да се предложи нов закон, бидејќи се констатирани доста слабости во користењето, доста слабости во неефикасноста на средствата кои се таму пласирани и има друго што да се каже околу оваа проблематика. Понатаму не знам кој колку се бави со оваа проблематика, имаме ние само одделни организации кои ќе плаќаат во овој фонд, не знам зошто е таа таква одлука само дел од организациите плаќаат средства во Фондот за неразвиени подрачја, а другите се ослободени, тој критериум под итно треба да се измени. Понатаму, мислам дека треба да се поведе сметка воопшто во критериумите како може да се бараат организациите кои немаат добивка да плаќаат заем за неразвиените. Мислам дека заем треба да плаќа оној кој има средства, а не може да се наложува заем, тогаш тој не е заем, туку е данок. Денеска констатиравме дека и данок треба да се плаќа од добивката. Ова е така направено од прилика да се плаќа, нашите организации од обоената металургија вкупно двата фондови се за ФНП на Федерацијата и на Републиката заедно 7 до 8 проценти. Тоа е огромен данок, да не зборуваме дека е заем.
Никогаш не се враќа, а одат таму кајшто одат. Јас не го спорам досегашниот удел на Фондот во развојот на одредени подрачја, но сметам дека сега моделот е исклучен и сметам дека треба да претрпи под итно своја измена.
**СТОЈАН АНДОВ:** Сакам да ви обрнам внимание, денеска дискутираме за Извештајот и треба само да се дискутира дали со Извештајот се потврдува дека работел Фондот во согласност со Програмата што порано е донесена. Затоа, тоа да се однесува во системот и во Законот за Фондот, најави Владата дека ќе го промени тој систем и ние донесовме еден заклучок во врска со тоа. Затоа предлагам да одиме на Извештајот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, Предлогот на заклучокот го

ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Има ли некој против? (1 пратеник).
Има ли воздржани? (3 пратеника).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот по извештајот.
Отворам претрес по Предлогот за одобрување на одлуката на Завршната сметка на Фондот за 1990 година.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за одобрување на Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во 1990 година.
Преминуваме на десеттата точка - Извештај за работата на Врховниот суд на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните судови Битола,Скопје и Штип и на подрачните општински судови.
Извештаите за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна обрана и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес по извештаите.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 11-та точка - Извештај за работата на Стопанскиот суд на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните стопански судови Битола, Скопје и Штип.
Извештаите за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес по извештаите.
Молам дали некој бара збор?
Има збор пратеникот Страшо Милковски.
**СТРАШО МИЛКОВСКИ: (СДСМ)** Со оглед дека една од причините

што се повеќе се јавуваат предмети кај стопанските судови, сметам дека е точна нивната неажурност. Јас од тоа не сакам да кажам дека судиите не работеле, меѓутоа, сепак требаше да се согледа особено во 1989 година кога инфлацијата беше огромна, така да судовите имаа заостанување некаде околу 100 посто од предметите. Не ги сметам предметите по години, мегутоа, ако едната година се примени 10 илјади предмети, како што е случај со Стопанскиот суд од прилика во Битола, 10 илјади предмети се решени, а другите се останати. Затоа во таа смисла јас би сакал да се произнесам по точка 2 од Заклучоците на Комисијата и нејзе ја сфаќам во таа смисла што сите нерешени предмети, Министерството за правосудство ќе преземе мерки, нерешените предмети заостанатите од 1989 до 1990 година ке бидат решени до крајот на 1991 година. Затоа што Стопанскиот суд добива се подруга форма, практично тие се претвораат во банки. Односно претпријатијата водејќи ги споровите имаат кредитирање од година дена, бидејќи има предмети коишто се судат и по година дена.
Јас разговарав со претседателите на стопанските судови поконкретно од Штип, коишто се уверени дека ако имаат поголем број на судии дека предметите можат во еден разумен рок да ги решат. Затоа овој голем предмет од заостанати предмети нелогично е да е да се инсистира ако се работи во прашање со интервенција од еден до два судии. И во таа смисла во точката 2, сакав само така да ја сфатам дека судовите ќе се ангажираат за сите заостанати предмети и ќе ги решат до крајот на 1991 година.
**СТОЈАН АНДОВ:** Дали уште некој бара збор? (Никој).
Јас господин Милковски го сфатив, тој не бара дополнување на точката.
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот што е содржан во изчештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема) .
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 12-та точка - Извештај за работата на Судот на здружениот труд на Македонија во 1990 година со извешаите за работата на основните судови на здружениот труд Битола, Скопје и Штип.
Извештаите за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по извештаите.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.
Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и Комисијата за општествена самозаштита го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 13-та точка - Извештај за работата на Јавното обвинителство на Македонија во 1990 година, со извештаите за работата на окружните јавни обвинителства во Битола, Скопје и Штип и на подрачните општински јавни обвинителства.
Извештаите за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита го ставам на гласање.
Молам, кој е за нека крене рака. (Пратениците креваат рака) .
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник).
Констатирам дека Собрнаието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 14-та точка - Извештај за работата на Јавното правобранителство на Македонија за 1990 година, со Осврт за состојбите во општинските јавни правобранителства во 1990 година.
Извештаите за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес по извештаите.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита го ставам на гласање.
Молам,кој е за нека крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 15-та точка - Извештај за работата на Републичкиот суд за прекршоци во 1990 година.
Извештајот за работата, Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита и Мислењето на Владата на СРМ, ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на заклучокот што е содржан во Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и Комисијата за општонародна одбрана и општествена самозаштита го ставам на гласање.
Молам, кој е за, нека крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? Никој).
Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.
Преминуваме на 16-та точка - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Комисијата за образование, наука и култура.
Предлогот на одлуката што го поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви е доставен.
Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на преамбулата и на дел-два на Одлуката со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Предлогот на одлуката.
Изборот на претседатели и членови на комисиите ќе го извршиме во целина врз основа на Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.
Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за надзор и претставки.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот го ставам на гласаве.
Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека прво за претседател на Комисијата за општествен надзор и претставки е избран Авди Муртезани.
Второ, за членови на Комисијата за општествен надзор и претставки се избрани: Стоиле Стојков, Ванчо Младенов, Ристо Станковски, Наум Симеоновски и Коле Луловски.
Преминуваме на избор за претседател и членови на Комисијата за контрола на работата на Службата за државна

безбедност.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор Владимир Голубовски.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП)** Сакам да кажам дека уредно со писмен предлог потпишан од десет пратеници достави до Комисијата за прашања на изборие и именувањата, во меѓувреме и усмено дадов до знаење на претседателот на таа Комисија како и интересот да учествувам во работата на таа Комисија на претседателот на Собранието и на членови од таа Комисијата, меѓутоа, во расправата воопшто не е ставено на знаење на Комисијата ниту предлогот, ниту воопшто е спомнато од страна на претседателот. Сметам дека со тоа е прекршено едно деловничко работење и е оспорено елементарно право на пратеникот во процедура да учествува во работата на телата на Парламентот.
Во врска со ова, сакам да се искажам дека останувам во намерата да учествувам во работата на стручната служба да интервенира и да даде себе стручно мислење како може процедурално овој проблем да се регулира.
За да не излегувам уште еднаш, веднаш сакам да ставам и резерва околу партиската припадност на претседателот на Предлогот на таа комисија, немам никаква замерка на личноста, на човекот што е предвиден за претседател, меѓутоа, принципиелно прашање сметам дека во оваа Комисија не треба да биде претседател од ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа повеќе од осетно е дека постои блискост барем мегу секретарот за внатрешни работи и министерот за внатрешни работи и оваа Партија. Сметам за своја обврска да искажам мислење согласно со одговорноста на пратеник во овој Парламент.
**СТОЈАН АНДОВ:** Тука се два предлога. Јас не го сфатив првиот предлог, овде да се дополни предлогот на Комисијата.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Ако е така, стручната служба нека се изјасни. Јас не ја познавам процедурата. Имам предлог уреден со десет потписи и да биде пуштен во расправа или да се одложи работата за наредната седница.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** При утврдувањето на составот на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност присутдо беше барањето на гретходниот дискутант во писмена форма во два примероци. Тоа беше во рамките на Комисијата расправано, се одлучи тој да биде утврден како кандидат во Комисијата за меѓунационални односи.
Во однос на другото укажување во однос на претседателот на оваа Комисија, претходно координаторите на парламентарните групи се договорија ова место на претседател да припадне на пратеник од Партијата на ВМРО-ДПМНЕ.
Во претходниот предлог на оваа седница беше предложен

Борис Змејковски. Предлогот беше вратен поради одредени укажувања дали тој да биде претседател или не. Во повторената постапка Борис Змејковски се повлече од можен кандидат за претседател на оваа Комисија.
Во рамките на оваа Комисија се работеше врз основа на претходно усогласен предлог на координаторите на парламентарните групи, беше спроведено гласање, овој состав беше утврден и предложен за оваа седница.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Оваа Комисија на два пати има работени и првиот пат, Крстески зборува за првиот пат, усмено во разговор ми беше дадено до знаеше дека практично е недоразбирање заради тоа што мислеле дека барањето се однесува под еден или два. Јас веднаш потоа направив уште едно барање и на него му кажав усмено дека сакам да учествувам во двете комисии. Значи, на последната расправа кога требало правилно да биде лоцирано моето барање не е поставено воопшто на расправа. Земено е за право да влезе во процедура, а тоа не е деловнички. Сметам дека образложението што е дадено не одговара на фактичката состојба и молам стручната служба и претседателот во својот делокруг да интервенира.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** При утврдувањето на членовите на оваа Комисија не се оди по критериумот кој сака да биде претседател односно член, туку се утврдуваат и ги утврдува Комисијата со мнозинство гласови, доколку нема изедначување. Неговата лична волја во ниеден деловник не е ставена дека таа треба да преовлада кој во која комисија сака да членува туку тоа е отстапено на Комисијата, односно Комисијата е овластена да утврди конечен предлог, бидејќи едно е желба, други се можностите, други критериуми и слично. Не е кој кај сака да членува, туку кој ќе го утврди Комисијата овластена за оваа постапка.
**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДП)** Се согласувам дека Комисијата го има тоа право. Меѓутоа, мора да се стави Предлогот и да се одлучи. Предлогот не е ставен на расправа, вие како претставник на Партијата сте го золупотребиле тоа место, во таа Комисија, сами во името на партиските потреби одлучувате, а не во името на парламентарната потреба, на што сте обврзани. Ве молам, како доказ да приложите записник од последната расправа да се види дали тоа било поставено на расправа или не.
**ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (МДПСМ)** Не е мое да го потсетувам претседателот на Комисијата, но мислам дека беше должен прво со таа информација да настапи. Ние во Комисијата гласавме за Голубовски како еден од рамноправните предлози за член на таа Комисија и тој изгуби на гласањето. Така ли беше? Ако треба записнички да се потврди нека се потврди, сите други образложенија се деловнички,нема што со директното прашање.
**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ: (СДСМ)** Јас не говорам по оваа точка од

дневниот ред, туку сакам да ве замолам, бидејќи два дена односно 48 часа и повеќе сме овде сакам да ве замолам вие кои сте од Скопје да имате ибзир кон нас кои не сме од Скопје и да знаете дека и ние треба вечерва да си одиме дома и заради тоа ве молам да ги усвоиме заклучоците во врска со точката за актуелната политичка состојба во земјата, да си одиме вечерва, а наредните точки не се толку "ацеле" да кажеме брзи па да мора вечерва да ги усвоиме. Верувајте, не можеме повеќе да седиме. Ве молам ова да го уважите.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Овој предлог претходно беше присутен, се изјаснивме да продолжиме со работа, меѓутоа во наредниот период да се ограничи времето, однапред да се знае цената на чинење на седницата, ако ја пречекориме, на благајна да си ги уплатиме трошоците за секој присутен. Да продолжиме сега, но друг пат да биде поука да бидеме поконцизни. Имаме и гости на седницава, повторно треба да доаѓаат тука. Ако се преку викендот, да продолжиме, кој е способен, професионално се врши должноста, личен доход се прима за ова, ќе се присуствува до изутрина. Претседателството на СФРЈ до изутрина заседавало, вам ви е доцна, за дома мислите, а седите во Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:** Тоа не е на дневен ред, имаше еден предлог ја не го дадов на расправа.

**ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:** Господин претседателе, дами и господа, јас не знам каква е оваа инсинуација, какво е ова инпутирање, јас немам врска со тој човек, не го познавам. Нека крене рака да го видам. Јас сум дојден скоро од странство, две години не сум бил овде. Еве, поим немам јас. Значи, не познавам ова што ми се наметнува. Воопшто не го познавам, не го познавам човекот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:(ВМРО-ДП)** Јас зборував за Партијата, а не за човек.

**ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:** Јас се оградувам. Ме изненадува ова. Дали вие ме познавате? Јас не ве познавам. Според тоа, јас се оградувам. Какви се овие инсинуации. Ова е срамота, не личи. Јас навистина не го познавам тој човек. Јас си ја вршам професионално работата. Што соработка имам со него? Јас се колнам дека не сум го видел тој човек, не го знам. Каква партија? Јас сум скоро дојден, јас сум дојден во февруари, две години не сум бил во земјата. Зошто сега? Ова е навреда, ова е клевета. Јас сум пријател! Каков пријател?

**НИКОЛА КЉУСЕВ:** Инсинуира дека блиску соработувате со ВМРО-ДПМНЕ. Дали е тоа точно.

**ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:** Не е точно, воопшто не е точно. Што соработувам со нив? Јас соработувам со Министерство за внатрешни работи, 18 часа сум таму јас. Јас никаде не излегувам, 18 часа сум во Министерството за внатрешни работи. Јас не знам ни кафеана, ништо не знам. Што сега

да ви кажам? Зошто е тоа така? Јас и вас не ве познавам.Само знам Голубовски. Ова е срамота.
**СТОЈАН АНДОВ:** Господин министре, овде секакви ќе ни речат, што сте изненадени? Тоа е Парламент, ќе навикнете.
Ве молам, сега да излеземе од оваа работа. Ако има, ќе види, дали има процедурална грешка. Ако има, Комисијата дополнително ќе одржи седница и нека не извести за таа работа. Овде е сигнализирано дека има. Нека се утврди дали има и тоа може да провери секретарот на Собранието, но немојте на седница. Тоа е лесно да се утврди. Тоа не значи ништо. Ние денес можеме да ја именуваме Комисијата и треба да ја именуваме. Ако има проблеми потра, можеме да донесеме одлука да се прошири бројот, така што тоа не е никаква пречка.
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Овој проблем е разјаснет. Не овој проблем, не во врска со овој проблем. Инаку тоа вие ќе кажете, па друг повторно ќе каже и нема крај.
Ако нема други прашања во врска со Предлогот на Комисијата предлогот го ставам на гласање.
Молам, кој е за нека крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека:
1. За претседател на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност е избран Стоиле Стојков.
2.За членови на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност се избрани: Митко Анастасовски, Флоре Масалковски, Оломан Сулејмани, Наум Симјановски, Иван Иванов и Александар Флоровски.
Преминуваме на избор на претседател и членови на Комисијата за образование,наука и култура.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.
Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека:
1. За претседател на Комисијата за образование,наука и култура е избран Благој Ханџиски.
2. За членови на Комисијата за образование, наука и култура се избрани: Ратка Димитрова, Горан Зафировски, Стојан Ковачевски, Владимир Митевски, Мухамет Халили, Сејфедин Харуни и Димитар Поповски.
Преминуваме на 17-та точка - Предлог на одлука за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на СР Македонија од редот на научните и стручните работници.

Предлогот на одлуката што го поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви е доставен.
Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на преамбулата, дел I точка 1 алинеја 5 и на дел II со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие стануваат составен дел на Предлогот на одлуката.
Изборот на надворешните членови на комисиите ќе го извршиме во целина врз основа на Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.
Преминуваме на избор на надворешни членови на Законодавно-правната комисија.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Неим Селмани.
**НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП)** Член сум на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и тој ден кога работеше Комисијата беше доста макотрпно, иако и оттука се гледа дека ниеден надворешен член во комисиите нема од редот на Албанците, Тирците и други. Немам што посебно да кажам, само ве известувам дека ние во расправата два-три пати ја напуштавме седницата на Комисијата, сметајќи дека другарите ќе кажат нешто повеќе околу тоа да бидат и други надворешни членови во овие комисии, меѓутоа, за жал тоа не беше прифатено и предлагам оваа одлука да се врати повторно на Комисијата и да има и други надворешни членови во овие комисии од другите националности.
**СТОЈАН АНДОВ:** Не знам каква е постапката. Дали ние можеме овде да добиеме предлог за некој Албанец-експерт надворешен член. Ако нема предлог, како да се договориме сега? На наредната седница да се добие предлог од Комисијата.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Укажувањето и предлогот воопшто не го прифаќам. Прво, е нелогично што од редовен член на оваа Комисија овде се предлага, а тоа не било присутно во рамките на самото работење на Комисијата. Бидејќи, не е во можност тогаш да го истакне навремено пред оваа седница, наместо да се уфрла со директни предлози овде, ја одвлекува само постапката. Предлагам со гласање да се одбие предлогот.
**НЕИМ СЕЛМАНИ: (ПДП)** Прво, мислам дека не е чесно така да се настапи пред говорница дека не сум бил прусутен на седницата на Комисијата. Бевме присутни двајца членови, ја напуштивме седницата, после четвртата седница на Комисијата јас се изразив пред Комисијата со зборовите: "Другар,ако вие вака сте започнале, господ на селамет", вака сум рекол дословно и тогаш ја напуштив седницата на Комисијата после петтата седница на Комисијата по ред. Оттогаш, ниеднаш не беше опфатено прашањето на надворешни членови во оваа Комисија, меѓутоа другото и Уставната комисија, на која имаше предлог за Шукри Халили на самата Комисија, дури и за тој член бевме надгласани. Според

тоа, нема смисла вакда да се зборува, да бил присутен би го направил тоа. Нема смисла навистина, кажи подобро дека дури како претседател на Комисијата ми рековте: "нема што да ви правам".

**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Мора некои работи да се повторуваат. Партиската припадност доаѓа само од Деловникот на Комисијата за прашања на изборите и именвуањата. Во другите преовладува стручност и други позитивни околности. Постапката за надворешни членови останува во самиот наслов, значи да бидат научни и стручни работници, со тоа да ја помогнат оваа околност, да ја поддржат координаторите на парламентарните групи и од ПДП се согласиле самите претседатели да предложат на Комисијата за надворешни членови од научни и стручни работници. Тоа право сметам дека претседателите помогнале, ние често дисциплинирано за секој посебно гласавме, дури имавме одредено прегласување. Ова е од Комисијата најдемократски утврден предлог по критериумот за стручност.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (ПДП)** Јас не сакав ниту да земам збор поради тоа што гледам дека повеќе се користи говорницата за многу нешта, за жал, за ирационални дискусии. Не се сомневам во стручноста како што рече другарот Крстески и дека имало редовна постапка. Во што е стручноста при мајоризација на гласањето кога треба и од други националности да бидат прифатени во овие комисии за надворешни членови. Дали може да ни објасни нешто повеќе за стручноста?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Јас би предложил изборот за надворешни членови за овие комисии што останаа да се одложи за наредната седница од причина што истата партија имаме замерки на овие надворешни членови и предлагам тие надворешни членови да бидат избрани по партиите што ќе ги предложат. Ова го велам од причини што имавме големи замерки, особено во Комисијата во која јас членувам, во Комисијата за стопанство. Ние како партија имаме замерка за сите четворица членови што се предложени. Доколку тие се прифатат јас како член на таа Комисија ќе се откажам од работа и сите мои дискусии ќе ги водам на планерна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:** Еве има предлог да се одложи, причините ќе се разгледаат во Комисијата за прашањата на изборите и именувањата.

Збор бара Гулистана Јумеровска.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРСМ)** Јас мислам она што беше од партиите го делевме во проценти и промили и за тоа во една прилика излегов јас на говорница, а она што значи надворешни членови, барем како јас го толкувам Деловникот е присуство на одредени институции кои покажале значаен интерес во таа област, а прашаше е на самите институции кои луѓе тие ќе ги определат во нивно име да зборуваат во

Собранието. Според тоа, не треба да станува збор за некаква партиска припадност, па ние да наоѓаме дали тој човек се изјаснил со пристапница или по своите гледишта е близок на една или на друга партија. Така да предлагам, да се одложи со тоа што надворешните членови на Комисијата да се одредуваат од институциите, а самите институции да ги дадат луѓето.

**СТОЈАН АНДОВ:** Членовите се надворешни затоа што се стручни а не партиски, во тоа е всушност и смислата, инаку не треба да имаме надворешни членови, тие тогаш не се потребни. Во Комисијата водеа сметка по партиската припадност.

**ЕШРЕФ АЛИЈУ: (ПДП)** Почитуван претседателе, ценети претседатели, министри на новата Влада и колеги. Излегов да кажам само една работа, во методот на изборот на надворешните членови не се постапува во сите комисии под исти критериуми и исти мерила. Некаде и во мое присуство и се настојувало и дадена е дозвола и реализирана партиската припадност. Начелно морам да ви кажам свесно дека во тоа апсолутно нема да успеам да има било што од редовите на мојата партија. Сум се залагал, се залагам и останувам принципиелен макар и да бидам надгласан и истеран од самото членство и самите 22 пратеници само за стручноста, меѓутоа вистината е друга.

Да му помогнам на господин Крстески, бев замолен од самиот претседател на Комисијата господинот Благоја Ханџиски, во тие мои определби настојував докрај да бидам и да останам принципиелен им предлагав доктор на науки. Со надгласување човекот отпадна и јас за тоа имам последици оти сум го убедувал дека треба да биде. Ниту е човекот оптоварен дури и сосема малку ми се чини се сомневам дали тој воопшто се чувствува Албанец, меѓутоа од вистинските размислувања вистински да се придонесе, вистински да се работи во овој Парламент се уште ценам дека сме далеку.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ве молам да прекинеме со расправата предлагам целата 17-та точка да се одложи. На никого не можеме да му објасниме каков владеачки народ македонски сме да во 10 комисии од надворешните членови-стручњаци немаме ниеден немакедонец, значи како не сме овозможиле барем еден да се изучи, да се оспособи. Тоа зборува за нас, а не за нив и затоа ве молам ова да го одложиме и Комисијата повторно да ги погледа.

Ве молам дали се согласувате со ова?

Кој е за, молам дан крена рака. (Пратениците креваат рака).

Преминуваме на 18-та точка - Предлог на одлука за именување на заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема.
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување заменик на гувернерот на Народната банка на Македонија.
Преминуваме на 19-та точка - Предлог на одлука за избор на судии на Окружниот стопански суд - Скопје.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Двајца пратеници).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на судии на Окружниот стопански суд - Скопје.
Преминуваме на 20-та точка - Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд - Штип.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам,  кој бара збор?
Има збор пратеникот Јордан Бошков.
**ЈОРДАН БОШКОВ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Конкретно немам ништо против предложениот кандидат, само сум многу непријатно изненаден од сознанието дека во избомната комисија непристигнале други предлози. Јас мислам дека са овој начин даваме едно лошо свидетелство за заживувањето на демократизацијата на нашите простори и во колку самите луге кои ќе делат правда не наоѓаат смелост, односно тие и нашле, тие и се понудиле, но што не се нашле доволно и други кандидати навистина е лошо свидетелство за степенот на демократизацијата кај нас.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** За изборот на судии конкретно за оваа точка според Законот за редовните судови се објавува оглас, трае 15 дена наменет е спрема цела јавност. Комисијата само ја води постапката, избор, именување, кандидирање со законска процедура и барање кандидати не е предвидено.
**СТОЈАН АНДОВ:** Ова е само забелешка а нема предлог за измена, па бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (4 пратеници).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на судија на Окружниот стопански суд - Штип.
Преминуваме на 21-та точка - Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд Скопје I - Скопје.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (3 пратеници).
**ТОДОР ПЕТРОВ: (Независен пратеник)** Доколку има повеќе кандидати потребно е да се констатира и бројот колку гласале, за да може подоцна кандидатите да си го остварат своето право.
**СТОЈАН АНДОВ:** Сега ние гласавме во ред имате право ако има кандидати кои што би го спореле изборот, во ред ќе постапуваме така. Тоа не е приговор на Комисијата, туку дали овде сме утврдиле точен број за. Досега што гласавме по сите одлуки имаше доволно мнозинство, тоа не е спорно. Имаше 4 воздржани, никој не беше против, сите други дигнаа рака за. Во моментов некој влегува некој излегува за тоа не можеме да имаме увид затоа при гласањето манипулираме со бројка од 87 пратеници кои што се сега тука.
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на судии на Општинскиот суд Скопје I - Скопје.
Преминуваме на 22-та точка - Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (52 пратеника).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (34 пратеници).
По пребројувањето констатираме дека се присутни 72 пратеника, а 61 е услов за работа, а 52 се повеќе од половина од 72, според тоа одлучуваме, со квалификуван број и со квалификувано мнозинство.
Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на судија на Општинскиот суд Скопје II - Скопје.
Преминуваме на 23-та точка - Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд - Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање?
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (71 пратеник).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (74 пратеници).
Констатирам дека Собрнаието ја донесе Одлуката за избор на судии на Општинскиот суд - Штип.
Преминуваме на 24-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор?
Има збор пратеникот Никола Крстески.
**НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ)** Материјалот за оваа точка е во писмена форма, меѓутоа пропуштено е под број 7 да стои членот на Управниот добро тоа е Петар Темелковски пратеник во Собранието на СРМ. Тоа се гледа, бидејќи претходниот состав брои 7, а овде има отчукани 6 места односно 6 членови, не знам на кој начин е испуштен, меѓутоа само со ова го дополнуваме материјалот.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката дополнет со оваа забелешка го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (72 пратеници).
Дали има некој против? (1 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласањето?(2 пратеници). Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Улравниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.
Преминуваме на 25-та точка - Предлог на одлука за делегирање членови во Координациониот одбор за спроведување на Општествениот договор за позабрзан развој на определените подрачја во ридско-планинските региони и граничниот појас во СРМ за периодот од 1986 до 1990 година.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за делегирање член во Координациониот одбор за спроведување на Општествениот договор за позабрзан развој на определените подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во СРМ за периодот од 1986 до 1990 година.
Преминуваме на 26-та точка - Предлог на одлука за именување член на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (1 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување член на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски" .
Преминуваме на 27-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување директор на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (1 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување директор на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски"-Скопје:
Сега, ве молам да се вратиме на првата точка и да ги донесеме заклучоците.
Заклучоците по расправата што ја имавме овде, пред се, по трите уводни излагања а и расправата ви се поделени.
Се договоривме сега да не водиме расправа по нив, бидејќи ја имавме расправата.
Има збор господин Петар Ѓорѓиев.
**ПЕТАР ЃОРГИЕВ: (СРСМ)** Почитуван претседателе, пичитувани пратеници, предлагам да ги усвоиме заклучоците, затоа што

сметам дека се со далеку подобрен текст, но задолжен сум во меѓувреме, за паузата од претседателот на Собранието на општината, којшто има примено делегација од младината и на нивна иницијатива е пратена телеграма од потпретседателот на Претседателството на СФРЈ, па дозволете ми да ја прочитам. Телеграмата е доста кратка, а многу многу се совпаѓа со заклучоците.

До Стипе Месиќ, потпретседател на Претседателството на СФРЈ.

Ценет потпретседателе, ви се обраќаме на вас со оваа телеграма, која поаѓа од рацете на младинците, учениците, другарите на Сашо Ѓешовски од неговиот град. Оваа телеграма е израз и одраз на повеќе од 20 илјади граѓани кои сочуствуваа при испраќањето на посмртните останки на Сашо Гешовски. Бараме од Вас како иден претседател на СФРЈ уште сега, денеска да ги поставите контурите за мирно разрешување на кризата во Југославија.

Бараме од Ваша страна да обезбедите разрешување на сите спорни прашања по мирен пат. Од досегашното ваше ангажирање не можеме, а да не бидеме задоволни, затоа што секогаш умерено во јавноста се залагавте за мирно решение на кризата во Југославија.

Немојте да дозволите раководствата и понатаму да ги разбиваат односите меѓу народите. Армијата нека си ја обавува својата уставна обврска. Младината на Кавадарци верува дека веднаш по донесените заклучоци на Претседателството на СФРЈ ќе престанат сите националистички побуди кои ги чинат непријателски настроени републиките, а со Вашиот избор бараме да гарантирате на сите граѓани за животот и безбедноста во својата земја и нашите млади војници да не гинат на боиштата на лудите политички страстви на одделни националистички лидери.

**СТОЈАН АНДОВ:** Ја чувме телеграмата што е испратена до господинот Стипе Месиќ.

Овде имам еден текст кој ќе ви го прочитам. Тоа е испуштено во отчукувањето. Така ми е речено.

Петта точка - Собранието ја истакнува потребата од итно средување на меѓунационалните односи во Републиката заради меѓусебно почитување и јакнење на угледот на Републиката. Тоа е дел од текстот.

Има збор господин Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** Има само два конкретни предлога, бидејќи во суштина е израз на моите сфаќања за содржината на заклучоците.

По точката 8 обврската што се дава на Владата да обезбеди преку Републичкото министерство пропорционална застапеност на обврзниците на ЈНА од сите републики, веројатно не може да ја изврши само нашето Министерство, туку мислам тоа да побара од Сојузниот секретаријат за народна одбрана, Генералштабот тоа да го изврши.

Непосредно во корелација со овој предлог предлагам после точката 12, точка 13 и да гласи: - "Владата на Македонија редов-но да го следи остварувањето ан овие заклучоци и редовно да го информира Собранието". Она што го бараме во претходните заклучоци .

**СТОЈАН АНДОВ:** Може така. Молам, сегашната точка 13 ќе биде 14, а 14 ќе биде 15.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

Молам, текстот на заклучоците го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? ( 4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласањето? (5 пратеници).

Значи 65 пратеници се за Предлогот на заклучоците, 4 против и 5 воздржани, ги усвоивме заклучоците.

Со тоа  е исцпрен дневниот ред од денешната седница.

Дали се согласувате делот на пратенички прашања да го одложиме за наредната седница за 23-ти? (Се согласуваат).

(Седницата заврши во 20,45 часот).